Виолета Ачкоска

# ГЕОРГИ БАЖДАРОВ

*Издавач:*
Филозофски факултет – Скопје

*За издавачот:*
Горан Ајдински

*Уредник:*
Ратко Дуев

*Рецензент:*
Далибор Јовановски

*Лектура:*
Здравко Ќорвезироски

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Војислав Саракински

*Печати:*
Бомат Графикс – Скопје

*Тираж:*
500

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

929 Баждаров, Г.
329(=163.3)ВМРО(091)

АЧКОСКА, Виолета
Георги Баждаров / Виолета Ачкоска. – Скопје : Филозофски факултет, 2015. – 414 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. – Библиографија: стр. [379– 390]. – Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-238-077-3

а) Баждаров, Георги (1981–1929) – Биографии б) ВМРО – Историја
COBISS.MK-ID 98952970

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Виолета Ачкоска

# ГЕОРГИ БАЖДАРОВ

Скопје, 2015

# Содржина


| | |
|---|---|
| *7* | Вовед |
| *17* | Потекло, детство и учеништво |
| *51* | Револуционерно калење |
| *113* | Востаничката 1903 година |
| *157* | Поствостаничка Македонија – погроми и поделби (1903-1919) |
| *249* | Активноста на Георги Баждаров во редовите на ВМРО (1919-1929) |
| *351* | Прилози |
| *355* | Список на кратенки |
| *357* | Регистар на лични имиња |
| *367* | Регистар на географски имиња и поими |
| *379* | Преглед на користени извори и литература |

# Вовед

*Народ без интелигенција е како труп без глава.*

*– Георги Баждаров*

Можеби оваа мисла на Георги Баждаров ја одразува целата судбина на македонскиот народ, кој во клучните моменти на преродбата и на создавањето сопствена интелигенција немаше економска сила која би се мерела со економската моќ на соседните народи, ниту пак своја црква и образовни институции во кои малобројното освестено интелектуално јадро би можело да се издигне до повисоко издиференцирана национална самосвест, односно до политичка програма за ослободување поврзана со националната. Таа интелигенција на која ѝ припаѓа и Георги Баждаров се образува во услови кога една реалност добива туѓо именување, кое често ќе служи и за одредување на народносниот идентитет.

Најизразит пример на туѓо именување на сосема друга содржина е Зборникот на Миладиновци – *Бугарски народни песни*.[1] Овој зборник Браќата Миладиновци го создавале во време кога се јавува силно антипатријаршиско движење во османлиска Македонија, насочено кон афирмација на народниот јазик и против ширењето на грцизмот низ црквите и образованието. Тоа е и време во кое по говорот на Јоанис Колети во грчкиот парламент (1844) се втемелува грчката мегало идеја и се бара историски легитимитет за територијалните претензии на Грција кон север. Така и името

[1] Токму името/насловот на тој Зборник произведува цела серија недоразбирања, затоа што она што следува зад тоа име/наслов/потпис воопшто не одговара на неговата содржина... Соочени сме со парадокс: некој ставил потпис на нешто што во најголема мера не кореспондира со она што всушност се потпишува (тоа биле самите автори на *Зборникот* или тогашните меѓународни политички односи, но токму тоа „туѓо“ име можеби се вклопувало во „постилирската“/јужнословенска политичко-културна визија на бискупот Ј. Ј. Штросмаер, па авторите, по негов наговор, се согласиле „Зборникот“ да го именуваат со „туѓо“ име) (З. Крамариќ, *Идентитет, текст, нација, интерпретации на црнилата на македонскта историја*, Скопје 2010, 13).

Македонија и целокупната македонска историја се присвојуваат како дел од грчката историја. Во таквите услови. идентификацијата на народот со името на територијата на која живее – Македонија, станува проблематична.[2]

За Зборникот на Миладиновци со сите импликации што неговото име/наслов ги предизвика („крунски сведок“ за бугарскиот народносен произнес на македонскиот народ), важен е фактот дека станува збор за своевидна „книга во книга“, „зборник во зборник“, за средба на една со друга традиција, јазик, литература итн.[3] Во борбата против грцизмот кој надалеку веќе, по многуте внатрешни полемики во Грција, ја присвојуваше македонската историја, Миладиновци ги именуваат македонските народни песни како бугарски. Свесни дека називот не е соодветен, односно поради поткрепа на содржината на таквиот наслов, тие во истата книга објавија и дел бугарски народни песни.[4]

Образовниот систем на туѓите држави и црковни пропаганди, со нивната точно определена програма за создавање грчка, бугарска или српска национална свест кај македонскиот народ, одигра клучна улога и во оформувањето одредена физиономија на двојност кај македонската интелигенција, која гледано во контекст на нејзината творечка оставина, денес можеме да ја именуваме како дводомност.

Во коренот на македонското националноослободително движење, интелигенцијата беше водечката сила на ослободителната борба, идеологот, водителот, организаторот и пропагаторот на движењето кое недефинираниот докрај народ (како христијанска раја во услови на феудалниот османлиски милет систем) ќе

---

[2] Истовремено, истата година се пласира и првата национална програма на Србите т.н. „Начертание“, чиј автор е Илија Гарашанин (1812-1874). Оваа програма содржи големосрпски надворешно-политички концепт за ширење на југ, односно обновување на Душановото средновековно царство. (Р. Љушић, „Илија Гарашанин (1812-1874)“, *Србија 19. века*, Београд 1994, 182-188).

[3] З. Крамариќ, исто, 16-17.

[4] Така во овој, но и во други случаи, Македонците мора да ги споделуваат своите еминентни книжевни дела и дејци со други народи, што имплицитно сугерира дека македонското не е чисто македонско (а ретко или никогаш да се пласира повратната теза, хипотетички искажана како доведување во прашање на бугарскиот идентитет). „*Зборникот на Миладиновци* ја навестува иницијално негаторската политика и политиката на одлагање на македонскиот идентитет, сè до (евентуалното) негово целосно амортизирање, аморфизирање и сотрување“ (К. Ќулавкова, *Задоволство на толкувањето,* Скопје 2009, 46).

може да го води на патот до компактна дефинирана нација. За реализација на таквиот историски исход беа потребни економски услови, економски потреби на буржоазијата во подем, која, за жал, освен скромниот чорбациски граѓански слој (со етнички шарен состав), изостана во Македонија како средиште на Балканот. Токму затоа, таа беше инфериорна во својот национален подем во времето кога соседните буржоазии (периферијата на Балканот која имаше допир со другите понапредни држави) беа економски далеку посилни, а нивните новоформирани држави го подигаа национализмот барајќи територијални проширувања за сметка на османлиска Македонија (врз основа на некаков историски легитимитет од антиката или средновековието). Во овие рамки, беа употребени сите средства кои им стоеја на располагање - од црквите и училиштата, па сѐ до насилството и крвавите Балкански војни.[5]

При крајот на XIX век, кога соседните народи се екипираа во нации, македонскиот народ реално беше изложен на „силно бугаризирачко влијание“ кое во голем степен се наметна со основањето и проширувањето на Егзархијата во 1870/1872 година, како реакција на притисокот за елинизирање/грцизирање од страна на етаблираната грчка патријаршија. Со српските обиди за национализирање, кои кон претходните се приклучија кон крајот на XIX век, во Македонија настана конкурентска констелација воведена однадвор.

За да го избегне сѐ поголемиот грчки притисок, еден дел од Македонците, како моментално решение, најде прибежиште кај бугарската црква. Од своја страна, Бугарите ја искористија суштинската реалност, што некои Македонци во мигови на нужда преку бугарската православна црква *pro forma* се изјаснија за бугарштината, употребувајќи ја како средство кое им помогна да ги декларираат како Бугари и оние Македонци кои цврсто држеа до нивната македонска определба, а нивната територија да ја припојат како бугарска. Овие околности се присутни во цела Македонија, но посебно во Серско и во Горни Брод, од каде што потекнува

---

[5] Во целиот овој „балкански јазол“, кога реално ќе се погледне картата на Балканот, се доаѓа до едноставната констатација дека територијалните побарувања на Грција, Србија, Бугарија и Албанија, едно врз друго се поклопувале во средиштето на Балканот, односно на картата на етно-географска Македонија и истите стратегии се присутни и денес. (Д. Мирчев, *Балканскиот мегаетникум, Националните доктрини на македонските соседи*, Скопје 2012, 233–249).

Георги Баждаров, така што низ црковните борби се диференцираа тогашните егзархисти како „бугар-милет“. Воспитуван во тој дух и образован во бугарските егзархиски училишта и потоа на Софискиот универзитет, Баждаров го употребува поимот Македонци во географска смисла на зборот, при што, како и многу дејци смета дека македонското население, во неговата етничка шареноликост треба да добие автономија во рамките на една слободна независна Македонија. Тоа е тој степен на развој на македонските револуционерни сили, кои на патот кон слободата мораа да водат двојна борба: најпрво „против социјално потиснувачкото, но национално неасимилирачкото“ османлиско владеење, а дури потоа против „притисокот за национализирање“ од страна на конкурентските соседни држави, кои со помош на нивните афтокефални цркви и од нив институционализираните школства се обидуваа да го искористат османлискиот милет систем.[6]

Економски посилното бугарско граѓанство и интелигенција, преку своите црковно-просветни и општествени институции и механизми (цркви, општини, читалишта, дружини, книги, списанија), набрзо ќе се наметне над поголемиот дел од словенското христијанско население во Македонија и во голема мера ќе обезбеди всадување и на свест за припадност кон „бугарското племе“. Така генерации млади Македонци, откинувајќи се од грцизацијата, ќе го поминат бугарскиот црковно-просветен систем и ќе добијат солидно образование, но и воспитание со бугарска свест. Тука своевидна улога ќе одигра и руската политика на панславизмот и нејзините интереси на Балканот.

Борбата помеѓу егзархистите и патријаршистите, кон која подоцна се вклучува и српската црква и пропаганда, била погубна за националното будење и самоосознавање на македонскиот народ. Тука посебно е трагичен фактот што македонските кадри низ образованието се воспитувани во туѓ национален дух, така што во голем дел македонската интелигенција раснеше и се идентификуваше како бугарска, грчка или српска. Уште повеќе, при крајот на XIX и во првите неколку децении на XX век, оваа интелигенција егзистенцијално беше зависна од носителите на туѓите пропаганди, а особено од бугарската држава и црква, поради низата историски околности. Георги Баждаров спаѓа во тој круг бројна македонска интелигенција. Иако учесник и идеолог на ВМРО, тој нераскинливо од најраните училишни години па сè до студиите во

[6] Х. Штефан - Лотар, *Македонскиот јазол, Идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз (1878-1914),* Скопје 2004, 99.

Софија е воспитуван како македонски Бугарин и како македонски емигрант ќе се вклопи во богатиот социјален живот на Кнежеството, односно на Царството Бугарија.

Така, во центарот на Балканот, во историски неблагопријатниот простор на балканската раскрсница и „Гордиевиот јазол" на гео-стратегиските интереси на Големите сили, неколку клучни датуми и појавите и настаните поврзани со нив, ја одредија судбината на македонскиот народ до денешен ден: 1844 (прокламирањето на грчката мегало-идеја и на српската национална програма), 1870 (прогласувањето на бугарската Егзархија и нејзината мисија во османлиска Македонија), 1878 (Санстефанскиот договор и Берлинскиот конгрес), 1912/13 (Балканските војни и Букурешкиот мировен договор, по кој остана трајно поделена етногеографска Македонија). Низ овие настани, со длабока инволвираност на Големите сили, течеше создавањето на балканското милје на делби, противречности, непријателства, големодржавни претензии на нееманципираните балкански народи во однос на европските процеси. Кумувајќи на тие појави и процеси, Големите сили, на крајот, со изразена самобендисаност, го прогласија Балканот за „другост на Европа" и го воведоа потценувачкиот израз – *балканизација*.[7] Во центарот на таа балканизација, беа и останаа македонското прашање и Македонија, како поле на раздор и прекршувања на минатото и сегашноста. Не залудно и рускиот цар и турскиот султан барале да не се споменува името Македонија, туку само „трите вилаети", не залудно на Берлинскиот конгрес во 1878 се постигна консензус помеѓу Русија и Австро-Унгарија – во никој случај да не се дозволи создавање на голема словенска држава во средиштето на Балканот. Така, преименувањето остана трајна константа на една долгорочна империјалистичка политика, во која само еден мал зрак фрли некаква надеж во македонскиот XIX век – членот 23 од Берлинскиот договор, со кој се планира извесна автономија за Македонија. Токму автономијата стана високо издигнатото знаме на Македонската револуционерна организација – извојување политичка автономија како чекор кон државноста, а потоа и кон конституирањето на посебна нација, како социјална појава кон која различните народи стигнуваат во различно историско време.

---

[7] Како и во случајот со Ориентот, „Балканот послужил како складиште за негативните карактеристики наспроти коишто е конструирана позитивната и самобендисана слика на „Европеецот" и на „Западот" (М. Тодорова, *Замислувајќи іо Балканоѿ*, Скопје 2001, 277).

Поставувајќи ја автономијата во најголем број случаи како цел на борбата, македонската интелигенција во редовите на МРО, иако воспитувана во туѓи образовно-црковни матрици, без оглед дали била издигната до македонската свест или сметала дека припаѓа на „бугарското племе“ или е српска или грчка, за неа таа борба требало да биде самостојна, внатрешна, автентична македонска борба. Етничката припадност која денес се проблематизира (со модернизација на толкувањата, без да се согледа контекстот на историското време), се разбира поради други - и историски и современи политички потреби на соседите, била сосема ирелевантна во однос на политичката цел – автономна Македонија, како самостојна држава или во рамките на некоја поширока федерација, или како дел од Османлиското Царство или како дел од Бугарија. Целоста и автономноста биле над сè. Токму затоа експанзионистичките политики на соседите со нивните пропагандно-политички, црковни и оружени средства настојувале таквата македонска борба да се пресече од коренот, да ги загуби самобитноста, внатрешноста, автохтоноста. Во овој случај, некои надворешни аналитичари согледале дека наспроти слободољубивите припадници на МРО, чие јадро го сочинува учителската интелигенција, бугарските владини кругови го форсираат Врховниот македонски комитет на бугарските офицери кој треба да ја анулира внатрешната автономна борба на МРО, односно дека „борбата против ВМРО... се оценува како главна задача на ВМК/ВМОК“. При тоа, „високата застапеност на офицери во (бугарската) ВМК/ВМОК наспроти (македонската) носечка структура во ВМРО, составена од учители“ нужно ги определила и различните цели на обете страни. На бугарската страна стоел планот „краткорочно составен за провокација за вмешување на велесилите“ и на македонската страна програмата „долгорочно предвидена како самоослободување преку самостојно создавање нација“.[8]

Георги Баждаров во првите чекори на своето револуционерно созревање, како ученик и припадник на револуционерните кружоци, бил под влијание на бугарските братства, но откако се вклучил во редовите на МРО се бори против надворешните влијанија и против врховизмот. Како учител во Крушево, Демирхисарско, како четник во четата на Јане Сандански и секретар во четата на дедо Илија Крчовалијата, под влијание на Гоце Делчев, кој за него е најголемиот авторитет кого го почитувале поради неговите вредности, без некој тоа да го бара од нив, тој неуморно ќе ја шири

[8] Х. Штефан - Лотар, исто, 98.

идејата за слобода, за максимата дека робот треба во душата да се ослободи од ропството и да ги осознае целите на борбата. По неговиот кус комитски живот (кој му лежел далеку помалку отколку книгите и теоријата), се определува да студира историја и географија, бидејќи сметал дека на тој начин повеќе ќе му биде од корист на својот народ во борбата за слобода. И тоа го покажал како публицист и историчар кој напишал повеќе трудови за историјата на Македонија, патописи и биографии, а исто така и статии објавени низ тогашниот печат. Овие негови статии ги одразуваат актуелните состојби во кои се наоѓало македонското националноослободително движење, односот на Големите сили и балканските држави кон него, духот на времето во кое живеел и погледите на раководните дејци на ВМРО.

Како близок соработник на Тодор Александров, во деновите по делбите на Македонија, покрај автономијата, следејќи ги определбите на раководните сили и како задграничен претставник на ВМРО (автономистичка), ја прифаќа и федералистичката идеја за обединување на распокинатите делови на Македонија во рамките на Југославија, или создавање на независна македонска држава под заштита на Друштвото на народите или на некоја од Големите сили. Сепак, интимно, обединувањето на Македонија со Бугарија за него е природно решение, со кое се обединува „бугарското племе“. И покрај различните концепции за решавање на македонското прашање кои биле приспособувани во рамките на конкретните меѓународни и балкански состојби, неговите напори, како и напорите на Тодор Александров биле во правец да се сочува целоста на Македонија, односно да се најде решение да се обединат деловите на Македонија под туѓа власт. Така, без оглед за која концепција се залагал, Баждаров недвојбено својот живот го посветил на борбата за македонската слобода.

Македонскиот народ, поделен со балканските граници по мирот во Букурешт и Версај, тешко можел да ја организира својата борба во Србија, односно во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и во Грција, каде што најсурово се казнувала и помислата за националноолободителна борба. Единстевено Бугарија ги отворила границите за бројната македонска емиграција, која под српскиот и грчкиот терор ги напуштала родните огништа. Во тие рамки и ВМРО ќе ја има својата база во Бугарија, од каде што ја организира борбата на Македонците надвор од границите на Бугарија, додека пак делот на Македонија под бугарска власт (Петричкиот округ) го претворила во држава во држава. Но, сето

тоа имало и своја цена. Односот на бугарските влади кон ВМРО се приспособувал кон надворешнополитичките потреби, положба и интереси на Бугарија, која во голем степен ќе ги поттикнува братоубиствените пресметки помеѓу македонските дејци и припадниците на различни организации или струи внатре во ВМРО. Припадниците на ВМРО, во голем степен, ќе бидат искористени од страна на десничарските кругови на Бугарија за справување со комунистите и со сите левичарски партии и организации.

Георги Баждаров ѝ останува секогаш близок на десницата, чувствувајќи голема одбивност кон комунистите и левицата, кон болешевиците и кон ширењето на болшевизмот. Поради таквите тврди идеолошки позиции, тој е еден од противниците на Мајскиот манифест (1924). За него ВМРО била и останала единствениот репрезент на интересите на целиот македонски народ во трите дела на поделена Македонија. Така, Баждаров како близок соидејник и соборец на Тодор Александров, останува на негова страна, секогаш подготвен да ги брани ставовите на ЦК.

По убиството на Тодор Александров, ќе започнат серија бројни атентати и одмазди во редовите на македонското националноослободително движење, при што Баждаров, Томалевски, Прличев ќе застанат во првиот момент зад младиот и амбициозен Иван Михајлов, сметајќи дека таа свежа крв ќе донесе единство во Организацијата. Набрзо, своеволните постапки на И. Михајлов и игнорирањето на Задграничното претставништво, ќе го поттикнат Бажадров да се приклони кон ВМРО (протогеровистичка), односно на Александар Протогеров. Конечно, убиството на Протогеров ќе биде сигнал дека Иван Михајлов ги полни револверите за убиства на оние кои го издигнаа на пиедесталот – водач на ВМРО, а во тие рамки во 1929 година, во Варна ќе биде извршен и атентатот врз Георги Баждаров.

Така завршува животот на овој тивок, исполнителен, дисциплиниран, работлив и пред сè стабилен човек, агитатор и организатор, учесник во Илинденското востание, член на ВМРО и задграничен претставник, човек кој никогаш не отстапил од својата идеолошка матрица на десноориентиран политичар и кој заедничката цел секогаш ја ставал пред своите лични потреби и амбиции. Тоа е живот на македонски деец кој целосно ѝ се посветил на борбата за слобода на Македонија и наместо удобниот живот на платен државен службеник ги доживува траумите на времето на македонскиот вознес и македонското самоистребување. Од другата страна, истовремено, својот интелектуален потенцијал, способ-

ности и искуство, Баждаров ги вградил во тековите на општествениот и културен развој на Бугарија, како историчар, публицист и просветен деец. Така таа македонска интелигенција, осудена на емигрантски живот, надвор од границите на својата татковина, живее во дводомноста на балканската историја.

Оваа монографија, посветена на животниот пат на Георги Баждаров, е само мал темел кон изградбата на Баждаровиот дом во македонската историографија и историја.

# Потекло, детство и ученишство

Георги Баждаров е роден на 8 февруари 1881 година, во с. Горни Брод, Серско[1], од татко Димко Г. Баждаров[2] и мајка Марија Г. Никова.[3] Ова село било едно од најбогатите македонски села во М’рвашко и во 1855 година броело 8 862 жители. Селото се наоѓа во област богата со железна руда, поради што имало повластена положба во Османлиската Империја.[4] Тоа овозможило да се развие богат чорбаџиски слој сред локалното население. Благодарение на извесната благосостојба, тука речиси најрано во рамките на Серско се појавило црковно-просветното движење.

Всушност, во 50-тите години од XIX век, кога Цариградската патријаршија веќе имала широк фронт за ширење на елинизацијата, започнало организираното директно спротивставување на македонското граѓанство. Основна цел било да се потисне грчкиот јазик од училиштата во Македонија и да се замени со

---

[1] Горни Брод или Горно Броди, како што најчесто се среќава низ литературата на бугарски јазик, денес се наоѓа во Република Грција под името *Άνω Βρονού, Ано Вронду*. Селото Горни Брод, е расположено на 35 километри од Сер во мала котлина меѓу планините Шарлија (Бродска Планина, на грчки Врондос) од запад, Црна Гора (Мавро Вуно) од североисток и Змијаница (Меникио) од југ на 1060 метри надморска височина. Низ него тече Бродска (Златарева) Река. (Й. Иванов, *Месшнише имена между Долна Сшрума и Долна Месша,* София 1982, 103.)

[2] Георги Баждаров го опишува својот татко како многу кроток и религиозен човек, „вистински христијанин“ кој никому не сторил зло и не сакал да стори. Постојано се молел пред иконите и на софрата пред јадење и не го одобрувал ајдучкиот живот. Мирен, повлечен и религиозен, Димко Баждаров имал „лошо мислење за комитите како арамии и разбојници“. (Г. Баждаров, *Моише сйомени,* съставител: Ангел Джонев, София 2001, 52.)

[3] Марија била ќерка на Георги Ников и Катерина Герова од с. Горни Брод. Татко ѝ Георги бил неук човек, јагленар, а мајката од побогато и видно семејство, чиј татко имал ан на патот за Сер. Тие имале пет сина — Димо, Никола, Иван, Атанас (македонски револуционерен деец), Димитар и уште две ќерки. Покрај Марија, ги имале Кипра и Калина. (Г. Баждаров, *Горно Броди,* София 1929, 67.)

[4] М’рвашката област, распространета помеѓу реките Струма и Места, била една од најразвиените области на Балканот за производство на железо, со кое со десетици години на ред се снабдувала Османлиската Империја. (И. Катарџиев, *Серскаша обласш 1780–1879, Економски, йолишички и кулшурен йреглед*, Скопје 1961, 70.)



Селото Горни Брод, Серско

„живиот народен јазик“, а во црковната богослужба да се воведе црковнословенскиот јазик и да служат свештеници од автохтоно потекло. Ова е периодот на појава на т.н. национални мобилизатори или агитатори, чијашто активност резултира со сплотена и организирана народна акција. Сите овие процеси ќе дојдат до израз и во Горни Брод, каде што до средината на XIX век постоело само ќелијно училиште.[5] Во него се предавало на грчки јазик, а учители биле калуѓери од блиският манастир Св. Иван Претеча кај с. Лакос. Во 1860 година, во селото било изградено ново училиште, каде што децата ги учеле и на грчки и на словенски букви.[6] Во текот на 1868 година, во Горни Брод бил повикан учителот Ѓорѓи,

---

5 Ќелијните училишта биле црковни, манастирски и световни училишта создадени за време на османлиското владеење во Македонија. Во нив се школувале сиромашни деца. Се изучувале црковно-религиозни предмети: науссница (часослов), светче (месецослов), требник и евангелие, а потоа се ведувааат сметање, црковно пеење и друго, со цел учениците да се подготвуваат за свештеници, црковни лица и службители. Престојувале во една просторија (ќелија), па оттука доаѓа и називот. Во текот на XVII, XVIII и до средината на ХъХ век, речиси во секој манастир или црква во Македонија имало и дејствувале повеќе ќелијни училишта. (*Македонски историски речник,* Скопје 2000, 462-463, натаму: МИР.)

6 Оние коишто сакале да научат повеќе, посетувале настава по неколку години во манастирот Св. Иван Претеча. Во 1860 година (26 јули, ст. ст.), при кметувањето на Хаџи Димко Хаџи Иванов, била завршена новата зграда специјално наменета за училиште. По отворањето на училиштето, во периодот од 1859/60 до 1868/69 учебна година, во Горни Брод учителствувале: „Петар Теофилакт и учителот Григориј од манастирот Св. Иван Претеча; Андон од Негуш три години; Димитар Демирхисарлијата три години; пак Андон Негушлијата една година“. (Г. Баждаров, *Горно Броди,* ... 33.)

Иванов кој служел во село Просечен и со неговото доаѓање бил исфрлен грчкиот јазик од училиштето.[7]

Со формирањето на бугарската Егзархија (1870 година) како словенска црква кон која масовно се приклонило македонското население, започнала жестока борба за превласт со Цариградската патријаршија на црковно-просветен план.[8] Притоа, во таа беспоштедна борба, грчките владици правеле низа злоупотреби и интриги и се потпирале на османлиските власти за да го спречат отцепувањето на црковните општини и приклонувањето на мнозинството од населението кон новата словенска црква.[9]

Борбата за еманципација од Цариградската патријаршија и против ширењето на елинизмот, македонскиот народ ја водел на заедничка линија со бугарскиот, кој делел слична судбина во османлиската држава. Заедничкиот настап „под името на една општа бугарска кауза“ бил мотивиран од општите проблеми и интереси – блискоста на јазикот и заедничките словенски традиции. Но, токму тука, во оваа борба, која имала крајна цел да создаде единствена православна словенска црква како услов за реализација на правата во османлиската држава (во милет системот) се изразиле разликите во историскиот развој на двата словенски субјекта (македонскиот и бугарскиот). Економски посилното бугарско

---

7 Според една дописка, околу 20 села го отфрлиле грчкиот јазик од училиштата и црквите. (в. *Македонија,* бр. 34, од 12.3.1870.)

8 Обидот за поделба на епархиите во Македонија меѓу Патријаршијата и Егзархијата започнува по формирањето на Егзархијата, кога се поставува прашањето за македонските епархии. Иницијативата за преговори меѓу Цариградската патријаршија и бугарската Егзархија дошла од страна на царска Русија, со цел да се истисне влијанието на Австро-Унгарија од Балканскиот Полуостров, а особено од Македонија. Австро-Унгарија вешто го искористила нерешеното македонско црковно прашање и преку форсирање католичка пропаганда го ширела унијатството во Македонија, со цел да си ги подобри позициите во овој дел на Европа. Од друга страна, пак, Патријаршијата и Егзархијата биле заинтересирани за Македонија, со цел таму да се прошири грчката или бугарската национална идеја преку контрола на македонските епархии. (И. Катарџиев, исто, 158-160.)

9 Баждаров за почетоците на таа црковна борба во Серско, меѓу другото, наведува дека во текот на февруари 1870 година Иван Гологанов, образован човек од Трлис, но преселен во Крушево, му пишувал на првенецот од Горни Брод, Хаџи Димко, дека „селата Лебјахово, Петрово, Пиперица (Демирхисарско) и Калиманци (Мелничко) удриле печатите на арзохалите (барања до правителството за откажување од Патријаршијата), но за с. Хотово треба сам да дојде во Крушево, па со тамошните првенци да одат во Лехово и Хотово (Хотово е во Мелничко)“. (Г. Баждаров, *Горно Броди,* 35–36.)

граѓанство и интелигенција, преку своите црковно-просветни и општествени институции и механизми (цркви, општини, читалишта, дружини, книги, списанија) набрзо ќе се наметне над поголемиот дел од словенското христијанско население во Македонија и во голема мера ќе обезбеди всадување и на свест за припадност кон „бугарското племе".[10] Така, генерации млади Македонци ќе го поминат бугарскиот црковно-просветен систем и ќе добијат солидно образование, но и воспитание со бугарска свест. Во овие рамки своевидна улога ќе одигра и руската политика на панславизмот и нејзините интереси на Балканот.[11]

За време на Големата источна криза (1875-1878), кога на површина ќе избие и македонското прашање, и непосредно по Руско-турската војна 1877-1878 година[12] се чувствувала засилена експанзија на бугарската Егзархија, која низ црквите и образовниот систем ја всадува и ја развива бугарската национална свест кај христијанското население во Македонија, наспроти дотогаш доминантното грчко црковно-јазично влијание на Цариградската патријаршија и на грчката држава.[13] Така се создавале специфич-

---

[10] Добри Ганчев, меѓу другото, во своите *Спомени* запишал: „Првата работа на егзархот беше да се организираат црковно-училишни општини. Се пишуваа за тоа окружни, се даваа упатства. Писмата се адресираа на попознати лица од пред војната, духовни и мирјани. Каде што нема интелигентен свештеник, таму се ставаа мирјани и за претседатели на општините. На многу места бугарштината со пари се откупува." (Д. Ганчевъ, *Спомени, 1864-1887,* ред. С. Аргиров, София 1939, 157.)

[11] Д. Јовановски, *Балканот од 1826 до 1913 година,* Скопје 2011, 25-26.

[12] На 19 февруари/3 март 1878 година, Русија и Османлиското Царство го потпишуваат прелиминарниот Санстефански договор. Според него, Романија, Србија и Црна Гора добиваат полна независност. Бугарија се прогласува за автономно (трибутарно) кнежество. (К. Косев, *Източният въпрос и българското освобождение,* София, 1978, 409–419.) Санстефанскиот прелиминарен договор, кој пред сè бил направен во интерес на руското влијание на Балканот, предвидувал создавање голема бугарска држава во која требало да влезе цела Македонија без Солун и полуостровот Халкидики. Против него се спротивставиле Големите сили, а особено Англија, додека пак во Грција и Србија „предизвикал шок", така што е свикан Берлинскиот конгрес (13 јуни–13 јули 1878) на кој бил анулиран Санстефанскиот договор (Д. Јовановски, *Балканот од 1826...,* 28). Македонија во нејзините природни етнички граници останала под власт на султанот, при што со член 23 од Договорот била планирана извесна административна автономија која никогаш не била реализирана. (*МИР,* 70.)

[13] Меѓу другото, во врска со преминувањето на патријаршиските села кон Егзархијата, цариградскиот весник *Право* пишува: „Откако се објави шизмата, бугарските работи зедоа и тука да врват посилно и зедоа големи размери во

нато историско милје и општествена клима во која се родил, израснал и се формирал Георги Баждаров, како интелектуалец и македонски деец, кој целиот живот ќе го посвети на слободата на својата татковина Македонија.

Борбата меѓу егзархистите и патријаршистите, кон која подоцна се вклучуваат и српската црква и пропаганда,[14] биле погубни за националното будење и самоосознавање на македонскиот народ. Посебно е трагичен фактот што низ образованието и црквата македонските кадри беа воспитувани во туѓ национален дух, така што во голем дел македонската интелигенција раснеше и се идентификуваше како бугарска, грчка или српска. Тоа е разбирливо и поради фактот што при крајот на XIX и во првите неколку децении на XX век, оваа интелигенција во голем степен егзистенцијално беше зависна од носителите и организаторите на тие пропаганди, а особено од бугарската држава и црква поради низата историски околности. Георги Баждаров спаѓа во тој круг бројна македонска интелигенција.[15] Иако учесник и идеолог на ВМРО, тој нераскинливо од најраните училишни години па сè до студиите во Софија е воспитуван како македонски Бугарин и како македонски емигрант ќе се вклопи во богатиот општествено-политички и образовно-културен живот на Кнежеството, односно на Царството Бугарија.[16]

---

трите најцентрални македонски епархии – Серска, Мелничка и Драмска“. (в. „Право", Цариград, бр. 41 и 42, 8 јануари 1873 год.)

[14] Со одлуките на Берлинскиот конгрес во 1878, Србија добила независност и територијално проширување, а веднаш потоа, во 1879, ѝ било одобрено, од страна на цариградскиот патријарх Јоаким III, Белградската митрополија да добие автокефален статус. На ваков начин било овозможено српската политика за територијално проширување да добие силно оружје за ширење на српската просветно-црковна, а во почетокот на XX век и оружена пропаганда. (Д. Јовановски, исто, 27–28.)

[15] Но, во рамките на македонската интелигенција секогаш бил присутен опасниот по големобугарската идеја „македонски сепаратизам“, кој во себе не го вклучувал само прашањето на македонската политичка автономија, туку и отворал перспективи за афирмација на посебноста на македонскиот јазик и народ. Тоа најдобро ќе го изразат во 30-те години припадниците на Македонскиот литературен кружок во Софија и други македонски организации во миграција.

[16] Ова може да се илустрира и преку односот кон поетскиот ракопис *За Македонија* на Никола Киров Мајски. По предавањето на ракописот на стихозбирката, од името на ЦК ВМРО Тодор Александров ги задолжил Георги Баждаров, Кирил Прличев, Наум Томалевски и Јордан Бадев да ја прегледаат и да се изјаснат дали таа може да биде печатена „од политички, историски и

Разрешувањето на Источното прашање и настаните што ќе следат понатаму, според бугарската политика и нејзините толкувачи, било на штета на Бугарија.[17]

Сепак, реално, таа со помош на Големите сили (како и другите балкански држави) успеа да го создаде Кнежеството Бугарија, кое беше основата за формирање на бугарската држава и на бугарската нација во новиот и најновиот век.[18]

---

книжевно-историски аспект“. Рецензентите се изјасниле против нејзиното објавување. На прашањето зошто ракописот му е одбиен, Јордан Бадев му одговорил: „Порано јас имав или поправо сакав да имам добро мислење за тебе, но ти од ден на ден даваш докази дека сакаш да се надраснеш себеси. Така, на пример, поради виши причини, а можеби само за оригиналност или од демагогија, за да не кажам од глупост, си застанал да пишуваш стихови на македонски јазик, каков што не постои и каков што никогаш нема да постои. Зашто, не постои македонска нација, а има само македонски Бугари, кои се неразделен дел од бугарската нација и кои говорат заедно со сите Бугари по светот само на еден јазик – бугарскиот! Да се тврди спротивното е безумство, а да се работи на база за македонска нација и македонски јазик, тоа е злосторство и предавство“. (*Никола Киров Мајски, Страници од мојот живот,* избор и предговор Т. Тодоровски, Скопје 1994, 23.)

[17] Бугарскиот академик Григор Велев, зборувајќи за деструктивниот национализам на Балканот како пример за шовинизам, ја посочува политиката на соседите Србија, Грција, Романија и Турција кон Бугарија. „Извесно е, запишал Велев, дека во 1876 година, за време на Цариградската конференција, е исцртана границата на бугарската национална територија. Врз основа на таа карта грофот Игнатиев ја нацртал картата на ’санстефанска Бугарија’. Тој ја откинува, без знаењето на бугарскиот народ Северна Добруџа, која ѝ ја дава на Романија како компензација за одземените Бесарабија и Буковина од неа, како и бугарското Поморавје со центар градот Ниш и градовите Пирот, Врање, Лесковац на Србија како награда за учеството во војната 1877/78 година, кое е симболично. Таа поткастрена Бугарија ќе биде распокината за време на Берлинскиот конгрес, кога ѝ ги однесоа уште Тракија и Македонија, кои ѝ ги вратија на Турција. По Втората балканска (меѓусојузничка) војна, Србија ја присоедини Вардарска Македонија, Грција – Егејска Македонија и Западна Тракија. Романија си ја присоедини Јужна Добруџа, а Турција – Источна Тракија. По 1918 г. Грција ни ја зема и Западна Тракија. Ете една илустрација на дејствувањето на шовинизмот на нашите соседи на Балканот“ (Г. Велев, *Диктатура, Терор, Геноцид, Шовинизъм,* Велико Търново 2011, 18.)

[18] Во согласност со решенијата на Берлинскиот конгрес од 1878 година, беше прогласено Кнежеството Бугарија и формирана областа Источна Румелија. На 16 април 1879 година, во Трново бил донесен Уставот на Кнежеството, т.н. Трновски устав. (*120 години Министерски съвет в България,* июстрована хроника, София 1999, 7-23.) Била воспоставена Руска привремена управа, при што „Русите ја поставиле основата на современата бугарска армија во која на почетокот главниот збор го имале руските офицери“. Дури и



Зимбил војвода
(Георги Зимбилев)

Покрај црковните борби, последиците од војните итн., во предреволуционерниот период во Серскиот регион и во Горни Брод особени траги во колективното паметење на народот и во неговото револуционизирање оставила ајдучката чета на Зимбил (Зумбул) војвода.[19] Тој заедно со неговиот брат Димитар во текот на цели 20-тина години го заштитувале месното население.

На Велигден 1880 година, четата на Зимбил влегла во Горни Брод, при што војводата ги изгорел сите грчки книги, ги принудил гркоманите (патријаршисти) да се крстат пред иконата на Светите Кирил и Методиј, и да се заколнат „дека нема да им прават зло на бугарското училиште и на бугарската богослужба“, односно дека Егзархијата ќе раководи со таа црковно-училишна општина. На излегување од селото, четата уништила една потера составена од Черкези.

изборот на бугарскиот кнез бил направен со руско влијание, односно тие го протежирале младиот германски офицер принцот Александар Батемберг, кој бил роднина на руската царица Марија Александровна, сопруга на Алексадар II. (Д. Јовановски, исто, 29-30.)

[19] Георги Зимбилев или Зимбил (Зумбул) Војвода (1847, с. Горни Брод, Серско – 1883, Серско), како ајдутин влегол во четата на Стојан Карастоилов, којшто дејствувал во Неврокопско, Серско и Драмско. Учествувал во Македонското (Кресненско) востание во 1878/1879 година. По убиството на С. Карастоилов, формира самостојна чета и како војвода дејствува во родниот крај. Во пролетта на 1880 година во месноста Крив Дол, покрај Долни Брод бил опколен од турски аскер и потера. Во борбата бил ранет, но успеал да се извлече со четниците кон планината Боздаг. Според биографијата, кај А. Г. Пелтеков убиен е како резултат на предавство во 1880 година. (А. Г. Пелтеков, *Революционни деици от Македония и Одринско, биографичен-илюстрован справочник,* София 2012, 164-165), додека Г. Баждаров ја посочува 1883 година кажувајќи дека има различни верзии за смртта на Зимбил. Според една, тој по убиството на неговиот брат станал меланхоличен, па по одмаздата над семејството на гркоманот папа Иван, отишол кон манастирот Св. Иван Претеча при с. Лакос и таму бил убиен од погрчени Власи. Според друга верзија, Зимбил бил ранет и претепан со дрва од Власи во Пирин. „Славата на Зимбил Војвода како борец против Турци и Грци се распространила низ цела Источна Македонија, од Белото Море до врвовите на Рила.“ (Г. Баждаров, исто, 56-57.)

Наведените случувања го принудиле управителот на Сер да испрати војска во Горни Брод, која уапсила 90 души и многу од нив ги испратила на заточение во Анадолија. Оние кои биле ослободени, биле принудени да се заколнат во грчката митрополија. Бугарското училиште било затворено и селото вратено под владеење на Цариградската патријаршија.



Димитар и Георги Зимбилови
и нивниот другар Крстју Дабишуров

Во летото на 1883 година Георги Зимбил пак се јавил со четата во Серско. Со него биле и војводите Запро Лакослијата, К. Делиолана Крлуковски, Стојо од Скрижово со нивните чети. На 5 јули четирите чети биле откриени и нападнати од аскер, башибозук и локално население насила земано за потерации, во месноста „Крив Дол“ меѓу Горни и Долни Брод, на долнобродскиот атар. Повеќе часови се водела битка меѓу 33 комити и 500 души од османлиската потера. Загинале 28 души, при што бил убиен и братот на Георги, Димитар Зимбил, кој покажал големо јунаштво, како и еден другар од четата на Георги.

По заповед на бимбашата биле отсечени главите на двајцата убиени комити и набодени на стапови ги пренеле во Горни Брод, свечено со марш на потерата под тактот на барабанот. [20]

Другиот ден, на 6 јули (24 јуни), (Еновден)[21] главите на Димитар Зимбилев и другар му биле закачени на јаворот на пазарот, за да ги видат селаните кои тука поминувале.[22]

---

[20] Исто, 55.

[21] Еновден („Енювден“) еден од големите празници во Пиринскиот крај кој се празнувал на 24 јуни. Се поврзува со претставите на народот за враќање во природата, за осигурување здравје и за запазување на реколтата. Се верува дека на тој ден сонцето откако ќе изгрее малку стои и тргнува по обратен правец – т.е. од тој ден „сонцето се свртува кон зима“. (*Енциклопедия Пирински край*, том I, Благоевград 1995, 314.)

[22] Гркоманот папа Иван, истиот кого што пред три години Георги Зимбилев „го удрил со иконата на св. Кирил и Методиј по главата, во пакоста се испога-

Иако во тој регион од османлиска Македонија „грчката партија доминирала над тамошните“ и во 1876 година и грчкиот Силогос во Сер го испратил за учител во Горни Брод еден погрчен Влав од Неврокоп – Костадин поп Ничов, „Бугарите-екзархисти, и покрај сите прогони и страдања, не се разочаруваа“. Почнувајќи од 1880 година па натаму, тие секоја година поднесувале молби до турската власт да им се дозволи да формираат своја општина во селото и да им се дозволи да имаат свое училиште „било во куќа, било во плевна, но да имаат училиште.“[23]


Селски свештеник во османлиска Македонија, крај на XIX век

Барањата за учење на локален јазик и словенска богослужба продолжиле и биле користени во борбата за превласт помеѓу грчката и бугарската црква. Така, во времето кога Георги Баждаров тргнува во училиштето, тој само еден месец учел на грчки јазик во грчкото училиште. Набрзо истата 1887 година, повторно е отворено бугарското, односно егзархиското училиште, и тој го продолжува своето образование на бугарски јазик.[24]

Георги уште од најраните години го засакал училиштето. За кусото време додека го посетувал грчкото училиште, ја научил грчката азбука и неколку грчки зборови „папагалски, без да знае што значат“. Затоа заработил и „една силна шлаканица од учителот“, бидејќи за време на часот си играл со другите деца.

Откако повторно се отворило бугарското училиште, тој продолжил во него. Бил посветен на учењето, така што и тука, како и сите класови на прогимназијата и гимназијата кои подоцна ги посетувал, ги завршил со одличен успех.[25]

нил со убиениот Димитар кога ставил цигара во устата на отсечената глава. По 15 денови братот на последниов, војводата Георги Зимбилев, ги издемнел на нивата двете ќерки, синот и снаата на папа Иван и ги убил.“ (Г. Баждаров, исто, 55-56.)

[23] Исто, 47.

[24] Исто, 47–48; Г. Баждаров, *Моите спомени,* съставител: Ангел Джонев, София 2001, 17.

[25] Г. Баждаров, *Моите спомени,* ...., 17.

Спомените за најраното детство на Георги Баждаров се поврзани со една од многубројните војни кои се воделе на Балканот.

„Можеби во врска со Обединувањето[26] и Српско-бугарската војна, во Брод имаше надојдено многу аскер.[27] Војниците продаваа дел од оброкот со пченичен бел леб и пилав. Си купувавме и ние, децата, одвреме навреме.“[28]

Како дете, Георги ги слушал приказните на бабата Ката Никова, при што особено се плашел од вампири и караконџоли. Исто така, во неговото навраќање на детските години, запомнил дека неговиот татко Димко се криел во една туѓа куќа, за да не го земат „нехрам“, бидејќи тука се појавиле комити, па аскерот собирал потерџии од локалното население.

Во периодот додека го посетувал основното училиште, бил сведок на борбите помеѓу егзархисти и гркомани за превласт над црквите и училиштата, за барањата за воведување црковно-словенски и бугарски книги во црквата. Таткото на Георги, како религиозен човек, со радост го слушал синот како го изговара евангелието на разбирлив јазик. Посебно трагичен момент била прераната смрт на неговата мајка, која умира кога бил на седумгодишна возраст и, како што кажува самиот, ја оплакувал долго време.

По завршувањето на вториот прогимназијален клас во Сер, во 1895 година, за време на летниот распуст, доаѓа во своето село Горни Брод, каде што веќе се чувствувала раздвиженост на Македонската револуционерна организација (МРО).

---

[26] Обединувањето помеѓу Кнежеството Бугарија и Источна Румелија е извршено на 6 септември 1885 година, при што на 8 септември кнезот Александар Батенберг издава Манифест, во кој го признава „обединувањето за готово“ и прифаќа да биде именуван за „Кнез на Северна и Јужна Бугарија“. (Д. Јовановски, исто, док. 44, 174.) Во септември 1885 година, првпат во историјата на Министерскиот совет (формиран во февруари-март 1879 година), за раководител на Военото министерство е предложен Бугарин – кап. Константин Никифоров. Дотогаш таа привилегија му припаѓала на рускиот император. По 6 септември, Русија ги повлекува од Бугарија своите офицери, вклучувајќи го и военицот министер во кабинетот на Петко Каравелов. (*120 години Министерски...,* 24.)

[27] Во почетокот на ноември избувна и Српско-бугарската војна, при што Турција сосредоточува многу војска во пограничната зона, со цел да воспостави статус кво со воена сила. Војната меѓу Бугарија и Србија, во која бугарската армија однесе победа, доведува до признавање на обединувањето на Бугарија од страна на Турција и се намалува напнатоста во двостраните односи. На 19 февруари (3 март) 1886 беше потпишан Букурешкиот договор за мир меѓу Турција, Србија и Бугарија (Д. Јовановски, исто, док. 45, 175.)

[28] Г. Баждаров, исто.

„Многу комити се јавиле по планините, носеле калпаци и на калпаците имало жолти арслани (лавчиња) од туч (бронза). Кога одевме по ливадите и нивите за косидба и жетва, очите ми беа насочени кон блиските врвови или патишта, да видам некој комита и да му дадам леб, бидејќи тие често останувале без леб.“[29]

Ширењето на организационата мрежа и бројното нараснување на покрстените членови на МРО[30] во овој период се случувало во времето кога во Кнежеството Бугарија (1895) била спроведена една акција за собирање доброволци – Македонци за вооружено навлегување од територијата на Кнежеството во Македонија под турска власт. Во таа акција бил вклучен и „Македонскиот комитет“, основан во март 1895 година, на чело со Трајко Китанчев,[31] по иницијатива на македонската миграција, која барала спроведување реформи во Македонија, во согласност со одредби-

---

[29] Исто, 17–18.

[30] На 23 октомври (стар стил) 1893 година, во Солун биле поставени основите на Македонската револуционерна организација (МРО) од страна на шестмина македонски интелектуалци: Дамјан Груев, учител од село Смилево, Битолско, Петар Поп Арсов, професор од село Богомила, Велешко, Христо Батанџиев, учител од село Гуменџе, Еницевардарско, Антон Димитров, учител од село Ајватово, Солунско, Христо Татарчев, лекар од градот Ресен и Иван Хаџи Николов, книжар од градот Солун. МРО во текот на своето постоење го менувала своето име, а исто така низ различни документи и литература се употребуваат различни именувања. На Конгресот во Солун, во 1896 година, е наречена Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО), а на Рилскиот конгрес во 1905 година – Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО) и Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) во 1919 г. Во колективната меморија на македонскиот народ, Организацијата останала запаметена како Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО).

[31] Трајко Цветков Китанчев (1.9.1858, с. Подмочани, Ресенско - 1.8.1895, Софија), познат општественик, литерат, просветен и револуционерен деец. Се образувал во Цариград, Киев (ја завршил Киевската духовна семинарија, 1879) и Москва (студирал право на Московскиот универзитет, но морал да ги прекине студиите). Во учебната 1882/83 година работел како професор во Солунската егзархиска гимназија. Од 1883 година, активно учествува во општествено-политичкиот живот на Кнежеството Бугарија. Забележителна е неговата ангажираност сред македонските емигрантски друштва. Во 1894 година, го основа македонското друштво „Братски сојуз“. Во март бил избран за претседател на Македонскиот комитет. Починал од срцев удар на 38-годишна возраст. (НБКМ – БИА, ф: 224 – ВМОК, оп.1. а.е. 14; Исто, а.е.15, писма на Трајко Китанчев до личности и друштва; *Кратки биографически белешки за Траико Китанчев*, Право ъ/41, София, 26.8.1895; Т. Тодоровски, *Македонија, настани личности и дела, општ книжевно-историски прирачник,* Скопје-Мелбурн 1999, 149-150.)

те на чл. 23 од Берлинскиот договор.[32] Македонскиот комитет (набрзо преименуван во Врховен македонски комитет – ВМК), во почетокот се залагал за политичка автономија на Македонија, приложена и гарантирана од Големите сили, но набрзо станал инструмент во рацете на бугарската влада и двор.

Веднаш по формирањето, МК почнал да организира и да испраќа чети во Македонија. Тоа одело во прилог на бугарската официјална политика, која вршела притисок врз Османлиската Империја и врз европската дипломатија за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд и за добивање нови привилегии и отстапки за бугарската пропаганда во Македонија. Од друга страна, пак, се трасирало јавното мислење дека Бугарија е единствениот гарант за мирот и стабилноста на Македонија. Поради таквите стремежи, бугарската влада и дворот го помагале организирањето и влегувањето на четите преку границата, предизвикувањето провокации и создавањето ситуации за наводни „бугарски“ востанија во Македонија. Една таква провокација се случила во Мелник (т.н. Мелничко востание), во јуни и јули 1895 година.[33] По неуспехот на оваа провокација, невиното население во Пиринскиот дел на Македонија било изложено на жестоки репресалии од страна на власта. Оценувајќи дека е постигнат саканиот ефект, Бугарија ја прекинала поддршката за уфрлените чети.[34]

---

[32] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том први, Скопје 1981, 230-231; В. Поповски, „Историско-политичкото и правното значење на членот 23 од Берлинскиот договор “, *Зборник во чест на Александар Христов,* Скопје 1996, 229–239; Т. Томовски, *Документи од Виенските архиви за Македонија од 1879 до 1903 година,* Скопје 1955, 73.

[33] Р.Пасков, *Четническата акция на Македонския комитет през 1895* г., ВИС, 1991, кн. 3, 18–26; *Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944,* Т. 2, София, 1995, 75–86; Х. Силянов, *Освободителните борби на Македония,* том 1, София 1993, 55-63; В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата и атентатите во македонската историја,* Скопје 1994, 52–55; В. Ѓорѓиев, *Слобода или смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893–1903,* Скопје 2003, 193–200).

[34] Во периодот 1899–1900 година, ВМК воспоставува тесна соработка со ТМОРО, односно со Внатрешната организација, помагајќи ја со оружје, пари и воени кадри и под нејзино влијание се преименува во Врховен македоно-одрински комитет – ВМОК, во август 1901 г. За време на предводењето на ВМОК од страна на Стојан Михајловски и ген. Иван Цончев, односите со ТМОРО се влошуваат и меѓу нив избиваат сериозни противречности. Комитетот го организира и го спроведува во есента на 1902 година т.н. Горноџумајско

Додека бил ученик во четирикласното училиште во Сер, мошне светли и важни спомени кај Баждаров оставил Димитар Т. Страшимиров,[35] којшто една година тука бил директор, како и неговиот учител Христо Матов,[36] кој исто така, кусо време, бил директор во истото училиште. Во сеќавањата на Баждаров, особено забележана останала една вечер во пансионот кога Страшимиров им читал поезија од Христо Ботев и им ги објаснувал карактеристиките на неговата поезија. Христо Матов им предавал бу-

востание, провокација во која жестоко настрадало невиното македонско население. На 31 јануари 1903 година, под притисок на Големите сили, Владата на Стојан Данев ги растура ВК и Македоно-одринската организација (МОО) во Бугарија. Наспроти тој акт, тие продолжуваат со нелегален живот до есента на 1905 година, кога на Рилскиот конгрес на ВМОРО ген. Иван Цончев обелоденува дека ВК престанал да постои. (Народна библиотека „Кирил и Методиј“ – Бугарски историски архив, (НБКМ – БИА), ф. 224 (ВМОК), оп. 1. а.е. 14, писма на Т. Китанчев до личности и друштва (од 14.5.1895 до 31.12.1895; Ц. Билярски, *Княжество България и македонският въпрос,* т.1. Върховен македоно-одрински комитет 1895 - 1905 (Протоколи от конгресите), Българска историческа библиотека, 5, София, 2002; С. Елдъров, *Върховният македоно-одрински комитет и Македоно-одринската организация в България (1895-1903),* София, 2003.)

35 Димитар Тодоров Страшимиров (20.12.1868, Варна – 2.3.1939, Софија). Завршил гимназија во Трново (1886) и литература и историја во Берн (1893). Бил директор на Народниот театар, заменик-директор на Народната библиотека, редактор на списанието „Съвременник“ (1889-1890). Публицист, автор на голем број студии и статии, публикувани во „Българска сбирка“, „Мисъл“, „Искра“ и др. Поважни трудови му се *Историја на Априлското востание* во три тома, *Љубен Каравелов*, *Васил Левски. Живот, дела, извори.* Автор е на стихозбирката *Јужни сонети*, на романот *Сред мракот* (1912), на драмата *Непријатели* и други.

(http://liternet.bg/publish16/d_t_strashimirov/index.html, 15.6.2014).

36 Христо Матов (4.3.1872, Струга - 10.2.1922, Софија) професор, револуционер и еден од идеолозите на МРО. (Познат е под псевдонимите Брут и Дримколов, а се потпишувал на лажен пасош како Христо Апостолов). Завршил филологија во Софија. Бил учител по бугарски јазик во Сер, Скопје, Солун, Софија и Стара Загора. Во Организацијата бил покрстен во 1895 година од Дамјан Груев и Христо Попкоцев. Во Скопје, како професор во Скопското педагошко училиште, ја започнал својата кариера како еден од првите идеолози на Организацијата. Бил член на Централниот комитет и на Задграничното претседателство на Организацијата, а по Илинденското востание е главен идеолог на конзервативната струја и е водач на десницата во Организацијата. За време на Првата светска војна е на воена служба во Скопје, каде што заедно со Георги Баждаров го издава весникот „Родина“. Се самоубива по тешко боледување. Автор на повеќе книги за МРО. (А.Г. Пелтеков, 278-279; *Христо Матов, Македонска революционна система ВМРО, Съчинения,* съставител – Ц. В. Билярски, София 2001, 6–30).

гарски јазик и тој, исто така, „со мерак“ им читал убава поезија („Татунчо“ и други).[37]

Од Сер, Баждаров заминува за Солун, каде што го продолжува образованието во Солунската бугарска машка гимназија „Св. Кирил и Методиј“. Оваа гимназија била еден од најголемите и највлијателните образовни центри отворени од бугарската егзархиска пропаганда во Македонија. Сепак, во Македонија се почитува како место каде што се создава јадрото на македонското револуционерно движење. Така, во времето кога ученик на оваа гимназија ќе биде Г. Баждаров, таа била вистински расадник на револуционерни идеи.[38]

Во учебната 1896/97 година, Баждаров веќе дошол во допир „со револуционерни македонски весници од Бугарија: „Македонски глас“, „Малешевски Балкан“ и др.

„Бидејќи весниците минуваа низ многу раце, се превртуваа како распокинатите кори на зелникот.“[39]

Во истата учебна година, во Солунската гимназија стапил и Павел Шатев,[40] кој во своите спомени раскажува за ученичкиот

---

[37] Г. Баждаров, *Моите спомени, ....*, 18.

[38] Основана е во 1880 година од страна на преродбеникот Кузман Шапкарев и опстојува до 1913 година, кога Солун е окупиран од грчките војски. Тука своевремено работеле и предавале: Васил К'нчов, Григор Прличев и Константин Величков. Меѓу учениците и дипломците на оваа гимназија особено се издвојуваат Г. Делчев, Д. Груев, Т. Александров, А. Љапчев, И. Михајлов, А. Кецкаров, К. Стефанов и голем број други видни личности од македонската и бугарската историја. Солунската гимназија, и покрај егзархискиот језуитски режим, била расадник на револуционерни идеи. Тука циркулирала забранета литература, се ковале планови, се дигале ученички бунтови. Исто така, чести биле конфликтите за тоа да се зголеми бројот на професори со потекло од Македонија, а да се намали бројот на оние што се носат од територијата на Кнежеството Бугарија. (П. Шатев, *Македонија под робство*, том 7, Скопје 2013, 24-36.)

[39] Г. Баждаров, исто, 18.

[40] Павел Шатев (Кратово, 15.7.1882 – Битола, 30.1.1951), македонски деец, гемиџија, публицист и државник. Завршил правни науки во Брисел. Во периодот меѓу двете светски војни активен во МЕФО и ВМРО (об). Соработувал со советските разузнавачки служби до 1941 година. Затворен како антифашист во бугарските затвори за време на Втората светска војна. Во 1944 година се враќа во Македонија и станува член на Президиумот на АСНОМ и повереник за правосудство. Бил репресиран за време на судирот на КПЈ со Информбирото. (З. Тодоровски, Предговор кон: Павел Шатев, *Историја на Македонија* /материјали/ том 1, Скопје 2012, 9-23; В. Ачкоска, Н. Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја,* Скопје 2005, 271–276.)

бунт што започнал на 7 февруари 1897 година против директорот на Гимназијата Атанас Наумов (1896/97). Плашејќи се дека бунтот може да биде искористен од турската власт, учителите гледале сето да помине без големи притисоци и врева, а била определена делегација од ученици која ќе зборува со егзархискиот пратеник кој бил училиштен инспектор.

Според Павел Шатев, меѓу учителите и учениците немало „какви и да било спорови и неправди", туку помеѓу самите учители-воспитувачи и меѓу граѓаните во Солун, кои биле поделени на „две партии" во однос на тоа „со какви методи да се работи во иднина во борбата за ослободување на Македонија". Едната група – „еволуционистите", се залагале „за тивка, просветна, црковно-училишна борба", одејќи по еволутивен пат, за да можат „македонските Бугари" постепено да се издигнат во културно-просветен и економски однос и да заземат поголеми и помали служби во турската држава и притоа да се потрудат да ги истиснат Грците во заден план.

„Таа еволуциона група беше раководена од егзархистите, кои беа непријателски расположени против секаква предвремена револуционерна активност, против секаква конспиративна борба, сметајќи дека со такви предвремени борби ќе се влоши положбата на македонските Бугари."[41]


Павел Шатев

Другиот дел од учителите, заедно со еден дел од граѓанството, биле носители на револуционерниот метод на активност и не можеле да се помират со барањата на првата група. МРО била веќе формирана и постепено ја проширувала својата мрежа од тајни комитети низ Македонија.

Еволуционистите, како што запишал Шатев, ја пееле песната „Труд и залагање – со нас успех", а револуционерите, истовремено со таа парола, го препорачуваа и применуваа револуционерниот метод на дејствување, пеејќи: „Слободата не ја сака Егзархот – ја сака Караџата".[42]

За време на Грчко-турската војна во 1897 година, Баждаров бил во четврти клас. Притоа од пансионот гледале... „толпи

[41] П. Шатев, *Македонија под робство*, том 7, ..., 27–28.

[42] П. Шатев, исто, 28.

Арнаути новобранци. Тогаш ја посети гимназијата капетанот, подоцна полковник, Атанас Јанков[43] и тогаш видовме бугарски офицер.“[44]




Уште во есента, во учебната 1897/1898 година, неговиот сокласник Трпен Марков[45] му предложил да формираат ученички револуционерен кружок, со цел да се подготват за идни водачи на народот. Така Трпен Марков, Андреј Казепов[46] од Ресен, Ге-

---

[43] Атанас Јанков (1857, Загоричане, Костурско – 15.4.1906, Влахи, Мелничко) бил офицер во Бугарската армија. Учествувал во Руско-турската војна (1877/78) и во Српско-бугарската војна (1885). Бил член на ВМК. Учествувал во „Горноџумајското востание“ од 1902 година. Во 1903 дејствувал во Мехомиско, а оттука со голема чета доаѓа во Костурско, каде што го подбуцнувал населението за кревање востание. Во контактите со ТМОРО му било наложено да замине од реонот, за да не дојде до поголеми инциденти. Загинал во судир со турскиот аскер. (Г. Баждаров, *Моите спомени, ....*, 161; В. Ѓорѓиев, *Слобода или смрт...*, 228, 240, 256, 300, 348; *Никола Петров Русински, Спомени*, ред. Д. Пачемска-Петреска, В. Кушевски, Скопје 1997, 230, 260, 269.)

[44] Г. Баждаров, *Моите спомени, ....*, 18.

[45] Трпен Дамјанов Марков (1871, с. Вишени, Костурско – 21.9.1903, Пловдив), деец на македонското ослободително движење. Учител. Завршил Битолска бугарска гимназија и учителствувал во родното село. Бил уапсен за револуционерна дејност, но успева да избега од затворот и под името Димитар В’рбанов оди за учител во Мало Трново (октомври 1902), каде што е избран за член на Околискиот комитет на ТМОРО. (А. Г. Пелтеков, исто, 274.) „Трпен Марков умира од туберкулоза, засилена поради ноќните посети при четите.“ (Г. Баждаров, исто, 25.)

[46] Андреј Казепов (1878, с. Јанковец, Ресенско – 11.4.1904, с. Сенокос, Мелничко), војвода. Учи во бугарското училиште во Цариград и во Солунската бугарска машка гимназија (1896–1899). Ја завршува Битолската класична гимназија, каде што под влијание на Дамјан Груев се присоединува кон ос-

орги Христов[47] од Костурско, Георги Тодоров[48] од Тетово и Баждаров се организирале во „централна петорка". Според правилникот што го составиле и го прифатиле по неколку средби, ученичката организација функционирала во петорки. Секој од централната петорка требало да си одбере меѓу учениците и да заколне други четири члена, а понатаму секоја од петте петорки можела да формира друга итн., така што секој од вклучените ученици можел да знае најмногу девет души, додека членовите на централната петорка ги знаеле сите вклучени членови. На средбите на петорките се читале револуционерни книги и се држеле беседи против ропството, а за ослободување на Македонија. Со литература се снабдувале од Бугарија преку австриската пошта. Притоа, Баждаров споменува дека во врска со добивањето книги имал еден инцидент со директорот Атанас Ченгелов (1897/1899):

„Му бев пратил на брата ми Иван во Софија список на революционерни книги со порачка да ги купи и да ги прати по австриската пошта на името Н. Шушлаков - тоа ми беше псевдонимот за случајот. Пристигна покана на тоа име - poste restante. Одам во поштенското биро да го земам пакетот, не ми го даваат, требало да го потврдам личниот идентитет, дека тоа сум јас."[49]

Баждаров го замолил Иван Хаџи Николов, чија книжарница се наоѓала во близината, да сведочи за неговиот идентитет, но на крајот морал да му се обрати на директорот, кој многу го иска-

---

лободителното дело и станува член на ТМОРО. Учителствува во Банско (1900–1901) и во Струмица (1901). Во 1902–1903 е четник во четата на Јане Сандански. За време на Илинденското востание се бори во Мелничко. Од пролетта на 1904 година е кресненски војвода. Загинал во борба со турската војска. (*Енциклопедия Пирински край*, том I, Благоевград 1995, 408; А. Г. Пелтеков, исто, 190-191.)

[47] Георги Христов (?, с. Вишени Костурско –?), војвода. За време на Илинденското востание бил војвода во Костурско. (А. Г. Пелтеков, исто, 488.)

[48] Георги Тодоров (1877, с. Слепче, Тетовско - ?), деец на ТМОРО, наречен „Докторот", поради очилата што ги носел и впечатокот што го оставал. Ја завршил Битолската гимназија, каде што учествувал во ученичкиот револуционерен кружок заедно со Трпен Марков, Георги Баждаров, Георги Христов и други. Учителствувал во с. Велика, Малотрновско (1902–1903) каде што бил раководител на селскиот револуционерен комитет и член на Малотрновскиот околиски комитет на ТМОРО. Присуствува на конгресот на „Петрова нива" (28 јуни 1903) и учествува во Илинденското востание. Во 1906–1907 година е учител во Горна Џумаја и член на околискиот револуционерен комитет. (*Спомени од Странджа; От Витоша до Грамос,* съставителство и редакция Михаил Неделчев, София 1984, 327-328.)

[49] Г. Баждаров, *Моите спомени,* ...., 18.

рал, бидејќи со таквите постапки, доколку стигнело до ушите на турската власт, можело да дојде до затворање на Гимназијата.

„Тој се караше, јас молчев и откако се изнавика, пак го замолив да удри печат на поштенската покана сега, а другпат веќе нема да ја компромитирам гимназијата – всушност најмногу себеси се изложував, бидејќи директорот можеше да каже дека не ја знае содржината на пакетот.“[50]




Иван Хаџи Николов[51]

Како одличен ученик, Георги имал извесна протекција, така што целата работа добро се завршила, иако со кавга. Наскоро

[50] Г. Баждаров, исто.

[51] Иван Хаџи Николов (24.12.1861, Кукуш – 9.7.1934, Софија), деец на македонското ослободително движење. Учител и книжар. Завршил трговска гимназија во Линц, Австрија. Учествува во основањето на Младата македонска книжевна дружина во Софија (1892). Во 1893 година отвора книжарница во Солун. Еден е од основачите на МРО во Солун и член на првиот ЦК (23.10.1893). Учествува во работата на Солунскиот конгрес (1896) на МРО кога таа го добива името ТМОРО. Во зимата на 1901 година, по избувнувањето на Солунската провала кога ќе бидат затворени останатите членови на ЦК, му ја предава на Иван Гарванов целокупната документација на Организацијата. Во врска со истата провала бил уапсен, осуден на 101 година затвор и пратен на заточение во Подрум Кале, Мала Азија. Во август 1902 година е амнестиран и се населува во Софија, каде што се занимава со книжарска и книгоиздавачка дејност. Автор е на книгата *Внатрешната македоно-одринска организација низ погледот на нејзините создавачи.* Животот го завршува со самоубиство. (*Енциклопедия Пирински край*, том II, Благоевград, 1999, 370-371; Т. Тодоровски, *Македонија настани личности и дела, ...*, 319-321; А. Г. Пелтеков, исто, 482.)

потоа, пред сите ученици во пансионот, Баждаров одржал реферат за Г. С. Раковски.[52] Од учителите присуствувал Иван Гарванов,[53] кој се искажал пофално за настапот на Баждаров.

Во рамките на организираните петорки, книгите ги купувале со заеднички пари што ги собирале меѓу себе. На крајот од учебната година си ги распределувале книгите за да ги однесат во родните места и на тој начин да ги снабдат со револуционерна литература своите соселани и сограѓани. При распределбата, на Баждаров му паѓа книгата *Под ропство* на Иван Вазов[54] која ја понесол со себе во Брод. На железничката станица во Сер се нашол во сериозна ситуација, бидејќи властите им ги прегледувале патничките сандаци. За среќа, барале контрабанден тутун, па не обрнале внимание на книгата што ја носел. Во секој случај, како што кажува самиот, тоа доста го вознемирило.[55]

---

[52] Георги Стојков Раковски, (2.4.1821, Котел, Османлиска Империја – 9.10.1867, Букурешт, Романија) познат и како Георги Сава Раковски (Сава Стојков Попович) бил бугарски револуционер и преродбеник. Раковски е основоположник на организираната националнореволуционерна борба за ослободување на Бугарија, револуционерен демократ, публицист, новинар, историчар и етнограф. (В. Трайков, *Георги Стойков Раковски,* София 1974, 44–68.)

[53] Иван Гарванов (23.12.1869, Стара Загора, Бугарија – 23.11.1907, Софија) Бугарин по националност. Завршува физика и математика во Софија и по специјализацијата во Виена, во 1904 година, станува учител во Солунската егзархиска машка гимназија. Во 1896 година, Даме Груев го зачленува во ТМОРО. Под влијание на Егзархијата, во почетокот е противник на вооружената борба во Македонија, и во тој период тој застанува на чело на организацијата „Братство“, која била под целосно влијание на Егзархијата, но подоцна ја напушта и се активира во ТМОРО. Во 1901 година станал член на ЦК, а потоа и негов претседател. Во отсуство на повеќе врвни раководители, во почетокот на јануари 1903 година во Солун свикал конгрес, на кој е решено во пролетта на 1903 година да се крене општонародно востание. На Рилскиот конгрес на ТМОРО (октомври 1905), бил условно осуден на смртна казна. На 23 ноември 1907 година во Софија, бил убиен заедно со Борис Сарафов од страна на Тодор Паница. (В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата...*,148-153.)

[54] Иван Вазов (1850–1921), бугарски писател, белетрист, драматург, редактор и општественик, чии дела се проткаени со идеалите на големобугарскиот национализам. Романот *Под игото* (1894) е првиот вистински уметнички роман во бугарската литература, со сиже земено од Априлското востание. Негово продолжение е романот *Нова земја* (1896). Овие книги, во рамките на бугарското образование, имале за цел да ја засилуваат бугарската национална и револуционерна самосвест кај учениците. Во неговите творби посветени на Македонија, таа е третирана како „родна земја“ откината неправедно од својата матица. (Т. Тодоровски, исто, 49-51.)

[55] Г. Баждаров, *Моите спомени,* .., 19.

Постепено навлегувајќи во револуционерните води, со сиот младешки жар во годините на своето созревање, Баждаров дошол до сознанието дека не може да биде револуционер без оружје. Треба да носи барем кама, ако не и револвер, но последниов бил доста скап за него. Сепак, иако немал пари ни за кама, успеал да ја купи со помош на еден човек што го запознал во Бошнак Хан,[56] а чие внуче тргнало во прва година во истата гимназија.[57]

Покрај ученичкиот револуционерен кружок во кој членувал Баждаров, во Солунската гимназија уште претходно имало формирано слична организација.[58] Во неа влегувале и дел од соклсниците на Баждаров, меѓу кои Манол Розов[59] и Христо Силјанов.[60]

[56] Бошнак Хан - освен со неговите основни функции, истовремено било и место за средби меѓу дејците на МРО. Во тоа време служел како една од главните бази на Организацијата.

[57] За овој случај, Баждаров раскажува: „Кога стапив во Солунската гимназија, се бев запознал во Бошнак Хан со еден стар човек од Дар Дере, Ах Челебиско, којшто го водеше внучето да учи во гимназијата. Тоа беше за прв клас и старецот ме замоли да го имам под мое покровителство. Богат беше. Го замолив моето штитениче да му пише на деда си да ми прати на заем една лира. Испрати човекот. Си купив убава арнаутска кама“. (Г. Баждаров, исто, 19).

[58] За овој таен ученички револуционерен кружок, Христо Куслев наведува дека го формирале кога тој бил во шестиот клас и тогаш се покрстиле 21 ученик. Купиле револвери, собирале членски влогови (давал секој според можностите), дури понекогаш и насилно земале прилози за Кружокот. Парите најчесто ги употребувале за купување револуционерна литература. „Во седми клас (1899 г., б.м.) продолжив да членувам во тајниот ученички кружок, вели Куслев. Многу повеќе како искусен деец, агитирав во VI и VII клас. Учител беше Мартинов. Тогаш веќе водевме борба со учениците од Гимназијата, кои припаѓаа кон Братството, чија цел беше да се спротивставува на српската пропаганда“. (*Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, по спомени на Яне Сандански, Черню Пѣевъ, Сава Михаиловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ,* Л. Милетичъ, София 1927, 106-107.)

[59] Манол Розов (1878, с. Бобишта, Костуско – 3.9.1903, месност Сокол, Пожарско), учител и костурски реонски војвода. Во 1900 година ја завршил Битолската гимназија, по што влегол во редовите на ТМОРО. Учествувал во пренесување оружје од Грција во Македонија, но при еден таков обид, кон крајот на 1901 година бил фатен заедно со Васил Чакаларов и затворен во Корча, каде што лежи затвор до октомври 1902. Потоа учителствува во родното село. Во почетокот на 1903 година станува нелегален и учествува активно во подготовките на Илинденското востание. Во пролетта на 1903 година бил избран за член на Горскиот штаб во Костур, а за време на Илинденското востание ја предводел Бобишката чета и учествувал во заземањето на Невеска и Клисура. Потоа се бори во четата на Иван Попов и Лазар Поп



Манол Розов



Христо Силјанов

Тие биле приклучени во неа уште од четврти клас, додека кружокот на Баждаров бил формиран кога биле во петтиот клас.

---

Трајков, кои дејствувале во Леринско и Прилепско. Загинал во борба со турската војска кај месноста Сокол на планината Нице, над селото Пожарско. Пожарчани местото каде што загинал го нарекле Розов Гроб. (С. Ковиловски, *Македонија, кратка енциклопедија револуционери,* Прилеп 2011, 224-225;. А. Г. Пелтеков, исто, 401.)

[60] Христо Иванов Силјанов (28.5.1880, Цариград – 26.9.1939, Софија), револуционерен деец, член на ТМОРО, учесник во Илинденското востание, подоцнежен неоврховист, поет, историограф и публицист. Завршил историја на Софискиот универзитет „Климент Охридски“ (1907). Како ученик во Битолската неполна гимназија, пристапува во редовите на ТМОРО. Бил учител во Прилеп и член на околискиот комитет на ТМОРО (1899–1900). Во 1902 година бил четник во четата на Марко Лерински. Избран е за секретар на Конгресот на Одринскиот револуционерен округ (јуни 1903). За време на Востанието, се бори во Одринско. Присуствува на Третиот конгрес на дејците на Одринскиот револуционерен округ (12–15 февруари 1904) во Варна и на Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО (март 1908) како делегат на Битолскиот револуционерен округ. Во 1908 година е вклучен во ЗП на ВМОРО како еден од замениците. Учествува во Балканските војни како војвода на чета и дејствува во Костурско заедно со Васил Чакаларов. Член е на редакциите на весниците *Илинден* (1907-1908*), Вести* и *Ден*. Како соработник на весникот *Реформи*, органот на ВМК, кон крајот на 1907 година јавно му пристапува на неоврховизмот. За време на Првата светска војна е затворен како симпатизер на Русија. По излегувањето од затвор, ги редактира весниците *Бугарија, Бум, Новини* и други, како и списанијата *Сила* и *Демократски преглед*. Автор е на две стихозбирки, на голем број историски и мемоарски дела, меѓу кои двотомната историја *Ослободителните борби во Македонија* (Софија 1933), *Писма и исповеди на еден четник, Спомени од Странџа – Од Витоша до Грамос* и други. (А. Г. Пелтеков, исто, 415-416, Т. Тодоровски, исто, 273-274.)

Од реалното одделение на истиот клас, пак, таму влегувале Божил Танчев, Димитар Попстаматов, кои ги сметале своите помлади соученици премногу оддадени само на учењето.

„Излезе, дека нас, бидејќи учевме добро, нѐ сметале за белешкации или уште непогодни за такво опасно дело, какво што е револуционерното ослободително движење. И тие насетија дека се собираме на групи по петмина и почнавме да се демнеме едни со други. Другата група дури местеше да ни ги отвораат сандаците ноќно време... за да најдат во нив оружје или литература. Ние презедовме контрамерки. Подоцна ни стана јасно на што се должи таквата поделба.“[61]

Зборувајќи за состојбите во Солун, во периодот непосредно по формирањето на МРО, Баждаров наведува дека одделно од ЦК МРО се формирала и друга револуционерна група, наречена Братство. Всушност формирањето на оваа бугарска организација било во рамките на активностите на Егзархијата за ширење на бугарското црковно-просветно влијание во османлиска Македонија во периодот 1890–1897 година.[62] За да го спречи револуционерното раздвижување на македонскиот народ, таа формира свое „Благодетелно братство“ во Солун, кое во 1898 година е преименувано во „Револуционерно братство“. Негов предводник е професорот од Солунската егзархиска гимназија Иван Гарванов, етнички Бугарин, кој подоцна ќе се инфилтрира во МРО. Покрај него, во таа организација влегувале и Х. Ганов, Н. Колушев, Д. Мирчев и други.[63]

[61] Г. Баждаров, *Моите спомени,* ...., 19.

[62] Помогната од бугарските дипломатски претставници во Цариград, во тој период Егзархијата успева да ги врати своите митрополити во Скопската, Велешката и Охридската епархија, но и да издејствува нови митрополитски места во Неврокоп, Битола, Дебар и Струмица. (Т. Тодоровски, исто, 46.)

[63] Комитет „Братство“, односно Бугарското тајно револуционерно братство е создадено во Солун во март 1897 година од 12 души, меѓу кои предничела личноста на Иван Гарванов. Имале Устав, кој се состоел од 24 члена и во него биле востановени целите, средствата, организацијата и раководењето. Издавале свој весник *Борба*. Братството изградува структури во Прилеп, Велес и на други места. Главен принцип на Братството бил „да не се брза со револуцијата, туку постепено да се освестува народот – да се оди по еволуционен пат“ (П. Шатев, *Борис Сарафов, биографија,* том 2, Скопје 2013, 66). Формирањето на „Револуцинерното братство“ во Македонија, вели Христо Силјанов, „не беше случајна појава. Тоа искуство да се организира нешто како полуреволуционерна сила за да се постави спроти постојната, немаше никакво оправдување ни теоретско, ни практично. И требаше да заврши со капитулација“. (Х. Силјанов, *Ослободителните борби...,* том 1, 128.) ТМОРО и

Од самиот почеток дошло до спротивставеност помеѓу ЦК на ТМОРО и Братството, со оглед на тоа што едните се формирале самоиницијативно поради револуционерната цел – ослободување и автономија на Македонија, а другите биле инструмент на бугарската политика и пропаганда.[64] Но, во тој период, како и многу воспитаници на бугарската Егзархија и ученици во нејзините училишта, Баждаров не ја сфаќал таа разлика, особено што нивниот таен кружок од самиот почеток бил под влијание на Братството.



Солун при крајот на XIX век

Според Баждаров, изгледало дека луѓето од Братството се потценети од другите и се чувствувале навредени. Таквото чувство било доста остро, особено што членовите на Братството верувале дека не се ниту помалку умни, ниту помалку патриоти и авторитетни од другите. Како суштествена разлика, Братствениците истакнувале дека луѓето од другата револуционерна организација недостаточно се борат со српската пропаганда, но се так-

---

Братството од почетокот биле во затегнати односи, дури се стигнало до убиства. „Извршени се обиди против братствените членови: Војницалиев во Велес, Самарџиев во Прилеп, Наумов во Сер“. Од друга страна, Братството планирало одмазди и биле издадени смртни пресуди на Д. Груев, Х. Матов, П. Тошев и И. Хаџи Николов. (Белешки кон: Г. Баждаров, *Моите спомени,* ....,162.)

[64] ЦК сметал дека Братството не е револуционерна организација, туку само една мала безначајна група без свое влијание во Македонија, така што му доставил барање, односно Протокол со повеќе услови, меѓу кои се барало тоа да се растури и да се присоедини кон Внатрешната организација, сè што има да му отстапи на ЦК, членовите ќе бидат примени во ТМОРО кога ќе дадат заклетва итн. (*Историја на македонскиот народ,* том трети, ред. К. Битовски, Скопје 2003, 198.)

тични, многу се брзи и „се служат со демагошки средства, за да добијат приврзаници итн. Пресилни се тие тврдења. Со Централниот комитет во Солун беа повеќе луѓето од еснафот, а со Братствениците беа повеќе од нотабилите. ...Во тој расцеп, прво во внатрешноста, сигурно дека имало и личен елемент, можеби и смисла и интерес. Во општествата со ниска култура мачно е да ги разбереш караниците и тие почнуваат поради идеи, материјален интерес или за накрнета чесност.“[65]

Во тој период посилна била организацијата на ЦК ТМОРО – Груев, Делчев, Матов и др., од онаа на Гарванов – Колушев. Првите започнале со својата дејност пред неколку години, така што веќе имале свои пунктови, врски, јадра, не само во Солун, туку и во другите делови на Македонија. Братството создава свои клонови во Прилеп, Велес, Серез и Кавадарци, организира своја чета и подготвува атентати врз Х. Матов, Д. Груев, И. Х. Николов и П. Тошев.[66]

„Ние, без да знаеме за таа поделба, за таа двојственост бевме западнале во сферата на влијание и раководство на Братството.“[67]

Нивната ученичка организација по системот на петорки добивала инструкции и бунтовничка литература, главно весници, од Гарванов и Колушев, којшто од учител станал секретар на Бугарското генерално конзулство во Солун.

Другиот ученички кружок во Гимназијата не функционирал во систем на петорки, туку сите членови се собирале заедно и биле раководени од Д. Груев, Х. Коцев, Х. Матов.

За време на шестиот клас, односно во учебната 1898/1899 година, централната петорка на Организацијата на која ѝ припаѓал Баждаров, броела околу 30 души. Во тие петорки влегувале:

---

[65] Во психологијата на едните и на другите можеби имало извесна разлика, поради разликата во нивната социјална положба, „но разлика меѓу водачите, кои беа гимназиски учители, не можеше да има, освен чисто индивидуална, својствена на лицата и од двете групации. Така, на пример, не можеше да се каже, дека Хр. Татарчев и Хр. Матов се поборбени и пореволуционерни од Иван Гарванов, или дека Иван Хаџи Николов бил побуен темперамент од Христо Ганов.“ Тогаш во Солун имало двајца „бугарски книжари“ - К. Г. Самарџиев и И. Хаџи Николов, кои биле соперници, како и двајцата лекари - д-р Х. Татарчев и д-р Христович, кои, исто така, им припаѓале на различни групи. (Г. Баждаров, *Моите спомени,* ...., 19–20.)

[66] Т. Тодоровски, исто, 46; Белешки кон: Г. Баждаров, *Моите спомени,* ...., 162.

[67] Баждаров наведува дека Братството имало следбеници главно во Солун, Прилеп и дел во Ах Челебиско. (Исто, 20).

Пандо Кљашев, Стојо Хаџиев, Борис Мончев, Александар Станоев,[68] Асен Тодев, Павел Поцев–Шатев и др.

„Во секој случај, не се чувствувавме и ние дека стоиме подолу ниту по способности, ниту по смелост, од учениците во другиот кружок, нешто повеќе имавме самочувство на предност, откако ја завршија гимназијата В. Узунов, Ст. Малчанков, Вл. Карамфилов, Марко Бошнаков и др. По авторитетност на дело ние веќе добивавме надмоќ. Но, вистина е, дека ние во почетокот ништо не знаевме за таа поделба на големите, кое по сè пренесе меѓу нас, учениците.“[69]

Во учебната 1899/1900 година сите ученици од класичното одделение во Солунската гимназија се преместени во Битола, односно во Битолската егзархиска машка гимназија, која прераснала во полна класична седмокласна гимназија.[70] Тогаш била укината класичната насока во Солунската гимназија, па таа останала исклучиво реална гимназија. Така учениците-класичари што го завршиле шестиот клас во Солунската гимназија, се префрлиле во Битолската гимназија за да го следат завршниот седми клас. Георги Баждаров и неговите другари – Трпен Марков, Георги Христов, Андреј Казепов и Георги Тодоров – коишто ја формираа централната ученичка петорка во Солун, сите, како класичари, се нашле во Битола за да го довршат седмиот клас. Во Битола, исто така, се префрлиле и класичарите ученици од пониските класови во Солун. Учениците од реалните класови – „реалистите“ си останале сите во Солун – столнината на Македонија.[71]

Во Битола ученичкиот револуционерен кружок бил целосно под раководството на Даме Груев, кој е учител во гимназијата. Во ова време живнала дејноста и на Неделното училиште во Битола. Покрај тоа, вистинска ренесанса доживеал локалниот хектографиран лист „На оружје“, во чие уредување како ученик бил вклучен и Георги Баждаров.[72] Овој орган на револуционерното

[68] Александар Станоев се ранил тешко при обид да се самоубие, за да не падне во непријателски раце. Умира од раната на лекување во Виена, откако се вратил од заточение. (Исто).

[69] Исто.

[70] Д. Димески, *Македонскоӣо национално движење во Биӣолскиоӣ вилаеӣ (1893-1903)*, II издание, Скопје, 1982, 294.

[71] Г. Баждаров, исто.

[72] „На оружје“ (*На оръжие*), хектографиран весник на МРО издаван во Битола. Излегувал во периодот од 1895 до 1902 г. Тој е уредуван од В. Пасков и М. Герџиков, а во уредувањето помагал ученичкиот кружок во Битолската егзархиска гимназија, во кој влегувале: Георги Баждаров, Христо Силјанов,

раководство во Битола објавувал статии за неподносливата социјална положба на населението во Битолскиот револуционерен округ и пропагандата на Врховниот комитет дека Македонија може да оствари автономија единствено со воена помош на Бугарија.[73] Се повикува народот со сопствени сили да го оствари вековниот идеал. Во ваквиот пристап кон самостојноста на македонското дело лежи и суштествената разлика помеѓу Братството и МРО.



Битола на почеток на XX век[74]

Сепак, оние кои биле поврзани со Братствената организација не нашле заколнати другари меѓу учениците во Битола. Од учителите во градот кон Братството се вбројувал Крсто Капиданчев од Костурско. Од учениците кои членувале во другиот револуционерен кружок тука ги затекнале Лазар Москов, Тале Христов и др. Таа исклучивост и поделба траела сѐ до есента 1899 година, кога дошло до обединување на двете организации.[75] Члено-

Тале Христов, Трпен Марков, Лазар Москов и други. Пере Тошев и Ѓорче Петров, исто така, од своја страна ја помагале работата на весникот. Од весникот се издадени вкупно девет броја во тираж од 30-40 примероци. (*Македонска енциклопедија*, 2, Скопје, 2009, 1004; Д. Димески, исто, 296.)

[73] Т. Тодоровски, исто, 207.

[74] Албумъ „Македония“, сл. 69.

[75] Во септември 1899 година, Братството се „слеало“ со Внатрешната организација и формално престанало да постои. За член на Централниот комитет бил поставен Јосиф Кондов, а не Гарванов, како што се очекувало. Гарванов

вите на Братството полагале насекаде клетва за верност кон ТМО-РО.[76]

Членовите на Братството станале членови на Внатрешната организација, раководена од Централниот комитет, па и членовите од кружокот на Баждаров, исто така, добиле заповед да се вклучат во ученичкиот кружок во Битола. Тоа го направиле „со радост и олеснување“. Но, од друга страна, нивните соккласници од Солун на чело со Х. Силјанов, „се покажале ситничави“. Барале да положат втора клетва, не признавајќи ја клетвата што била дадена порано. Сепак, тие не покажале интерес да положуваат втора заклетва, и според Баждаров времето што доаѓало ќе покаже кој колку ќе ги исполни долгот и заклетвата.

Во рамките на ова револуционерно раздвижување, учителите и од двете организации се однесувале добро кон учениците, без оглед на која група ѝ припаѓале. Тоа докажувало дека не се ситничави луѓе. Учениците, исто така, не се однесувале со омраза едни спроти други и сите се труделе да ги зачуваат тајната и клетвата и пројавувале само едно молчаливо соперништво за влијание сред другите ученици – „непосветените“.

„Од нашиот клас речиси сите понатаму зедоа учество во Внатрешната македонска револуционерна организација - едни како раководители, други како нелегални раководители и организатори, откако беа откриени од власта.“[77]

Во учебната 1899/1900 година, поради доцнењето со ремонт на зградата на гимназијата во Битола, учителот Милан Матов,[78] брат на поранешниот учител, Христо Матов,[79] (кој бил ис-

---

станал член на Солунскиот местен комитет. И едниот и другиот биле држени настрана од раководењето на Внатрешната организација. (*Историја на македонскиот народ,* том трети, .., 199).

[76] Г. Баждаров, исто, 21.

[77] Исто.

[78] Милан Апостолов Матов (8.11.1875, Струга – 21.5.1962, Софија), член на ТМО-РО од 1895 г., член на околискиот РК во Струга (1900). Уапсен од турските власти, лежи од јули 1902 до март 1903 г. во Охридскиот затвор. За време на Илинденското востание, се бори во четата на Лука Групчев. Делегат е на Прилепскиот конгрес (1904). Во 1905 станува член, а потоа и претседател на Битолскиот револуционерен округ и битолски окружен војвода. За време на Младотурската револуција учествува во активностите на Сојузот на бугарските конституциони клубови во Македонија. Тој е еден од водачите на Македонско-албанското востание (септември 1913) против српските окупаторски војски во Охридско и Дебарско. По Првата светска војна се откажува од револуционерна дејност. (М. Матов, *Комитата раскажува..., од спомените на еден македонски револуционер,* Скопје 2002, 284–285.)

клучен од Гимназијата, поради бунтот на учениците против директорот Антон Попстоилов[80] од претходната година) ги повел на екскурзија во Ресен, Охрид и Струга. Во екскурзијата, покрај М. Матов и Г. Баждаров учествувале и Х. Силјанов, Г. Тодоров и А. Казепов. Во Струга тие гостувале кај Матови, во Охрид кај Иван Групчев,[81] а во Ресен кај Казепови. Посебен впечаток кај Баждаров оставило локалното население со неговата природна интелигенција, но и старините во Охрид, како црквата Свети Климент („со плаштеницата од Андроник Палеолог") и црквата Света Софија (со нејзината импозантна архитектура).[82]

За време на велигденските празници, Баждаров заминува на уште една екскурзија, овој пат по маршрутата Битола - Лерин - Продере - Смрдеш - Д'мбени - Костур - Хрупишта - Вишени - Бапчор - преку Вич - Арменско - Лерин - Битола. Притоа, повеќе де-

---

[79] Учителот Христо Матов бил забележан како „интересен и сугестивен педагог, кој не се губел во празна дидактика. Лекциите му биле, пред сè, беседи и совети кон учениците, кои ги сметал за лични пријатели и многумина од нив биле или станале верни следбеници на светото дело" (Х. М. Матов, *Христо Матов, Мълчаливецът от Струга,* очерк второ издание, София 2007, 57.)

[80] Антон Попстоилов (1869–1928) – роден во с. Лешко, Благоевградско. Завршува Софиски универзитет и учителствува во Прилеп. Од 1897 до 1909 година, со извесни прекини, е учител и директор во Солунската бугарска женска гимназија и во Солунската бугарска машка гимназија. Во периодот 1910–1913 е егзархиски инспектор. По Втората балканска војна, се преместува во Софија и работи како уредник, а потоа и како директор на Етнографскиот музеј. Автор е на многу трудови од областа на фолклорот, историјата и педагогијата. (Белешки кон: Г. Баждаров, *Моите спомени,* .., 162.)

[81] Лука Георгиев Групчев (19.10.1874, Охрид – 30.7.1947, Софија), револуционер и војвода. По завршувањето на гимназијата во Софија, станал учител во Охрид, а потоа и главен учител во Ресен. Кратко време бил четник во четата на Тома Давидов. Учествувал на Смилевскиот конгрес како делегат од Охридскиот регион, каде што бил избран за член на Охридското горско началство. За време на Илинденското востание, бил секретар на четата на Јаким Алулов, а потоа самостоен војвода во струшки Дримкол, односно Горна Копачка. По востанието се повлекол во Бугарија. Во 1904 година бил вклучен во ЗП ТМОРО. Учествува во Балканските војни како доброволец во Македоно-одринското ополчение. Во 1913 година зел учество во Охридското востание, кога влегол во привремената управа на востаниците во Охрид. Бил член на редакцијата на списанието „Илустрација Илинден" (1938-1939) во кое објавува свои спомени од револуционерните борби во Македонија. (Т. Николов, *Спомени от моето минало,* София 1989, 107-108, 112, 115; Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том ъ, 239, 310, 402; *Македоно-одринското опълчение 1912-1913 г., Личен състав,* София 2006, 188; А. Г. Пелтеков, исто, 105.)

[82] Г. Баждаров, *Моите спомени,* .., 21.

нови престојувале во Вишени, кај неговиот другар Трпен Марков. Во оваа екскурзија, покрај Баждаров и Марков, учествувале Георги Христов, Георги Тодоров и некои други момчиња од Костурско, кои отишле во своите села.[83]

Во овој период, во Битола доста впечатлива била организираноста на еснафите и нивниот патриотизам. Учителите организирале неделно училиште, така што, во недела, биле држени едночинки во салонот на централното училиште од страна на Д. Груев, В. Пасков, М. Герџиков и др. Текстовите биле избирани за да го будат револуционерниот дух кај присутните, иако тематиката се однесувала на револуционерни настани од историјата на други земји. Меѓу другото, пак, учениците од шести и седми клас ја подготвиле претставата „Гроф Едмонд“ од Гете, со сиже од борбите на народот на Холандија против шпанското поробување:

„Тале Христов беше грофот Едмонд, Манол Розов - херцогот Алба, јас имав една мала улога на агитатор по улиците и плоштадите на Брисел. Имаше еден Тапанаров – тој го претставуваше плашливиот дел на народот... и општо смеење... предизвикуваше неговата реплика со западномакедонски акцент: „Пазете се, кротко, сè е непостојано, сè се клати!“

Во Битолската класична гимназија, со свечен акт било обележано завршувањето на првата генерација, при што, „зрелосното свидетелство“ на Баждаров носело „№ 1 од првата генерација“. Во тоа време, во кое зачекорувал по револуционерните патеки, тргнал на патување во Горни Брод со туѓа меѓувилаетска дозвола. Имено, окружниот револуционерен комитет имал потреба од „нофуз“ односно, меѓувилаетско „тескере“, за да препрати со тие документи некое лице по организациона работа, така што Баждаров ја отстапил својата дозвола. На крајот на годината, кога сите требало да се разотидат по своите домови, немал легални документи за патување. Затоа се договорил со својот пријател Александар Станоев од Неготино, Тиквешко, да патуваат заедно, а потоа Баждаров да продолжи со неговата патна дозвола. Бидејќи и Тиквешко, како и Горни Брод, припаѓале во Солунскиот вилает, немало потреба од документи, но пречка претставувал патот од Битола до Неготино, низ кој, успеале преку Прилеп да се провлечат нелегално („контрабанда“) по кираџискиот пат.

---

[83] Подетално за воздигнатиот патриотизам и големиот револуционерен дух на костурчани, Баждаров подоцна пишува во весникот „Родина“, во Скопје, а потоа истите ги препечатува во неговата книга *Од македонскаша земја (Из македонскаша земя).* (Г. Баждаров, исто, 21-22.)



Прилеп, почеток на XX век

Баждаров и А. Станоев тргнале од Битола кон своите родни места со група соученици од Прилеп. Во Прилеп останале неколку денови на гости, така што го посетиле и манастирот Трескавец. Потоа без проблеми стигнале во Неготино, каде што Георги отседнал 3–4 денови кај својот другар Станоев.[84] За Александар Станоев, „предан пријател, со душа на поет, со голема свест“, Баждаров пишува во трудот „Духот на Македонија“.[85]

Понатаму Баждаров продолжил да патува со дозволата („нофузот“) на својот другар под привремено име Александар Станоев. Тргнал од железничката станица Криволак кон Солун и оттаму за Сер, а со кирации низ Струмица, Петрич или Мелник и оттаму за Горни Брод. „Сакав да минам низ нови места, по коишто не бев минал“. Пред да пристигне во Струмица, Баждаров преноќил во анот во Валандово. Тука турските власти поставиле едно одделение со чауш поради Валандовската афера.[86]

---

[84] „Ги запознав, се сеќава Баждаров, татко му, мајка му, неговиот поголем брат Георги. Вујко му, крупен и дебел, ја сакаше ракијата... Одевме до Кавадарци да го видам градот, го посетивме манастирчето кон Вардар, 'Св. Ѓорги', ако не ме изневерила паметта, го разгледав и самото Неготино, големо село, паланка.“ (Исто).

[85] *Духътъ на Македония,* сборникъ, биографии и характеристики на македонски революционери, събрал и стъкмилъ Г. Баждаровъ, София 1923, 180-186.

[86] Во декември 1899 година во Валандово била откриена една организациона чета, која се провлекла успешно од опсадата, при што убила двајца жан-


Атанас Ников

„Таа вечер во Валандовскиот ан, на станицата, мојата милост, идниот даскал, беше најинтелигентното лице и требаше да се држам на растојание.“[87] Тоа било уште понеопходно, бидејќи не му била чиста работата: патувал под туѓо име и со полн сандак револуционерни книги.[88]

Утредента пристигнал во Струмица со единствениот кираџија на располагање - Турчин, макар што платил доста скапо. Во Струмица бил првпат. Таму престојувал во една куќа-хотел со доста нечистотија, при што на газдата кој му побарал „нофуз“ му се доверил дека патува со туѓ документ. Иако овој бил гркоман, сепак се покажал „благороден човек“ и не го пријавил кај Турците.

И покрај тоа, поради претпазливост, Баждаров наместо за Петрич заминал за Дојран,[89] а потоа безбедно пристигнал до Сер, во книжарницата на својот вујко Атанас Ников,[90] кој бил постојан

дарми. Во јануари 1900 година, Валандовската афера била обновена, пуштените порано обвинети биле повторно уапсени. Оттогаш тука било поставено да престојува едно одделение со војници и чауш. (Г. Баждаров, *Моите спомени,* ...., 23; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 73–76.)

[87] Г. Баждаров, исто.

[88] Во сандакот покрај неколку револуционерни книги, Баждаров имал и една тетратка, каде што беше ги препишал од збирката на Иван Вазов *Епопеја на заборавените* лирските песни за Левски, Раковски, Бачо Киро и др. „Ги препишав бидејќи не бев во можност да ја имам книгата, а сакав да ги однесам во Горни Брод.“ (Исто.)

[89] Во Дојран престојувал на гости кај својот сокласник Никола Хаџитошев, со кого другиот ден го разгледале градот. „Бидејќи не ми стигаа парите да си платам билет за железницата до Сер, ми даде на заем една бела меџидија, којашто му ја вратив набрзо. На железничката станица имав мала расправија со полицијата за патниците. На секоја станица тогаш ги запишуваа во еден голем тефтер патниците кои пристигаа и кои заминуваа по нофузот. Им го дадов нофузот. Чита полицаецот: Александар Станоев од Неготино.“ И така, запишан во тефтерот како Александар Станоев, Баждаров продолжил кон Сер. (Исто, 24.)

[90] Атанас Георгиев Ников (1858, с. Горни Брод, Серско – 17.10.1906, Сер), деец на македонското ослободително движење. Во 1888 година отворил книжарница во градот Сер. Веќе во 1894 влегува во редовите на ТМОРО и бил избран за член на Серскиот окружен комитет. Во новата борба против турската управа, тој „видел едно продолжение на националната борба против

член на Окружниот револуционерен комитет. Во таа пригода, Баждаров го замолил својот вујко да му испрати на Никола Хаџитошев во Дојран „една бела меџидија“, којашто ја зел на заем за патот до Сер.

Исто така, оттука му го препратил позајмениот „нофуз“ на својот другар Александар Станоев. „Ако ме откриеја дека патувам со туѓ нофуз и дека носам компромитирачки книги, не само јас, а и Станоев ќе настрадаше за тоа. Никогаш нема да го заборавам ризикот, којшто и тој го понесе во случајов.“[91]

Пренесувајќи ги на хартија спомените од својот живот, Георги Баждаров наведува дека носи најпријатни спомени од ученичките денови, особено што имал прекрасни другари. Повеќето од неговите соколасници се вклучиле во борбата за ослободување на Македонија како револуционери, со исклучок на двајцата братучеди од Прилеп - Михаил и Георги Грашев. Неколкумина од неговите другари се пројавиле како херои и загинале јуначки во нерамна борба:

„Пандо Кљашев, Манол Розов, Тале Христов, Георги Димев, Андреја Казепов беа убиени како војводи и четници во борба со Турците. Трпен Марков умре од туберкулоза, засилена поради ноќните маршеви со четите. Александар Станоев се рани тешко при обид да се самоубие, за да не падне во непријателски раце, и умре од раната на лекување во Виена, откако се беше вратил од заточение. Ним и на оние кои сум заборавил да ги споменам, вечна им слава.“[92]

---

грцизмот и едно дополнување, водено од духовно кон политичко ослободување“. Во 1902 година, за време на едно предавство во Сер, бил принуден да бега во Бугарија, каде што продолжува да работи за македонската кауза. За време на Илинденското востание е касиер на Задграничното претставништво на ЦК ТМОРО во Софија. Во 1904 година, за време на дадената амнестија од Турците, се враќа назад во Сер. Убиен заедно со внукот Христо од страна на грчки терорист. Христо Силјанов наведува дека бил убиен од грчките андарти. (Г. Баждаров, *Горно Броди*, .., 68–70, 73, 85; Х. Силянов, *Освободителните борби на Македония*, т. II, София, 1933, 228; А. Г. Пелтеков, исто, 319–320).

[91] Г. Баждаров, исто, 24–25.

[92] Г. Баждаров, исто, 25.



Тале Христов[93]



Пандо Кљашев[94]

93 Тале Христов (29.6.1878, Прилеп – 6.6.1903, Прилепско), деец на македонското ослободително движење. Учител. Завршува егзархиска гимназија во Битола (1900) и станува учител во селото Цер, Демирхисарско. Член на ТМОРО од 1899 година. Уапсен следната година лежи една година во Битолскиот затвор. Во периодот 1901–1902 година е учител во Прилеп и член на околискиот комитет на ТМОРО. Во врска со Кадиноселската афера (март 1902), минува во нелегалност. Делегат е на Смилевскиот конгрес (17–23 април 1903), каде што е избран за член на Прилепското горско началство. По Конгресот, влегува во четата на Петар Ацев. Загинува во борба со турската војска кај местото „Беловодица". (А. Г. Пелтеков, исто, 490-491.)

94 Пандо Наков Кљашев (29.9.1882, с. Смрдеш, Костурско – 31.7.1907, с. Дреновени, Костурско), македонски револуционер, војвода на ТМОРО. Завршил Битолска машка гимназија (1900). Како ученик се приклучил кон револуционерното братство, а по неговото растурање се присоединува кон ТМОРО. Една година учителствува во родното село, а од летото 1901 е четник во четата на Марко Лерински. Учествува на Смилевскиот конгрес. За време на Илинденското востание, бил член на Костурското горско началство. Имал повеќе судири со турскиот аскер, а заедно со В. Чакаларов и И. Попов учествува во ослободувањето на Клисура. По Востанието, бега во Бугарија, но повторно се враќа со чета во Костурско во 1904 г. Во 1906 година е избран за член на Битолскиот окружен револуционерен комитет. Загинал во борба со турската војска, на 31 јули 1907 година кај селото Дреновени. („Пандо Кљашев", *Спомени, С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров,* Скопје 1997, 145-261; Т. Николов, *Спомени от моето минало, ... ,* 124, 206, 208, 214, 249).

# Революционерното калење

## Учителствувањето во село Крушево, демирхисарско

Првото учителстување на Георги Баждаров, во периодот од септември 1900 до јуни 1901 година, е период во кој тој полека навлегува во организационо-агитаторската работа на ТМОРО. Тоа е првата негова повисока революцинерна школа која ќе го трасира судбински неговиот натамошен живот и пат на еден македонски деец.

Баждаров го завршил гимназискиот курс со одличен успех. Тоа му давало надеж дека веднаш ќе биде назначен за учител во некој помал или поголем град. Но, надежите не му се оствариле и тој својата кариера ја започнал како селски учител, што кај него предизвикало извесно разочарување. Сметал дека поради тоа што немал врски, не добил подобро место од страна на Егзархијата. Таму „неговото Блаженство Јосиф I беше сѐ", а не неговиот вујко А. Ников, кој имал врски единствено во ТМОРО, но не и во Егзархијата, како што резигнирано ќе констатира Бажадров.[1]

На првото работно место како егзархиски учител, започнал да работи во септември 1900 година во с. Крушево,[2] Демирхисарско, со плата од 18 турски лири, а му следувало сместување, осветление, затоплување и исхрана. Кога пристигнал во селото, селаните сѐ уште биле зафатени со полска работа, така што преку ден по улиците човек можел да сретне „само баби, старци, мачки и кучиња". Првиот со кого што стапил во контакт при пристигањето бил младиот селски првенец Христо Поп Иванов, „мошне разговорлив и комуникативен".[3]

Набргу се запознал и со други повидни личности во селото, меѓу кои со Крсто Халјанов,[4] „главен чорбаџија", како и со Иван

---

[1] Г. Баждаров, исто, 25.

[2] Селото Крушево добило псевдоним Сливница.

[3] Христо Поп Иванов (?, с. Крушево, Демирхисарско, Серско – ?, Крушево), деец на МРО. Во 1902 година е избран за член на Околискиот комитет на ТМОРО. Учествува во Илинденското востание. По Востанието се легализира и одново е член на Демирхисарскиот револуционерен комитет. (А. Г. Пелтеков, исто, 367.)

[4] Крсто Халјанов (?, с. Крушево, Демирхисарско, Серско – 1908, Крушево), деец на МРО. Станува член на ТМОРО во 1897 година, посветен од Гоце Делчев.

Гологанов[5] – најмалиот син на учителот Иван Гологанов, „составувач" на „Веда Словена".[6]

Иван бил соперник на Крсто Халјанов за првенство во селото, „но многу помлад од него и пообразован. Понатаму, меѓу повидните во Крушево, Баждаров ги набројува: Иван Миленков – кмет на селото;[7] Иванчо Самарџиев, роднина на Иван Гологанов, производител на вино и крчмар; Ангел Јанкулов – од младите, другар на Христо Поп Иванов и Иван Гологанов. Особено уважуван од сите бил стариот дедо Стефан, поранешен кмет, „со природен ум" и многу чесен, поради што бил повикуван на совет во ситуации кога било потребно да се приподаде поголем авторитет на донесеното решение по општоселските работи.

---

Претседател на Демирхисарскиот околиски комитет на ТМОРО (1897-1903). За време на Илинденското востание бил во четата на дедо Илија Крчовалијата. Георги Баждаров за него пишува дека понекогаш знаел да биде „надмен и брутален", но секогаш „патриот". Подоцна бил сменет од раководната позиција поради неговиот „чорбаџиски карактер" и затоа што бил „тежок човек", кој не можел да го задоволи повеќе ниту народот, ниту четата. (А. Г. Пелтеков, исто, 486; Г. Баждаров, исто, 26–27, 47.)

[5] Иван Гологанов (?, с. Крушево, Демирхисарско, Серско – 1908, Крушево), деец на МРО. Во 1897 година влегол во редовите на ТМОРО и станал секретар на Месниот комитет во селото Крушево, а потоа и негов раководител (1902). Соработувал и со ВМОК и весникот „Реформи". Учествувал во Илинденското востание во четата на дедо Илија Крчовалијата (Й. Б. Николов, исто, 35; Е. Спространов, *Дневник,* том I, МНИ, София 1994, 29, 52, 57, 65, 76, 83, 100–101; Г. Баждаров, исто, 26-27, 47.)

[6] „Веда Словена" - три зборника со народни песни издадени од Стефан Верковиќ (1821-1893). По налог на Илија Гарашанин, министер во српската влада, кон крајот на 1850 година Верковиќ заминува во тајна мисија во Македонија, со цел да работи врз јакнењето на српското политичко влијание. Од седиштето во Сер ја развива својата комплексна дејност низ цела Македонија, ангажирајќи голем број соработници, меѓу кои особено агилен е учителот Иван (Јован) Гологанов од неврокопското село Трлис. Верковиќ го снабдува Гологанов со наводно „древни" народни песни од прастаро време, подоцна објавени како „Веда Словена" (Белград 1874, кн. 1 и С. Петербург, 1881, кн. 2), уверен дека Трако-Илирите се Словени од индиско потекло, какво што имале Орфеј, Филип и Александар Македонски. Со оваа публикација била направена една од најголемите сензации во тоа време, но се јавиле сомневања во нејзината автентичност, па се смета дека тоа се песни напишани од Гологанов, кој му ги дава на Верковиќ. Инаку Верковиќ е автор на повеќе трудови. Посмртно, Чешката академија го објавува неговиот ракопис со собрани народни приказни под наслов „Јужномакедонски народни приказни" (Прага 1932). (Т. Тодоровски, исто, 53-55.)

[7] Се издигнал до таа положба од падар, „благодарение на умешноста да се додворува на чорбаџиите и да ги задоволува турските чиновници или заптии, кога тие доаѓале во селото" (Г. Баждаров, исто, 26.)


ВЕДА СЛОВЕНА.

БЪЛГАРСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ

ОТЪ ПРЕДИСТОРИЧНО И ПРЕДХРИСТИЯНСКО ДОБА

ОТКРИЛЪ ВЪ ТРАКИЯ И МАКЕДОНИЯ

и издалъ

СТЕФАНЪ И. ВЕРКОВИЧЪ.

КНИГА I.

LE VEDA SLAVE.

CHANTS POPULAIRES DES BULGARES

DE THRACE & DE MACEDOINE

DE L' EPOQUE PREHISTORIQUE & PRECHRETIENNE.

Decouverts et édités par

ETIENNE J. VERKOVITCH.

VOLUME I.

БЕОГРАДЪ,

ДРЖАВНА ШТАМПАРИЯ 1874.

Belgrad, imprimerie de l' état.




Покрај овие највидни луѓе во Крушево, како личности од втор план, Баждаров ги спомнува и: Стојан Тане Пљакот, кој знаел турски и грчки, „итар, превртлив, често избиран за аза, член на општинскиот совет“; Стоил Хрусинков, доста чесен човек, и Иван Пљакот – епитроп кој ги прибирал црковните приходи и од кого Баждаров ја добивал платата.

Веднаш по доаѓањето, новиот учител бил сместен во „една запустена куќа – Парапановата“, недалеку од училиштето и црквата коишто се наоѓале во заеднички двор. Во истата куќа живеел и претходникот на Баждаров, Иван Сматракалев, исто така од Горни Брод. За затоплување и осветление на учителскиот стационар се одделувало од она што учениците го носеле во училиштето. Тешкотија претставувало обезбедувањето на прехраната, бидејќи за Баждаров било непријатно да оди од куќа во куќа, ниту пак сакал да му носат храна дома. Така се договорил да добива дополнителна сума за исхрана во текот на годината.[8]

Првенците во селото, честопати, за време на празниците, го канеле младиот учител на гости. За нив било чест да ги посети и тој ги посетувал, за да не помислат дека е горделив и недруш-

---

[8] Дел од дрвата, што учениците ги носеле во училиштето за негово затоплување, биле одделувани за учителот – „таква беше традицијата“, вели Баждаров. „Се разбира, не дозволив да мрзнат децата, за да ми биде мене топло. Си светев, пак, со петролејска ламба. Потежок проблем беше како ќе се снабдувам со храна. Да одам од куќа во куќа со ред, ми беше незгодно и понижувачки, не јадев сѐ, многу работи не јадев. Да ми носат редовно во куќата, исто така беше незгодно. Се договорив да ми додадат кон платата една глобална сума за храна. Се испазаривме преку годината да добивам три лири за храна и на тој начин платата ми изнесуваше 21 лири.“ (Г. Баждаров, исто, 26.)

твен. Истовремено, бил свесен дека треба да се здобие со доверба сред луѓето поради неговите „повисоки народни задачи“. Но, најчесто и непоканет, Баждаров одел на разговори кај дедо Стефан, кој се радувал на ненадејниот гостин.

Од самото основање на месниот комитет на ТМОРО, негов претседател во Крушево бил Крсто Халјанов, касиер Иван Гологанов, потпретседател Иванчо Самарџиев, советник Иван Миленов, а секретар станал учителот, односно Баждаров, веднаш по неговото доаѓање. Според создаденото постаро соперништво за првенство во селото – Иванчо Самарџиев и Иван Гологанов биле претставници на еден дел од селаните, додека Крсто Халјанов и Иван Миленов - на друг. За Баждаров било многу важно да се постигне компромис и единство, за што вели:

„Почитувањето на тоа единство најмногу зависеше од мене, од моето умеење и мојот такт. Јас бев надворешното лице, туѓо на старите несогласици, без амбиција да придобивам партизани, такви ми беа потребни за селско-стопанска работа, а за револуционерното дело ми беше нужно единство. Пак, јас бев и најобразованиот човек во селото. Тоа го сфатив уште на првото собрание, коешто го имаше раководното тело.“[9]

За жал соперништвото помеѓу Крсто Халјанов и Иван Гологанов понатаму се продлабочувало уште посилно при одделните средби. Помладите првенци го подржувале Гологанов, – „еластичен и интелигентен“. Халјанов, пак, бил од типот на старите чорбаџии, кој располагал „со една неизбежна и значителна клиентела од бедни луѓе“, на коишто им помагал кога било неопходно. Понекогаш знаел да биде и „надмен и брутален“, но, во суштина добар патриот. Во таквата ситуација, Баждаров успеал да остане неутрален, да не потпадне на интригите од едната или другата страна, дејствувајќи смирувачки при избувнувањето на страстите, така што до крајот ги зачувал единството и слогата.

Во времето на неговото учителствување, Крушево било доста големо село со околу 500 куќи, од кои 5–6 турски, 5–6 влашки, а од словенското население стотина куќи биле гркомански – патријаршисти, и останатите – околу 400 егзархисти. Постоењето „гркоманска партија“ ја правело уште поделикатна задачата што ја имал, бидејќи слогата и сплотеноста меѓу егзархистите требало да послужат како привлечна сила, која ќе влева доверба кај гркоманите. Инаку, при раздори, гркоманите можеле да придобијат

---

[9] Исто.

на своја страна дел од егзархистите. Според Баждаров, требало да се случува спротивното и тој работел успешно кон тоа гркоманите да бидат привлекувани кон егзархистите. Во овие рамки не дозволувал да се врши притисок или насилство врз гркоманите. Се разбира, тоа би имало спротивен ефект, бидејќи роднините и пријателите на убиените останувале вечно непомирливи непријатели. Така сфатил дека со легални, убедувачки средства и методи може побрзо и полесно, побезболно и посигурно да се постигне враќањето „на блудните синови кон народната ни црква“. Таквиот негов пристап и тактика подоцна покажале резултати, при што бил помогнат и од мнозина првенци во Крушево. [10]

Во Демир Хисар, за разлика од неговата околина, имало малку егзархисти од словенското население, а поголемото мнозинство во градот го сочинувале Турците, гркоманите и Грците. Поради тоа, и месниот комитет во Крушево ја имал улогата и на околиски комитет за Демирхисарско. Во Крушево, пристигале наредбите на окружниот комитет за целата околија. Оттаму излегувале курири на разни страни за да ги разнесат заповедите од околискиот комитет на месните комитети во селата на околијата. Во оваа активност на Организацијата, главната работа паднала врз интелигентниот и тактичен млад учител, кој штотуку влегол во животот и сè уште не ја наполнил ни дваесеттата година.

Како најобразован човек во селото и во револуционерниот комитет, кој успеал да се дистанцира од внатрешните поделби, Баждаров фактички имал улога на околиски раководител. Во овие рамки, пред него стоеле повеќе задачи, меѓу кои: да ги стегне редовите на веќе заколнатите работници, да го чува единството на Организацијата во Крушево и во другите села на околијата,[11] да собира пари по барање на окружниот комитет и по возможност да ги снабдува со оружје членовите на Организацијата.

Во периодот некаде околу Коледа, во Сер, пристигнал членот на Централниот комитет од Солун – Христо Матов, кој свикал окружен собир.[12] Во писмото кое го добиле, стоело дека се по-

---

[10] Исто, 27.

[11] Така се јавило извесно незадоволство против раководителот во с. Голешово, Никола Хаџиев, чорбаџијата. Без да се двоуми, Баждаров со муле се префрлил преку преминот Скакавица на Али Ботуш, меѓу Крушево и Голешево, и лично ја средил расправијата, на задоволство на сите. (Исто.)

[12] Доаѓањето на Христо Матов веројатно било пред големата Солунска афера од јануари 1901 година, во која и тој бил уапсен и затворен покрај другите раководни кадри на Организацијата. (Х. Матов, *Македонска...* 48-49.)

кануваат раководителите, и бидејќи номинален претседател на Комитетот во Крушево бил Крсто Халјанов, за да не се мисли заобиколен, Баждаров го поттикнал да оди на Собирот. Не само затоа што на тој начин го протолкувале писмото, туку Баждаров сметал дека поголемо значење би имало Халјанов да го чуе Матов и да види собрани видни лица, бидејќи тој го слушал Матов уште како ученик кога им зборувал на еден именден за фазите на револуционерната организација од 1893 до 1899 година. Но, и покрај ненаметливоста на Баждаров, добиле ново писмо од Окружниот комитет, во кое се барало да оди тој, а не Халјанов, бидејќи него го сметале за фактички раководител. Затоа, дополнително, Баждаров морал да замине во Сер и да добие информации од Окружниот комитет за сето она што се случило. „Макар и со температура поради лошиот провев на вратата“, добро завиткан, сред зима, некаде кон Водици (Богојавление) 1901 година, Баждаров заминал на коњ од Крушево до Сер преку Демир Хисар. Во Сер ги запознал членовите на Серскиот окружен комитет – Никола Бојаџиев[13] од Велес, Лука Поп Теофилов од Белица, Разлошко, Јаким Игнатиев[14] од Кратово и Стефан Константинов[15] од Хотово, Мелничко,

---

[13] Никола Иванов Бојаџиев (15.11.1867, Велес – 5.10.1911, Велес), деец на македонското ослободително движење, учител. Учел во Солунската машка гимназија. Работи како книжар во Солун, а потоа учителствува во Банско, Воден, Дојран, Сер и Струмица. Како учител во Гевгелија бил избран за претседател на првиот РК (1895). Во 1901 година, во врска со Солунската афера, бил уапсен од страна на турските власти. Бил одведен во затворот Подрум Кале, каде што поминал 20 месеци. (А. Г. Пелтеков, исто, 59.)

[14] Јаким Златков Игнатиев (14.8.1870, Кратово – 7.6.1901, Солун), деец на македонското ослободително движење, учител. Ја завршува Солунската машка гимназија и математика на Софискиот универзитет „Климент Охридски“ (1893). Учителствува во Одрин, Сер и на други места. Член е на Одринскиот окружен револуционерен комитет (1897–1900), на Серскиот (1900), а од март 1901 е член на ЦК ТМОРО. Убиен е поради невнимание во Солун. (Пелтеков, Г. А., исто, 187.) Баждаров за тоа пишува: „Игнатиев беше преместен од Сер во Солун за член во Централниот комитет, но наскоро бил убиен случајно од Никола Розов, пипајќи еден револвер, и Иван Гарванов го зазема водечкото место во новиот Централен комитет. (Г. Баждаров, исто, 29.)

[15] Стефан Тодоров Константинов (12.9.1873, Хотово, Мелничко – јуни 1913, Сер), деец на македонското ослободително движење. Ја завршил Солунската машка гимназија (1892) и отишол право на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ (1896). Учител, а подоцна адвокат во Сер, каде што истовремено бил раководител на Околискиот комитет на ТМОРО (1900). Во 1901 година бил следен од турските власти и емигрирал во Бугарија. За време на Првата балканска војна се борел како доброволец во Македонско-од-

и им поднел устен извештај за состојбите на делото во Околијата и во самото Крушево.[16] Извештајот на Баждаров бил прифатен и тој бил поттикнат да продолжи со работа во истиот правец.[17]

Уште во првите денови на учителствувањето во Крушево, една вечер, Баждаров бил посетен од дедо Илија Крчовалијата[18], војвода на Демирхисарската чета, кој му ја најавил претходно својата посета. Четата на дедо Илија, според тврдењето на четникот Георги Димков, е една од првите чети во Серскиот револуционерен округ. Во неа влегувале Георги Чолаков, Стојан Гуџов, Георги Бешлијата, Димитар Кашиналијата и Георги Спанчовалијата.[19]

Дедо Илија бил пријател на семејството Баждарови, така што средбата помеѓу стариот ајдутин и војвода и младиот учител, кој навлегол во револуционерните води, била мошне срдечна.[20]

---

ринското доброволство. Заробен е од Грците за време на Втората балканска војна и убиен крај Сер. (А. Г. Пелтеков, исто, 226.)

[16] Г. Баждаров, исто, 27–28.

[17] Особено задоволен со работата на Баждаров бил неговиот вујко А. Г. Ников, којшто знаел за поранешното учество на внукот во организацијата „Братство", а тој бил поврзан со Организацијата, „со другите“, како што вели Баждаров. (Исто, 28.)

[18] Дедо Илија Крчовалијата (Илија Аргиров Јотов) (1856, с. Крчово, Демирхисарско, Серско – јули 1918, с. Крчово), ајдутин, револуционер, терорист и демирхисарски војвода. Четник за време на Разловечкото и Македонското (Кресненско) востание. Ајдукува во Македонија до појавата на МРО. Во 1895 година бил привлечен од МК и како негов член дејствувал извесно време во источните делови на Македонија. Под влијание на Гоце Делчев, во 1897 година, се приклучил кон ТМОРО како војвода на чета во Серско и Демирхисарско. Следната година заедно со Михаил Попето биле ставени на располагање на месните комитети за извршување терористички задачи. Од 1899 година станал војвода во Нерокопско, а од 1902 бил Демирхисарски (Валовишки) околиски војвода. Во летото на 1903 година, бил делегат на Конгресот на серскиот револуционерен округ во Демирхисарско. За време на Илинденското востание, дејствува во родниот крај. По востанието е определен за пунктов началник во с. Рила. По Младотурската револуција одлежал две години затвор. (Т. Тодоровски, исто, 157-158; И. Катарџиев, исто, 43, 155, 169, 197, 340.)

[19] Г. Баждаров, „Из бележника на един четник, Сб. Илинден 1903-1924, София 1924, 11–26.

[20] Баждаров, за таа средба, меѓу другото пишува: „Носеше селски алишта, срмен чепкен. Чепкенот му бил подарен од еден Турчин во Крушево... Подарен? Му бил побаран наместо налог и Турчинот, уплашен, му купил еден чепкен. Дедо Илија Крчовалијата му беше познат на моето семејство, му слугувал на чичко ми Марин Баждаров, бил пријател на татко ми и нè забавувал како деца – брат ми и мене... Дедо Илија Крчовалијата беше прост човек, неук, од старите комити, учествувал во Кресненското востание како млад,

Поранешното познанство уште повеќе ги зближило и тие од самиот почеток имале доверба еден во друг.



Дедо Илија Крчовалијата
со семејството

Дедо Илија се жалел од раководителите на Крушево („крчовјани и крушевјани, како соседи не се сакаа многу“), имено дека „повеќе тежела четата на Крчово, отколку на Крушево“. А всушност, според Баждаров, „повеќе тежела четата на Крчово“, оти дедо Илија бил од Крчово, неговите другари Георги Чалков, Стојан Гуцов, а после и Георги Бешлијата биле, исто така, од Крчово и самите претпочитале, кога прифаќале да исполнуваат дадена задача, да престојуваат во Крчово и неговиот атар, како посигурно и природно позаштитено. Притоа постоело правило исхраната на четата да ја обезбедува она село, на чиешто земјиште таа се наоѓала. Баждаров тактички го убедил, дека во иднина сите наредби ќе се даваат најсправедливо, без да се гледа интересот на Крушево, туку, пред сѐ, интересот на работата. Истовремено, го замолил во иднина да не бара ниту да прима подароци од Турци или други, а сите негови потреби и потребите на четата ќе ги задоволува Организацијата:

„Ако треба да се наложи некому налог - тоа ќе биде во пари. Во натура може да се бара само храна, и тоа ако куќата каде што престојува четата е заможна, притоа, пак, по решение на раководното тело.“[21]

Некаде околу февруари 1901 година, добиле соопштение од Окружниот комитет, дека во Кара Ќој пристигнале пушки и за реонот на Крушево, па требало да ги преземат.[22] Притоа раковод-

потоа станал пак ајдутин и приклучен од Гоце Делчев кон Организацијата.“ (Г. Баждаров, *Моите спомени*, 28.)

[21] Исто.

[22] Ова било мошне важно, бидејќи Серскиот револуционерен округ бил многу слабо вооружен. Баждаров наведува дека непосредно пред Востанието во Демирхисарскиот реон имало само 15 кримки. (Г. Баждаров, „Преди осемнадесет години“, Сб. *Илинден 1903–1921,* София 1921, 52. Според Христо Куслев, во 1901 година, само во две села од Демирхисарскиот револуционерен реон имало 100 пушки кримки, и тоа во Крушево – 20 и во Крчово – 80. (*Спомени на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов – Грчето,* Скопје 1951, 69.)

ното тело испратило луѓе со мулиња натоварени со пченка и жито, поради маскирање, за да ги донесат пушките и патроните. Четата го придружувала карванот како заштита:

„За да дадам пример на ризик и бестрашност, отидов со двајца селани да ги пречекам товарите на Градиште, каде што требаше да бидат привремено пушките и патроните. Карванот пристигна безбедно. Селаните, коишто ги водеа воените резерви, израснаа во очите – било тоа страшно, како што и претполагале.“[23]

Сето тоа кај обичните луѓе имало ефект, се радувале за исполнетиот долг и гледале:

„...дека не на шега се агитира за востание, ете, и пушки почнаа да пристигаат. Кримки беа, но пушки беа. Четата ги фалеше, тешки биле, не биле како берданките и мартинките. Споредба со манлихерите, се разбира, не можеше да се прави, но пак право биеле и каде што ќе удреле, куртул немало.“[24]

Со голем елан четата и куририте неколку денови ги чистеле и ги подмачкувале пушките. Исто така, еден ден ги испробувале на стрелба во Капе, пештера во полите на Али Ботуш, дванаесетина километра северно од Крушево. Дел од пушките им ги распределиле на куририте и на поопитните членови, кои во недостиг на финансиски средства не можеле да си купат патрондаши, па сами ги правеле на ремен или на друг начин, но, сепак се снаоѓале. Од куририте, најмногу се истакнале Мито Божилов, Мито Невенчин и браќата Ангел и Атанас Пулјови. Покрај овие, Баждаров испраќал и други селани за извршување на курирската служба.

Штом четата доаѓала во Крушево, обично се сместувала во куќата каде што престојувал Баждаров, во која покрај неговата соба, имало и друга, поголема просторија. Во случаи кога четата престојувала на земјиштето кое му припаѓало на селото, во текот на ноќта, тој одел кај неа. Таквата негова постапка изгледала поттикнувачки и за четниците, и за куририте, и за другите членови.

Учителствувањето на Баждаров во Крушево се поклопува со времето кога ТМОРО доживува силен удар за време на Солунската афера. Тогаш биле уапсени членовите од Централниот комитет - Христо Матов, д-р Христо Татарчев, Пере Тошев и Иван Хаџи Николов. Веста пристигнала и во реонот на Крушево. Истовремено Окружниот комитет ги информирал дека се избрани нови членови наместо затворените и дека работата на Организацијата про-

---

[23] Г. Баждаров, *Моите спомени*, 29.

[24] Исто.

должува со исто темпо. Во дадените околности, Иван Гарванов успеал да го заземе челното место во ЦК.[25]

Во овој период од животот, како млад човек, Баждаров доживува и една романтична епизода за којашто самиот се исповеда - дека едноставно природата посакала да си земе и од него, „она коешто си зема од секого", па и тој се заљубил. Се работи за меѓусебната наклонетост и симпатија која се јавила помеѓу младиот учител и неговата колешка, Василка Михајлова од Одрин. Василка била назначена за учителка од страна на Егзархијата во учебната 1900–1901 година. Како главен учител, Баждаров ја посетил веднаш по нејзиното пристигање во Крушево, со цел да ја распределат работата. Тој останал да ги води третото и четвртото одделение, а Михајлова првото и второто. Покрај тоа, бидејќи не можел убаво да пее, ѝ го препуштил пеењето и во горните одделенија. По извесно време, нивната меѓусебна симпатија прераснала во љубов, така што си ветиле дека ќе се земат. Како чесен човек, Баждаров ѝ најавил дека претходно веќе се ветил во служба на народот, кое било опасна работа. Василка ќе разбере дека нејзиниот сакан, кај кого доаѓаат комити и секој ден курири од околните села, може да биде затворен или убиен. Ставајќи го ослободителното дело во прв план, Бажадаров ѝ најавил дека ќе се жени со неа кога ќе дозволат околностите, а за тоа време или потоа, ако загине, таа да си ја бара среќата како сака и како умее.[26]

Наспроти работата во комитетот, Баждаров ги вложувал сите напори да ја исполнува најредовно и најпредано учителската работа. Сфаќајќи ја најсериозно учителската дејност, тој и во ноќите кога одел при четата, утрото повторно бил во училиштето, меѓу учениците. Во импровизираното училиште во коешто предавал, немало речиси никакви учебни помагала, освен линијар и триаголник, па затоа го убедил Ванчо Пљакот да му пушти околу три турски лири за учебни помагала. Со тие пари, кога бил во Сер,

---

[25] Солунската афера, која започнала на 23 јануари 1901 година, е една од најголемите провали на ТМОРО која оставила најдалекосежни последици за Организацијата. Во текот на истрагата, османлиските власти уапсиле 188 души во цела Македонија, а осудиле 101 лице, од кои 9 на смрт. Биле затворени членовите на ЦК – Х. Татарчев, Х. Матов, П. Тошев и И. Хаџи Николов. Тие се осудени на казна затвор со различно траење и испратени на заточение во Подрум Кале, Мала Азија. Поради тоа, раководството на Организацијата го презел Иван Гарванов, нејзин поранешен противник. Тоа ќе се покаже штетно за македонското ослободително дело. (Х. Матов, *Македонска...* 48-49; В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата* ..., 81–86.)

[26] Г. Баждаров, исто, 29.

донесол глобус, неколку географски карти и карти по природознание – главно за изучување на човекот.

Поради напорите кои ги вложувал за постигнување успех на децата, тој бил почитуван и сакан речиси од сите крушевчани, со исклучок на неколку поединци, чијашто нетрпеливост доаѓала главно поради работата околу Организацијата. Тука, пред сè, се мисли на налогот на Окружниот комитет за собирање пари за Организацијата во Крушево и реонот, кое Баждаров дисциплинирано го спроведувал, задолжувајќи ги побогатите селани да дадат – кој две, кој три или пет лири.[27]

Во тоа време било многу важно учителот да знае и да пее во црквата, но Баждаров не научил да пее, едноставно немал глас и тоа било еден минус за него како учител.[28] За среќа, меѓу самите селани имало псалтови, коишто со мерак пееле, како Халјанов, Гологанов, Јанкулов, Кољо Бижов и др. За да ја надополни таа „неспособност“ – пеењето во црква, Баждаров држел црковни слова за време на поголемите празници. Истовремено, тој зборувал и во ситуации кога темите можел да ги искористи за агитациони цели. Така, на пример, кога говорел за Св. Георги го направил светецот револуционер, борец за правдата и вистината против силниот римски император Диоклецијан. Од искажаните мисли јасно се гледало дека во ликот на Диоклецијан е претставен султа-

---

[27] Меѓу задолжените со пет лири бил и еден селанец – Бимбала по прекар, кој продавал вино. „Малку скаперник, многу прост и недруштвен човек“. Баждаров го повикал дома и долго го убедувал, зборувајќи му за ропството под Турците, за ослободителното дело и за потребата од средства, од пари. Му зборувал долго, едноставно за да го разбере и му побарал пет лири. Но, Бимбала, и по сите убедувања, отсечно одбивал да го даде влогот. „Му одредив рок, за кој да ги донесе право кај мене парите. Ако се сомнева нешто, нека си доведе и двајца сведоци... Му кажав дека и расписка ќе добие за парите. Мина рокот. Бимбала не се јавува. Втор рок, помалку му дадов. На третиот пат испратив двајца од четата да му ги земат парите, ако не дава да го грабнат. Претпочитајќи си ја душата, се разбира, ги даде парите. Но, тој човек веќе ме мрази. Во црквата јас заседов место кај владичкиот трон, при првенците и псалтовите. Зад мене, зад мојот грб, на тронот во страничниот дел на црквата стоеше Бимбала, соседи значи бевме. По таа работа, по петте лири, тој човек не дојде веќе на старото место, а стоеше во црквата негде кон вратата. Можеби не сакаше да ме гледа или се засрами?...“. (Исто, 30.)

[28] Инаку, Бажадаров учел пеење и во основното училиште, во прогимназијата и во гимназијата кај добри учители – „при Спас Прокопов во Сер псалтикија, при Атанас Бадев во Солун нотно пеење“, но не научил. „Научив малку теорија, но да пеам не можев, па и глас немав. За да не ми го урнат одличниот успех, ми ставаа оцена четири, за три заслужував. Па и како учител во Крушево не пеев во црквата, а моите претходници пееле псалтир“. (Исто.)

нот и воопшто турската власт и дека народот треба да ја следи светата борба на Георги. Заколнатите одлично разбирале што сака да им каже учителот, но и од непосветените во револуционерното дело, побудните, исто така, ја разбрале пораката.[29] Таквиот јавен настап и поттикнувањето на бунт си ја земало својата цена. Набрзо, не минал ни еден месец, Баждаров морал да бега од Крушево, без да ја заврши учебната година.

Меѓу задачите кои ги извршувал револуционерниот комитет во Крушево, спаѓало и илегалното пренесување луѓе преку границата за Бугарија. Во рамките на ваквите задачи, за време на зимата им било доверено едно момче од полските села за префрлање по канал во Бугарија. Баждаров го упатил момчето од Крушево со писмо до раководното тело во Голешово за да го однесат понатаму на ист начин, додека го пренесат преку границата. Но, ова момче подоцна ќе биде причината заради која Баждаров морал да премине во илегалност. Пролетта, „истиот тој господин“ се зафатил со Кочо Муструков[30] – арамијата, да прави комитлак. Организацијата ги прогонувала Кочо Муструков и Дончо Златков, бидејќи вршеле и разбојништво. Откако Муструков бил обележан и убиен од Неврокопската организациона чета под војводството на Атанас Тешовалијата,[31] „поменатиот јунак им се предал на Тур-

[29] Другиот ден по проповедта, Тању Пљакот им ги кажал следниве зборови на Христо Поп Иванов и Стоил Хрусинков: „...тој даскал на бунт ја тера работата, ептен ачик, во црквата зеде да прикажува, не му е чиста работата, скоро ќе му ги видиме петиците, т. е. скоро ќе бега...“ (Исто, 30-31.)

[30] Кочо Георгиев Муструков (Кочо Муструка) (1836, с. Лакос, Серско – 20.5.1901, Неврокопско) ајдутин и војвода. Привлечен од Гоце Делчев, стапил во ТМОРО. Заедно со Кољо Ризов, формира чета и учествува во одредот на Борис Сарафов во четничката акција на Врховниот комитет во Мелник. Во летото на 1899 година, со четата на Гоце Делчев, се движи во Неврокопско, Серско и Драмско. Се одметнува со неколку четници арамии, при што организира грабнување на еден калуѓер од манастирот Св. Иван Претеча крај Сер, за кого што барал 400 златни турски лири. За ова и за други постапки спротивни на кодексот на ТМОРО, бил казнет со смрт. Пресудата ја извршил Атанас Тешовалијата. (А. Г. Пелтеков, исто, 306.)

[31] Атанас Стојанов Тешовалијата (А. С. Шабанов) (1860, с. Тешово, Неврокопско – 12.5.1905, Неврокопско), војвода. Баждаров наведува дека е роден во 1865 година. Во почетокот се движи со ајдутските чети на Коста Кукето, Кочо Муструкот и Стојо Торолинко. Со нив учествува во Кресненското востание во одредот на Стојан Војвода. Подоцна формира своја чета, со која го брани населението во Неврокопско од турските своеволија. Во 1899 година се среќава со Гоце Делчев и оди заедно со неговата чета низ Неврокопско, Драмско и Серско. Потоа е пратен во првата организациона чета на ТМОРО во Серскиот револуционерен округ, четата на војводата Илија Крчовалијата.

ците“ и им раскажал како го препратиле во Бугарија, расправал за улогата на Баждаров, дека му дал писмо, дека во Голешово Никола Хаџиев со синот Стојо, го следеле понатаму и други работи.

Турската потера заедно со предавникот отишла прво во Голешово - најблискиот пункт за неа, но предадените успеале да побегнат. Стојо Хаџиев[32], откако разбрал за предавството на тој „неранимајко“, заминал право за Крушево, за да го предупреди Баждаров и тој да бега.[33]

Немајќи друг излез, Баждаров заедно со Стојо Хаџиев веднаш го напуштиле Крушево и тргнале кон Крчово, на земјиштето каде што се наоѓала четата на дедо Илија, т. е. нивната реонска чета. Во меѓувреме добиле известување од Крушево дека аскерот го опседнал училиштето и престојувалиштето на учителот, за да го фатат. „Многу се јадосал муљазиминот-офицер“, бидејќи Баждаров успеал да им избега. Куририрот, исто така, му раскажал дека „...учителката, облечена во црно, од жал по учителот, ги распуштила учениците и се прибрала во куќата... Тие не знаеја оти ми е избраница. Само некои се досетуваа, а по ова повеќе.“

---

Следната година е неврокопски околиски војвода. Заедно со Гоце Делчев, учествува во редица акции на ТМОРО. Храбро се бори во Илинденското востание, а по Востанието го брани народот од турските и грчките насилства. Загинува со целата чета, нападнат од турска потера на планината Али Ботуш кај месноста „Козја стена“. (Г. Баждаров, *Духътъ на Македония*, София 1923, 132-136; А. Г. Пелтеков, исто, 453-454.)

[32] Стојо Николов Хаџиев (6.9.1880, с. Голешово, Мелничко – 28.9.1924, с. Покровник, Горноџумајско), војвода, учител. Завршува бугарско педагошко училиште во Сер (1898). Бил учител во с. Долна Сушица, Мелничко и на други места. Пристапува кон ТМОРО и во 1900–1901 е секретар на Демирхисарската околиска чета со војводата Илија Крчовалијата. Од пролетта на 1902 година, станува четник во четата на Јане Сандански и учествува во Илинденското востание (1903). Во јули 1905 година, на Серскиот окружен конгрес, е определен за демирхисарски (Серско) околиски војвода и за член на Серскиот окружен револуционерен комитет. Учествува на Рилскиот конгрес (октомври 1905) како делегат од Серскиот револуционерен округ. Бил еден од основачите на Народна федеративна партија. Учествувал во походот на Цариград во 1909, а во 1910 година бил избран за пратеник во Младотурскиот парламент. Учествува во Балканските и во Првата светска војна. Од 1920 година е адвокат во Петрич. Бил убиен за време на Горноџумајските настани (септември 1924). (А. Г. Пелтеков, исто, 480-481; И. Гаджев, *Иван Михайлов - отвъ легендите,* том I. София, 2007, 546.)

[33] Во своите сеќавања, Баждаров запишал: „Доцна во ноќта, два-три часа пред стемнување, во сонот, слушам силно тропање на портата. Јa покажувам главата низ прозорчето и го слушам Стојо: Станувај, отвори, кажа. Му отворив, влезе, седна да почине и ми раскажа дека в зори потерата ќе биде во Крушево“. (Г. Баждаров, исто, 31).

Веќе другиот ден Баждаров и Стојо Хаџиев биле во четата на Дедо Илија и тргнале со неа.

## Преминување во илегалство

Поради споменатото предавство, Георги Баждаров бил принуден да стане нелегален и започнува неговиот кус четнички живот, за кој самиот искрено кажува дека му одел многу тешко. За да можат полесно да се движат низ неразгазените шумски предели и патеки, тие ги оставиле обувките и си направиле опинци (црвули). Но, и со опинците не поминал подобро:

„Бев кусоглед уште од четврти клас и тромав сум во движењето, па ноќно време, како што вообичаено го сменувавме логорот, многу пати паѓав. Но, најстрашно беше минувањето низ една стрмна карпа измазнета од ерозија и непогоди, која требаше да ја преминам, едно подлизнување и во провалија. Минав, но пот ме изби на другиот крај.“[34]

Невешт во движењето и снаоѓањето во планината, Баждаров признава дека му се видел многу тежок комитскиот живот, па со Стојо решиле да одат во Бугарија по одреден канал.

Откако две недели престојувале со четата на дедо Илија Крчовалијата, илегално, преку планините, тргнале кон Софија. До границата патувале цело време водени од курири, при што се одморале на попатни места. Во Либјахово, каде што преседеле два дни во една колиба, на некое лозје имале средба со раководителот - Димитар Арнаудов.[35] Во Сангартија денувале во црквата. Нај-

[34] Исто, 31.

[35] Димитар Сотиров Арнаудов (псевдоним Отело) (1874, Либјахово, Неврокопско – 1937, СССР), деец на македонското ослободително движење, комунист. По професија трговец, член на МРО од 1895 година, претседател на РК во родното село и пунктов војвода. Учествува во Илинденското востание во Серско. Од јуни 1907 година е член на околискиот комитет во Неврокоп и помошник околиски војвода. Делегат е од Неврокопско на Првиот (јули 1905) и на Третиот (1907) конгрес на Серскиот револуционерен округ. За време на Младотурскиот бунт (1908), спаѓа во основачите на Народната федеративна партија. За време на Балканските војни ги помага бугарските војски во Неврокопско. Член е на Демократската партија и народен претставник од Неврокопска околија (1914-1915). По Деветтојунскиот преврат (1923), мигрира во Грција. Еден е од основачите на ВМРО (об.) во 1925 година во Виена, кога бил избран за член на ЦК. Учествува на Цариградската конференција на ВМРО (об.) (1929). Во 1930–34 е во Турција, каде што организира нелегален канал за префрлање следени дејци од Бугарија во СССР. При

мачно им се видело минувањето низ Доспат, бидејќи куририот ја згрешил патеката:

„Водеше по една вековна гора и требаше да прескокаме грамадни карпи, за да не нè сетат овчарите помаци, вели Баждаров. Вртевме, многу се лизгавме во провалии и искачувавме големи височини. Капнавме од умор. Не знам, дали била поголема радоста на Евреите, кога стигнале до Ветената земја од нашата со Стојо по минувањето на турско-бугарската граница!..“[36]

Откако влегле во Батак, на бугарска земја, таму биле примени со сочувство, бидејќи батакчани ја помнеле турската власт и турските ужаси, така што се однесувале братски кон македонските изгнаници. По починката и закрепнувањето во Батак, стигнале во Софија, „со испокинати панталони, палта и опинци.“ Георги се прибрал на престој и храна кај братот Иван, а Стојо Хаџиев заминал на гости кај поп Атанас од Голешево. Таткото на Стојо и голешевскиот учител, заради истата афера, исто така, пребегале и веќе биле во Софија.[37]

Во почетокот на јуни 1901 година (стар стил) Георги Баждаров пристигнал во Софија. Овој голем град со значајна културно-образовна традиција му отворил нови можности за негово дооформување, особено во интелектуален поглед, но секако и во револуционерен, бидејќи Бугарија, а особено Софија, била прибежиште и место каде што емигрирале и биле концентрирани македонските револуционери.

Определен уште од најрани години за книгата која му лежела повеќе отколку пушката, тој целото лето го употребил за читање. Се нафрлил на книгите „како гладен врз јадење“. Меѓу литературата, особено присутни биле книгите од социологијата. Читајќи го Плеханов, тој се запознава со основните сфаќања на историскиот материјализам. Чита книги каде што се обработува појавата и развитокот на видовите во растителниот и животинскиот свет. Со тоа го надополнува општото образование и формира свој поглед кон светот. Во Народната библиотека, исто така, чита и белетристика, при што особен впечаток му оставила книгата „Што да се прави“ од рускиот народњак Чернишевски.

---

крајот на 1934 година се преселува во СССР, каде што е убиен во 1937 година како жртва на сталинистичките чистки. (*Енциклопедия Пирински край*, том I, Благоевград 1995, 30-31.)

[36] Г. Баждаров, исто, 31–32.

[37] Исто, 32.

Покрај можностите за повисоко образование, набрзо по доаѓањето во Софија, Баждаров се запознава и со политичкиот живот во Бугарското Кнежество. Во една пригода го посетил и Народното собрание при неговото заседание со кое претседавал Драган Цанков, а зборувал министерот-претседател Петко Каравелов. Народното собрание му направило голем и добар впечаток, така што посакал така да биде и во Македонија.[38]




Зградата на бугарското Народно собрание во Софија, денес[39]

Но, уште на самиот почеток, морал да се соочи со неповолните состојби и неединството во редовите на македонското ослободително движење. Тоа неединство, за жал, ќе биде негова постојана сенка низ целата натамошна историја. Баждаров се разочарал со македонските работи во Бугарија бидејќи постоело нетрпение помеѓу одделни организации и фракции, помеѓу Врховниот комитет, ТМОРО, македонските братства. Имено, по краткотрајната и плодотворна соработка на ТМОРО со ВМОК,[40] раково-

---

[38] „Тогаш управуваше коалиционата влада на демократи и цанковисти.“ (Исто.)

[39] http://en.wikipedia.org/wiki/Konstantin_Jovanovi%C4%87 (1.9.2014)

[40] На VI конгрес на македонските братства во Бугарија, одржан од 1 до 5 мај 1899 година, за претседател на Врховниот комитет е избран Борис Сарафов, за потпредседател Тома Давидов, за член-советник Христо Саракинов, а за членови Антон Бозуков и Владислав Ковачев. Така во Врховниот комитет преовладале офицерите од Бугарските ослободителни братства. Тие се залагале за поактивна дејност и во Бугарија, и во туѓина, како и во османлиска Македонија, и имале поткрепа од Централниот комитет на ТМОРО. Била воспоставена добра соработка меѓу двете организации. Врховниот комитет ја потпомагал Внатрешната организација со пари и особено со подготвени кадри, организирал префрлање луѓе и оружје во Македонија и Одринско.

ден од Борис Сарафов, неговата фракција изгубила на Конгресот на раководството на Врховниот комитет и била надвладеана од фракцијата Михајловски – Цончев, која имала сосема други амбиции и настојувала да го преземе раководството на ТМОРО.



Борис Сарафов[41]

Со окружно писмо, во март 1901 година, ВМОК им соопштува на задграничните претставници на ТМОРО за прекинот на соработката. Во исто време, нараснатата моќ на ТМОРО започнува да ги плаши и властите во Софија, кои преземаат активности за ограничување на нејзиното влијание. Уште во јануари се забранети стрелечките друштва; забрането е собирањето пари и помош во полза на ТМОРО; воениот министер Стефан Паприков им забранува на офицерите од редовната служба да учествуваат во ТМОРО под заплашување за отпуштање

(Ц. Билярски, *Протоколите на Върховния македоно-одрински комитет между VII и VIII конгрес (1900-1901)*, ИДА, кн. 51, 1986, 107-167.)

[41] Борис Петров Сарафов (12.7.1872, с. Либјахово, Неврокопско – 28.11.1907, Софија), деец на македонското ослободително движење, војвода, офицер во бугарската армија. Ги завршува Солунската егзархиска гимназија (1890) и Военото училиште во Софија (1893). Учествува во акцијата на ВК во Мелник. Во 1896 година во Солун воспоставил контакт со Д. Груев, П. Тошев, Г. Делчев, Ѓ. Петров и И. Хаџи Николов. Учествува во создавањето на тајните офицерски „братства“ (1897/1899). Во 1899 година е избран за раководител на ВМОК во Софија и во периодот од мај 1899 до март 1901 тесно соработува со ТМОРО. Развил широка дејност за снабдување парични средства за Организацијата. Во јануари 1903 година, со голема чета ќе замине за Битолско. Учествува во подготовките на Илинденското востание. На Смилевскиот конгрес (19 до 24 април 1903) бил избран за член на ГШ на Востанието во Битолскиот револуционерен округ. По Востанието, во периодот од крајот на 1903 и почетокот на 1904 година повторно обиколува некои европски центри за да се здобие со симпатии за македонското револуционерно дело. На Рилскиот конгрес е нападнат од страна на Јане Сандански и неговата група. По наредба на Сандански, бил убиен заедно со Иван Гарванов, од убиецот Тодор Паница. (П. Шатев, *Борис Сарафов (биографија)*, том 2, предговор и редакција З. Тодоровски, превод П. Димитровски, Скопје 2013.) За личноста на Борис Сарафов постојат контроверзни толкувања, при што македонската историографија до 1991 година го ставаше во негативна конотација. Алберт Сониксен за него забележал дека бил „мошне образован, со блескав ум и харизматска личност“ (А. Сониксен, *Исповед на еден македонски четник,* Култура, Скопје 1997, 100-101, 196.)

од работа, а министерскиот совет им забранува на државните службеници да учествуваат во определениот конгрес на ТМОРО.

На таков начин, дел од најактивните кадри на ТМОРО — офицерите и учителите биле попречувани во нивното ангажирање во Организацијата.[42]



Врховниот комитет околу 1899–1900. Седат: Тома Давидов (потпредседател), Борис Сарафов (претседател), Георги Петров (касиер). Стојат: Владислав Ковачев (член), Георги Минков (член).

Стојан Михајловски[43] бил лично поставен од Цончев[44] за претседател на ВМОК, но „про форма“. Во својот политички и филозофски занес, Михајловски немал време барем елементарно да го изучи македонското движење и верувал во она коешто му се кажувало од блиските околу него. Вознемирен и разочаран од таквите состојби, Баждаров се трудел да стои настрана.

Во почетокот на 1901 година, се влошуваат односите помеѓу ВМОК и ТМОРО. Основниот проблем е стремежот на Внатрешната организација за спречување на предвремено востание и нејзините заложби за подолга револуционерна подготовка на населението во Македонија и Одринско. Дејците на ТМОРО ја оценувале, исто така, за неповолна меѓународната ситуација.

---

[42] Ноќта на 23 наспроти 24 март 1901 година претседателот на ВМОК, Борис Сарафов е уапсен, заедно со другите членови на Комитетот. На VIII вонреден конгрес, одржан од 4 до 8 април 1901 година, за претседател на ВМОК е избран Стојан Михајловски. (Ц. Билярски, *Протоколите на Върховния македоно-одрински комитет между VII и VIII конгрес (1900-1901)*, ..., 107-167.)

[43] Стојан Николов Михајловски (1856, Елена – 1927, Софија), писател и општественик. Завршува право во Франција (1887), народен претставник, претседател на ВМОК (1901-1903). Автор на многу басни, епиграми, поеми, драми (М. Бошнакова, *Яворов и Македония,* София 2014, 110.)

[44] Ген. Иван Стефанов Цончев (1859, Дреново – 1910, Софија), бугарски офицер и револуционер, доброволец (опълченец) за време на Руско-турската војна (1877–1878), херој на Сливница во Српско-бугарската војна (1885). Бил потпретседател, но практично раководел на ВМОК во периодот 1901–1903, по кое си дава оставка од воената служба во Бугарската армија (М. Бошнакова, исто.)

Покрај тоа, тактичен и промислен каков што бил по природа, тој не сакал да избрзува и да зазема страна за прашања кои доволно не му биле проучени. Но, кога ги сфатил состојбите, тој уште повеќе се оддалечил од сето тоа. Нему му биле сосема неприфатливи тие расправии, кои си ги споредувал со „ ... тајната, бесшумна, тиха, кртовска, но резултатна работа, меѓу поробеното население во самата Македонија.“[45]



Четата на Иван Цончев

Не сакајќи во тој момент да биде дел и да учествува во „македонските расправии“ и политички противречности, свесен дека не му лежи четничкиот живот, во есента на 1901 година, Георги Баждаров решил да го продолжи своето образование на Вишото училиште во София.[46] Бидејќи немал финансиски средства за школување, неговиот брат Иван се согласил да го издржува додека е на работа и има можност. Баждаров, ненавикнат брзо да донесува одлуки, долго време размислувал што да студира. Ја сакал математиката, особено алгебрата и со големо задоволство решавал тешки и сложени задачи. Во гимназијата бил одличен по математика, но ја сакал и литературата, а го привлекувала и историјата. На крајот се определил за историја, бидејќи сметал дека ќе биде пополезен за општественото дело и за реализирање на неговите стремежи да ги промени општествените состојби доколку ја знае историјата и патиштата низ кои поминал општествениот развој.

„И тогаш и сега сум убеден дека секој општествен деец треба да ја познава добро историјата – и во нејзините главни настани и извори, и во нејзината филозофија“.[47]

[45] Г. Баждаров, *Спомени,* ... 32–33.

[46] Вишето училиште е денешниот Софиски универзитет „Свети Климент Охридски“.

[47] Г. Баждаров, исто, 33.

Така историјата ја избрал за специјалност, а географијата за дополнителен предмет, бидејќи тогаш историјата и географијата се студирале заедно на Вишото училиште. За свое лично задоволство запишал и лекции по литература, при што професорот Иван Шишманов им ја предавал историјата на европската литература.

Братот на Георги, Иван Баждаров, работел во фабриката за шеќер и имал сместување во кругот на фабриката. Георги спиел во неговата соба и се хранел навечер со него во една кујна за персоналот на фабриката. Иако сместувањето било далеку, сепак успевал, одвреме навреме, да оди на театар во „Славјанска беседа“.[48]

Во времето кога ги започнува студентските денови, задгранични претставници[49] на ТМОРО во Софија се Гоце Делчев[50] и

---

48 „Педесет стотинки беше билетот за галеријата, правостоечки, се разбира“, вели Баждаров. (Исто.)

49 Задгранично претставништво на ТМОРО – тело создадено по Солунскиот конгрес од 1896 година играло важна улога во дејствувањето на Организацијата во странство. Први задгранични претставници биле Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Тие имале задача да одржуваат врска со туѓи претставници и да ги информираат за положбата на населението во европска Турција. Друга важна задача била да изградат погранични пунктови за пренесување оружје, литература и луѓе. Оваа структура функционира до втората половина на 20-тите години на XX век. Попознати задгранични претставници биле Христо Матов, Христо Татарчев, Пејо Јаворов, Тодор Лазаров, Кирил Прличев, Георги Баждаров и др.

50 Гоце Делчев (Георги Николов Делчев) (23.1.1872/4 февруари, Кукуш – 21.4.1903/4 мај, с. Баница, Серско), еден од највидните дејци, предводници и организатори на МРО. Во 1894 година, како учител во Штип, бил покрстен во Организацијата од страна на Дамјан Груев. Поради огромните задолженија кон ТМОРО, го напушта учителскиот позив и тргнува по патот на професионален револуционер. На Солунскиот конгрес (1896), заедно со Ѓорче Петров, добиваат задача да ги изработат Уставот и Правилникот на Организацијата. Избран е за Задграничен претставник на ЦК ТМОРО (1896–1901). Како главен ревизор на четите и подвижен член на ЦК ги обиколува Македонија и Одринско. Неуморно работи на материјалната и духовната подготвка на македонскиот народ за оружена борба, но смета дека одлуката за востание од јануари 1903 е пребрзана заради внатрешната неподготвеност на народот и немање надворешна меѓународна поддршка. По средбата со Д. Груев, во април 1903 во Солун, тргнува со мала чета за Серскиот револуционерен округ, каде што бил закажан Окружен конгрес на планината Али Ботуш. Предаден на Турците, загинува во с. Баница. За Делчев постои бројна литература и документација и во Р Македонија и во Р Бугарија: мемоарска литература и сеќавања (П. Јаворов, Х. Силјанов), зборници од научни собири, објавена документација и монографски трудови (Х.

Ѓорче Петров,[51] кои тој претходно не ги познавал, но сега имал можност да ги запознае. Всушност, кога бил во четврти клас на Солунската гимназија, во учебната 1896/97 година, Ѓорче бил учител во таа гимназија, но не им предавал и набрзо ја напуштил Гимназијата, бидејќи бил испратен од Централниот комитет во Бугарија за задграничен претставник.

Првата средба со Гоце Делчев, за кого дотогаш само слушал, Баждаров ја имал веднаш по пристигањето во Софија. Заедно со Стојо Хаџиев, се јавиле кај Гоце, кој живеел во хотелот „Батенберг" во една скромна соба. Гоце веќе знаел за аферата поради која дошле во Бугарија, па при нивната средба им кажал:

„Сте направиле грешка што сте дошле тука. Требаше да останете во четите таму. Дедо Илија има потреба од секретар. Пак и за другите чети - Серската и Неврокопската – потребни се интелигентни сили. Ете јас.., се готвам за пат, скоро се вратив и пак ќе одам".

Зборувајќи, Делчев им ги покажал опинците во долапот. Бажадров и Хаџиев се почувствувале непријатно, но повеќе Стојо,

---

А. Полјански, Д. Димески. Д. Кљусев). Во овие рамки, особено е значајно шестомното издание на Христо Андонов Полјански: *Гоце Делчев и неīовоѿо време,* кн. 1-6, Скопје 1972.

[51] Ѓорче Петров (Георги Петров Николов) (2.4.1865, с. Варош, Прилепско – 28.6.1921, Софија), еден од идеолозите, основачите и раководителите на МРО. Учи гимназија во Битола, Солун и Пловдив. Учителствува во Штип (1885–1887), Скопје (1887–1891), Битола (1891–1895) и Солун (1895–1897). Учествува во изработката на Уставот и Правилникот на ТМОРО. Ги издава весниците „На оружје" и „Бунтовник". Ја печати книгата „Материјали за изучување на Македонија" (1896) и пишува спомени кои се објавени во РМ. За време на Илинденското востание, учествува со голема чета во Прилепско. По Востанието, останува во Македонија и присуствува на Прилепскиот конгрес (1904). Делегат е од Битолскиот револуционерен округ на Рилскиот општ конгрес (октомври 1905). Избран е за член на ЗП ВМОРО. По Младотурскиот преврат (1908), заедно со Антон Страшимиров го издаваат во Солун списанието „Културно единство" (ноември 1908 – март 1909). Учествува во Балканските војни во редовите на Македоно-одринското доброволство. За време на Првата светска војна, претседател е на Битолската постојана окружна комисија, а подоцна кмет на градот Драма. Учествува во дејноста на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО. Раководи со бирото за населување на бегалците за време на владата на Александар Стамболиски. Убиен е по наредба на Тодор Александров. (Г. Тодоровски, "Прилози кон проучувањето на животот и делото на Ѓорче Петров", *Годишен зборник на Филозофскиоѿ факулѿеѿ,* Скопје 1971, кн. 23, 197-216; Д. Влахов, *Ликови македонских револуционара,* Београд 1949, 27-32; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 215-217.)

бидејќи тој бил пообучен за нелегален живот. Баждаров искрено признал дека се обиделе да се вклучат во четничкиот живот, две недели оделе со четата на дедо Илија, но, им се видело многу напорно, особено нему – „кусоглед и малку тромав, недоволно пргав“. Но, Делчев на тоа им возвратил дека човек може на сè да се навикне доколку има цврста и силна волја.



Ѓорче Петров и Гоце Делчев[53]

По посетата на Делчев, Баждаров и Хаџиев отишле кај Ѓорче Петров, кој живеел малку поудобно кај една вдовица. При разговорот, го замолиле да се вработат некаде како чиновници. Ѓорче им дал по една препорака до г-н Георги Стрезов, началник во Министерството на правосудство, каде што министер бил Александар Радев.[52] Се јавиле неколку пати, но Стрезов избегнувал да им излезе во пресрет. По ова, Баждаров конечно се запишува на студии.

При крајот на 1901 година, односите меѓу ВМОК на Цончев – Михајловски, избрани на IX конгрес на МОО[54], во летото истата година, и ТМОРО засилено се влошиле. Врховниот комитет, наспроти директивата на

[52] Александар Радев (1864, Битола - 1911, Виена), општествено-политички деец. По завршувањето на студиите по право во Атина (1888), една година поминува на специјализација во Париз, а потоа е избран за хонорарен доцент по византиско право во Вишото училиште во Софија. Член е на ВМОК (1895–96). Еден е од раководните дејци на Прогресивно-либералната партија, а за време на управувањето на оваа партија (1901–1903) станува министер за правосудство, а потоа министер за просвета. (Т. Тодоровски, исто, 248.)

[53] Данчо Кал’чев, (масло на платно), фотограф: Александар Ѓорѓиев. (З. Тодоровски, В. Ачкоска, *Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим,* Скопје 2012, 95.)

[54] Во мај 1896 година, емигрантите од Одринско се одделиле во самостојно друштво „Странџа“, кое постои до 1900 година. На VII конгрес, кој заседава од 30 јули до 5 август 1900, Организацијата го зема името Македоно-одринска организација (МОО), а комитетот – Врховен македоно-одрински комитет. (С. Елдъров, *Върховният македоно-одрински комитет и македоно-одринската организация в България (1895 - 1903),* Иврай, 2003, 157-190.)

Конгресот, наместо да ѝ биде од помош на ТМОРО преку нејзиното Задгранично претставништво, почнал сам, на своја рака, да праќа чети во пограничните околии на Бугарија. Врховниот комитет си поставил задача да го преземе раководството на ослободителното движење внатре и надвор. Централниот комитет, којшто бил и по место, и по назив, природен раководител и најсоодветен на Организацијата внатре, ги бранел својата положба, независноста на Организацијата и принципот на внатрешноста. Од другата страна, Врховниот комитет се фалел со предноста дека има на свое располагање воено подготвени луѓе, резервни офицери, коишто се обучени за револуционерна борба многу повеќе, отколку „даскалчињата на Внатрешната организација". Врховниот комитет имал претензија да биде признаен на меѓународен план, значи по надворешната политика, наводно дека поумешно ќе раководи со дипломатската и пропагандната акција. Централниот комитет со право одговарал, дека воените лица од средината на резервните офицери, претежно Македонци, со готовност биле примани „внатре", како членови на ТМОРО, со сите права и задолженија според статутот на Организацијата. Во овие рамки, оние кои се докажале во ослободителното македонско дело, според заслугите, можеле да дојдат до највисоки раководни позиции на ТМОРО. Според мислењето на Баждаров, ТМОРО „треба да се управува во центарот и во деловите од тела, кои се наоѓаат во поробената земја од многу причини, од кои најглавни беа тајната и второ, самородноста на Организацијата."[55]

Понатаму тој сосема исправно, застанувајќи зад интересите на самостојното ослободително македонско дело, наведува дека надворешната дејност на ТМОРО треба да биде претставувана и објаснувана од нејзини претставници. Затоа прашува: „Што пречи компетенцијата Врховниот комитет да биде полезен со мислења, совети, со оружена и парична помош преку Задграничното претставништво?"[56]

При крајот на 1901 година и во почетокот на 1902 година Делчев беше внатре во Македонија. Тој отсуствуваше од Софија, вршејќи обиколка на Битолскиот револуционерен округ. Во сите контакти со неупатените дејци во судирот, тој им ги објаснувал целите на врховистите – дека тие сакаат да навлезат во внатрешноста и да ја изнасилат работата за да го забрзаат подигањето на Востанието, односно дека сакале да ја земат Организацијата во

[55] Г. Баждаров, исто, 34.
[56] Исто.

свои раце и да дигнат востание кога тие ќе решат дека е моментот, бидејќи се сметале за поблиски до раководните кругови во Бугарија, па „подобро го знаеле тоа“. Делчев упорно се борел против таквиот однос[57] и барал дел од нив да дојде во Македонија, да работи како учители, или како војводи, или инструктори на организациските чети. Повеќето дејци на ТМОРО го одобрувале мислењето на Делчев, бидејќи чувствувале неопходна потреба од способни воени лица кои требало да ги обучуваат четниците.[58]

Додека Делчев вршел обиколка на Битолскиот револуционерен округ, Крсто Асенов,[59] Јане Сандански[60] и Христо Чернопе-

---

[57] На 16 мај 1901 година, помеѓу претставници на ТМОРО (внатрешната организација) преводени од Делчев и Врховниот комитет бил заклучен вонреден протокол за соработка, според кој, ВК требало да ѝ дава само материјална и морална помош и поткрепа на Македонската револуционерна организација. (Х. А. Полјански, *Гоце Делчев,* кн. IV, Скопје 1972, 210.)

[58] „Георги Поп Христов“, *Спомени,* 296–297.

[59] Крсто Хаџипетров Асенов (2.4.1877, Сливен – 25.7.1903, с. Корнишор, Еницевардарско, војвода. Завршува гимназија во Варна и студира на Софискиот универзитет. Во македонското ослободително движење се вклучува под влијание на Гоце Делчев. Станува содругар на Јане Сандански. За време на Илинденското востание се бори со турските војски и башибозук кај Арџанското блато. За време на Востанието се свршил со учителката Ана Малешевска, која влегла во неговата чета. Убиен е од соборецот Мито Данов (кој подоцна е ликвидиран од револуционерниот суд), поттикнат од Гоно Бегинин, негов соперник за војвода, со мотив дека „ја погазил револуционерната клетва) (А. Г. Пелтеков, исто, 28-29.)

[60] Јане Иванов Сандански (18.5.1872, с. Влахи Мелничко – 22.4.1915, Неврокопско), војвода, деец на македонското ослободително движење. Револуционерната дејност ја започнува во 1895 година, во четите на ВМК. Во 1899 влегува во редовите на ТМОРО, лично приопштен од Гоце Делчев. Воспоставува соработка со Д. Х. Димов, Ѓ. Петров, П. Јаворов, К. Асенов, Т. Паница, А. Бујнов и со други видни личности. Го организира и го раководи пленувањето на американската мисионерка Мис Стон. Во март 1901 станува војвода на чета во Мелничко. Се спротивставува на дејноста на врховистичките чети во Горноџумајско и на идејата на ВМОК за избрзано востание. За време на Илинденското востание дејствува во Серскиот револуционерен округ, каде што нема поизразени востанички акции. По Востанието е еден од раководните дејци на Серската група. Во 1905 станува мелнички околиски војвода. Учествува на Рилскиот конгрес (октомври 1905). Заседава со Вториот (1906) и Третиот (1907) конгрес на Серскиот револуционерен округ. По негова наредба се убиени драмскиот војвода Михаил Даев во с. Либјахово (28.10.1907) и задграничните претставници на ВМОРО Б. Сарафов и И. Гарванов (28. 11. 1907). Издадена му е смртна пресуда од страна на ЦК ВМОРО. За време на Младотурскиот преврат (1908) активно соработува со младотурскиот режим. За време на Балканските војни со четата го ослободува Мелник и им откажува соработка на настапувачките бугарски војски. На пат од Рожден-

ев[61] ја грабнале американската протестантска мисионерка Елен Стон, со чиј откуп требало да се снабди Организацијата со средства за оружје и за одржување на четничкиот институт.[62] Од друга страна, истовремено, Врховниот комитет пратил чети за да ја земат запленетата мисионерка од внатрешните дејци. Така, Баждаров бил сведок на разгорувањето на борбата, кое зело остра форма, водејќи кон крвави расплети.

Внатрешните дејци кои престојувале во Бугарија односно се наоѓале зад границата, како Михаил Герџиков,[63] бугарскиот

---

скиот манастир кон Неврокоп е убиен од заседа, организирана од Стојан Филипов и Андон Качаров. Погребан е до Рожденскиот манастир. П. Делирадев, *Яане Сандански,* София 1946; М. Пандевски, *Јане Сандански и Мис Стон,* Скопје 1992; И. Катарџиев, *Борба до победа,* 1, Мисла, Скопје 1983, 481-492.)

[61] Христо Чернопеев (до 1900: Черњо Пеев) (16.7.1868, с. Дерманци, Ловешко – 5.11.1915, Криволак), виден деец во македонското ослободително движење. Како подофицер во бугарската армија бил привлечен во ТМОРО од страна на Борис Сарафов, така што во летото на 1899 година ја напушта армијата и заминува во Гевгелиско. Најпрво е во четата на Михаил Попето (1900), а од мај истата година е војвода во Кукушко. Во 1901-1902 е горноџумајски војвода и учествува во пленувањето на мисионерката Мис Стон. Се бори во многу судири со османлиската војска во Разлошко за време на Илинденското востание. Од 1903 до 1908 година е окружен војвода и раководител на Струмичкиот револуционерен округ. Во 1909 со Јане Сандански учествува во походот кон Цариград на помош на младотурците. Во 1911 бил избран за член на ЦК ВМОРО. За време на Балканските војни се бори во Македоноодринското доброволство. Загинува за време на Првата светска војна во борба со француската војска. Погребан е во Штип. (*Христо Чернопеев, дневници, спомени и документи од балканските војни 1912/13 година,* предговор, избор и редакција Н. Жежов, М. Нинчовска, Скопје 2013, 6-8; М. Думбаламовъ, *Презъ пламъците на живота и революцията*, томъ II, София, 1937, 101–110.)

[62] Пленувањето на мис Елен Стон и нејзината сопатничка Катерина Цилка беше извршено на пат меѓу Банско и Горна Џумаја, на 21 август 1901 г. Кабинетот на големиот везир на Високата порта, на 12 февруари 1902 година известува дека „паричниот откуп за Мис Стон во износ од четиринаесет илјади и петстотини лири е исплатен", па „во очекување на нивното ослободување царската војска се собрала вонредно и со цел да спречи други дејства ги презела неопходните мерки". (*Турски документи за аферата Мис Стон,* ред. Д. Ѓорѓиев, Скопје 2008, 138; С. Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913,* прв том, Куманово 1995, 324-326.) Мис Стон била придобиена за каузата на македонското ослободително движење и по ослободувањето таа ја пропагирала ослободителната идеја во САД. (Белешки кон: Г. Баждаров, *Спомени*..., 164.)

[63] Михаил Иванов Герџиков (26.1.1877, Пловдив - 18.3.1947, Софија) бил револуционер и анархист од Бугарија, основач и раководител на Македонскиот

поет Пејо Јаворов[64] (со кого Баждаров се запознал во тоа време во кафеаната „Македонија“), Ѓорче Петров, Туше Делииванов,[65] Ди-

---

таен революционерен комитет, учесник во Македонското революционерно движење, член и војвода на ТМОРО, подоцна деец на ВМРО (Обединета). Анархист по убедување. Во Македонското революционерно движење бил голем противник на Сарафов. По Востанието, тесно соработувал со левите сили во револуционерното движење. Подоцна, во 1919 година во Софија учествувал во издавањето на списанието *Билтен*. Тој е еден од потписниците на познатиот Апел од 1919 година, во кој се пласира идејата за автономна Македонија. По превратот од 1923 бил принуден да ја напушти Бугарија. Во 1925 година, по формирањето на ВМРО (Обединета), станал нејзин член. Но, поради нејзиното потпаѓање под комунистичко влијание, во 1929 година се отцепил од неа и формирал нова национална фракција во Истанбул. Во 1931 година се враќа во Бугарија и работи како новинар. Соработува во весниците: *Нова балканска трибина, Знаме, Југ* и др. По Втората светска војна, како анархист, е репресиран од комунистичкиот режим. Умрел во 1947 година во Софија. Неговите спомени во 1995 година беа издадени и во Македонија. (М. Герџиков, *Спомени,* Скопје 1995; А. Г. Пелтеков, 91-92.)

64 Пејо Јаворов (Пејо Тотев Крачолов) (1.1.1878, Чирпан – 29.10.1914, Софија), војвода, поет. „Од моментот кога 17-годишниот Пејо Крачолов тргнува кон Софија за да се вклучи во Мелничката акција на ВМОК, до неговото запознавање со Гоце Делчев и преобразбата во професионален револуционер, тоа е времето, кога ослободителната идеја малку по малку го опфатила поетот, потиснувајќи ги сите останати“. (Бошнакова Милкана, *Яворов и Македония,...*, 79.) Во средината на 1900 година се запознава со Делчев, кој станува негов идол. Редактор е на весникот „Дело“ (1902). Неговите статии во весникот, „особено оние од пролетта и летото на 1902 се впечатливи со употребениот поимен апарат при именувањето на населението во поробените области – *Македонци* и *одринци*. На пример, во статијата *Революционерното движење и Врховниот комитет* од 19 јули, поетот седум пати ги употребува термините *Македонци* и *одринци*“. (Бошнакова Милкана, исто, 395.) Во јануари 1903 влегува во четата на Гоце Делчев и заминува во Серскиот округ, каде што го издава нелегалниот хектографиран весник „Слобода или смрт“. Во текот на мај 1903 година се наоѓа во четата на Јане Сандански, но поради судир со него ја напушта четата. Учествува во редактирањето на весниците „Автономија“ (1903) и „Илинден“ (1907–1908). На Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО е избран за дополнителен член на ЗП. За време на Балканските војни е војвода на чета и учествува во ослободувањето на Банско, Неврокоп, Драма и Кавала. Автор е на книгите „Гоце Делчев“ (1904) и „Ајдучки копнежи. Спомени од Македонија 1902-1903“ (1909). (Т. Тодоровски, исто, 133-134; А. Г. Пелтеков, 534-535.)

65 Туше Делииванов (Петар Иванов) (13.10.1869, Кукуш – 14.1.1950, Софија), македонски револуционер, член и раководител на МРО, задграничен претставник, учител и публицист. Во редовите на МРО стапил во 1894 година. Во септември 1901 година заедно со Димитар Стефанов е избран за задграничен претставник на ТМОРО во Софија. Како продолжувач на делото на Гоце Делчев, решително се спротивставува на врховизмот. Бил делегат на Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО (1908), а по младотурскиот преврат се ек-

митар Стефанов[66] и др. повеле и во Бугарија идејна и теориска борба против Врховниот комитет. Во рамките на оваа борба се појавил весникот „Дело“,[67] редактиран од Пејо Јаворов.

Со секоја нова статија на Јаворов во „Дело“, расте емоционалниот набој, тонот станува пожесток, а обвиненијата кон ВМОК – поостри. Тој го обвинува Комитетот за неодговорно испраќање чети во Македонија, кои наместо да се борат против Турците, ги напаѓаат четите на ТМОРО и ги убиваат нејзините дејци. Според Јаворов, активностите на дејците на ВМОК му одговараат единствено на кнезот Фердинанд.[68]



Христо Чернопеев, Јане Сандански и Крсто Асенов

спонира како активист на НФП во Кукуш. Во 1909 година емигрира во Бугарија. По Првата светска војна станува член на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО. Зема активно учество во работата на прогресивните македонски емигрантски организации во Бугарија и се занимава со публицистичка дејност. (С. Ковиловски, *Македонија, кратка енциклопедија револуционери,* Прилеп 2001, 67; *МИР,* 149-150.)

[66] Димитар Георгиев Стефанов (18.8.1871, с. Караагач, Болградско, Бесарабија – 11.2.1940, Бургас), деец на македонското ослободително движење. Завршува право на Московскиот универзитет и Воено училиште во Киев. Во Бугарија доаѓа во 1897 г. Во 1900 е назначен за директор на Битолската егзархиска гимназија. Следен е од турските власти поради револуционерна дејност и принуден да бега во Бугарија. Задграничен претставник на ТМОРО од септември 1901 до почетокот на 1903 г. Претседател е на Конгресот на Серскиот револуционерен округ (септември 1903), на кој е избран за член на Окружното раководно тело на претстојното востание. Учествува во Илинденското востание со чета во Разлошко. На Рилскиот конгрес на ВМОРО повторно е избран за член на ЗП. Учествува во Балканските и Првата светска војна. (А. Г. Пелтеков, исто, 432.)

[67] „Дело“ бил независен македоно-одрински весник – печатен орган на ТМОРО. Излегува во Софија секој понеделник под редакција на П. Јаворов. Првиот број се појавува на 31 декември 1901, а последниот на 28 јули 1902 г. Весникот настојува да ги демаскира и да ги дискредитира завојувачките стремежи на бугарските владејачки кругови и на ВК како експонент на бугарскиот двор спрема Македонија и да ја брани идејата за нејзина политичка автономија. Јаворов за „Дело“ напишал 14 статии и неколку други текстови (М. Бошнакова, исто, 390; Т. Тодоровски, исто, 96).

[68] М. Бошнакова, исто, 392-393.

Дојдените од внатрешноста, односно емигрантите и революционерните дејци од османлиска Македонија со големо задоволство го читале овој весник и сочувствувале со Внатрешната организација.


Година 1. София, 7 януарий — 1902 год. Брой 2.

# ДѢЛО

Независимъ Македоно-Одрински листъ.

Единъ брой 10 ст.

Сжщи загуби понесоха

Нека се яви сждията!



Факсимил од првата страница на в. „Дело“ (1902 година)
и Пејо Јаворов (лево) со соработниците во весникот,
Михаил Герџиков (десно) и Георги П. Стаматов (седи) (БИА - НБКМ)

Следејќи ги сите овие настани, во време на превирање и прегрупирање на македонската емиграција во Кнежеството и на нејзините организации и друштва, Баждаров ги започнува своите студии, со надеж дека така ќе биде покорисен за татковината. Некои македонски друштва тогаш сосема се отцепиле од Врховниот комитет, други се поделиле на различни фракции и на тој начин бил избран втор Врховен комитет,[69] наклонет кон ТМОРО, односно внатрешните, на чело со Христо Станишев.[70] Притоа, двата ко-

---

[69] На Десеттиот конгрес на ВМОК во јули 1902 година се појавува расцеп во оваа легална организација. Опозиционите делегати го напуштаат форумот и се собираат одделно, објавувајќи нов Десетти конгрес, на кој е избран ВК во состав: „Хр. Станишев - претседател, Т. Карајовов - потпретседател, Ј. Асенов - касиер, А. Попстојанов - секретар, П. К. Јаворов и Ст. Петров - советници. Комитетот се стреми кон единствено дејствување со Внатрешната организација и е во блиски врски со задграничните претставници Хр. Матов и Хр. Татарчев. Наспроти ова, обидите за обединување со комитетот Михајловски–Цончев не дале задоволителен резултат.“ (Белешки кон: Г. Баждаров, *Моите спомени,* 164.)

[70] Христо Станишев (Арап-Наков) (24.12.1863, Кукуш – 13.12.1952, Софија), деец на македонското ослободително движење. Инженер. Учи во Кукуш и Со-

митети, ВМОК „Михајловски-Цончев“ и ВМОК „Станишев“, коренито се разликувале како по убедување, така и според тактиката на дејствување. Првиот настојувал да раководи со револуционерното движење и ТМОРО, а вториот ја признавал раководната позиција на Внатрешната организација. Првиот бил заедно со дворецот и кнезот, а вториот против нив.[71]

Баждаров се посветил темелно на учењето, но сепак во него се одвивала „некаква борба“. Одвреме навреме чувствувал гризење на совеста бидејќи ги напуштил оние коишто ги канел на саможртва во името на татковината: „Нема ли... тие прости, но добри човечиња, да се разочараат или да се намали во нив верата во Делото и трудољубивоста во работата, штом ние, непосредните мали, но сепак раководители, ги напуштаме?“[72]

И покрај дилемите кои го мачеле, Баждаров го завршил првиот семестар. Испитите кои тогаш биле семестрални, ги положил со највисок успех и го запишал вториот семестар. Додека студирал, имал оправдување пред себе за да остане во Бугарија. Верувал дека штом стане пообразован ќе биде покорисен и за ослободителното дело. Но, наскоро неговиот брат Иван останал без работа во Софија и заминал кон Варна да бара нова. Тогаш Георги Баждаров имал две решенија – или да бара чиновничко место и да остане во Бугарија, или да замине во Македонија во некоја од четите. Сепак, се срамел да бара чиновничко место, свесен дека народот внатре во Македонија со сите сили се подготвува да го собори петвековниот османлиски јарем. Така, по борбата која се одвивала во него, тој решил да се врати како нелегален во Македонија. Дури застанал на мислата да стане секретар во четата на дедо Илија Крчовалијата, кој штодејствувал во Демирхисарско (Серско) и имал врски со него уште кога учителствувал во с. Крушево.

---

фија. Завршува машинско инженерство во Белгија (1889). Учител е по математика во бугарската машка гимназија во Солун (1886-1887). Како инженер учествува во градењето на значајни објекти во Бугарија. Еден е од основачите на организираното легално македоно-одринско движење во Белгија. Претседател е на македонските друштва во Бургас и Софија. Делегат е на сите конгреси на македонските друштва во Бугарија (Четврти – 1897, Петти – 1898 и Десетти – 1902). Избран е за претседател на ВМОК (јуни 1897 – јули 1898). При расцепот на ВМОК (1902) го води крилото кое се спротивставува на комитетот раководен од генералот Иван Цончев. Се залага за потесна соработка меѓу ВМОК и ТМОРО. Член е на МНИ. Автор на неколку стручни книги. (А. Г. Пелтеков, исто, 427–428.)

[71] М. Бошнакова, исто, 110.

[72] Г. Баждаров, исто, 35.

Во февруари 1902 година, по обиколката на Битолскиот револуционерен округ, Гоце Делчев се вратил во Софија. Аферата со мис Стон веќе била завршена, а откупот исплатен.[73] Со тоа, за извесно време, ТМОРО добила средства за својата дејност и за борба со врховистите. Истиот месец, Баждаров се јавил кај Делчев во куќата на Бојан Биолчев.[74] Таму ги нашол Ѓорче Петров и Јане Сандански, со кого првпат се запознал на таа средба:

„Откако бевме почестени со по една ракија, се поместивме со Гоце во аголот на миндерот, понастрана, и му кажав за моето решение. Гоце многу се израдува: „Токму, вели, дедо Илија настојува да му се прати секретар, зашто нема кој во четата да ја води агитацијата. Ти си најпогоден за тоа. Дедо Илија е задоволен од тебе уште од времето на твоето учителствување во Крушево. Добро ќе се разбирате и погаѓате“.“[75]

Претходно, Делчев заедно со Михаил Попето[76] и дедо Илија, бил во Крушево па знаел колку трпение и такт се потребни за работа со тие „добри, но прости луѓе“. Меѓу другото, Баждаров му објаснил дека со дедо Илија има добри спомени уште кога овој како млад слугувал кај нив и тоа било еден плус за нивните добри меѓусебни односи. На оваа средба се договориле Баждаров да замине кон крајот на март со четата на Јане Сандански во Мелничката околија, којашто била определена за негов реон, па оттука да оди во четата на дедо Илија.[77]

---

[73] *Турски документи за аферата Мис Стон,..*, 138; С. Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот, ...*, 324-326.

[74] Бојан Д. Биолчев (1.8.1870, Прилеп – 5.1.1933, Софија), македонски деец. Во 1894 година влегува во редовите на ТМОРО. Следен од турските власти, емигрира во Софија. Таму неговиот дом станува средиште на сите истакнати раководители на ТМОРО, како Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев, Јане Сандански и други. (А. Г. Пелтеков, исто, 47.)

[75] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 35.

[76] Михаил Рајнов Апостолов - Попето (1871, с. Долна Дикања, Радомирско – 21.3.1902, с. Чугунци, Кукушко), бил подофицер во бугарската армија, учесник во македонското револуционерно движење, член, војвода и прв инструктор на четничкиот институт на ТМОРО. Во 1895 година учествува во „Мелничкото востание“. По четничката акција, се враќа во Софија, каде што се среќава со Гоце Делчев, кој во тоа време ги организира првите чети на МРО кои требало да влегуваат во Македонија. Михаил Попето станува првиот војвода на агитационо-организаторска чета. Во неговата чета се обучувале редица дејци на Организацијата. Имал бројни судири со турските воени сили. На пат од Кукушко кон Петричко, неговата чета се судрила со силна турска потера. Во борбата загинува и војводата Михаил Попето.

[77] Г. Баждаров, исто, 36.

Пред да стигне во Мелничко, Сандански имал задача да го парализира влијанието на врховистите во Џумајско.[78]. За таа цел, било договорено Христо Чернопеев заедно со Крсто Асенов да замине по десниот брег на Струма – Каршиека, која спаѓала во Струмичкиот револуционерен округ, а Сандански по левиот.



Јане Сандански



Михаил Попето

Околу 6 април четите тргнале на исполнување на својата задача. По еден или два месеци, Сандански имал задача да си ја преземе работата во неговиот реон – Мелничко.[79] Во овие рамки, во период од околу два и пол месеци, Георги Баждаров ќе биде четник во четата на Јане Сандански.

## Четник во четата на Јане Сандански

На 25 март 1902 година (стар стил), на верскиот празник Благовестие, Георги Баждаров заедно со Петар Милев и уште едно момче, кое заедно со Милев како ученици ја напуштиле Прва-

---

[78] Според акад. Манол Пандевски, со помош на Делчев, Сандански формирал мала чета во која, меѓу другите, бил и подоцнежниот тиквешки војвода Добри Даскалов (1884–1912). Четата преминала во Македонија во април 1901 година и се задржала во реоните источно од Струма – Горноџумајски, Разлошки, Мелнички и други краеви, со задача да го организира отпорот против врховистите на самиот терен. Нешто подоцна, по десниот брег на Струма и со иста цел, Делчев ја испратил четата на Христо Чернопеев. (М. Пандевски, исто, 22.)

[79] *Движението отсамъ Вардара..., спомени на Яне Сандански,...*, 24.

та машка гимназија за да станат комити, заминале кон Дупница.[80] До Радомир пристигнале со железница, а потоа продолжиле со пајтон бидејќи требало тајно, без да дознаат властите и луѓето, да ја поминат границата. Во Дупница останале една недела. Биле сместени кај приврзаници на Организацијата, се хранеле во различни куќи и не излегувале по улиците. Откако се собрале сите кои биле ангажирани да се вклучат во четата на Сандански, во Дупница пристигнал и војводата. Една вечер биле одведени во куќата во која биле складирани пушки, патрони, ранци и друга опрема. Секој брзал да си избере поубава, полесна пушка и други принадлежности, така што, на крајот Баждаров морал да земе од тоа што останало – долга отворена пушка манлихера која била најтешка (над четири килограми) од сите пушки кои биле таму.

Според спомените на Јане Сандански, четата броела 16 души,[81] меѓу кои: „Сава Михајлов,[82] Ѓорги Скрижовски[83] (од Скри-

---

[80] Петар Иванов Милев (1879, с. Косача, Радомирско – 9/10.7.1908). Војвода на чета во Неврокопско и Разлошко. Посветен во делото од Јане Сандански. Учесник во Илинденското востание. По убиството на Атанас Тешовалијата (1905), станува неврокопски војвода. Во есента 1907 година, во неговата чета престојува американскиот новинар Артур Смит кој го опишува во книгата „Спомени од Македонија“ (на англ., 1908). Учествува во иследувањето и убиството на М. Даев во с. Либјахово, Неврокопско. Убиен е во ноќта на 9 јули, заедно со четниците К. Мардев, П. Јанакиев, Кочо Мрваков и Н. Узунов од четата на Константин Дробенов (Динката) од с. Трлис, Неврокопско, поранешен четник на Сандански, но потоа преминал на страната на неговите противници. (А. Г. Пелтеков, исто, 285-286.)

[81] Сандански кажува дека со четата од 16 души заминал некаде околу 6-ти април 1902 година (нов стил). „Поминавме кај селото Дометево над Бараково.., и стасавме во Делвино“. (*Движението отсамъ Вардара*..., 24.)

[82] Сава Јосифов Михајлов (25.12.1877, с. Мачуково, Гевгелиско – 1.3.1905, с. Смол, Гевгелиско). Војвода и учител. Во 1895 година стапува во ТМОРО. Учителствува во Кавадарци, Неготино, Гевгелија и Горна Џумаја. Учествува во грабнувањето на мис Стон. Заплашен со апсење, кон крајот на 1901 преминува во илегалност и се вклучува во четата на Јане Сандански и Христо Чернопеев. Војвода на чета во родниот крај за време на Илинденското востание. Заедно со Аргир Манасиев, организирале диверзија на железничкиот мост на Вардар крај Гевгелија. По Востанието, извесно време поминува во Бугарија. Во почетокот на 1905 година се враќа и пристапува во четата на Апостол Петков. Истата година се самоубива во судир со турска потера, како резултат на предавство. (В. Ачкоска, Н. Жежов, *Предавствата*..., 133–135.)

[83] Георги Скрижевски (Г. Иванов Радев) (28.3.1882, с. Скрижево, Драмско – 26.2.1925, Свиленград), учител и војвода. Завршува бугарско училиште во Сер (1896). Учителствува во селата Горни Порој, Горни Брод и Скрижево. Од 1902 година е нелегален и четникува во четите на Д. Гуштанов и И. Кр-

жово, Драмско), учител со средно образование; Петар Милев, од с. Косач (Радомирско), со завршен 6-ти клас гимназија во Софија, Ѓорги Баждарев, со завршена гимназија и тогаш учител внатре во Македонија, а сега студент во Високата школа; Андреја Казепов, од Ресенско, со завршена гимназија; Спиро Петров[84] од Прилеп, се занимавал со трговија, убиен есента во Пирин (на 4 септември во борба при Куклите на Пирин), чудесен песнопоец и др. И сите други имаа завршено по два-три класа гимназија."[85]

Така, во четата на Сандански се нашле интелигентни, предани и образовани млади борци.[86] Но, ваквите борци не случајно

---

човалијата. Во 1903 е во четата на Гоце Делчев и учествува во акцијата кај реката Ангиста. Станува секретар во четата на Сандански и учествува во Илинденското востание. Во 1904–1908 е разлошки војвода. Делегат е на трите конгреси на Серскиот револуционерен округ (јули 1905, каде што е избран за член на ОРК, 1906 и 1907) Со одредот на Ј. Сандански го поткрепува Младотурскиот преврат во походот кон Цариград. Еден е од основачите на НФП во Солун. Учествува во Балканските војни. По 1919 се населува во Свиленград. Убиен е од член на ВМРО, по наредба на Иван Михајлов. (А. Динев, *Политичките убиства во Бугарија,* Скопје 1951, 291–292; Т. Тодоровски, исто, 275; А. Г. Пелтеков, исто, 419–420).

[84] Спиро Петров (Спиро Пејачот) (20.10.1870, Прилеп – 4.9.1903, месност Куклите, Пирин, Мелничко), револуционер и војвода. Трговец во Софија. Учествува во четничката акција на ВМОК, а потоа се приклучува кон ТМОРО. Од 1901 е четник во четата на Јане Сандански и учествува во грабнувањето на американската мисионерка мис Стон. На Конгресот на Серскиот револуционерен округ бил определен за војвода во Мелничко и како таков зема учество во Илинденското востание. Во најкритичниот момент, тој мајсторски пеел и ги охрабрувал другарите. Во август 1903, заедно со четата на К. Настев, пренесува оружје од Банско за Мелничко. Четите биле опколени од турска војска и во борба под врвот Куклите на Пирин Планина, загинува заедно со уште 12 четници. (G. Баждаров, исто, 41; С. Ковиловски, исто, 195; А. Г. Пелтеков, исто, 349.)

[85] *Движението отсамъ Вардара...*, 24.

[86] За составот на четата на Сандански, Баждаров запишал: „За два и пол месеци, поминати со Сандански, освен него, се сеќавам дека во четата му беа Петар Милев од Радомирско, за него веќе сум спомнал, Спиро Петров од Прилеп, којшто си ја напуштил бакалницата за да му служи на делото, Ангел Војничето од Дебарско, после прислужник во Универзитетот, Георги Иванов Скрижовски од с. Скрижово, Захненско, со кого што се познававме уште како ученици во Сер; Христо Млаѕов Лисненски од Дупница, спомнати веќе порано од Разлошката чета. Млаѕов Лисненски и Ангел Војничето не можеа да го издржат нелегалниот живот и се вратија уште пред јас да се оддела за мојата чета. Најголеми спомени ми остави Спиро Петров, убав маж со убава голема брада, со пријатен и силен глас, тој ни беше песнопоецот. Спиро Петров загина јуначки на Пирин, ... во борба со Турците за време на востанието". (Г. Баждаров, исто, 41.)

се нашле кај него. Тој со неговата посветеност на борбата веќе силно ги привлекувал вистинските борци, луѓето од ум и акција. Населението од тие гранични подрачја на Македонија, изложено на вкрстениот оган од врховистичките чети и турските потери, можело многу подобро одошто оние во внатрешноста на земјата да го сфати Сандански како што и тој ги сфаќал тие луѓе.[87]



Четата на Јане Сандански

Облечени и опремени како комити, доцна во ноќта, излегле од градот и тргнале по ридовите кон Рила. Во Рила остануваат еден ден, скриени во женскиот манастир, за да не бидат откриени. Следната ноќ зачекориле на планината, но не можеле да ја минат границата, па затоа уште еден ден поминале на бугарска територија, на Рила Планина. Нивни курир бил Стоил Просека (од Делвино, над Џумаја), којшто порано, пред да биде формирана револуционерната организација во Македонија, се занимавал со нелегална трговија и многу добро ги познавал граничните пунктови. Третата ноќ ја преминале границата над Горна Џумаја газејќи низ реката Бистрица. При минувањето на границата се распрснале во разредена верига, а не во колона еден по друг, за да не остават патека, но и поради подобра одбрана доколку бидат откриени и нападнати од турските сили. Баждаров бил силно возбуден на тој неизвесен и тежок пат: „Срцето ми биеше при минувањето на границата. Стигнавме во с. Марулево, Горноџумајско и нè сместија да денуваме во една плевна, низ чии дупки ја гледавме Горна Џумаја.“[88]

Но, во Горноџумајско требало да се пазат не само од Турците, туку и од врховистите. За борбата против врховистите во тој

---

[87] М. Пандевски, *Јане Сандански,* Битола 1988, 26–27.

[88] Г. Баждаров, исто, 36.

период, Сандански наведува дека била доста сериозна. Во нивната агитација сред месното население им се претставувала целта на Организацијата и за што таа се подготвува. Од друга страна, се негирале раширените невистини околу тоа дека Организацијата е против востание и се објаснувало дека Востанието треба да биде добро подготвено, а не избрзано како што сакале врховистите. Така, низ пропагандата им се разјаснувале разликите помеѓу внатрешните сили и врховистите, односно дека тие се луѓе на дворецот, дека сакаат да ги земат во свои раце нишките на Организацијата, за да можат да си играат како сакаат со ослободителното дело.

„Со нивното Востание што го пропагираа, ... сакаат првин да нè дезорганизираат и, второ, тие како офицери, зборувале дека веднаш ќе кренат востание, сакаат по секоја цена да го кренат Востанието... Велевме дека, според наше разбирање, Востание може да се крева само ако сите се подготвени, без да се надеваат на надворешни ветувања, дека треба првин да се увериме дека сиот народ е подготвен. Сето тоа треба да се организира и кога ќе се види дека сме достатно силни, тогаш може да се решава за востание. А оние, врховистите, постапуваат инаку, – велат, вие само востанете, па оттаму доаѓа Русија, оттука доаѓа Бугарија. А вие, кога ќе видите дека сте излажани, наскоро ќе потклекнете. Им објаснувавме дека тоа прашање не е бугарско прашање туку европско прашање, и дека Бугарија и да сака не може да го решава сама. Ние мораме да го поставиме на меѓународен план итн.“[89]

Во с. Марулево (Маралево) вечерта пристигнал раководителот на комитетот во Горна Џумаја, Сава Михајлов, којшто веќе бил полулегален. Зборувале долго со Јане Сандански за состојбите околу Организацијата во градот и околијата. Според Баждаров, од Марулево четата заминува во Делвино и Хрсово,[90] додека Сандански наведува дека најпрво биле во Делвино, а потоа во Хрсово и Марулево. Посакале да одат во Градево, но, тамошниот раководител не им пратил курир под влијание на врховистичката чета. Во Градево се наоѓала врховистичката чета на „капетан Стојанов со околу 18 души“, а му се придружил и „капетан Георги со четата“. Поради присуството на врховистичките чети, раководителот сакал да го избегне доаѓањето на организациони чети, плашејќи се од евентуален судир во кој би можело да настрада и селото. Истовремено поставиле и заседа. Во Марулево дури се обиделе да ги

---

[89] *Движението отсамъ Вардара*..., 24–25.
[90] Г. Баждаров, исто, 36.

отрујат. Претчувствувајќи дека има заседа во Градево, Сандански решил да го заобиколи ова село и да одат во Разлог.[91] Така, решиле да поведат агитација отаде Кресна, откако ја приклучиле и Разлошката чета.

На патот кон Разлог, низ планината, водач им бил Миле Бизев[92] од Банско, четник, кој овојпат ги помешал патеките поради длабокиот снег и густата магла. Откако загубиле околу три часа во напразно лутање со тежок товар – пушки, патрони, најпосле го пронашле патот кон Разлог. Првото село, во кое влегле таму, било Недоборско во Источна Македонија.[93] Таму не продрела агитацијата на врховистите, така што им било објаснето како и за што агитираат врховистите. Во Недоборско останале два дни, се одмориле, ја исушиле облеката и се нахраниле.

Од Недоборско патот ги одвел на кус престој во селото Годлево, каде што одржале собир со селаните и им зборувале за Организацијата. Пред да заминат за Банско, натерале едно момче, Миле, да им пише на раководителите во Недоборско и Годлево кои се сомневале дека четата е врховистичка. Кога дошле во Годлево, пристигнала и месната чета од Банско, евентуално да ги попречи доколку се покаже дека навистина се врховисти.[94]

Движењето им било напорно и тешко, по ситен дожд и темна ноќ, низ непроодни места и надојдени реки. На одделни премини одвај живи излегувале на другиот крај. Патот особено

---

[91] *Движението отсамъ Вардара...*, 25.

[92] Миле Димитров Бизев (1878, Банско – 1905, /1906/ Банско), деец на Македонското ослободително движење. Учител. Завршува протестантско училиште во Банско и гимназија во Ловеч. Учителствува во Банско, а подоцна се занимава со трговија на ситно. Во 1896 година пристапува кон ТМОРО и заедно со Симеон Молеров основаат револуционерни комитети во околните села, односно во Мехомија. Учествува во грабнувањето на мис Стон (1901). За време на Илинденското востание, учествува во акции за пренесување оружје од Бугарија за Организацијата во Серскиот револуционерен округ. (А. Г. Пелтеков, исто, 47; В. Ѓорѓиев, *Слобода или Смрт, Македонското националноослободително дело во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година,* Скопје 2003, 376.)

[93] За тоа искуство, Баждаров запишал: „Лебот ни заврши. Огладневме. Осеново беше турско село и не можевме да земеме оттаму храна. Ги собиравме трошките по ранците, за да се поткрепиме. Сувите трошкички се топеа како шеќер во нашите усти. Нозете одвај нè држеа. Носевме и по малку шеќер и етер сулфурикум – балсамо по бродски, па при голем замор стававме на шеќерчето од балсамото и го голтавме. Но, и шеќерчињата завршија“. (Г. Баждаров, исто, 37.)

[94] *Движението отсамъ Вардара...*, 26.

тежок бил за Баждаров, кој имал проблеми со видот, па ноќно време, во мракот, ништо не гледал.[95]

„Да умреш од куршум, тоа разбиравме, со тоа се бевме помириле уште кога тргнавме да го вознемириме сонот на султанот, но да загинеш од паѓање во трап – срамно.“ Баждаров негодувал во душата, зошто ги водат по такви „трапишта“, па макар и побезбедни од турските заседи. Стократно претпочитал да ги прифати сите ризици по патот, отколку безбедноста по тие криви патеки, по кои „или вратот ќе си го скршиш, или ќе се удавиш!“

По напорниот и тежок пат, четата се приближила кон Банско. Селото (денес град) било заобиколено со градини, оградени со тараби. Бидејќи во местото бил сместен турски аскер, морале тајно да се прикрадуваат, прескокнувајќи ги оградите на градините. Во кал, накиснат, со тешки алишта од влагата, уморен од ноќното патување, Баждаров со последни сили ги прескокнувал тарабите додека најпосле се прибрале на суво и топло прибежиште. Банско имало „убави куќи, здрави, камени“, а населението било „патриотско, смело, борбено“. Иако во него постојано престојувал аскер, четата можела со месеци да се движи внатре од куќа во куќа. Тука ниту еден не се пројавил како предавник и само случајно откривање при движењето на четниците можело да доведе до престрелки со војската. Македонското население во Банско се делело само по вера. Помал дел биле протестанти, а повеќето православни, но и едните, и другите, биле, верни и предани членови на Организацијата.[96] Во Банско ја пресретнале месната чета со нејзиниот два-

[95] „Разлошкото поле и така е влажно, а кога лее дожд, целото под вода и кал се шлапа. Лееше тих кроток дожд. Ноќта беше темна како рог“, се сеќава Баждаров. „Често се лизгав и паѓав. Целиот бев во кал. На едно место, во еден трап, така лошо паднав, што ременот од пушката ми се изврти од рамото и таа летна настрана. Со пипање требаше да ја најдам... Стигнавме до една длабока долина. Реката беше надошла. Можеше да се мине само по една долга тесна штица – тоа беше мост. Кон средината, штицата се привива како пружина и мрда. А долу страшно бучи. Едно подлизнување, едно мало губење на рамнотежата и бум долу, мртов, се разбира, зашто коритото на реката е скали. Страшно!... Не се осмелив прв да минам по штицата-мост. Макар и мокра, со клечење и влечење исползив на другиот крај. Почувствував големо олеснување откако ја поминав таа провалија.“ (Г. Баждаров, исто, 37.)

[96] Во своите *Ајдучки копнежи*, Пејо Јаворов запишал дека Банско има околу четири до пет илјади жители, од кои голем дел протестанти. „Гледајќи ги последниве, јас би го крстил град; гледајќи ги православните – село. Протестантите се граѓани и по масовната интелигенција, и по домашниот живот, и по надворешното однесување. Нема меѓу нив неписмени ако почнете од по-

есетгодишен војвода Иван Вапцаров.[97] „Интелигентен младич, со шесткласно образование, доста начитан, буен и смел, тој ја водеше добро својата мала дружина, во која беа Г'лбата, Маминото – така го нарекуваа, оти беше најмладиот четник, 18-годишен, Димитар Захов и др.“[98]

Скоро кон четата пристапил и учителот Андреј Казепов, некогашен школски другар на Баждаров. И двајцата поранешни сокласници биле изненадени од средбата во Банско, бидејќи не се надевале дека ќе се сретнат како комити.[99]

Раководител на револуционерниот комитет во Банско, кое било центар на ТМОРО во Разлог, бил Димитар (Минго) Лаза-

---

старите, вклучувајќи ги и жените... Православниот си останал селанец како неговиот татко и дедо... Како членови на Организацијата, протестантите, пак се разликуваат од православните по ревност и кадарност“. (П. Яворов, “Хайдушки копнения“, *Проза, том 2, съчиненияв седем тома,* София 2011, 159-160.)

[97] Иван (Јонко) Вапцаров (Иван Николов Проданичин) (1880, Банско – 17.1.1939, Софија), војвода. Татко на поетот Никола Вапцаров (со кого ќе дојде во конфликт). Се вклучува во ТМОРО уште од младешките години. Се дружи со Гоце Делчев и со Пејо Јаворов. Учествува во аферата „Мис Стон“. Секретар на РК во Банско, а од 1902 е војвода на чета во Разлошко. Зема активно учество во ослободувањето на родниот крај од турската власт. Во мај 1905 година е затворен и лежи во Солунскиот затвор сè до Младотурскиот преврат. За време на Балканските војни, дејствува со чета во тилот на Турците и помага во ослободувањето на Разлошко. По Првата светска војна, учествува во возобновувањето на ВМРО. Во неговата идејна трансформација од некогашен сподвижник на Г. Делчев и Ј. Сандански, станува близок со бугарскиот двор и личен довереник на Фердинанд и Борис. По расцепот на Организацијата во 1928 година, влегол во конфликт со Иван Михајлов поради што е малтретиран од неговите приврзаници. Емигрира во Њујорк, но се враќа во Бугарија во 1933 г. Бил киднапиран од чета на И. Михајлов, но потоа ослободен по интервенција на бугарскиот двор. (С. Ковиловски, *Македонија, кратка енциклопедија революционери,* ... 38-39; А. Г. Пелтеков, исто, 65-66; Т. Тодоровски, исто, 51-52.)

[98] Г. Баждаров, исто, 38.

[99] Откако ја завршиле гимназијата, Андреј Казепов бил назначен за учител во Струмица и таму ја поминал учебната 1900/1901 г. Бидејќи сомнителен, за следната учебна година добил учителско место во Банско. Но, поради некаква афера во Струмичко, било вмешано и неговото име. Власта дознала дека е во Банско, но Организацијата навреме го известила да се затскрие. Така влегол во четата на И. Вапцаров и дошло до средбата помеѓу двајцата школски другари. (Г. Баждаров, исто, 38.) „Пропуштив да споменам, запишал Баждаров, дека кога тргнавме од Банско, ја зедовме со нас и Разлошката чета со Иван Вапцаров и мојот другар од ученичтвото А. Казепов, кој после остана во четата на Јане Сандански.“ (Исто, 39.)

ров.[100] Мехомија била околиски центар. Таму се наоѓало седиштето на кајмакамот, бидејќи половината жители биле муслимани - Помаци и малку Турци. Сепак, Околискиот револуционерен комитет се наоѓал во Банско и тоа „тајно месно правителство“ било поавторитетно и работело повеќе од турската легална власт.[101]

Откако се снабдуваат со потребните работи, Сандански ја повикал Неврокопската чета предводена од Атанас Тешовалијата, а чиј секретар бил Христо Куслев.[102] „Ја зедов и Банската чета и испратив курир во Влахи да дојде човек да нѐ подземе за да одиме во селото. Одговорија дека не можат да ни откажат, но таму поблиску биле врховистичките чети, па можело да стане судир и да им настрада селото. Покрај сето, тоа јас решив да одиме во Влахи. Тргнавме токму на 24 април.“[103]

По одлуката на Сандански, на празникот Ѓурѓовден, четата го напушта Банско и пак се спушта по долината на Струма. Движењето било напорно, по мраз и неразгазен снег, сѐ нагоре, до врвот Ел Тепе,[104] а потоа од врвот надолу. Најголемиот напор за

---

[100] Димитар Лазаров (Минго или Миндо) (1876, Банско, Мехомија – 1952, Софија), деец на македонското ослободително движење. Бил раководител на ТМОРО во Банско („интелигентен и смел млад човек“ како што го оценува Баждаров), а потоа и претседател на Мехомискиот реонски комитет. Учествува на Конгресот на Серскиот револуционерен округ и е активен во востанието против турската власт во 1903 година. Во месноста Суходол над Банско, неговата чета ја водела последната битка со турскиот аскер, при што востаниците не дале ниту една жртва наспроти загинатите од другата страна. Учествува во Првата балканска војна како командант на чета. Токму затоа Симеон Радев го опишал како „храбар и одличен организатор“, „стар деец на македоно-одринското ослободително движење“. (Г. Баждаров, исто, 38, 67; С. Радев, *Това, което видях од Балканската война,* София 1993, 29-30; Х. Силянов, *Освободителните борби на Македония*, т. 1, София, 1933, 340, 344-346; В. Ѓорѓиев, *Слобода или смрт,* ..., 230, 372-3, 377, 518, 525).

[101] Г. Баждаров, исто, 38.

[102] Христо Куслев (18.3.1877, Кукуш – 19.9.1943, Подгорица, Црна Гора), војвода и учител. Завршил бугарска гимназија во Солун (1900) каде што се приклучува кон ТМОРО. Учителствува на повеќе места, а во ноември 1901 година е принуден да премине во илегалност. Од почетокот на 1902 година станува секретар на четата на неврокопскиот војвода А. Тешовалијата. Подоцна се префрла во Бугарија и во јануари 1903 година влегува во Македонија заедно со Г. Делчев. За време на Илинденското востание се бори во Струмичко. По неуспехот на Востанието, заминува за Виена, каде што завршува стоматологија (1907). Се населува во Подгорица и работи како заболекар. (*Движението отсамъ Вардара..., спомени на Христо Куслев,...*, 103-108; Г. Баждаров, исто, 57, 165; С. Ковиловски, 134; А. Г. Пелтеков, 239-240.)

[103] *Движението отсамъ Вардара... спомени...*, 26.

[104] Ел тепе, денешниот врв Вихрен.

Баждаров претставувало искачувањето на седлото, под самиот врв на Ел Тепе, од чија лева страна се слегувало кон Влахи. И покрај силниот ветер, успеале да се искачат, при што слегувањето било полесно, со лизгање по замрзнатиот снег. Така, сите живи и здрави стигнале од врвот долу. [105]

По тричасовно патување надолу по Влашка Река, односно реката, којашто води кон с. Влахи, стигнале до еден чарк – односно пилана за сечење штици, каде што се одмориле и се нахраниле. Продолжувајќи го патот по дополнителни три часа марш, дошле до првите колиби на Влахи, село кое било распрснато низ ритчињата – „тука неколку колиби, на другиот рид неколку и така натаму". Најмногу куќи се наоѓале сред село, каде што биле црквата и училиштето. Јане Сандански потекнува од Влахи, но уште додека бил мал, се преселиле во Дупница, каде што и одраснал.[106]

Откако ги распоредил момчињата во пет куќи, Сандански го повикал на разговор кај себе раководителот Никола Тошков: „Утрината со него ја преместивме четата во едно друго маало, во куќата на Стојмен Марушино. Другата вечер ги собравме сите луѓе, им зборувавме, им објаснувавме. Им кажувале дека јас сум отишол со парите од Мис Стон во Европа, во Будимпешта и др. И тие се воодушевија што ме гледаат."[107]

Во Влахи останале 3-4 дни и оттаму продолжиле со тешки ноќни маршеви, минувајќи по ред низ селата Сенокос, Србиново, Мечкул, Оштава и Кресна. Во селото Оштава, исто така, свикале собрание, храбрејќи ги и подучувајќи ги селаните да не потклекнуваат на врховистите кои ќе ги изгорат, ќе си заминат во Бугарија и ќе ги остават да страдаат, на милост и немилост на османлиската одмазда.

Во селото Сенокос дошол и раководителот Мицо Чакалски, со завршен втори клас, кој се занимавал со трговија. Меѓу другото, Чакалски добро ја сфатил разликата меѓу ТМОРО и врховистите и не верувал во нивната агитација. Благодарејќи на неговата свест, Сенокос не паднало под влијание на врховистичката пропаганда.[108]

Минувањето низ непроодните патеки со четата на Сандански, за Баждаров претставувало голем напор. Кога, одвреме нав-

---

[105] Г. Баждаров, исто.

[106] *Движението отсамъ Вардара...*, 11.

[107] Исто, 26-27.

[108] *Движението отсамъ Вардара...*, 27.

реме, седнувале на починка, Баждаров кажува дека бил толку изморен што заспивал на самото место, па ги молел другарите да го разбудат кога го продолжувале патот, за да не остане таму каде што седнал. Понекогаш и одејќи дремел. Поради кусогледоста, тој и така често паѓал, а при напорниот терен паѓајќи си ги повредувал прстите.[109]

Дополнителен проблем во тој четнички живот биле вошките. Во тоа време селаните во Горноџумајско многу слабо ја одржувале хигиената. Живееле во нечисти колиби, лошо облечени. „Вошките лазеле по пепелта на огништето и правеле бразди". Така, четата се наполнила со вошки. Палтото кое го носел Баждаров, влакнесто според тогашната мода, се напонило со паразити и станало нивни непресушен извор и, како што самиот кажува, вошките му ја испиле крвта и станал блед. Покрај тоа, не сакале да бараат многу од селаните, сакајќи да ја стекнат нивната доверба, така што исхраната им била доста слаба.[110]

Во двомесечното четникување кај војводата Јане Сандански, Баждаров бил сведок на агитаторските слова што ги држел Сандански во секое село и кои биле насочени главно против врховистите. Темата била речиси насекаде иста – дека треба да се надеваат на сопствени сили, да не чекаат ослободување ниту од Русија, ниту од Бугарија. Понатаму, да не ги примаат офицерите кои доаѓаат бидејќи по направените провокации тие ќе си се вратат назад, дека Фердинанд работи само за својата круна и династија, а не за нивното ослободување: „Во тој дух говореше. Неговиот глас, грлен и ѕвонлив, одекнуваше во темнината... Селаните, наседнати на земјата, молчат и слушаат, за по неколку вечери, а можеби истата вечер да ги пречекаат врховистичките агитатори, коишто на ист начин ќе ги дочекаат, ќе ги нахранат, ќе ги ислушаат и ќе ги испратат. И пак во душите ќе настапи мрак..."

---

[109] Во подножјето на Пирин, месноста „е многу пресечена: слегуваш надолу, се качуваш нагоре, пак нагоре, пак надолу, многу пати така. Ги прашуваш куририте – блиску ли е веќе селото кон кое одиме, ти одговараат, тука е, уште два часа, уште малку! Какво ти малку! Врвиме не два, а два по два часа и пак не сме стигнале. Уште половина час, велат, многу долги се покажаа часовите. За тоа се смеевме." (Г. Баждаров, исто, 38-39.)

[110] „Не се хранeвме добро. Требаше да не бараме многу, па со тоа да ја спечалиме приврзаноста на селаните", вели Баждаров. Обично се хранеле со многу ретка чорба од грав, со некое тврдо и посно, „како камен биено сирење". Затоа биле принудени, одвреме навреме со пари од четата да си купуваат месо или сланина. „Сандански носеше за секој случај малку од мис-стонките". (Г. Баждаров, исто, 39.)

Низ маршрутата во Горноџумајско, стигнале и во Кресна, каде што останале неколку денови. Тука раководител бил Андреја Мицов, кој, како и Мицо Чакалски од Оштава, не потклекнал на врховистите. [111]

Раскажувајќи спомени од својот четнички живот, Баждаров посебно ги истакнува убавите мигови кои ги поминале во Кресна. Таму селаните ги примиле многу добро. Разловци и Кресна имале добри врски поради трговијата со вино. Прочуеното кресненско вино се испивало главно во Банско, кога минувало низ винарскиот пат низ Пирин Планина. Кресненчани ја нагостиле четата со нивното вино. Откако вечерале, редот за дежурство („часовој“) му паднал на Баждаров: „Можеби и кресненското винце имаше дел во моето поетско настроение во таа убава вечер. Тоа беше еден од ретките случаи, кога дежурството на часовој не ми беше мачно и определените два часа минаа неусетно и пријатно.“[112]

По Кресна се упатиле во с. Мечково, кое било веќе зафатено од влијанието на врховистите: „Раководителот на Организацијата, Кипре, беше избегал со врховистите, бидејќи злоупотребил пари, околу 26 лири, и затоа се беше одметнал од Организацијата, оти во спротивно требаше или да ги врати парите или да биде казнет.“[113]

И покрај неповолната ситуација, сепак, Сандански ги свикал селаните од Мечково и се обидел да ги разубеди да се откажат од врховистите. Потоа пак се вратиле во Сенокос, каде што добиле известување дека врховистичката чета со капетан Јурдан Стојанов[114] била во Србиново.

---

[111] *Движението отсамъ Вардара...,* 27.

[112] Таа вечер крај реката Струма, Баждаров ги доживеал на посебен начин и полната месечина и јасното небо: „Зад мене се возвишуваат врвовите на Пирин, оковани во сребро. Под мене долу бучи и клокоти Струма како блескава лента од одразот на месечевата светлина. Го слушав шепотот на штотуку разлистената горичка, потоната во мрак меѓу скалите каде што стоев и реката. А на средината како грамадна стена се простираа Малешевските Планини. Ѕвездите на небото пак треперат, светкаат, како кандилца, нишани од слабо ветре. Боже мој, си реков, колку е убав светот и колку многу има зло во него...“ (Г. Баждаров, исто, 40.)

[113] *Движението отсамъ Вардара...,* 27.

[114] Јурдан Стојанов, капетан од бугарската армија, бил еден од најпреданите соработници на ген. И. Цончев. Почнувајќи од 1902 година, со чета повеќепати упаѓал во граничните реони на Серскиот револуционерен округ. „Неговата животна цел била физички да го ликвидира Јанета Сандански“. (М. Пандевски, *Јане Сандански,* Битола 1988, 35.)

Сандански се обидел да воспостави контакт со Стојанов за да свикаат заеднички јавен собир пред селаните, но бил грубо одбиен. Така решил да влезе со четата во Србиново, каде што ги распределил момчињата во едно маало, по четири во една куќа. Селото се приклонило кон врховистите, а раководителот исто така избегал бидејќи имал нечисти сметки:


Врховистичкиот војвода Јурдан Стојанов

„Ги собравме и тука селаните. Тие веднаш дојдоа вооружени. Јас им зборував. Некои ми одговорија: „Нѐ зедоа на душа; Павле – раководителот и попот (поп Најден) ќе нѐ убијат оти доаѓаме кај тебе. Стојанов им говорел дури: 'Ами зошто е тој аскер, оти не го повикате да ги прогони нив'?“[115]

Како најинтересна епизода од престојот во Србиново, каде што останале речиси 11 дена, било обезоружувањето на поп Најден, кој бил приклонет кон врховистите. Инаку, бил најинтелигентниот свештеник во околијата и многу влијателен, така што селаните го слушале, а бил почитуван и во градот. Тој бил столбот на врховизмот во Горноџумајско, така што донеле одлука да го заплашат. Иван Вапцаров, кој го познавал добро селото како и куќата на попот, заедно со уште еден четник, успеале да го фатат:

„Го фатија и го натераа да им ја предаде пушката - куса манлихера. За да нѐ стрела поп Најден, Вапцаров се досетил да грабне едно од децата в раце и го држеше пред себе. Попот излезе разумен. Сандански му отчита едно коњско евангелие. Го заплаши дека ако продолжува да агитира против Внатрешната организација и да го поддржува врховизмот, ќе добие полоша казна, најлоша смрт. Инает и бестрашен излезе дедо поп. Се пресели во Горна Џумаја, но си остана врховист докрај.“[116]

Во почетокот на јуни (стар стил), четата на Јане Сандански навлегла во „вистинското“ Мелничко. Иако Кресна спаѓала во Мелничката кааза, сепак топографски повеќе гравитирала кон Горна Џумаја. На овој терен, четата на Сандански ги посетила селата Дебрене, Горна Сушица, Катина и други.

[115] *Движението отсамъ Вардара...*, 28.
[116] Г. Баждаров, исто, 39–40.

Во селото Катина Баждаров се одделил од четата на Сандански и тргнал, воден од курири, за Демирхисарско, во четата на дедо Илија. На земјиштето на Катина, меѓу Катина и Храсна, се сретнал со Димитар Гуштанов.[117] Во пролетта 1902 година, Димитар Гуштанов и Лука Поп Теофилов,[118] двајцата учители во Серското педагошко училиште, и Атанас Г. Ников, книжар во Сер, тројцата членови на Окружниот комитет, биле предадени и принудени да се тргнат од очите на османлиските власти:[119]

---

[117] Димитар Гуштанов (1876, с. Крушево, Демирхисарско – 21 април/4 мај 1903, с. Баница, Серско), револуционер и војвода. Образованието го стекнал во родното село, педагошко училиште во Сер и Духовна семинарија во Самоков. Извесно време учителствува во с. Старчишта, Неврокопско (од каде што потекнува неговиот татко). Потоа завршува право во Лозана, Швајцарија (1898). Учителствува во Сер и во повеќе други места во Македонија. Бил член на ОРК во Сер. Во 1902 година е назначен за директор во Серското педагошко училиште. Осомничен од страна на турските власти преминува во нелегалност, вклучувајќи се во четата на Михаил Чаков. Делчев го определил за инспектор на четите на ТМОРО во Серскиот револуционерен округ. Од 1903 година станува драмски војвода. Заедно со Делчев, Сандански и Јаворов донесуваат решение дека Серскиот револуционерен округ не е подготвен за востание. Учествува во атентатот на тунелот и мостот на реката Ангиста, на железничката пруга Солун–Цариград. Загинува во борба со турската војска во с. Баница заедно со Гоце Делчев. (Ил. *ИлинденY,*София 1943, г. XIV, к.3 (133), 89; Х.А. Полјански, *Гоце Делчев и неговото време,* Скопје 1971, 236, 245-246, 248-249; Г. Баждаров, исто, 165.)

[118] Лука Поп Теофилов (Л. П. Николов – Меличин) (25.6.1865, с. Белица, Разлошко – 20.10.1912, ?), деец на македонското ослободително движење. Завршува бугарска гимназија во Солун. Првиот член на МРО во Разлошко. Учителствува во Сер, Банско, Неврокоп, Мелник и на други места. Насекаде каде што учителствува бил раководител на месните комитети на ТМОРО. Во 1902–1903 работи во Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија. За време на Илинденското востание го организира снабдувањето на четите на Рила со оружје и муниција. По крахот на Востанието, учителствува во неколку градови. Заради револуционерна активност, бил уапсен и лежел во затворот „Еди Куле“ во Солун. На почетокот на Балканските војни заминува кон Софија за да се вклучи во Македоно-одринското доброволство, но бил фатен и исчезнува без траги. (Г. Баждаров, исто, 40; А. Г. Пелтеков, 380). Според други податоци, загинал во несреќен случај кај Созопол во 1911 г. (С. Ковиловски, исто, 209.)

[119] Во 1902 година, власта дознала за учеството на А. Г. Ников, Д. Гуштанов и др. во револуционерната организација, но тие успеале да побегнат. Ников избегал во Бугарија, а Гуштанов останал нелегален внатре. По амнестијата во 1904 година, Ников се враќа во Сер. Но, на 17 октомври 1906 година бил убиен од грчки терористи заедно со внукот од брат Христо, во моментот кога излегувале од дома за чаршијата. Тој живеел во Грчкото маало, а и дуќанот му бил сред Грци. Два пати порано грчки терористи пукале во него, но

„Атанас Ников и Лука Поп Теофилов по канал стигнале безбедно во Бугарија, а Димитар Гуштанов, млад, здрав во тело и дух, пргав, останал нелегален и беше тргнал да врши ревизија на околиите во округот. Така дојде до нашата средба. Поминавме ден заедно; тој ми расправаше за работите по нас, а пак јас за тоа што знаев во Бугарија и за нашата обиколка со Јане Сандански, и вечерта секој си тргна по својот пат.“[120]

Преку Храсна, Белово, Голешово, Баждаров пристига на Али Ботуш[121] каде ја пронашол четата на дедо Илија Крчовалијата.

## Секретар во четата на дедо Илија Крчовалијата

Четата на Демирхисарската околија, во која Георги Баждаров бил назначен за секретар, била најстарата чета во Серскиот револуционерен округ.[122] Во неа се наоѓале: војводата дедо Илија Крчовалијата, Георги Чалков, Стојан Гаџов, Георги Башлијата – четворицата од селото Крчово, Демирхисарско, Георги Спанчовалијата од с. Спанчово, Мелничко и Димитар Катиналијата од с. Катино, Мелничко. Од Демирхисарската чета, како јадро, се изродиле двете неврокопски чети и Серската чета.

За другарите во четата, Баждаров кажува дека, главно, биле неуки, но целосно предадени на револуционерното дело. Војводата дедо Илија Крчовалијата бил мошне искусен – „старо горско пиле“, учесник во Кресненското востание во четата на Стојан војвода од Старчишта (1878) и учесник во настаните организирани од Македонскиот комитет во 1895 година. Извесно време се движел со арамиските чети на Дончо и Муструкот. Во 1897 во Софија се запознал со Гоце Делчев:

„Големиот и вдахновен апостол на македонската револуција го истргнал стариот комита од таборот на ајдутите и направи од него народен деец. Истата 1897 година, кога Гоце го заплени за пари Гркот од Шилинос, Захненско[123], другари му беа дедо Илија

---

третиот пат смртно го погодиле. Оставил жена, малолетен син и ќерка. (Г. Баждаров, *Горно Броди,* 69).

[120] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 40.

[121] Али Ботуш, гранична планина помеѓу Бугарија и Грција. Во 1951 година била преименувана во Славјанка. Највисок врв е Гоцев Врв (2212 m).

[122] Г. Баждаров, *Горно Броди,* 71–72.

[123] Станува збор за една од акциите на Гоце Делчев, преземена со цел да се соберат средства за ТМОРО преку барање откуп. Во септември 1898 година е -

Крчовалијата и Георги Радев од Горни Брод, подоцна војвода на Серската чета.“[124]

Следната 1898 година, Делчев ги испратил дедо Илија и Михаил Попето во Демирхисарско, на располагање на Серскиот окружен комитет како терористи.[125] Потоа, Михаил Попето заминал за Гевгелиско и Кукушко, а дедо Илија останува во Демирхисарско. Таму ги формирале и првите организациони чети, во 1899 година.[126] Баждаров со особена почит зборува за дедо Илија, кој поседувал многу особини потребни за еден војвода: физички здрав, со среден раст, силен, набиен, со широки плеќи, со огромна кондиција која му овозможувала да го издржи нелегалниот живот на неговата 50-годишна возраст, одличен стрелец. Бидејќи еден период поминал кај ајдутите, тој ги познавал и најскриените катчиња на Пирин Планина. Скриените горски патеки кои ги минал пред 20-ина години, ги погодувал и во темно. Според белези, што само тој ги знаел, откривал и нови патеки во тешко проодните планински места. Се ориентирал без компас во мрачни ноќи и магливи денови, низ гори и полиња, ги знаел опасните места, местата, каде што турските потери поставувале заседи, и ги избегнувал или доколку морале да поминат низ тие места преземал претходни разузнавачки мерки. Поради ваквите способности, уживал силен авторитет сред четниците:

„Како командно лице, имаше коректни односи и беше справедлив. Понекогаш избувнуваше и се скаруваше, кога ќе разбереше дека има нешто нередовно или кога се нервираше, но на-

---

грабнат грчкиот лихвар Димитраки од с. Шилинос. Тој е одведен во атарот на с. Крчово, Демирхисарско, а подоцна во пештерата Капе. Акцијата завршува со провала заради невнимание на стражарот, така што киднапираниот побегнал без да биде добиен откуп за него. (И. Иванов, „Моменти из живота на Гоце Делчев“, *Гоцев лист,* I/1 (1933), 12.)

124 Г. Баждаров, исто, 41.

125 Во почетокот на август 1898 година, една чета под војводството на дедо Илија Крчовалијата, во која учествувале Михаил Попето, Георги Радев и др., го префрлиле Пирин и низ селата Спанчово, Голешово и Крчово дошле до Лесково, корија на еден час растојание од Горни Брод. Еден курир го известил раководителот Иван Жилев во Горни Брод дека комитите се тука и треба да им испрати храна. На 6/19 август, четата влегла во селото, каде што најпрво со пукање ја заплашила турската патрола во конакот, а потоа во селската крчма го убиле Петар папа Василев-Шишкото и еден мудур кој дошол да му помогне. Петар бил исечен со штиковите на Миту Кукушлијата и Михаил Попето. Потоа четата повторно се повлекла кон падините на Пирин Планина. (Г. Баждаров, *Горно Броди,* 71.)

126 Г. Баждаров, *Горно Броди,* 69.

брзо се успокојуваше и повторно се воспоставуваа другарските односи. Не тераше инает, не беше злопамтило. Неграмотен, тој имаше природна интелигенција, која го правеше да биде почитуван и од интелигентните луѓе.“[127]

Со повеќето четници во четата на дедо Илија, Баждаров се познавал уште претходно, кога учителствувал во с. Крушево. Сите се поздравиле братски и со радост го дочекале учениот секретар, свесни дека со него се пополнува „една голема празнина во малата дружина“, дека во иднина ќе има кој да ја води кореспонденцијата, кој да ги свикува селаните на собранија, да врши меѓу нив агитација, да ги покрстува во Организацијата, да им објаснува нешто за политиката и за општиот развој на ослободителното дело. Понекогаш, во денови на безделништво, знаеле и меѓу себе да се спречкаат, но, „...на младиот секретар му претстои со нужен такт да служи и како спојка меѓу тие инаку одлични луѓе... „Даскале, што си е право, право е! Дајте ни нам заповед за казнување на некој престапник, некој предавник, за тоа сѐ бива, око не ни трепнува, но да им проповедаме на луѓето, не можеме, се сопнуваме, па и ние не знаеме повеќе од нив“, – ми кажуваше Димитар Катиналијата, левент, убав јунак и погледа кон кривата сабја, преметната на долг ремен преку вратот и под левата мишка.“[128]

Димитар Катиналијата и Георги Спанчовалијата, исто така „бележит јунак“, со нетрпение очекувале да им се даде работа, „т. е. да заколат некого“. Тие гледале кон Баждаров со мало сомнение во тој однос, бидејќи цела година, додека бил реонски раководител во Демирхисарско, не ѝ дал на четата таква работа. Но, и покрај тоа, се надевале дека сега, како нелегален, Баждаров нема да биде толку внимателен („да преде на тенко“):

Добри момчиња, тие сметаат дека самиот терор е моќно средство за издигање и пазење на авторитетот на Организацијата. Навистина, една тајна револуционерна организација без тоа не може да помине, но сѐ со мера и никаква смртна казна без достаточно причини и докази за престапот. Но тие се разумни и ќе се разбереме...[129]

Откако се прибрале на Али Ботуш, во боровата шума над крушевското поле, познати и мили места за Баждаров, тој преку крушевчанчето Ангел Шанков, кој дошол да бере дрва, испратил

---

[127] Г. Баждаров, *Моите спомени*, 42.

[128] Г. Баждаров, исто.

[129] Исто.

едно писменце до неговата свршеница Василка Михајлова, која сѐ уште учителствувала во Крушево. Таму се сретнал со некогашните другари на кои им објаснил, во општи црти, за тоа како стојат организационите работи во реонот. Другиот ден слегле во атарот на Крушево каде што Баждаров покрстил неколку членови во Организацијата, а оттаму ќе заминат за Крчовско.

Во меѓувреме, заедно со Димитар Катиналијата влегле во Крушево каде што постојано престојувал аскер. Благодарение на добрите курири останале незабележани од патролите. По разделбата од една година и два месеца, Баждаров во Крушево повторно се видел со раководителите и поистакнатите работници:

„Се сретнав и со мојата свршеница. Кога ме виде во комитски алишта, малку брадосан ..., таа се засмеа и долго се смееше. Добар впечаток ми направи дека беше весела, и покрај опасноста, на која бевме изложени. Таа не си отишла за време на распустот во Одрин, за да ме дочека мене.“

По средбата со Василка и заминувањето кон Крчовско, Баждаров планирал да ги посети постепено сите села во реонот. Сепак, во тој момент морал да го одложи планот. Сандански од Мелничко им испратил писмо во кое ги повикувал на помош, бидејќи таму се појавила врховистичка чета. Во атарот на с. Бељово, погранично на Мелничката и Демирхисарската околија, се сретнале со четата на Јане Сандански и со дел од Неврокопската чета, под војводството на Атанас Тешовалијата. Разбрале дека врховистичката чета, предводена од резервниот поручник Саракинов,[130] со помошници војводите Ангел Спанчовалијата и Тошо од Банско, се јавила во околината на соседното село Храсна. Така, заедно заминале во Храсна, каде што селаните им ветиле дека ќе ги информираат за движењето на врховистичката чета, но не го исполниле ветувањето:

„Офицерската униформа се покажа поголем аргумент од нашите слова и верата дека Бугарија ќе ги ослободи беше посилно од тоа коешто ние го проповедавме – да се потпреме на себеси пред сѐ, на својата издржливост во борбата, та ако ни дојде однекаде помош, добре дошла, но помош на Организацијата, а не со намера да биде преземена Организацијата.“[131]

---

[130] Христо Саракинов, воен деец, капетан. Роден во с. Саракиново, Воденско. За време на Горноџумајското востание – 1902 година и на Илинденско-преображенското востание – 1903 е војвода на чета и учествувал во судир со турските војски. (Белешки кон: Г. Баждаров, *Моиѿе сӣомени*, 165.)

[131] Г. Баждаров, исто, 43.

Вечерта, во Храсна кога поминувале крај една плевна со гумно, ги дочекале два истрела, но за среќа никој не бил повреден. Штом се замрачило, се вратиле во атарот на Бељово, чии жители биле целосно верни на Организацијата. Веројатно охрабрена, врховистичката чета, исто така дошла во Бељово. Испратените разузнавачи ја откриле во една шума недалеку од местото каде што престојувале четите на Организацијата. Била дадена наредба за напад, па и Баждаров бил испратен да напаѓа од еден правец:

„Започнаа пукотници. Во тој момент јас се наоѓав на една полјана сред местото на нападот. Гледав, ама ништо не видов, само пукотниците ги слушав. Очилата ми се намокриле од пот, а немав чиста крпа да ги избришам. Чувствував дека сум смешен комита. Се тешев со помислата дека не сум станал таков како бојна сила, туку за агитаторска работа.“[132]

По куса престрелка, четниците излегле на чистина, а Баждаров ги замолил да му раскажат подетално што се случувало, бидејќи ништо не видел. Врховистичката чета, скриена во еден зашумен дол, иако изненадена, сепак успеала да фати позиција за борба, наспроти позициите на организационите чети. Дедо Илија, како голем стрелец, го погодил Ангел Спанчовалијата во челото, а бил убиен и Тошо од Банско. По убиството на овие врховистички војводи, другите од четата се разбегале по долината низ шумата. На убиените им ги зеле пушките, револверите и чантите кои му ги покажале на Баждаров како трофеи.[133]

И двајцата убиени биле храбри луѓе. Ангел Спанчовалијата порано бил терорист на располагање на Внатрешната организација. Окружниот комитет во Сер го натоварил со акции во самиот Сер, кои тој успешно ги реализирал. Но, откако заминал во Софија, се приклонил кон „другиот лагер“ односно кон врховистите:

„Ништо потажно и попакосно од тоа, синовите на една поробена земја, тие, кои што се зарекле да се жртвуваат за нејзиното ослободување, да се делат на лагери! Не ја споделив радоста на некои од другарите за победата. Тешко ми беше, тажев за загинатите – тие можеа да се жртвуваат во борба со поробителот на Македонија, а не во борба со македонски револуционери.“[134]

---

[132] Исто.

[133] Бидејќи дедо Илија го погодил Спанчовалијата, тој му го зел револверот, малечок лебел, којшто подоцна го купила за три турски лири Василка, свршеницата на Баждаров, „за да се брани во случај, ако се обиде нешто да ѝ стори турскиот офицер во Крушево, којшто се загледувал по неа“. (Исто, 44.)

[134] Исто.

Ова крвопролевање, за жал, не било прво дело на братоубиство. Веќе имало повеќе судири меѓу врховистичките чети и четите на Внатрешната организација во Џумајско, Петричко и Малешевско. За Баждаров, тоа се мачни страници во историјата на македонското ослободително движење, страници на заемно истребување, запишани со крвта на македонските синови по полињата и горите на родната земја:

„Изгледа зол демон си поставил за цел братот да го сврти против братот, еднакво готови да се принесат како жртва пред олтарот на татковината. Тој зол демон, исползувајќи ја широко клеветата, уличните сплетки, човечките страсти и слабости, толку поголеми, колку што е понизок културниот развој на еден народ, исползувајќи ја и недоволната информираност на многумина добри патриоти во Бугарија за она, кое е направено и кое се врши во самата Македонија, можеби ги тријат рацете при разгорените непријателства и пролеаната крв... Се утешив пред неизбежното, да берат грев за убиените оние што ги испратиле да ја преземат Внатрешната организација.“[135]

Настанот не можел да остане тајна за турските власти, така што за да се избегне евентуална потера, во приквечерината четите се префрлиле во друга шума и ги затскриле трагите. Следниот ден решиле да ја бараат разбиената врховистичка чета низ Пирин за да ја прогонат надвор од Мелничко но, не успеале да ја откријат. По долгото барање низ Пирин кон Бождово, стигнале до Ат Мејдан и се одмориле во блиската влашка мандра. Власите биле уценети од врховистите кои претходно поминале тука, така што набрзо четата ќе биде нападната:[136]

„Куршумите свиреа од воздухот и трештеа по камењата. Засвири и труба – бурија. По инстинкт легнав пред каменот до мене... Грмежите продолжуваа од сите страни... Месечината предавнички светеше и ѕвездите трепкаа на небото. Тишината на Пи-

[135] Исто.

[136] За тој настан, Баждаров раскажува: „Кога вечеравме, кучињата почнаа да лаат многу силно... Ги прашавме Власите зошто толку бесно лаат кучињата? 'Урсула, урсула', беше одговорот... Мечка нападнала магаре. ... Поверуваме. Се сместивме во едно соседно рамно место, Чаир, да спиеме. Водеше дедо Илија, којшто ги познаваше, педа по педа, кое место како се вика. И наместо да заобиколиме, тргнавме направо. По дедо Илија, врвевме по ред Стојан Гацов, Георги Чалков и четврти јас. Тукушто се искачивме горе на терасата, и сакавме да заседнеме, чувме гласови: „Чума!“ – „Колера!“ И плас една пушка, втора, трета... Некој извика „ох!“ Пукотниците беа веќе чести, непрекинати, од сите страни“. (Исто, 45.)

рин беше нарушена само од пукотот на пушките. Од нас никој не стрелаше – излишно беше. Непријателот не се гледаше... Единствениот слободен излез од врвот се покажа густиот клек, низ кој си пробивавме пат. Молчејќи, еден по друг, се извлековме од сферата на огнот, излеговме од клекот и продолживме понатаму.“[137]

По нападот, недостасувал само еден другар – Стојан Гацов од Крчово. Тој бил убиен на самото место уште во почетокот. Георги Чалков успеал да ја земе неговата пушка. Стојан Гацов спаѓал меѓу најсмелите, најисполнителните, најнепретенциозните четници.

По двочасовно пешачење, седнале да починат во една ретка борова шума. Баждаров се чувствувал преморен, испотепан од многубројното станување и паѓање, повеќе од другпат, заради недостиг на патека, низ камења и клек. Напорното движење продолжило нагоре, кон височините на Пирин, кон Трите Врвови. Во првиот момент за нив останало неизвесно кои се напаѓачите кај Чаирот. Одговор на прашањето барале речиси неколку дена. Сепак, подоцна разбрале, дека четата на Саракинов при бегството кон с. Влахи ја сретнала големата врховистичка чета на Дончо Златков и на капетан Јурдан Стојанов и заедно се вратиле да се одмаздат. Тие го забележале движењето на организационата чета кога одела кон мандрата, зеле неколку заложници Власи под закана дека ќе ги убијат, доколку нивните ги предадат. Така поставиле заседи кај мандрата и чекале момент да нападнат. Пиринските Власи биле приклонети кон Организацијата, бидејќи нејзините чети плаќале за сè што земале од нив, освен ако сами им подареле некоја јалова овца за јадење. Од друга страна, исто така, знаеле дека Внатрешната организација ги прогонува арамиите.

„Кочо Муструкот, Дончо и други не еднаш беа зеле турски лири од Власите и не малку овци им беа изеле и затоа Власите ги мразеа. Но, пред заплашувањата дека ќе ги заколат заложниците, тие го скрија од нас подготвениот напад и урсулата (мечката, б.м.) се покажа четата на Дончо. Подоцна разбравме сè, дека и нашите во почетокот на борбата еден убиле и раниле друг од нив.“[138]

По овој судир, четите на Сандански, Тешовалијата и на дедо Илија се искачиле на Трите Врвови, и оттука слегле во влашкото село Шатрово, каде што се нахраниле и останале неколку дена да соберат сила за натамошно движење.

---

137 Исто.

138 Исто.

По судирите со врховистичките чети, кон крајот на август (стар стил) 1902, четата на дедо Илија се разделила со Сандански и Атанас Тешовалијата, и заминала во својот реон – преку Лопово (друго влашко село во Пирин), Пирин, Катина, Бељово, Голешово во Крчово. Во Крчово и Крушево веќе стасал гроздоберот. Сега Баждаров можел да се врати на прекинатиот план поврзан со агитацијата и организационата работа. Во тие рамки му претстои обиколка на селата во реонот, со цел да ги зацврсти месните комитети и да придобие нови работници за делото. Крсто Халјанов, раководител во Крушево, „со чорбаџиски карактер, тежок човек", не можел повеќе да ги задоволи ни народот, ни четата. Затоа решиле да го подноват раководното тело. По нивни образложен предлог, Серскиот окружен комитет за раководител го утврдува Иван Гологанов и за други членови Христо Поп Иванов[139], Ангел Јанкулов[140] и Никола (Корјо) Бижев.[141]

„Слеговме до Елешница. Таму раководител си беше старион мој познајник Петрето. Во с. Герман не беше одела четата. За прв пат сега отидовме. Отседнавме кај најбогатиот човек, кај Немцата. Бевме добро примени. Заколнавме десетина души. Го избравме раководното тело на месниот комитет."[142]

Движењето кон селата надолу морале да го прекинат поради големото присуство и раздвижување на турската војска по повод врховистичкото востание во Горноџунајско.[143] Така четата се

[139] Христо Поп Иванов (?, с. Крушево, Демирхисарско – Серско, ?), деец на македонското ослободително движење. Во 1902 година е избран за член на околискиот комитет на ТМОРО. Учествува во Илинденското востание (1903). По Востанието, се легализира и одново е член на РК во Демир Хисар. (А. Г. Пелтеков, исто, 367.)

[140] Ангел Јанкулов (?, с. Крушево, Демирхисарско, Серско – ?), деец на македонското ослободително движење. Член на ТМОРО од 1897 г. Во 1903 година е избран за член на Околискиот комитет на ТМОРО во Демир Хисар. За време на Илинденското востание, бил четник кај Илија Крчовалијата. По Востанието заминува во Бугарија. Кон крајот на 1904 година се враќа во родното село и одново е избран за член на Околискиот комитет. (Исто, 539.)

[141] Никола Иванов Бижев (?, с. Крушево, Демирхисарско, Серско – февруари 1905, Демирхисарско, Серско) деец на македонското ослободително движење, брат на Илија Бижев. Член на ТМОРО од 1897 г. За време на Илинденското востание бил четник кај Илија Крчовалијата. По Востанието е избран за член на Околискиот комитет во Демирхисарско. (Исто, 47.)

[142] Г. Баждаров, исто, 47.

[143] Горноџумајското „востание" било испровоцирано од ВК, а поради неговиот неуспех жртва станало невиното македонско население. Започнало на 23 септември 1902 година во с. Железница, Горноџумајско, со убиството на не-

вратила во планинските села, меѓу кои прво било Лехово – „тврд и здрав народ“. Раководител на месниот комитет бил свештеник Стојан, „интелигентен, млад, патриот“. Неговиот брат Петко бил курир на Организацијата.

Сериозната организациона работа ја започнале во октомври 1902 година. Дотогаш четата сè уште не била симната во полските села. Движејќи се по долината на реката Белица, таа отишла до с. Елешница, за прв пат до с. Герман и делумно западно од Сангелиската Планина до Хоџов Чифлик. Распространетите села на југ речиси биле изоставени, така што нивните жители се чувствувале како „афересани или заборавени“. Баждаров решил да се промени таквата состојба, затоа тргнале по друга маршрута. Преку Лехово заминале во Пипирица,[144] мало село, па потоа во Рајково и во Хоџов Чифлик, каде што исто така биле добро примени.

Од Хоџов Чифлик, прв пат одат во Врански Чифлик. Таму разговарале со неколку чифлигари[145] кои си ги кажувале своите

---

колкумина турски чиновници. Истиот ден во Горноџумајско биле регистрирани уште неколку судири. Оваа врховистичка акција, предводена од бугарскиот генерал Иван Цончев, опфатила 28 села во Горноџумајско, Мелничко, Петричко и Струмичко. На овој терен властите испратиле силни воени сили и башибозук кои се одмаздувале над невиното население (убиства, измачувања, изнасилувања, опожарувања), а врховистичките сили се повлекле во Бугарија. Околу 2 000 семејства, за да ги избегнат насилствата, пребегале преку граница. ТМОРО остро ја осудил оваа врховистичка провокација. (Р. Пасков, „Горноджумаиското въстание 1902 година“, *Военноисторически сборник,* бр. 1, София 1985, 15–35; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 104–106.)

144 Во Пипирица биле гости кај „дедо Хаџија, глава на големо семејство“, кој имал четири синови, „левент јунаци, тројцата женети, но сите живеат заедно“. (Г. Баждаров, *Моите спомени,* 47.)

145 Чифлигарството се појавило кон крајот на XVIII и во првата половина на XIX век со распаѓањето на тимарско-спахискиот систем. Веќе во средината на XIX век чифлигарскиот систем бил правно санкциониран. Во втората половина на XIX век, чифлигарството било широко распространета форма на земјишно-сопственичките односи во Македонија. Околу 50 % од егзархиските села биле чифлигарски или мешани. Така, значителен дел од населението било зависни од богатите земјосопственици (чифликсајбии), претежно муслимани. Работните селани (исполичари, ратаи и кесимџии) биле задолжени да му даваат дел од производството во натура или во пари на чифликсајбијата. Исто така, биле оптоварени со дополнителни даноци на државата, со што им се одземал значителен дел од производството и на тој начин чифлигарите се оформуваат како најбеден социјален слој во Македонија. (К. Пандев, *Национално-освободителното движение в Македония и Одринско 1878 - 1903,* София 1979, 21–23.)

маки и се жалеле на однесувањето на бегот, а особено на неговиот заменик (хавале):

„Ги поттикнавме, ги ободривме, ги покрстивме, поставивме раководител и го поврзавме со соседните села за понатамошна комуникација со реонското раководно тело. Оттука продолживме за с. Рупел. Дедо Илија беше само минувал низ Рупел, кога минатата зима четата му била испратена од Окружниот комитет во Петричко против Дончо.“[146]

Селото Рупел, сместено во една теснина, недалеку од р. Струма и патот, северно од Рупелскиот премин, било изложено на постојани и ненадејни посети од аскерот. Поради тоа четата денувала горе, под врвот Ченгел во месноста Каликур, во една пештера од варовник. Местоположбата на пештерата била многу погодна, бидејќи од неа можеле да го посматраат теренот надолу, а никој не можел да ги забележи, освен сосем да се приближи до влезот на нивното привремено живеалиште. Оттука реката Струма изгледала како „широка светла лента“. Можел прегледно да се посматра и патот што води од Демир Хисар преку Кресна за Горна Џумаја:

„Тој е оживеан. Гледаме со бинокл како се движат кираџии, војници, суварии (чувари на коњи). Штом се стемни, слеговме во селото, ги собравме селаните во црквата, им држев соодветна проповед и приопштивме кон делото дваесетина приврзаници. За раководител го назначивме дедо поп. Пред зората пак се искачивме на Каликур.“[147]

Следната ноќ продолжиле до Пулиово, мало селце, минувајќи низ еден рид соседен на јуручките села и слегле на една каменита полјана низ која имало голем број врели извори. Во Пулиово биле дочекани радосно и со отворено срце, но во следното Радово, патријаршиско село, требало да бидат повнимателни и потактични. Отседнале во куќите на првенците, но бил присутен сомнежот и ризикот од предавство.[148] Сепак, селаните внимателно го ислушале „словото“ и стравот кај нив ѝ отстапил место на довербата, така што многумина биле покрстени во Организацијата и бил формиран местен комитет.

На патот на ширењето на организационата мрежа во овој дел од Македонија, им претстоело уште едно мало селце - Чиф-

[146] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 47–48.

[147] Исто, 48.

[148] Ако му кажат на владиката, а тој на заповедникот, вели Баждаров, „тие ги ризикуваа и животите и куќите, а ние само главите“. (Исто.)

лицик – од другата страна на железничката линија, која била чувана од аскер. И покрај опасноста, Баждаров решил да се оди:

„Двајцата наши пријатели, коишто ги бевме викнале и ги покрстиле во с. Герман пред да ја започнеме нашата обиколка на југ, дојдоа да нè земат. Приготвиле и сместување за нас. Ако откажам, ќе пројавам слабост. Ако нè испотепаат, жртвата воопшто не ќе може да се компензира со придобивањето на десетина нови членови, од кои можеби една третина или една петтина ќе се погодни за борци. Но, и нашата работа е како таа во приказната за овчарот, којшто го остава понекогаш целото стадо, за да ја најде загубената овца која се одделила од стадото.“

Вечерале во Радово и тргнале во јасната, полна со месечева светлост, ноќ. Се надевале дека сивите капи нема да се забележат оддалеку при движењето во ноќта. Поради претпазливост, врвовите од пушките ги скриле под капите за да не блеснат предавнички од светлината на месечината. Војводата дедо Илија кој имал посебна дарба да претчувствува опасност, веројатно поради долгиот стаж на ајдукување и борби низ тие шумски предели, ги успокојувал четниците дека сè ќе помине во најдобар ред.

Чифлицик (Мал Чифлик) се состоел од триесетина куќи. Реално, тоа не биле куќи туку колиби направени од плот и намачкани со кал. Подот им бил самата земја. Тие импровизирани живеалишта биле сопственост на бегот и биле направени за чифлигарите, да имаат каде да се заштитат за време на врнежи:

„Немаше никаков камен во основите на колибите, ниту во околината. Ако бидеме откриени, спас нема. Страните на собите можат да бидат пробиени само со револвер, а камоли да послужат за заклон од пушки и топови. Со еден митралески плотун сите ќе нè покосат уште во првиот момент. Есен е, па полето е голо, нема никакви изгледи за прикривање вон селцето, во случај ако бидеме известени за идењето на потерата. Но за решените да умрат, сè е возможно, нема непремостливи препреки.“[149]

Не сакајќи да отстапат од планираното, четата и во Чифлицик успешно ја завршила поставената задача. Така тие „...изоставени, речиси заборавени бедни браќа, обработувајќи ниви во најбогатото поле на Балканскиот Полуостров како ратаи, пораснаа во сопствените очи и веќе живееја со чувствата и воздигнатоста на посреќните од нив планинци.“[150]

---

[149] Исто, 49.

[150] Исто.

Од Чифлицик се упатиле кон Герман,[151] село со камени куќи и со скалеста околина. Минувајќи од Елешница за Црвишта, курирот од соседното село им кажал каде можат да пронајдат еден овчар, „непоправлив крадец на туѓи овци и сомнителен тип". Престапникот бил предупредуван неколку пати од Организацијата да не краде бидејќи ќе биде казнет. И покрај тоа, предупредениот овчар сметал дека не можат да го најдат, па продолжил со нечесни дела, правејќи им штета на селаните од Црвишта и Елешница.

По добиената информација, престапникот бил пронајден во една камена пештера со влез во кој можел да се провре само еден човек. Бил извикан и кога сфатил дека има повеќе четници, излегол од пештерата. Смртната пресуда ја извршил Димитар Катиналијата, кој бил задоволен дека „не е бесполезен во четата". Ваквата казна била добро предупредување за другите, па откако се расчуло, никој веќе не смеел да краде, плашејќи се дека ќе заврши на ист начин.[152]

Четата стигнала во Крушево, каде што престојувале неколку дена. Агитацијата во планинските села не се водела повеќе поединечно и во мали групи, туку масовно. Правеле собранија во црквите ноќно време. Проповедта за револуционерното дело обично ја држел Баждаров, и тоа од амвонот или од владичкиот трон, „за вера и народност, за страдањата народни". Притоа, за да биде подобро разбран и поблизок до народот, често употребувал народни поговорки, изреки и мудрости, како: „Помогни си сам, да ти помогне и Господ" или „Бог помага, но во трло не втерува" итн. Со одбрани зборови Баждаров им ја објаснувал претстојната борба против Турците и особено ја потенцирал борбата на христијаните против муслиманите, со оглед на тоа што се наоѓале во Божји храм.

На прекрстена сабја и пушка врз големото црковно евангелие истовремено полагале клетва десетици незаколнати во Организацијата:

---

[151] Патувањето кон Герман било многу лошо, а особено ноќно време, при што најтешка етапа на маршрутата била месноста меѓу Радово и Герман. „Планинските порои издлабиле такви суводолишта, така што врвиш по полето, а незабележливо може да паднеш во некоја провалија, ако немаш добар и опитен водач. Врвиме по поле, а на неколку пати се лизгаме и се качуваме, за да ги прескокнеме тие трапишта... забележливи дури тогаш кога ќе се надвиснеш над нив." (Исто.)

[152] Исто.

„Движењето зема масовен стихиен карактер, размислата на одделен човек за опасностите од борбата, за нејзиниот сомнителен успех се потопува во верата на мнозинството за блискиот крај на петвековното политичко, национално и економско ропство. Ентузијазмот расте, опиеноста од идејата, коешто го набљудував во Костурско уште за време на пролетта 1900 година, се пројавува и во нашиот крај, задоцнет со подготовки.“[153]

Без оглед дали егзархисти или патријаршисти, луѓето сѐ повеќе ѝ се заколнувале на Организацијата и станувале нејзини покрстени членови.

Од Крушево четата заминала во Крчово, село со 250 куќи наречено уште - Дивиот Центар, родното село на војводата дедо Илија. Во околината на Дивиот Центар речиси сите места биле погодни за комити: едни со густа шума, каде што можеле да се прикријат мнозина востаници; други со камени пештери и огради, коишто служеле и за прикривање, и за заштита.[154] Поради таквата местоположба на с. Крчово се објаснувале многуте пројави на револуционерната борба во нашиот крај.

Отука произлегле првите четници во Серскиот округ, „ако не и во цела Македонија“. Михаил Попето и дедо Илија Крчовалијата биле првите нелегални уште во 1897 година. На земјиштето на Дивиот Центар, во Казанка, Гоце Делчев, дедо Илија со неговите другари, Георги Радев, од Горни Брод, Стојан Гацов, Георги Чалков и др. го држеле грабнат за откуп Гркот од Шилинос, којшто избегал, поради великодушноста на Гоце – не го држел врзан. Првата револуционерна терористичка и агитациона чета во Серскиот округ се формирала тука од Илија Крчовалијата. Од неа после се изродиле Серската, под војводството на Георги Радев, и двете неврокопски чети – на Атанас Тешовалијата и на Иван Даскалот – Копаран-чауш. И двајцата војводи биле четници на дедо Илија. Георги Спанчовалијата бил исто така четник на дедо Илија, а потоа се вклучил во Мелничката чета на Јане Сандански како

[153] Исто, 49–50.

[154] Над Крчово се издига чуката Свети Атанас, составена од грамадни скали, кои започнуваат од селото и продолжуваат нагоре, се стегнуваат сѐ повеќе и врвот на чуката претставува една камена ограда – природна крепост, „недостапна за разурнувачкото дејство на најголемите орудија. На една од скалите има натпис од византиско време. Св. Атанас служел за природна крепост и во темното средновековие. Има само еден недостаток – нема вода на самиот врв, па треба да се носи... од подалеку. При изобилие складирана вода, храна и муниција, само со долготрајна опсада можат да се предадат или уништат опколените заштитници на таа природна тврдина“. (Исто, 50.)

искусно лице. Димитар Катиналијата бил присоединет кон Драмската чета на Димитар Гуштанов - пак како искусен и стар четник.[155]

„Дивиот Центар беше вистинското средиште на македонските орли во Југоисточна Македонија. Чудно ли е што при таа положба, војводата ги поканил во Дивиот Центар за свадбата на единствениот си син сите соседни чети - и Неврокопската, и Серската, и Мелничката. Крушево, во коешто постојано престојуваше војска, ... е на еден час растојание. Но, таа војска не знае кога се комитите во Крушево – во самото село или во атарот, па ќе разбере ли кога се во Дивиот Центар? Пак и да разбере, додека пристигне, ќе се разбере, и при еден судир сигурно војската ќе даде повеќе, многу повеќе жртви...“[156]

Свадбата на Мито дедо Илјов, била кон крајот на октомври или во почетокот на ноември (стар стил). Притоа, Баждаров изнесува еден непријатен впечаток за Јане Сандански со кого бил во иста соба. Имено Сандански му прочитал едно остро писмо до Централниот комитет во Солун. Меѓу другото, во писмото Сандански им кажувал дека лесно се давале заповеди од Солун, каде што имало „меки постели и покривки“, но дека тешко се исполнувале во селата, шумите и планините. Според Баждаров, ваквата дрскост на Сандански била неумесна, бидејќи сметал дека и животите на тие во Солун се изложени на ризик.

„Тогаш за првпат Јане се пројави пред мене како завидлив и истовремено крајно амбициозен човек. Од обичен околиски војвода почна да го подига тонот и пред Централниот комитет, макар и со писмо.“[157]

Секако дека имало разлика помеѓу сфаќањата и карактерите на Сандански и Баждаров. Така мирниот, дисциплиниран, исполнителен и тактичен Баждаров не можел да ја прифати покажаната самостојност и темпераментност на Сандански, особено непокорноста во однос на ЦК.

Инаку, како што претходно споменавме, Сандански бил опкружен со интелигентни четници како Андреј Казепов, Стојо Хаџиев, Петар Милев, Георги Скрижовски и др. Баждаров наведува дека откако ги искористил дедо Илија Крчовалијата, Георги Ра-

[155] Г. Баждаров, „Из бележника на един четник“, Сб. *Илинден 1903-1924,* София 1924, 11–26.

[156] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 50–51.

[157] Исто, 51.

дев, Атанас Тешовалијата и нивните другари како груба борбена сила во борбата со врховистите, Сандански кроел план да ги замени тие чети со такви, како неговата, без да води сметка, дека тие луѓе таму имале пуштено длабоки корени, имале големи врски, имале заслуги. „Макар и прости“, тие разбрале, дека Сандански и неговите другари дошле на готова Организација.

Пред доаѓањето на Сандански во Мелничко, четата на дедо Илија вршела и таму организациона работа. Во декември 1902 година, Јане на едно собрание со другарите и со секретарите на Неврокопската и Серската чета – веројатно Ст. Филипов и Таската (Атанас Спасов), во с. Караќој, пристапиле кон прашањето за обновување и модернизирање на четите, на кое не бил повикан Баждаров, но разбрал подоцна за последиците од тоа собрание.

Набрзо по одржаното собрание, Баждаров добил писмо од Окружниот комитет во Сер, дека понатаму нема да им се дозволува на четниците да одат одвреме навреме кај своите домашни, ниту пак ќе им се дава парична помош за издршка на семејствата. Доколку не сакале да ги прифатат овие нови правила, им се препорачувало да ја напуштат четата и да одат во Бугарија да бараат работа. Кога им ја прочитал оваа наредба, Дедо Илија и останатите другари се испогледнале меѓу себе и се нафрлиле на Баждаров:

„Твоја работа е тоа, ти си пишал на комитетот во Сер да ја издаде таа наредба, таков ли другар си бил ти?... Толку години со ред сме работеле при ризици и најлоши услови, сега сакате да не изгоните“ итн... Јас се збунив дотолку повеќе што обвинението беше неосновано. Просто ми се плачеше. Одвај ги смирив, откако ги уверив, дека јас ништо такво не сум напишал, дека не ја делам содржината на наредбата, дека таа произлегува по други барања, можеби од Сандански и т.н.“[158]

За да ги смири, Баждаров веднаш пред нив напишал писмо до Окружниот комитет, во кое образложил дека таквите барања би довеле до расформирање на старите чети и формирање нови – нешто што не е ниту возможно, ниту полезно. Во писмото, исто така напомнале дека „пред да издадат таква наредба“, требало да побараат негово мислење.

По овој немил настан кој се случил во с. Крушево, Баждаров заклучил дека е невозможно да остане во четата и побарал да испратат лице од Окружниот комитет, за да поразговара со Дедо

[158] Исто.

Илија околу актуелната ситуација – што е возможно и што не е возможно. Набрзо, по неколку дена, во Крушево пристигнал серскиот учител Ангел Самарџиев како пратеник на Окружниот комитет. На средбата Баждаров надолго и нашироко му објаснил дека не може да има чети „само од интелигентни луѓе и од неженети“, дека не може да се изгонат семејните четници, а и не бива – „востание само ли со ергени ќе се прави?“ Дека и натаму треба да се помагаат оженетите четници, не со плати но со повремена парична помош. На крајот било прифатено гледиштето на Баждаров и до Востанието, до есента 1903 година, положбата во тој однос останала непроменета.

„Оттогаш настапи едно оладување меѓу дедо Илија и Јане Сандански. Пак и јас имав основа да бидам незадоволен од последниот, бидејќи ми создаде такви главоболки, тревоги и страдања. Јане ги преувеличуваше своите дарби и заслуги, а ги намалуваше заслугите – скромни, но не ефемерни, на другите.“[159]

По верскиот празник Коледе, Баждаров го зел со себе, и се разбира со негова согласност, Димитар Катиналијата, со кого отишле во Горни Брод. Таму Георги Баждаров се видел со своите познати и роднини, а посебно посакал да се види со својот татко и со маштеата. Вечерта го одвеле во куќата на неговиот вујко Никола, на крајот на селото, а ги водел еден од куририте Димитар Белев, Летиф по прекар. Другиот ден се виделе. Како што наведовме во почетокот, Баждаров го опишува својот татко како мошне кроток и религиозен човек, кој секојдневно се молел пред иконата, и наутро и навечер и пред секое јадење. Притоа имал лошо мислење за комитите „како арамии и разбојници“.

„Се разбира, тој знаеше дека неговиот син, со кого се гордееше уште кога беше дете, бидејќи го кажуваше евангелието во црквата, не ќе да е од ајдутите. Заплака, кога ме виде – опашан со патрондаш, со пушка, револвер, кама. Што си рече кутриот ми татко: „Јас на него се надевав да поминам лесна старост, пак тој зел пушка со царштината да се бори, а покрај тоа секој ден изложен на опасност да биде убиен!“[160]

Баждаров го оставил татко си да се исплаче, па потоа му зборувал за светата борба, за бога и народност, така што на крајот добил благослов. По средбата, уште истата вечер заминале со Катиналијата во Крчовско.

---

[159] Исто, 52.

[160] Исто, 52-53.

Четата на дедо Илија Крчовалијата одиграла огромна улога во ширењето на организационата мрежа и во агитацијата на теренот на Демирхисарскиот револуционерен реон. Во овој реон, којшто не бил засегнат од влијанието на врховизмот, се одвивала треската дејност. Од планинските села – Крчово, Крушево, Голешево, Лехово итн., четата слегува во полските села Герман, Радово, Пуљаво, Цифлицик, Рупел и насекаде врши масовна агитација. Подеднакво засегнати од беговскиот јарем, селаните без оглед на црквата – патријаршисти или егзархисти, ја прифаќале Организацијата (пример селото Радово). Собранијата се правеле ноќе во црквите. Од владичкиот трон се зборувало за вера, народност и за народните страдања, а главниот товар на агитацијата и нејзиното осмислување било препуштено на учениот даскал, секретарот на четата – Георги Баждаров. Меѓу другото, се говорело и за подготвуваното востание:

„Целата проповед добива мистичен карактер, во зависност од местото од кое се врши. Потоа се пристапува кон полагање на клетвата, која исто така се дава масовно... Индивидуалниот страв се претвора во колективен ентузијазам.“[161]

Цела Македонија веќе е заплисната од бранот на ентузијазмот за влегување во редовите на револуционерното движење. Македонскиот народ се сплотува околу Организацијата со надеж дека ќе извојува своја слобода.

---

[161] Г. Баждаров, „Из бележника на един четник“..., 21–22.

# Востаничката 1903 година

## Засилена подготовка за востание

Напорите на врховистите за разбивање на внатрешните сили на ТМОРО преку Горноџумајското востание во есента на 1902 година и обидот на полковник Анастас Јанков[1] да крева востание, без добиена согласност од раководните сили на ТМОРО, во Костурско, во септември истата година, не ја постигнале посакуваната цел, зашто наишле на организирано спротивставување на внатрешните сили на Организацијата. Но, за жал, ЦК ТМОРО на чие чело по Солунската провала од јануари 1901 година дојде Иван Гарванов, потпаднал под влијание на врховизмот. Врховистите настојувале да ја елиминираат автономната политичка платформа на внатрешните македонски револуционерни сили, со цел македонското прашање да се реши како прашање на приклучување на Македонија кон „матицата" Бугарија.

Во Солун, од 2 до 4 јануари 1903 година, повиканите делегати од револуционерните реони, во однапред подготвена атмосфера од тогашните членови на Централниот комитет: Иван Гарванов, Спас Мартинов[2] и Димитар Мирчев,[3] го донеле решението за кревање востание во Македонија во пролетта на 1903 година.

---

[1] Полковникот Анастас Јанков (1857, Загоричани, Костурско – 15.4.1906, Влахи, Мелничко) требало да исполни дел од плановите на Врховниот комитет во Софија, во летото и есента на 1902 година да се направи врховистичка провокација и таа да се претстави како востание во Македонија. Речиси истовремено кога се подготвувало врховистичко навлегување во Источна Македонија (Горноџумајското „востание", предводено од генералот Иван Цончев), Јанков со една поголема чета, во август 1902 година бил испратен во Костурско–Леринско да изврши провокација и да ѝ наштети на Внатрешната организација. Провокацијата не ја исполнила целта благодарение на месните раководства и војводи. (Х. Силянов, *Освободителнитѣ...,* том I, 166-174; *Спомени, С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров,* Култура, Скопје 1997, 66-67.)

[2] Спас Мартинов (1872, Битола – 30.12. 1937, Софија). Во 1896 година завршува славјанска филологија на Универзитетот во Софија. Учителствува во Солун и Одрин. Го заменил Лазар Димитров како претседател на Одринскиот окружен револуционерен комитет. Во 1902 година бил избран за член на ЦК ТМОРО, заедно со Гарванов и Мирчев. Учествува на Солунскиот конгрес, каде што е донесена одлука за востание во Македонија. За време на Илин-

На Конгресот отсуствувале поголемиот дел од раководните кадри на Организацијата и тоа му овозможило на Гарванов да ја наметне пред делегатите одлуката за кревање на недоволно подготвено востание во Македонија во текот на 1903 година, во крајно неповолна меѓународна клима. Всушност, Солунскиот конгрес на ТМОРО се одржал без учество на дел од основачите на Организацијата и раководни личности кои не биле тогаш во Солун, или, пак не биле повикани или не успеале да дојдат: Даме Груев (бил уште во затвор), Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Христо Матов, Христо Татарчев (двајцата последни биле членови на Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија), Иван Хаџи Николов и др. Притоа, била погубна одлуката за кревање на општо вооружено востание во Македонија во пролетта на 1903 година.[4]

Во втората половина на јануари, ЦК пратил окружно писмо до сите револуционерни окрузи, а во тие рамки стигнало и до Серскиот окружен комитет во кое се бара да се соберат податоци за состојбата на теренот, без да дадат поконкретни објаснувања. Окружниот комитет се обратил кон реоните, така што и Георги Баждаров добил задача да собере точни податоци за неговиот, односно Демирхисарскиот реон. Притоа, во окружното писмо изречно се кажувало да направат опис не само на кримките, марти-

---

денското востание, работи во Задграничното претставништво на ТМОРО. По востанието продолжил со дејност во Организацијата, а подолг период бил учител во Свиштов. (Б. Й. Николов, *Вътрешна македоно-одринска революционна организация. Войводи и ръководители (1893-1934).* Биографично-библиографски справочник, София 2001, 100.)

[3] Димитар Мирчев (23.10.1865, Прилеп – 13.6.1938, Вршец, Бугарија), револуционер, учител, лингвист, учебникар, новинар и општественик, член на ТМОРО/ВМОРО и секретар на Солунскиот конгрес на Организацијата во 1903 г. Во јануари 1901 година, по големата Солунска афера, бил избран за член на ЦК ТМОРО. Покрај раководењето на револуционерното дело и вооружувањето на револуционерните комитети во градовите и во селата, тој во Солун бил надлежен за водење на кореспонденцијата на Организацијата со Битола и Скопје. Бил осуден по Солунските атентати, а потоа амнестиран. Во април 1904 година се вратил во Солун и продолжил со активностите во Организацијата. Во периодот од 1908 до 1910 година учителствува во Македонија, а потоа во Одрин, од каде што бил заточен и до 1913 година бил во затвор во Мала Азија. По Првата светска војна живее и дејствува во Бугарија. (Д. Мирчев, *Спомени,* предговор и редакција З. Тодоровски, ДАРМ, Скопје 2010, 5–21.)

[4] М. Пандевски, *Илинденското востание во Македонија 1903,* Скопје 1978, 149–156; М. Пандевски, *Македонското ослободително дело во XIX и XX век, Илинденското востание,* том втори, Скопје 1987, 181–191.

ните, игленките пушки, туку и на евзаликите и кременарките, на сабјите и дури на големите касапски ножови. Окружниот комитет барал податоци и за годината на производството на оружјето на членовите во реонот. Затоа се појавила дилемата:

„Што значи тоа? Централниот комитет не прави ли општ преглед на расположливото оружје и на борбените сили на Организацијата? Очигледно е така. Не претстои ли востание, па се собираат податоци за тоа што има, и за тоа што недостасува? По секоја веројатност е така.“[5]

Барањата на Централниот комитет добиени во окружното писмо го ставиле Баждаров во непријатна ситуација: како да ги прашува членовите за кременарки и евзалики, за ножеви и коси!? Дали тоа ќе се сфати како слабост на Организацијата? Нема ли да ги обесхрабри членовите, бидејќи наспроти брзометните маузери на османлиската војска треба да се спротивстават со најпримитивни пушки!? Сето тоа биле големи тешкотии кои требало да се премостат на патот кон посилното подигање на борбениот дух на народот. Имено, во последните неколку години, низ агитацијата, членовите на ТМОРО, наоѓале бројни аргументи за да го разбудат духот на поробеното со векови население, да импулсираат надеж за слободен живот во помирените луѓе со ропството и да го заменат помирувањето со борбеност, да направат бунтовници од покорната раја.

Баждаров, како мошне реален човек, бил свесен за фактот дека и најнеуките селани со здрав разум ги премеруваат евентуалните сили на востаниците со силата на една голема империја која располагала со добро обучена редовна војска, одлично вооружена - снабдена целосно со модерни пушки, картечници, топови, муниција. Од друга страна, сите биле и премногу свесни за политичката обесправеност, за економската експлоатација, секојдневните неправди на кои биле изложени. Злото се чувствувало насекаде, страдањата биле тешко подносливи и сето тоа создавало погодна почва за агитација на апостолите револуционери. Но, нивните проповеди можеле да ја постигнат целта ако најпрво успеат да вдахнат вера во успехот на идното востание:

„И таа вера е веќе создадена. Многубројните афери низ подготвителниот период на револуцијата, зачестените судири меѓу четите и потерите во последните години, невозможноста на таа голема Империја да се справи со движењето, кое сè повеќе и повеќе

---

[5] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 53.

расте, влеваа кураж и вера и во најголемите скептици и во најплашливите. И кога веќе е достигната таа најголема победа, победата над стравот во робот, нема ли да засееме разочарување во можностите на Организацијата, нема ли да вметнеме пак црв на сомнение во душите на луѓето, ако разберат, дека и со кременарки, со сабји ќе се борат?“[6]

Баждаров бил во дилема дали да постапи целосно според она кое било наложено во окружното писмо, особено што ефектот од прочитаното пред четата бил обесхрабрувачки. Но, и покрај таквите реакции на четата, решиле да ја исполнат во целост наредбата на повисокото раководство, сметајќи дека тоа го составиле „високо интелигентни мажи“ и дека сепак тие направиле добра процена.

Првата дестинација која била одредена за спроведување на окружната директива, било с. Петрово, Демирхисарско. Четата одамна не го посетила тоа село бидејќи тука живееле и Турци, така што било ризично почесто престојување комити во него. Откако се сместиле во една од селските куќи, веднаш ги повикале членовите на раководното тело и десетарите. Баждаров им барал да дадат податоци што ги запишувал во „едно тефтерче со шифри“. Кога ги запрашал за бројот на кременарките и сабјите настанала непријатна ситуација во која еден од селаните прокоментирал: „Учителу, ама како ќе се бориме со такви пушки, додека повторно ги наполниме по истрелот, аскерот ќе нè сосипе со маузерите што пукаат по пет наеднаш?“ Беа во право, но требаше да се даде одговор.[7]

Како дисциплиниран член на Организацијата и добар агитатор, Баждаров сепак се потрудил да им објасни дека е невозможно сите да се вооружат со манлихери, мартини, берданки, кримки, бидејќи се многубројни и затоа ќе ги искористат и старите пушки. Притоа, ќе го организираат полнењето, па додека едните ги полнат постарите пушки другите ќе пукаат, дека ќе има и бомби, а послабото оружје ќе се надополнува со подобро и поусовршено во текот на борбата.[8] Иако се трудел да биде убедлив, Баждаров, сепак знаел дека не треба да се потценува природниот здрав разум на тие луѓе:

„Ги убедив ли? Успеав ли да го преобратам лошиот ефект од бараните податоци за кременарките и евзалијките? Не на-

---

[6] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 53 .

[7] Исто, 54.

[8] Г. Баждаров, „Из бележника на един четник“, Сб. *Илинден 1903-1924,* София 1924, 27–28.

полно. И по договор со војводата и со другарите од четата решивме во другите села да земаме податоци само за кримките, мартинките, берданките, манлихерите, да му напишам на Окружниот комитет за сето тоа, па ако наспроти објаснувањата пак настојуваат за целосно исполнување на наредбата, тоа ќе го направам.“[9]

Набрзо немало потреба да продолжат со таа статистичка работа, така што Баждаров почувствувал олеснување. Имено, во првите денови на февруари им било соопштено дека Гоце Делчев пристигнал во с. Караќој,[10] Неврокопско, соседно со реонот на дедо Илија, и дека ги повикува на средба. Таа пријатна вест ги нашла во Дивиот Центар. Дедо Илија бил радосен, бидејќи одамна не се видел со Делчев и ќе може лично да му се пожали дека малку е сторено за вооружувањето на нивната околија, макар што биле собрани доста пари за купување оружје и внесени во касата на Окружниот комитет, а оттаму испратени до ЦК. Меѓутоа, оружје не се доставило. Баждаров вели дека лично Сандански дошол за оружје во Софија и таму дигнал голема врева, но требало да преседи повеќе од две недели за да го набави.[11] Од друга страна, постојаното уфрлување врховистички чети во Серскиот санџак поради што била зголемена будноста на власта и концентрацијата на аскерот кој организирал постојани потери, во голема мера била причина за таквата состојба на планот за вооружување. Османлиските сили, не само што ги прогонувале врховистичките чети, туку вршеле терор врз населението откривајќи ги и активностите на ТМОРО и запленувајќи го и она малобројно оружје кое се криело во одделни села. Овие специфични прилики имале одраз и кон подигањето на планираното востание од страна на Организацијата во Серскиот револуционерен округ.

Доаѓањето на Делчев на територијата на Неврокопско било особено важно за војводите, четите и населението во реонот, бидејќи тој бил прифатен и почитуван како неформален водач и најголем авторитет во Организацијата. Но, набрзо, откако ќе дознае за решението за востание, Делчев ќе го промени планот на

---

[9] Како пример Баждаров им ги посочил битките на Црногорците со Турците. „Црногорците, закрепени во нивните карпи, вистински орлови гнезда, се бореле така што жените им ги полнеле пушките, а мажите пукале и не му дозволиле на аскерот да продре во нивната земја.“ (Г. Баждаров, „Из бележника на един четник“, исто; Г. Баждаров, *Моите спомени,* 54.)

[10] Селото Караќој, Неврокопско, гранично расположено село меѓу околиите Неврокопска, Серска и Демирхисарска. Денес е с. Катафито во Република Грција.

[11] Г. Баждаров, „Преди осамнадесет години“, Сб. *Илинден,* София 1921, 53.

својата првобитна агитација и ќе развие засилена организационо-политичка и пропагандна активност, чија цел ќе биде целосно мобилизирање на Округот против решението за Востание.

Баждаров искрено се радувал на повторната средба по речиси една година. Чувствувајќи огромна почит кон Делчев и неговата неуморна работа и посветеност, Баждаров се прашувал дали тие, од своја страна, направиле доволно за делото, дали искористиле сè што е возможно. Нема ли Делчев да ги прекорува за слаба активност и дејност?! Иако чувствувале чиста совест, сепак биле малку вознемирени, бидејќи природно, како луѓе знаеле да бидат и субјективни во оцените за сопствениот труд.[12]


Гоце Делчев и Пејо Јаворов

Имено, формираната чета на Гоце Делчев ќе замине кон Серскиот револуционерен округ на ТМОРО во Македонија со задача да работи сред населението за подготовка за востание. Делчев тргнува од Софија на 6 јануари 1903 година и сè уште не добил информација за решението за востание на Солунскиот конгрес. По напорниот марш, на 12 јануари 1903 година, четниците пристигнале во Банско. Таму престојувале 5-6 денови, при што организирале собранија, а Делчев имал постојани средби со населението. На 18 јануари одржале собрание во Разлошко, а потоа заминале во Неврокопско. Иако според повеќе спомени, Гоце Делчев веста за востание ја добил во Софија,[13] Пејо Јаворов наведува дека по два дни, на неврокопскиот дел од Пирин Планина, четата на Делчев била престигната од ку-

[12] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 55.

[13] Христо Силјанов во своите спомени запишал: „Го паметам како сега оној нервозен гест на покојниот Делчев, кога се доби во Софија веста за решението на солунските конгресисти. Возбуден како никогаш, можеби од злокобно претчувство, тој сви веѓи и го нарече тој акт: *безумие*" (*Гоце Делчев,* том IV, ред. Х. Андонов – Полјански, Скопје 1972, 169). Манол Пандевски наведува дека на 12/25 јануари 1903 година Делчев со чета од триесетина души, снабдена со динамит, дошол во Разлошко од самиот терен „да ја води борбата за парализирање на солунската концепција за прокламирано востание. Тој верувал дека со помошта на серските револуционери ...ќе изврши притисок врз оние во Солун за да се измени намерата за едно прокламирано востание". (М. Пандевски, *Илинденското востание...,* 108.)

рирот со соопштението на ЦК ТМОРО за донесеното решение во Солун, востанието да се дигне на 1 мај 1903 година. За овој момент, Пејо Јаворов запишал: „Тоа нѐ изненади и нѐ скрши – нас кои војувавме против „врховистите, имено, бидејќи сакаа масовни дејства.“[14]

Веднаш потоа, според Јаворов, ќе следи разгледувањето на добиената вест на окружно ниво. Како што наведовме, тоа ќе ја промени програмата за агитација и за обиколка на четата. Така, во првиот момент средбите со месните структури на Организацијата во Неврокопско биле намалени до минимум, а се контактирало само со околискиот комитет.[15]

Таа значајна средба, организирана од Гоце Делчев, на која присуствувал и Георги Баждаров, се одржува на 29 и 30 јануари 1903 година во с. Караќој, Неврокопско.[16] Други учесници биле Пејо Јаворов, Атанас Тешовалијата, Димитар Иванов Пенков (Иван Даскал), Георги Радев (Бродалијата),[17] Стојан Филипов,[18]

---

[14] П. К. Јаворов, *Хайдушки копнения, Спомени от Македония 1902-1903 г.,* София 1908, 84; М. Бошнакова М., исто, 153.

[15] М. Бошнакова, исто; *Спомени на Ј. Сандански,* 34.

[16] За времето на одржувањето на оваа средба постојат различни податоци. Баждаров ја лоцира во почетокот на февруари (Види: Г. Баждаров, „Из бележника на един четник“, ..., 29). Иван Анастасов Грчето во своите спомени вели дека Делчев ги повикал во Караќој во јануари. (*Движението отсамъ Вардара...,* 147.)

[17] Георги Радев (Никола Бродалијата) (1857, Горни Брод, Серско – 15.2.1942, Асеновград), необразован, првин бил ајдутин во четите на Г. Зимбилев и Стојо Војвода. Подоцна станува четник кај Илија Крчовалијата и Гоце Делчев. Од 1899 година е серски околиски војвода. Учествува во судирот кај Баница, каде што загинал Гоце Делчев и потоа во Илинденското востание. Според некои податоци, „во декември 1904 година ги фаќа предавниците на Гоце Делчев и ги егзекутира над неговиот гроб“. (А. Г. Пелтеков, исто, 60.) Од 1904 година е под влијание на Борис Сарафов. Учествува во Балканските и Првата светска војна. (П. К. Яворов, *Хайдушки копнения,* ..., 200–201, 234; Ил. *Илиндень,* София 1943, г. XIV, к. 4 [134].)

[18] Стојан Филипов (2.8.1877, Старчишта, Неврокоп – 4.10.1944, с. Добрениште, Разлошко), војвода. Завршил педагошко училиште во Скопје (1898) и една година студирал право во Швајцарија. Учителствувал во Драмско, Неврокопско и Серско. Како член на ТМОРО, бил раководител на револуционерниот комитет во селото Горни Порој. Во 1903 бил секретар во Неврокопската чета на Атанас Тешовалијата. За време на Востанието е војвода на чета во Неврокопско. Учествува на околиски и окружни конгреси на ТМОРО. Решителен противник на Јане Сандански. Имал повеќе судири со турскиот аскер. Учествувал во Балканските војни како војвода на 48-та чета од Македонско-одринското доброволство. Го организира убиството на Јане Сандански, но

Мицо Кирилиев,[19] Димитар Гуштанов, Атанас Спасов (Таската Серски), и други.

Во селото пристигнале и десетки од четници. Освен Делчев со четата, тука пристигнале Неврокопската, Мелничката и Серската чета, кои биле сместени низ разни куќи.[20] „Дедо Илија Крчовалијата, демирхисарски војвода, Георги Радев – серски, Атанас Тешовалијата и Иван Даскал – неврокопски, правеа убава компанија. Тие беа остатоци од арамиското време и сега ѝ служеа на Организацијата. Ако не беа заменети со поинтелигентни луѓе, причината беше, дека во тие места имаше доста груба работа, односно следењето на врховистичките-комитетски чети.“[21]

Поради ваквиот состав на четите и нивните војводи кои биле исклучително храбри луѓе, подготвени да се борат до смрт со непријателот, но како неуки не можеле да спроведуваат успешна агитација, со нив се движеле посебни агитатори или како што ги нарекувале – „секретари“, кои ги извршувале активностите на организаторската работа. Токму затоа и Георги Баждаров беше назначен за секретар на четата на дедо Илија Крчовалијата.

Баждаров мошне сликовито ја опишува средбата со Делчев во Караќој, село во кое немало војска и немало Турци. Сите мажи ѝ биле заколнати на Организацијата и речиси не постоела опасност од предавство.

„Мене и дедо Илија нè однесоа во куќата, каде што беше Гоце. Го најдовме седнат во аголот на огништето како си подава една бомба меѓу рацете како топка. Не сум го видел во комитска опрема. Многу му личеше. Во Софија одеше со еден кус, речиси

---

бил ослободен поради недостаток на докази. Учествува во Првата светска војна. По убиството на Тодор Александров (1924), застанува на страната на Иван Михајлов. По Деветосептемврискиот преврат во 1944 година во Бугарија бил уапсен и стрелан во околината на Неврокоп. (С. Ковиловски, исто, 272-273; А. Г. Пелтеков, исто, 475-476.)

[19] Димитар Мицо Кирилиев (Кирлиев) (?, Кукуш -?), војвода. Завршува француско католичко училиште во Солун. Првин е четник кај Г. Делчев, а потоа агитатор во Серскиот револуционерен округ. Во 1903 е помошник на П. Јаворов при издавањето на нелегалниот весник „Слобода или смрт“ во с. Крушево, Демирхисарско, Серско. Во 1906–1907 е војвода во Кочанско. (А. Г. Пелтеков, исто, 213.)

[20] За тоа Пејо Јаворов раскажува: „Во една ноќ селото даде сместување за 70-80 души по разни куќи. Само околу 20 души – поглавните работници, војводите и дел од четите – се бевме собрале во една широка куќа со 5-6 простории, сосема затскриена од надворешните погледи“. (П. К. Аворов, „Хайдушки копнения“ *Проза, том 2, съчинения в седем тома,* София 2011, 166.)

[21] П. К. Яворов, „Хайдушки копнения“...,167.

светнат од премногу носење жакет, со накривена полусмачкана мека шапка, како да се купени од бит-пазар. Тука во сива куртка, сиви панталони, завиткани во калчуни, Гоце беше војвода на војводите. Се бакнавме.“[22]



Димитар Иванов[23]



Јане Сандански и Атанас Спасов[24]

Заедно со Делчев бил и Пејо Јаворов, младиот поет, со кого Баждаров се запознал во кафеаната „Македонија“ во Софија,

[22] Г. Баждаров, исто, 55

[23] Димитар Иванов Пенков (Иван Даскал) (10.5.1876, с. Обидим, Неврокопско – 16.6.1925, с. Дабница, Неврокопско), деец на македонското ослободително движење, учител. Пристапува кон ТМОРО и преминува во нелегалност. Член е на Околискиот комитет на ТМОРО во Неврокоп и пунктов војвода. Бил делегат од Неврокопскиот револуционерен округ на конгресите во 1903 и 1905 година. Учествува во Востанието во 1903 година. Близок соработник на Јане Сандански. За време на Балканските војни бил во четата на Тодор Паница и учествувал при ослободувањето на Неврокоп. Во мај 1925 година е заробен од претставници на ВМРО и одведен во село Дабница, каде што по измачувањата е обесен крај селото. (А. Г. Пелтеков, исто, 343.)

[24] Атанас Спасов Даскалов (Таската Серски или Таско Спасов) (1878, Врања Мелничко – Софија, 8.7.1923), револуционер и серски војвода. Завршил педагошко училиште во Сер и учителствувал неколку години. Рано се вклучил во револуционерните борби. Бил четник во четата на Јане Сандански и негов близок соработник. Учествувал во борбата кај с. Баница, каде што е убиен Гоце Делчев. Бил противник на врховизмот и се залагал за автономија на Македонија во една Балканска федерација. Учествувал во Младотурскиот преврат и бил активен во Народната федеративна партија. По Балканските и Првата светска војна емигрирал во Бугарија. Постои сомнение дека е убиен од неговиот доктор Александар Станишев (кој го оставил да искрвави при операција на слепо црево), поради спротивставувањето на Спасов на политиката на ВМРО (автономистичка). (*Енциклопедия Пирински край*, том II, Благоевград, 1999, 251-252; Т. Тодоровски, исто, 298-299; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 136, 156, 202, 239.)

пред нешто повеќе од една година, каде што Јаворов го редактирал весникот „Дело".



Пејо Јаворов со соработниците на весникот „Дело": М. Герџиков и П. Стаматов, Софија, 1902 година[26]

За разлика од тогашната европска облека („бон-жур и со мека шапка"), сега Јаворов носел војничка блуза и панталони од шајак како и сите четници, а на главата црна капа во форма на фес: „Ми се виде поцрн отколку што го знаев, а со таа оригинална капа прилегаше на Персиец. Тука беа Димитар Гуштанов, нелегален член на Серскиот окружен комитет, Јане Сандански, мелнички војвода, Атанас Тешовалијата и Иван Даскал, таканаречениот Копаран-чауш. Тука е мојот соселанец Георги Радев, серски војвода, Стојан Филипов, секретар на Атанас Тешовалијата и др., сѐ познати другари."[25]

На собирот се разгледале многу важни организациони прашања, но, најгорливо, било прашањето за Востание. Претходно, рано изутрината, на 29 јануари, одделно заседавале Г. Делчев, Ј. Сандански, П. Јаворов и Д. Гуштанов околу состојбите во Пиринскиот револуционерен округ и претстојното востание.[27] Биле поканети да поднесат извештај и другите војводи, секој да каже за својата околија, додека Баждаров и другите секретари на четите не присуствувале на тој состанок.

„Нас, секретарите, не нѐ удостоија – сметајќи дека Јане Сандански и Гуштанов се доволни за да ги застапуваат нелегалните интелигентни дејатели во округот. Пак и никој од нас не појави претензии за поголемо почитување - многу бевме дисциплинирани."[28]

---

[25] Г. Баждаров, исто, 55.

[26] М. Бошнакова, исто, IX (БИА-НБКМ).

[27] Меѓу другото, за овој состанок Пејо Јаворов наведува дека решиле да му се противставаат на ЦК и да дејствуваат преку систематски терор. „Ќе чекаме писмо од Софија за да видиме како ќе погледнат на солунското решение тамошните другари и тогаш да се преземе нешто за отрезнување на сите приврзаници на пролетното востание". (Г. Найденова – Стоилова, *П.К. Яворов – летопис за живота и творчеството му,* София 1959, 164-165.)

[28] Г. Баждаров, исто.

Делчев ги запознал присутните дека на Конгресот во Солун единствено Лазар Димитров, делегатот на Серскиот револуционерен округ, гласал против решението за востание. Делчев и неговите сомисленици се заложиле да не се дига масовно востание, туку да се преземаат активности кои ќе се приближуваат до плодовите на едно востание, но и да се заштити мирното население од одмаздите и теророт кои следат по преземањето на секоја револуционерна акција.[29] Како инспектор на четите на ТМОРО, Делчев бил свесен дека не било можно да се подигне и уште помалку, пак, успешно да се спроведе едно масовно востание. Истовремено било проценето дека политичката ситуација на Балканот (а и меѓународната) не е поволна за востание. Затоа Делчев препорачувал засилени партизански акции, подалеку од населението; да ја вознемируваат Турската империја однатре, сè до ситуација во која Големите сили ќе бидат принудени да спроведат реформи.

Повеќе раководители на ТМОРО, меѓу кои, Гоце Делчев и Ѓорче Петров, укажувале дека прифаќањето на тактиката за општо востание ќе ѝ нанесе голема штета на Организацијата, бидејќи таа сè уште не е доволно подготвена за такво востание. Тие сугерирале да се прифати тактиката за перманентно востание, односно поактивна продолжителна четничка борба со изведување терористички акции, со кои Турција ќе се истошти и ќе се доведе до една анархична положба. Ваквата положба потоа да се искористи за акции кои би дале конкретни резултати за ослободувањето на Македонија.

„Гледањата на Г. Делчев, така како што ги проценува П. К. Јаворов, накратко се сведуваат на следново: македонското прашање треба да стои отворено и тоа може да биде со активна борба... Инаку, Г. Делчев не верува дека големите сили ќе застанат во полза на востанатото население... Едно недоволно подготвено востание ќе предизвика ужасни насилства од страна на османлиските власти.“[30]

Наспроти Г. Делчев и Ѓ. Петров имало и поинакви мислења. Така, Сандански во Караќој го предупредил Делчева: „Терористичките акции ќе ги предизвикаат Турците да се одмаздуваат и ете ти пак востание“.[31]

---

[29] П. К. Яворов, „Хайдушки копнения“..., 169.

[30] *Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944*, том 2, „Освободителното движение след Илинденско-Преображенското въстание 1903 – 1919“, ред. Д. Мичев, София 1995, 301.

[31] М. Пандевски, *Илинденското востание во Македонија 1903*, ..., 165.

Ангел Динев[32] смета дека определбите на Г. Делчев и Ѓ. Петров за терористички акции и напади биле погубни за Организацијата, што според него, ќе се покаже и со акцијата на Делчев на мостот на реката Ангиста, како и со Солунските атентати. Овие акции насочени против европскиот капитал ги намалиле западните симпатии кон Македонија, на фанатизираните османлии им дале поттик за масовен терор и за убиства на македонскиот народ, а на врховистите им овозможиле полесно да го забрзаат подигањето на недоволно подготвеното и во крајно неповолна меѓународна ситуација - Илинденско востание.[33] Разбирливи се таквите подоцнежни оценки на А. Динев и на други македонски дејци и револуционери, бидејќи сите дотогашни насилства биле неспоредливи со ужасот кој го доживеал македонскиот народ за време на задушувањето на Илинденското востание и непосредно по него.

Свесни дека не се подготвени за востание, дека за разлика од Битолскиот револуционерен округ, тука многу повеќе недостасува оружје и муниција и други потреби за вооружување на организираното население, водечките сили на Серскиот револуционерен округ правеле напори за негово одлагање или ограничување. Заземајќи се за тактика на „систематски терор", истовремено на собирот било решено да се бара од дејците на ТМОРО во Софија промена на решението за востание.

На собранието во поширок состав, со новата насока на революционерната дејност во Округот, се запознале реонските рако-

---

[32] Ангел Динев (1.10.1891, с. Смоквица, Гевгелиско – 17.2.1952, Скопје), деец на македонското ослободително движење, општественик, новинар, публицист и историчар. Во 1911 станува член на Околискиот комитет на ВМОРО во Гевгелија. Од мај 1912 година е секретар во четата на Коста Христов Попето. Учествува во Балканските и во Првата светска војна. По војната, работи во Бугарија. Соработува со весникот „Илинден", каде што објавува повеќе статии за македонското револуционерно дело и за македонската нација. Бил раководител на Гевгелиското братство во Бугарија (1927-1947). Редактор е на сп. „Македонски вести" (1935-36) и на весникот „Доброволец". По Втората светска војна, бил член на обновениот Македонски научен институт во Софија, во време кога Бугарија ја признава посебноста на македонскиот народ. Заедно со Ѓорѓи Абаџиев, учествуваат во основањето на Институтот за национална историја во Скопје (1948). Автор е на книгите: „Македонските Словени", „Илинденска епопеја" во два тома, „Историја на грчко-турскиот сојуз против ВМРО", „Политичките убиства во Бугарија" и други. (Т. Тодоровски исто, 105-106; А. Г. Пелтеков, исто, 135-136; Поопширно кај: В. Картов, *Ангел Динев, живот и дело,* Култура, Скопје 1983.)

[33] А. Динев, *Илинденската епопеја, развојот на македонското ослободително движење,* приредил В. Картов, книга I, Скопје 1987, 272-283.

водители и војводите, собрани во Караќој, без да им се открива вистинската причина за промената – донесеното решение за востание. На 30 јануари, присутните на собирот донесле решение да се издава хектографиран лист, односно весникот „Слобода или смрт! Бунтовен лист“ со автор и редактор – Пејо Јаворов.[34]

Во с. Караќој престојувале четири денови, но поради бројноста можеле да бидат откриени, така што решиле да заминат. Како најдобро место за едно попродолжително престојување на толку многу четници, дедо Илија предложил една голема карстна пештера, десетина километри на север од с. Крушево, во подножјето на планината Али Ботуш. Пештерата, дваесетина метри долга, пет-шест метри широка, која претставувала голема природна колиба, се нарекувала Капе, бидејќи во неа постојано капеле капки, особено по нејзиното дно. Над пештерата имало уште едно помало засолниште, односно просторија.[35]

Така, последниот ден од јануари 1903 година, собраните чети постепено се искачуваат од Караќој кон планината Али Ботуш и се сместуваат во пештерата Капе. Додека надвор врнело снег, запалиле оган во пештерата и се грееле. На Али Ботуш биле собрани голем број чети – две неврокопски, мелничка, демирхисарска, поројска, драмска и серска, така што Гоце Делчев ќе направи преглед на четите од Серскиот револуционерен округ. Повторно го претресувале решението на Солунскиот конгрес и останале на истиот став, да се одложи подигањето на Востанието и дека Гоце треба да оди во Солун, откако ќе го изврши планираниот атентат на р. Ангиста. Еднонеделниот престој во пештерата Капе, исто така, бил искористен за спроведување практични активности околу борбеното оспособување на четите. Четите биле инструирани за ракување со динамит, кој го донел Делчев. Тие се обучувале за изведување диверзии по важните комуникациони објекти: пругите, мостовите, тунелите итн.[36]

На Али Ботуш раководството на Серскиот револуционерен округ добива две писма од Централниот комитет на ТМОРО. Првото писмо е окружното, со кое официјално се известуваат сите реони на Организацијата за претстојното востание, а со второто,

---

[34] Весникот излегувал благодарение на помошта на месното население од селата во Серскиот округ: Крушево, Љахово, Либјахово, Караќој и Крчово. Во весникот, Јаворов зборува дека народот треба да војува за слобода, но најмногу сметајќи на сопствените сили, (М. Бошнакова, исто).

[35] П. К. Яворов, „Хайдушки копнения“...,171.

[36] М. Бошнакова, исто, 158; П. К. Яворов, исто, 173.

добиено на 4 февруари 1903 година, се бара од дејците да прекинат со сите терористички акции. Како човек кој најдобро бил запознат со територијата на Организацијата, Делчев бил поканет во Солун да учествува во изготвувањето конечен план за востанието.[37]

Не сакајќи целосно да им се потчини на барањата на ЦК, Делчев го подготвува атентатот на мостот на реката Ангиста,[38] на железничката линија Солун–Одрин. Во Солун, Делчев, исто така, успева заедно со Даме Груев да го одложи за неколку месеци Востанието. Наместо на први мај, тоа да биде на 20 јули (ст. стил) на ден Илинден.[39]

Додека престојувале во пештерата Капе на Али Ботуш, со храна биле снабдувани ноќно време, најмногу од с. Крушево, но и од други места. Така поминале две недели.

„Ни носеа и весници од Бугарија. Стари беа, но за Капе новините беа тазе. Од тие весници разбравме дека дипломатијата се раздвижила по Македонското прашање. Рускиот и австрискиот претставник во Цариград навалувале кај Високата порта да воведе реформи во Македонија. Суштествено во тие реформи беше дека падарите Турци и Арнаути ќе бидат заменети во христијанските села со христијани. Гоце кажа, дека тоа не е ништо, но тоа е почеток, кој предвестува добри перспективи за едно подоцнежно сериозно востание.“[40]

Падарските реформи[41] биле последица од револуционерното движење, кое дотогаш се појавувало во јавноста низ разните

---

[37] М. Бошнакова, исто, 159.

[38] Ангиста наречена од Грците е реката Драматица, река во Јужна Македонија (Грција). Извира од планината Боздаг, која се простира на север од градот Драма. Се влива во Струма како нејзина лева притока. Постои и село Ангиста на југозапад од Драма, лево од реката Драматица.

[39] Востанието се одлагало поради невозможноста да се организира до мај. Требало да избувне во различно време во одделните револуционерни реони, за да трае подолго. Секој округ сам ќе решава за датумот на Востанието и за неговиот карактер. (*Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи (1878–1944)*, том 2, ..., 310).

[40] Г. Баждаров, исто, 56.

[41] Во текот на 1902 година во Македонија под османлиска власт владеел невиден терор, ситуацијата од ден во ден станувала сè понаелектризирана, а Внатрешната организација засилено ги вооружувала четите и населението и ги подготвувала за востание. При таква критична ситуација, на 18 ноември 1902 година било објавено султанско ираде (указ) за воведување нови реформи. Бил формиран специјален инспекторат за трите вилаети: Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот, а за генерален инспектор вил назначен Ху-

афери и судири на четите со аскерот, како и од врховистичкото Горноџумајско востание. Во целата таа немирна и разбранувана атмосфера, почнала да се јавува надеж за веројатноста да се добие автономија на Македонија по востанието.[42]

На 6 февруари 1903 година, пред да ја напуштат пештерата на Али Ботуш и секоја чета да замине кон својот реон, бил повикан фотограф од с. Зрнево (член на Организацијата), којшто го овековечил тој момент. Така се појавува фотографијата од зимата 1903 година, наречена уште „Собир на Али Ботуш планина“. Баждаров соопштува дека Делчев и Јаворов застанале најодзади меѓу четниците[43], додека на Баждаров му припаднала честа да биде во првиот ред, во средината:

„Стана збор да се фотографираме, токму бевме собрани сите чети во Округот, освен Разлошката. ... Се јави спор како да се наредат четите. Дедо Илија, нашиот војвода, настојува четите да се наредат по старшинство, т. е. најпрвата реонска чета во округот најнапред, зад неа втората, третата итн. Дедо Илија го бараше ова и поради фактот дека другите чети порано веќе биле поодделно

---

сеин Хилми-паша. Сепак, ситуацијата со ништо не се променила, а Големите сили биле загрижени дека наскоро ќе избие востание и повторно ќе се отвори источното прашање. Затоа тие на 21 февруари 1903 доставиле до Портата Меморандум со кој, меѓу другото, се бара: реорганизирање на полицијата и жандармеријата со помош на европски офицери во турска служба; вклучување христијани жандарми во турската жандармерија пропорционално на бројот на населението; падарите муслимани во селата со христијанско население да се заменат со христијани; амнестирање на политичките престапници итн. Овие *Февруарски реформи* иронично биле наречени *Падарскиѿе реформи,* бидејќи само таа точка била реализирана и делумно биле ослободени македонските политички затвореници (*Исѿорија на македонскиоѿ народ,* том трети, ред. К. Битовски, Скопје 2003, 263-264.)

[42] Во врска со најавените реформи на Европска Турција, грчката влада (март 1903), меѓу другото ќе изјави: „...Најголема опасност за грцизмот претставува обединувањето во една област на трите вилаети, што го носат името Македонија.. Една автономна Македонија би била целосна несреќа“ (се мисли на Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает). Римскиот дописник на веснкот „Еропеан“ информирал: „Во Италија, која испрати свои синови за да умираат за Грците (се мисли на грчкото востание, б.м.) по планините на Фарса и Домоло, многу непријатен впечаток остави информацијата дека Грција е подготвена да дејствува заедно со Турција за да се спречи ослободувањето на Македонците.“ (*Сѿо македонски ӷодини 1903-2003,* ред. Ј. Павловски, Скопје 2004, 21.)

[43] ЦДА, ф.10 к, оп. 3, а.е. 40, л.1-4.

фотографирани, а Демирхисарската не. Гоце кажа: „Така да биде“ и така стана.“[44]



Четите на Серскиот револуционерен округ.[45] Повеќето од фотографираните четници Баждаров ги идентификува во своите спомени.[46]

[44] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 56.

[45] ЦДА, ф.1935 к, оп. 1, а.е. 60, 7.

[46] Баждаров ги запомнил имињата на повеќето четници коишто се фотографирале во Капе, па ги запишал во своите спомени по 26 години: „На првата редица, Демирхисарската чета, одлево надесно: војводата Дедо Илија (едната рака не е излезена), Георги Чалков, Георги Башлиев (и тројцата од Крчово), Георги Баждаров од Горни Брод, Иван Грчето од Мелник, Константин Киров од Крушево, Никола Карев од Горно Броди. Вториот ред: Атанас Тешовалијата, војвода на Неврокопската чета, Стојан Филипов од с. Старчишта, секретар на четата, третиот, четвртиот и петтиот не ги помнам; Георги Моаџирчето, Иван Даскала – Копаран-чауш. Третиот ред: Георги Радев, серски војвода, од Горно Броди, Михаил Чаков од Гуменџе, секретар на четата, третиот од Савек, не му го помнам името, четвртиот исто не го помнам, петтиот Ангел Дончев од Кулата, шестиот не го помнам, седмиот Таската – Атанас Спасов, последниот не го помнам. Четвртиот ред: Димитар Гуштанов, драмски војвода, од Старчишта по татко, мајка му од Крушево, Димитар Кашиналијата од с. Кашина, Мелничко, на другите не им ги помнам имињата. Петтиот ред: Јане Сандански, мелнички војвода од с. Влахи, Спиро Петров од Прилеп, Георги Спанчовалијата од с. Спанчово, Мелничко, Петар Милев, Андреј Кезепов, Георги Скрижовски. Шестиот ред: Георги Куслев, поројски војвода, од Кукуш, другите не ги помнам. Седмиот ред: Станиш Наков и Кара Васил, кукушани, од четата на Гоце. Од истата чета ги помнам Карчо -

Гоце Делчев и Пејо Јаворов застанале најодзади меѓу четниците, коишто Гоце ги водел со себе, не сакајќи да го нарушат воспоставеното начело, макар што биле поканети да застанат напред. Така четата на Дедо Илија стои најнапред, а Баждаров е токму во нејзината средина. Веднаш до него е и Иван Грчето,[47] кој дошол со Гоце, но се префрлил во четата на Дедо Илија како помошник-секретар или втор секретар.

По престојот во Капе, дедо Илија сметал дека е време да се вратат во Дивиот центар – Крчово, страхувајќи од можноста да бидат откриени од аскерот во Крушево. Дополнителна причина за ваквото барање било тоа што Гоце страдал од стомачна болест која го нападнала во тој момент, а една баба од Крчово знаела да му приготви билки за лек.

Пред да ја напуштат пештерата Капе, пред да се разделат и секоја од четите да си замине во својот реон, се построиле една зад друга, како на фотографијата, и Гоце Делчев им одржал говор. Со одбрани зборови, тој им кажал дека ќе дојде до промена во нивната работа, која дотогаш била претежно организаторска, агитаторска и делумно, според потребите, терористичка.

„Досега ние не напаѓавме на Турците, се криевме, се пазевме да не бидеме откриени, за да не се создаваат афери. При нападите од турска страна, се разбира, требаше да се браниме – затоа и ги носевме пушките. Во иднина, и тоа веројатно наскоро, ќе се нареди да напаѓаме, затоа да си ја наголемиме бројноста и составот со побестрашните, со појуначките членови. Во тие рамки, ако досега имаше ризик за нашите животи, во иднина тој ризик ќе биде многу поголем. Ќе треба да се умира за слободата на татковината.“[48]

---

голата глава со кадрава коса глава на крајот на седмата редица; Димитар Нирлиев, преку еден по Гоце, Пејо Јаворов со црната капа и црната брада кон крајот на претпоследната редица. Гоце одвај се познава најодзади“. (Г. Баждаров, *Моите спомени,* 58.)

[47] Иван Анастасов Грчето (1880, Мелник – 1904, пл. Боздаг, Драмско), војвода, по националност Грк. Основно образование завршил во родниот град, а педагошко училиште во Сер. Учителствува во с. Игуменец, Петричко. Во 1899 г. влегува во ТМОРО. Следната година е секретар во четата на Илија Крчовалијата. За време на Илинденското востание е во четата на М. Кипрев во Драмско, а по неговата смрт станува титуларен војвода. Бил осуден на смрт од страна на Организацијата, но Делчев ја согледал неговата невиност и го зел под своја закрила. Загинува заедно со целата чета во 1904 г. (*Движението..,* 129-148.)

[48] Исто, 57.

Во истиот дух, со решителноста која му избивала од очите и со став на силен маж и вистински водач, со моќта да ја презре смртта, Делчев ги предупредил дека оние коишто се чувствуваат слаби за тешка борба, неспособни за личен подвиг, оние на кои им е мил животот, веднаш да се јават за да бидат преку канал испратени преку граница во Бугарија. Сите со внимание го слушале и никој не се помрднал од редовите и не појавил слабост пред искрените зборови и предупредување на Делчев. Сите биле опиени од идеализмот на ослободителното дело, од подготвеноста на саможртва.

Сеќавајќи се на тоа време, на тој „романтичен и прекрасен период на ослободително движење", Баждаров со искрена восхит го опишува Гоце Делчев. Тој смета дека Гоце бил нешто повеќе од главен командант, бидејќи војската мора да се потчинува на командантот по закон и чин, додека тие се потчинувале на Гоце доброволно. Гоце ниту бил назначен од некоја власт или форум да им биде началство, ниту пак тие биле од некого задолжени да му бидат војници:

„Ние сами, по своја желба и по свој избор станавме војници на Македонија, ние сами, доброволно, го признававме Гоце за свој началник, зашто тој беше најстариот војник доброволец, најхрабриот, најсмелиот, најпреданиот на Делото, најискусниот меѓу борците, но и најскромниот. Затоа тој беше повеќе од генерал, од армиски командант, тој беше општопризнат и сакан од сите, водач на револуционери-патриоти."[49]

Пред заминувањето од Капе, четите биле прегрупирани. Димитар Гуштанов, кој поминувал како окружен организационен ревизор или како подвижен член на Серскиот окружен комитет, станал војвода на новоформираната Драмска чета. Кон неа биле придружени Димитар Катиналијата од четата на дедо Илија и неколкумина од неврокопските чети.[50] Христо Куслев станал војвода на Поројската чета откако зел од момчињата што ги довел со себе Делчев, а за Делчев останале десетина души.

Додека другите чети се упатиле кон своите реони, четата на дедо Илија и четата на Гоце - околу дваесетина души, отишле во земјиштето на Крчово. По некој ден, Делчев и Баждаров влегле во селото, каде што една баба подготвила лек за Делчев, бидеј-

---

[49] Исто.

[50] Гуштанов бил назначен за војвода, според исказите на Баждаров „по настојувањето на Сандански", бидејќи „Сандански не можеше да трпи друг со повисока положба во Округот, тој само на Гоце му правеше евала". (Исто.)

ќи одвреме навреме имал хронични болки во стомакот. Во Крчово, пред очите на Баждаров, Делчев покрстил еден селанец во Организацијата. Притоа со едноставни зборови му ја објаснил тешката положба на христијанското население под османлиска власт, неправдите кон тоа население од мали и големи сопственици, неподносливата економска состојба, огромните даноци „коишто одат за војската и за плати на легион чиновници и ништо за подобрување на животот“ на народот итн.

„Потоа Гоце црташе слика на еден убав и осмислен живот по нашето ослободување од турско ропство, објаснуваше како тоа може да се оствари, а имено ако го прогониме стравот од душите и поведеме борба за нашите права... Во проповедите Гоце како да ја откриваше душата, со таква искреност, а заедно со тоа и убедливост која се лееше од неговите зборови, кои паѓаа врз сознанието на слушателот и го завладуваа. Агитираниот прифаќаше да даде клетва, не од страв, не од помисла, дека ќе биде казнет ако откаже да стане член на Организацијата, туку од убедување, дека така треба и дека не бива тој да се дели од соселаните во таа општонародна работа.“[51]

Баждаров и другите четници дури отпосле разбрале за заклучокот до кој дошле во разговорите Делчев, Сандански, Јаворов и Гуштанов – дека во Серскиот округ е невозможно масовно, општонародно востание, поради големиот недостиг на оружје и поради неподготвеност на сите членови да ракуваат со него. Било договорено четите да се засилат со посмели членови, обучени да ракуваат со оружје, па така засилени, да извршат по можност покрупни и поефектни атентати. За да покаже со пример резултат од тој вид револуционерна акција, Гоце со својата чета заедно со Демирхисарската чета на војводата Дедо Илија, тргнале од Крчово кон Левово и оттаму кон Рајковци, Хоџов Чифлик и надолу да ја испитаат можноста да се дигне во воздух мостот на Струма кај Демир Хисар. На крајот, замислената акција не се остварила, бидејќи мостот бил добро чуван од многу војници, чиј број бил далеку поголем од бројот на четниците. Набргу се разделиле. Гоце со својата чета и дедо Илија со двајца од неговата - Демирхисарска чета заминале кон Драмско, за да го минираат со динамит мостот на реката Ангиста. Гоце донесол со себе два товари динамит и фитиљ со каписли. Поголемиот дел го складирале во една пештера во Крчовско.

---

[51] Исто, 59.

Откако определената група заминала за извршување на акцијата на Ангиста, Баждаров со тројца другари се вратил назад во обиколка на селата од нивниот реон. Во тие рамки продолжило проучувањето на состојбите околу расположливото оружје и на погодните членови за вооружена борба, но со агитација да придобијат нови членови од непокрстените.

Истовремено Пејо Јаворов, како редактор и Мицо Нирлиев од Кукуш, како техничко лице, еден вид печатар, но само со шапилограф, а не со печатница, се одделиле да го подготват весникот „Свобода или смрт". Печатницата која се состоела од „шапилограф со потребните мастила, лепила и хартии, натоварена на муле" можела да патува од село на село, но сепак го одбрале селото Лехово, чиишто жители биле познати како патриоти, гостољубиви и добродушни луѓе.[52] Во Лехово пристигнал и Баждаров со неговата четиричлена дружина, на Велики четврток 1903 година.

При средбата со Јаворов и Нирлиев дошло до мало недоразбирање околу воведната статија за велигденскиот број на весникот. Имено, Јаворов му ја прочитал статијата на Бажадаров, кој дал свои критички забелешки: „...не ми се виде многу правоверна по доктрината на ВМРО, во смисла, пред сè да се надеваме на себеси. Во случај на Европа, според мене, се полагаа поголеми очекувања отколку што требаше да се каже. Пејо, се разбира, темпераментно го бранеше сето она што го напишал. Имавме жесток спор. Првите две страници беа шапилографирани, како и воведната статија. Вечерта со мојата дружина си заминавме кон Сангелово. Подоцна разбрав дека Јаворов ја скинал шапилографираната страница, ја поправил статијата и одново го дотерал бројот".

Подоцна, меѓу другото, Баждаров жали за таквата своја реакција, пред сè, бидејќи им создал дополнителна работа на неговите другари: „Но, со тоа Јаворов ја пројави својата добра страна - да ги почитува туѓите мислења и да не се заинатува на своето".

Во првиот број на овој весник е објавена статијата „Нашата борба", во која стои: „Ако султанот ги има своите зандани и бесилки, ние пак имаме планини и куршуми... нашиот „комита си ја создал веќе славата на примерната решителност, на крајната бестрасност, на пословичната храброст. Тој секогаш го продавал својот мил живот за народот, со таква цена, за да се помни и прикажува со чест и фала за вечни векови."[53]

[52] П. К. Яворов, *Проза, съчинения в седем тома*, том 2, София 2011, 179.

[53] П. К. Яворов, *Статии върху македонския въпрос,* София, 1935, 12-13.



Македония, 24-и фев. 1903 г. Бр. 3

СВОБОДА ИЛИ СМЪРТЬ!

Бунтовенъ листъ.

Нашата организация, въ първитѣ години на своя животъ, трѣбваше, както и трѣбваше да бѫде, подъ ключа на една строга тайна.

Обаче когато революционното броженіе захвана да прониква и въ най-затънтенитѣ кѫтища на македонската земя, призракътъ на бунтовника, [illegible] отъ шпионитѣ, веднага изпъкна прѣдъ свѣта, като накара стрѣснатия ага да отвори очитѣ си не на четире, а на осемь...

Ала организацията бѣше вече достатъчно закрѣпнала и позната съ вѣра въ своето бѫдеще тържество рѫкавицата за двубой, която и бѣше хвърлена отъ султанското правителство.

Прочее, нашата бунтовна дѣйность взима характера на игра съ полуоткрити карти.

Ний трѣбваше да караме на една страна своята подготвителна работа напрѣдъ, а трѣбваше да издържаме на друга страна и постоянната атака на властьта.

По тоя начинъ бунтовническиятъ пѫть ставаше все по-трънливъ и по-трънливъ, но и бунтовникътъ се калѣваше все повече и повече; по тоя начинъ организацията биваше принудена да издържа афера слѣдъ афера, но и играта ѝ [illegible], не трѣбва да скъсяхме своитѣ крачки и да побързахме въ своя пѫть, найсетнѣ по тоя начинъ трѣбваше да прѣ[illegible] безъ брой жертви, да пръснеме грамадни срѣдства, да положимъ свръхчовѣшки трудове, но и цѣлъ свѣтъ узнаваше, че има страна, която се нарича Македония, но въ тая страна има народъ, който влачи хомота на една ужасна тирания, и че тоя народъ е рѣшенъ или да изчезне до кракъ, или да си отвоюва правото на единъ човѣшки животъ.

Играта съ полуоткрити карти бѣше благополука за насъ:

Ако шпионитѣ и прѣдателитѣ не бѣха ни я създали, ний би трѣбвало да си я създадемъ сами!

Играта съ полуоткрити карти има за слѣдствие прѣзъ миналата година едно такова стечение на обстоятелствата, че ний сме днесъ, както имахме вече случай да го кажемъ, прѣдъ разрѣшението на освободителния ни въпросъ.

За революционната наша организация настѫпи една съвсѣмъ нова епоха.

Епоха, прѣзъ която назрѣлата ябълка трѣбва да падне въ урочна минута отъ прѣкършения клонъ, за да разкваси устата на морния градинаръ!

Факсимил од насловната страница на хектографираниот ракописен весник „Слобода или смрт! Бунтовен лист“, бр. 3[54]

По кусиот престој во Сангелово, каде што ги дочекало врнежливо време, заминале во Рајковци и Хоцов Чифлик. Во Хоцов Чифлик, додека чувал стража, кај Бажадаров дошол неговиот братучед Константин Николов Ников заедно со еден курир. Во првиот момент додека не ги препознал, Баждаров се подготвувал да пука,

[54] М. Бошнакова, исто, XIV (БИА - НБКМ).

бидејќи имало муабети дека ги демнеле неколкумина разбојници-Турци. Константин го напуштил училиштето и дошол да се пријави за востаник, бидејќи начул дека ќе има Востание. Го прибрале кај дедо Илија, а потоа се префрлил во четата на Сандански.

При оваа обиколка посетиле повеќе села, како Вранков Чифлик, Рупел, Пулиево, Радово, Герман и Черешница. За тоа време, Гоце успеал да го дигне во воздух мостот на реката Ангиста[55]. По изведената акција, Дедо Илија се вратил во Крчово. Така, четата повторно се собрала во Дивиот Центар. Четата на Делчев останала во Серско, а тој ќе замине за Солун, на средба со Даме Груев,[56] кој тукушто се вратил од заточение, како и со Гарванов и другите од Централниот комитет, дефинитивно да го договорат карактерот на претстојното востание:

„Имено, тука се донело и последното решение – во Битолскиот округ да востанат сите вооружени сили, а тука тие беа многу, Битолскиот револуционерен округ беше најдобро вооружен и подготвен. Во другите окрузи да се засилат четите со најпогодните за оружје членови и да извршуваат атентати, па востанието, ако не е насекаде масовно, да биде барем општо, за да не се насочат сите војски во еден округ. Поради исцрпувањето на војската, за извесен смут, востаничките акции во поширок опсег сигурно не требаше да почнат истовремено. Затоа и востанието во Битолско избувна на Илинден, во Одринско на Преображение, во Скопскиот и Солунскиот округ во јули и август, а во Серскиот – во септември.“[57]

По враќањето на дедо Илија со другарите од Ангиста и по обиколката на четата во реонот, сите заедно запреле на одмор во земјиштето на с. Крушево, во северните падини на Шаралијата. Требало да се направи окружен конгрес, со цел да решат кога да почнат востаничките акции во Серскиот округ и какви ќе бидат тие акции. Само се чекало на враќањето на Делчев од Солун.

---

[55] Атентатот на реката Ангиста е извршен на 18 наспроти 19 март 1903 година. Разрушени се железничкиот мост и тунелот пред него и биле прекинати телеграфските жици на линијата Цариград–Солун. Таа акција е првиот обид да се внесе нов елемент во тактиката на ТМОРО и да се засегнат инвестициите на западните држави, со цел тие да се заинтересираат за решавање на македонското прашање.

[56] За тоа Пејо Јаворов запишал: „кон Велигден (Гоце, б.м.) стигна до Белото Море. Таму Гоце го стретнува Даме Груев, Востанието беше одложено за Илинден и како ми кажуваа, челото на мојот другар било просветлено. Кој порано, кој подоцна – под притисок на состојбите, – ние сите од тоа време изменивме по нешто од своите погледи“. (П. К. Яворов, *Проза, ...*, 178.)

[57] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 61.

Откако ги завршил разговорите со Даме, Гоце тргнал назад кон Серскиот револуционерен округ. Јаворов тврди дека тој мислел да ја почне работата од Серско. За таа цел, на излегување од Солун, наредил да се јават по Ѓурѓовден на Али Ботуш претставници на околиските комитети и четите на Округот.[58] Требало да се одржи окружен конгрес во врска со планот за претстојното востание. На 19 април Гоце пристигнал во Баница[59], Серско, каде што имал средба со Серската и со Драмската чета. На 21 април на Баница бил извршен напад на турскиот аскер.

Токму истиот ден, 21 април (стар стил, два дни пред Ѓурѓовден), дувал силен ветер и било невреме, што Баждаров го поврзува со лошо претчуство, но и со народното суеверие дека ќе има крвопролевање. Така, тоа злокобно претчувство ќе биде исполнето на најпоразителен начин. Најпрво биле информирани од страна на раководното тело дека од Баница се слушаат пукоти, се гледа пламен и чад. Иако биле далеку од патот кој водел од Крушево за Сер, по кратко советување решиле да поминат пат од 25 километри и да појдат на помош, не знаејќи за која чета се работи, кој е нападнат во Баница. Чекале да падне ноќ, бидејќи во текот на денот можеле да бидат забележани од турскиот аскер од Крушево. Тргнале во приквечерината, пред да се стемни.

Другиот ден, пред зората стигнале на една височинка недалеку од Баница. Но, веќе немало никаков судир, се гледал чад над селото, а со бинокл ги виделе и опожарените маала. Повторно за време на ноќта се вратиле назад во Крчовско. Сите биле обземени од грозни претчувства, мислејќи дека најверојатно се работи за четата на Георги Радев, односно Серската чета. Сепак, постоел уште еден црв на сомнение: Што ако таму бил Гоце Делчев!? Што ако е убиен?

„На 23 април (6 мај) ..., нè пресретна учителот-раководител во с. Крушево, Каранфилов, и ни ја соопшти тажната вест, дека во борбата во Баница паднал и Гоце Делчев. Сите останавме како скаменети од тага и од неизвесност, која се појавуваше по загинувањето на еден голем авторитет на Организацијата во Македонија, на најголемиот авторитет во нашиот округ. Од Крушево свршеницата ми беше пратила едно шише коњак, за да се почестиме со другарите за мојот именден. За жал, пиевме за вечен спо-

---

[58] П. Яворов, *Проза, том 2,...*, 222–223.

[59] Баница е село во Јужна Македонија, се наоѓа на северозапад од градот Сер. Денес во Грција.

мен на Гоце Делчев, на Димитар Гуштанов и на другите покојници, паднати со нив!...“[60]



Убиството на Гоце Делчев, 4 мај 1903 година[61]

Неколку денови по убиството на Делчев, во Крушевско, при четата на дедо Илија дошол и Георги Радев со своите другари. Тој им раскажал во подробности за опсадата на Баница од аскерот, за обидот на четата да излезе од селото и за загинувањето на Делчев и Гуштанов при пробивот, како самиот се спасил со другарите итн. Во Баница случајно се наоѓал и Димитар (Димо) Хаџи Димов, од Горни Брод, кој дошол од Софија да се види со Делчев.

„Тој беше македонствувујучи социјалист. По Баница, исплашен Димов се враќа во Бугарија, откако по селата, низ коишто минувал, сеел страв и безнадежност. „Никакво востание, кажувал, ќе ве распнат Турците!“[62]

Со смртта на Делчев, подготовките за востание во Серскиот револуционерен округ доста се усложниле. Комитетската мрежа била добро изградена, но вооружувањето било сосема слабо и недоволно. Востанието од 1902 година довело до насилства и апсења и до повлекување на мнозина востаници во Бугарија. Дел од раководителите во Серскиот револуционерен округ биле решителни противници за подигање востание, поради што и ќе се одолжи вклучувањето на Серскиот револуционерен округ во борбата. Сепак, набрзо, под притисок на настаните, ќе дојде до извесно приближување на ставовите на различните крила во македонското ослободително движење, што ќе влијае да се засили готовноста на населението да се вклучи во идните дејства.[63]

---

[60] Г. Баждаров, исто, 61–62.

[61] Ситов, Александар Капитанович, Руска Федерација (масло на платно, детаљ), фотограф: Александар Ѓорѓиев. (З. Тодоровски, В. Ачкоска, *Музеј на македонската борба за државност и самостојност*,..., 98.)

[62] Исто, 62.

[63] *Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878–1944, том 2, ..., 328.*

Загубата на Делчев била голема за цела Македонија, но најголема за Серскиот округ, кој немал таква друга обединителна личност и авторитет каков што бил Гоце Делчев. Баждаров, кој очигледно не е на иста линија со Јане Сандански и доста критички е расположен кон него, кажува дека Сандански имал амбиција да се наложи како прв човек на Серскиот револуционерен округ, но „...со нетактичноста ги одби од себе старите војводи и нивните другари. Тој се ползуваше со извесна почит сред еден тесен круг млади луѓе коишто ја сочинуваа неговата чета.„[64]

Планираниот конгрес на Серскиот округ по враќањето на Гоце од Солун бил одложен поради неговото убиство. Истовремено, со убиството на Димитар Гуштанов се отворила една празнина - Драмската чета разбиена кај Баница останала без војвода. Според Баждаров, во тој момент Пејо Јаворов изразил желба да го замени Гуштанов, но наишол на спротивставување од страна на Сандански, за што Баждаров запишал: „Поради ниската култура, Сандански ја немаше таа ширина на погледот, која го прави општествениот деец да се залага за општиот интерес. Сандански се грижеше само за Мелничкиот реон и сметаше дека е штета ако помине една пушка од тој реон во друг, божем таа пушка не ќе стрела против истиот непријател. Јаворов, јадосан од таа ситничавост на Сандански, по една кавга, се врати во Бугарија. Истото го сторил и Никола Наумов,[65] кој што скоро се беше присоединил кон четата на Сандански.“[66]

Според кажувањата на Пејо Јаворов, до несогласици со Сандански дошло околу динамитот кој се чувал во пештерите на Пирин Планина и Сандански не сакал да го даде за изведување динамитни акции во Драмско, при што барал Пејо да собере данок од населението и да купи материјали во Софија. Притоа Пејо го убе-

---

[64] Г. Баждаров, исто.

[65] Никола Наумов (1871, Штип – 8.10.1927, Софија), деец на македонското ослободително движење, журналист. Учи во Солунската бугарска гимназија и во Белград. Учи и на Софискиот универзитет, од каде што бил исклучен како соучесник во убиството на министерот Х. Белчев. На III конгрес на македонските друштва во Бугарија е избран за резервен член на ВМОК (1896). Во 1903 година заедно со Пејо Јаворов се четници кај Гоце Делчев и Јане Сандански. Бил издавач и редактор на весникот „Право“ (1894-1896, 1901-1903), на списанието „Македоно-одрински преглед“ (1905–1907), весникот „Изгрев“ (1913) и др. (А. Г. Пелтеков, исто, 314.) Пејо Јаворов наведува дека поручник Наумов „се покажал многу нежен за суровиот ајдучки живот“ и затоа се вратил во Бугарија. (П. Яворов, *Проза, том 2,...*, 224.)

[66] Г. Баждаров, исто.

дува со зборовите: „...Материјалите што ги барам се купени со општи организациски пари. Не мисли дека Македонија е само Мелничко.“

Но, Сандански тешко се убедувал: „Не ми треба да знам, секој нека гледа за себе. Кој ѝ достави на Организацијата четиринаесет илјади и петстотини мистонки? Од нив се купени тие материјали. Тие се мои.“[67]

По караниците со Сандански кои траеле неколку денови, Пејо заминува за Бугарија, но покрај сите тогашни непријатности, тој вели: „Сандански не стана за мене црн како ѓаволот. Нескротената енергија, гранитната упорност, неверојатната волја на тој човек секогаш ме воодушевуваа. Со малку повеќе самостојна мисла, трезвена амбиција и разборити средства, тој би бил еден од најкрупните творци на македонската револуција. “[68]

Набрзо Сандански заминал по оружје во Бугарија. Исто така, по едно советување со другарите од четата, Баждаров и Никола Николиев[69] од Серската чета биле пратени да достават оружје за Демирхисарско и Серско. Дедо Илија и Георги Башлијата ги придружувале до Разлог. Поминале над село Пирин и над старо Лопово, каде што ги зафатила силна бура. Сепак, другиот ден го продолжиле патот низ Демир Капија кон Банско.

„Кога веќе наближивме на околу час и половина до Банско, пративме писмо до раководителот по првиот човек што го пресретнавме да ни прати курир и храна. Другиот ден бевме одведени при Разлошката чета. Таа сега беше зголемена. Во неа ги

[67] П. Яворов, исто, 224–225.

[68] П. Яворов, *Проза, том 2,...*, 229.

[69] Никола Николиев (?, с. Алистрати, Захненско – април 1904, с. Мелникич, Серско), војвода. Учи во бугарското педагошко училиште во Сер. Делегат е на Конгресот на Серскиот револуционерен округ (септември 1903). За време на Илинденското востание со четата дејствува во Серско. Загинува во борба со турската војска. (А. Г. Пелтеков, исто, 325.) За него Баждаров ќе запише: „Се познававме уште како ученици во Сер. Тој беше во третиот прогимназијален клас, кога јас бев во вториот клас. Но беше доста повозрасен и буен. При едно скарување со еден ученик, го прободе со кама и за тоа беше исклучен од пансионот. Кога по две години пристапив во Солунската гимназија, го сретнав случајно Николиева како прислужител во кафеаната на еден хотел ... Во Солун понекогаш се гледавме и откако ја завршив гимназијата, не слушнав ништо за него. Сега беше се присоединил кон Серската чета и судбината нè собра пак да бидеме другари. Тој беше пргав, здрав и храбар младич. Подоцна, по Востанието, загина како војвода во борба со Турците. Вечна му памет!“ (Г. Баждаров, исто, 63–64.)

сретнав и Лазар Томов,[70] студент, Сандо Китанов, Кочо Молеров, Симеон Молеров и старите познати Иван Вапцара, Миле Бизев и др. ... Тука се одморавме два дни, зашто бевме многу изморени.“[71]

По одморот, втората ноќ, повторно го преминале расквасеното Разлошко Поле. Месната чета се разделила на две одделенија: едното останало на земјиштето на Банско, а другото, под војводството на Симеон Молеров, тргнало кон Годлево. Дедо Илија и Башлијата се вратиле назад, а Баждаров и Никола Николиев продолжиле со одделението на Симеон Молеров.[72]

Изморени и накиснати стигнале во Годлево, но морале брзо да го напуштат, бидејќи кон селото се приближувала турска војска: „Излеговме од селото, за да ја фатиме горага. Лазар Томов и Симеон Молеров се скараа по прашањето низ кои места да поминеме, за да нè не видат Турците и Помаците. Молеров е војводата, но Лазар Томов беше од Годлево, па повеќе ги знаеше местата тука. Во горага запаливме оган и се исушивме.“[73]

Вечерта, водени од курир, тргнале за Парангалица и безбедно ја поминале границата. Поради збрка на куририот, помина-

---

[70] Лазар Томов (Л. Т. Крајнов) (12.11.1878, с. Годлево, Разлошко – 3.3.1961, Софија), војвода и учител. По средбата со Гоце Делчев се вклучува во МРО и станува член на првиот Револуционерен комитет во Разлог (1896). Ги напушта студиите по педагогија на Софискиот универзитет и се приклучува кон четата на Симеон Молеров. По Илинденското востание е војвода во Разлошко. Го завршува Универзитетот (1904), а потоа е учител во Серското педагошко училиште. Како делегат од Серскиот револуционерен округ, учествува на Рилскиот конгрес (октомври 1905). По Младотурскиот преврат бил учител во Сер, а потоа во Скопје. Се бори во Првата светска војна (1915–1918). По војната се населува во Софија, каде што работи како професор, редактор и извршува други активности. Автор е на книгата „Спомени за революционерната дејност во Серскиот округ“ (Софија, 1953). (А. Г. Пелтеков, исто, 459-460.)

[71] Г. Баждаров, исто, 63.

[72] Симеон Вишанов Молеров („Прчко Капидан“) (15.2.1875, Банско – 7.5.1923, меѓу Банско и Разлог), војвода. Завршил ветеринарно училиште. Во 1896 година бил посветен во Организацијата од страна на Гоце Делчев во Банско. Како член на месниот Револуционерен комитет и војвода на реонската чета, го организира пренесувањето на оружје во Серско и Солунско. Учествува во пленувањето на мис Стон. Во 1902 година е војвода на чета во Кочанско. Бил член на Главниот востанички штаб за време на Илинденското востание во Разлошко. По Востанието е околиски војвода во Разлошко, а потоа во Скопско. Учествува во Балканските војни. По Првата светска војна станува член на БЗНС. Бил кмет на Банско (1919–1921). Станува жртва на сложените односи помеѓу ВМРО и БЗНС. Убиен е од страна на членови на Организацијата (Илија Попиванов и др.). (А. Г. Пелтеков, исто, 301-302.)

[73] Г. Баждаров, исто, 63.

ле низ непрооден пат, но сепак стигнале до Рилскиот манастир, „во слободна братска земја“. По кусиот престој во манастирот кој тогаш Баждаров првпат го видел, го фатиле патот за Софија, каде што стигнале во втората половина на мај („кон Константинов ден“). Сепак, за оружје требало да почекаат, бидејќи задграничните претставници Христо Матов и д-р Христо Татарчев под силниот притисок на Сандански му го дале целото оружје со кое располагале и коешто можеле да го најдат и да го купат. Така, иако имале пари, задграничните претставници во тој момент немале од каде да купат оружје и муниција и ги известиле за моменталната состојба Баждаров и Николиев. Притоа, тие направиле обиколка на неколку села во јужните падини на Стара Планина, во Новоселската околија со надеж дека таму останале руски бердани. По неуспешното трагање по пушки за купување (успеале да купат само една берданка), морале да чекаат на браќата Иванови, кои откупиле од државата неколку илјади игленки пушки. Но, пушките требало да се поправаат, а Баждаров и Николиев немале друг излез освен да чекаат.

Сепак, за да не остане без работа, Матов му дал на Баждаров да ги препише со шифри и со хектографирано мастило инструкциите за разните видови востанички акции - атентати по караули, кули на бегови, мостови, телеграфи, државни установи и др. Откако ги препишал инструкциите, ги литографирале за да се распратат низ сите револуционерни околии.

Покрај шифрирањето на инструкциите за востание, додека чекал да бидат снабдени со оружје, Баждаров заедно со Н. Пушкаров и Д. Мирасчиев отишол кон Кнежовска Река – меѓу Књажево и Владаја – да изведуваат проби со бомби, со пеколни машини, да стрелаат и др. При една од пробите, Мирасчиев си го повредил окото.

Зафатен со различни активности, во очекување да биде снабден со оружје без кое му било наложено да не се враќа, Баждаров за време на Илинден се затекол во Софија:

„На 3 август (21 јули) 1903 година, околу два часа попладне, кога вообичаено се очекуваа билтените од Бугарската телеграфска агенција во кафеаната „Македонија“, се беа насобрале многу посетители. Минувачите крај кафеаната исто се обидуваа да видат каква е таа невобичаена навалица.... Во телеграмите се соопштуваше дека е нападната железничката линија Солун–Битола, дека била нападната стражарската кула при Екши Су и дека телеграфската линија била прекината на многу места. Јавно беше дека Вос-

танието започнало. Дотогаш четите заземаа одбранбена положба, сега тие презедоа иницијатива и напаѓаа.“[74]

Наредните денови Баждаров внимателно ги следел новините, каде што вестите за Востанието биле сѐ побројни и поважни. Се давале информации за преземањето на Крушево од страна на востаниците, за големи борби во разни места. Задграничното претставништво почнало да издава свој билтен, во кој се објавувале повеќе подробности и поточни податоци за подвизите на востаниците. Билтенот се разграбувал „како топол леб во гладно време“.

По повеќе од две децении од тие настани, Баждаров се сеќава на чувството на гордост и опиеност од тие мигови:

„Востание во Македонија! ... Тоа беше едно особено чувство на гордост, на сочувство пред себеоткажувањата на борците коишто доброволно се беа определиле за смрт во името на слободата, но и на една сенка од срам, бидејќи јас не сум во тој врвен момент внатре, а уште скитам по софиските улици, за да чекам оружје, кога другите се борат!“[75]

Откако поминале повеќе години, Христо Матов му раскажал на Баждаров дека тој го известил министерот-претседател и министер за надворешни работи на Бугарија генерал Рачо Петров[76] за избувнувањето на востанието истата вечер, кога тоа требало да почне, или дваесетина часа пред да се добијат првите телеграми за сеопштите четнички напади во Битолскиот револуционерен округ.

„Значи, бесрамно лажат оние што тврдат дека Илинденското востание станало по сугестија или со согласност на бугарската влада.“[77]

По долго стрпливо чекање, „придружено со јадосување“, најпосле, во почетокот на август 1903 (стар стил), Задграничното

---

[74] Исто, 64.

[75] Исто, 65.

[76] Генерал-лајтант Рачо Петров (19.2.1861, Шумен – 22.1.1942, Белово, Пазарџиско) – воен и политички деец, пешадиски генерал. Завршува Воено училиште во Софија и Воена академија во Русија. Учествува во Српско-бугарската војна. Бил министер на војската 1887, 1894–1896 година, министер за внатрешни работи (ноември 1900 – јануари 1901), министер-претседател и министер за внатрешни работи (јануари-февруари 1901.) Од мај 1903 до октомври 1906 година е министер-претседател и министер за надворешни работи. За време на Меѓусојузничката (Втора балканска) војна командувал со Третата армија, а во Првата светска војна (1915–1918) бил воен губернатор на Македонија. (http://pehota.start.bg/article.php?aid=14570)

[77] Г. Баждаров, исто.

претставништво ги снабдило со околу 40 игленки пушки, 10 манлихери – украдени од складот на резервните потпоручници во Књажево, патрони за едните и за другите пушки, околу стотина бомби со различна форма и големина, две вреќи бертолетова сол за бомбите, неколку килограми динамит, електрична жица за фугаси и пет пеколни машини, „часовници“, кои биле доста скапи и друго. Сето тоа било тајно пренесено близу до границата – при Рибните Езера на планината Рила. Бидејќи оттаму преку гребенот на Рила не можел да поминува добиток, преносот требало да го извршат на грб и в раце територијално најблиските поданици на ТМОРО. Ангажманот на луѓето во снабдувањето и пренесувањето на оружјето до назначеното место, односно овој случај во кој учествувал и Баждаров, покрај другите слични организирани канали, како што ќе видиме, зборува за високата организираност на луѓето на теренот кои со особена жар и ентузијазам, не штедејќи се себеси, ги исполнувале задачите на Организацијата и се подготвувале за Востанието.

Веднаш, при првото обраќање за помош, комитетот во Банско пратил околу двесте мажи од двете села - Драглишта и Недоборско. „И во една ноќ ја минавме Демир Капија. Лошиот пат, всушност немаше никаков пат, а така ги нарековме проодните алпски камењари..., страшно нѐ измори сите... Сите ја поднесуваа маката без негодување, а со самочувство дека исполнуваат еден висок долг и му служат на едно големо дело, за коешто вреди да се умре. Стигнавме во планината на Горно Драглиште. Ги распуштивме носачите.“[78]

Така безбедно со целиот товар ја преминале границата и пристигнале на организационата територија. Вечерта им испратиле коњи на кои го натовариле оружјето, а биле посетени и од едно одделение на месната чета, предводено од Кочо Молеров, кое имало задача да го заштитува карванот по Разлошката Котлина. Цела ноќ пешачеле, а при изгрејсонце стигнале во гората над Банско, каде што ги чекал другиот дел од месната чета, „расположен на една убава полјанка со извор студена вода до неа“. Во приквечерината им донеле други коњи од селото Добриниште и карванот продолжил да се пробива низ тесната планинска патека на источните пазуви на Пирин меѓу реката Места и билото на планината. Некаде поминувале и преку ден, зашто не било возможно да го пробиваат тешкиот пат ноќно време. Во текот на акцијата, набр-

[78] Исто, 65-66.

зо се нашле пред опасност да бидат откриени од Турците, токму кај Демир Капија. Имено, штом власта добила некоја информација за појавата на комити по Пирин, еден од важните пунктови, на коишто поставувала заседи, била Демир Капија („и на Рила, и на Пирин има Демир Капија").

„Се случи едно одделение од околу 150 души да помине токму дента, кога ние се наоѓавме отспротива во гората. Не можеше да стане збор дека ќе ги зачуваме товарите ако бидеме откриени. Карванот го придружувавме само четворица: Петар Васков од Велес,[79] Ангел Бојаџиев од Враца,[80] Асен Хаџивасилев[81] и мојата милост. Никола Николиев си замина порано. Јас и Петар Васков не бевме бојни сили, особено пак јас. Другите двајца вистина си ги биваше... Но, што можеа да направат двајца или четворица наспроти една чета?"



Петар Васков[82]

[79] Петар Николов Васков (17.10.1875, Велес – 10.11.1907, с. Л'џаќој, Дедеагачко), деец на МРО, учител. Ја завршува Солунската гимназија и математика на Софискиот универзитет. За време на Илинденското востание дејствува во Серскиот револуционерен округ. По неуспехот на Востанието се префрла во Одринско, каде што како учител истовремено е и претседател на Одринскиот окружен револуционерен комитет. Загинува во судир со турската војска. (Г. Баждаров, *Духът на Македония*, ... 172–176.)

[80] Ангел Бојаџиев бил висок подофицер, кој службата ја напуштил тајно од началството и се ставил на располагање на Организацијата. „Висок, строен, мажествен, но крајно скромен, ... Ангел Бојаџиев беше јунак и со тело, и со дух". (Г. Баждаров, *Моите спомени*, 66.)

[81] Асен Хаџивасилев (1877, Самоков – 28.9.1923, с. Долно Спанчево, Мелничко), деец на МРО и на БКП. Учествува во четничката акција на ВМОК (1895). Бил уапсен и испратен на заточение во Дијар Бекир, Турција. Амнестиран е во 1901 година. Учествува во Илинденското востание. По неуспехот на Востанието се враќа во Самоков каде што отвора книжарница и станува член на БРСДП. Во 1905 година е четник кај Јане Сандански, а подоцна војвода во Дедеагачко. Се легализира за време на Младотурскиот преврат (1908). Учествува во Првата светска војна. Од 1919 е член на раководството на БКП. Учествува во Септемвриското востание во Бугарија во 1923 година во состав на Горноџумајскиот востанички одред. По задушувањето на Востанието убиен е од дејци на ВМРО. (А. Г. Пелтеков, исто, 478.)

[82] Г. Баждаров, *Духът на Македония*, ...,173.

Соочени со опасноста, морале брзо да реагираат. Притоа решиле доколку бидат откриени да ги запалат бомбите и со нивна помош и пушките со куршумите ризикувајќи да загинат, но да не дозволат да им го запленат товарот. Турските војници врвеле еден по еден по патеката и сè гледале со голо око. Баждаров и другарите малку се успокоиле, бидејќи сфатиле дека турската чета минува тука случајно, а дека нивниот карван не е откриен.

Кон пладнето другиот ден направиле мал одмор во планината, на местото каде што се граничел атарот од Неврокопско, земјиштето на с. Обидим - за Мелничко. Таму ги нашол претседателот на Разлошкиот реонски комитет Димитар Лазаров-Минго, кој се враќал во Банско по собирот што го имале раководните сили од Серскиот револуционерен округ.

По убиството на Гоце Делчев и атентатите во Солун,[83] биле испозатворени градски и селски раководители, како и многу други организациони членови. Врската со Централниот комитет, чиишто членови, исто така, беа затворени, била прекината. За кусо настапил момент на извесна недоумица кај народот. Четите требало да преземат сè во свои раце и да ги продолжат подготовките за Востанието.[84]

По отсуство од околу два месеци од Демирхисарско, Баждаров немал информации што е направено во меѓувреме. Затоа, доста се израдувал на средбата со Димитар Лазаров, кој подробно го известил за поважните настани. Имено, откако Сандански се вратил во Мелничко со добиеното оружје од Задграничното претставништво, „ги свикал на собир“, односно на Окружен конгрес, претставниците на воените сили во Округот. Од Демирхисарскиот реон

[83] Станува збор за Солунските атентати, извршени последователно на 15 и 16 април 1903 година (стар стил), од група анархистично настроени млади луѓе наречени „гемиџии“. Крајни индивидуалисти, тие верувале дека за успех на делото се нужни решителни терористички дејства – за да ги доведат Големите сили до степен тие да преземат реформи во Македонија. Биле минирани францускиот брод „Гвадалкивир“, клонот на Османлиската банка во Солун, гасната инсталација и други објекти. Речиси сите членови на групите гинат еден по друг, но го фрлаат вилаетскиот центар во големо безредие. Атентатите довеле до реакција на фанатизираното муслиманско население и теророт добил неконтролирани димензии. Организацијата исто така претрпела негативни последици, при што нејзината мрежа била сериозно засегната на многу места. Уапсените гемиџии се судени и осудени на долгогодишно заточение. (*Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи (1878–1944)*, том 2, ..., 311–312.)

[84] Г. Баждаров, „От Рила до Алиботуш с керван (спомени)“. *Сборник Илинден 1903–1922,* София 1922, 76.

на собирот присуствувал дедо Илија. Баждаров, наспроти тврдењето на Сандански, не учествувал на тој собир и пристигнал од Бугарија токму во моментот кога делегатите се враќале во своите реони.[85] Така при враќањето, на пат кон Али Ботуш, ги сретнал Димитар Лазаров и неговиот другар Борис Голев.

## Решителни дни

Предвостаничкиот конгрес на Серскиот револуционерен округ се одржал во почетокот на септември 1903 година, на Пирин Планина, јужно од Банско, под претседателство на Димитар Стефанов. Тој траел два-три дни и според Сандански се собрале единаесет делегати во месноста „Ливатките“. Христо Силјанов ја наведува месноста „Белемето“ на Пирин Планина.[86] Кај Кирил Прличев стои дека Конгресот се одржал на 29 јуни во месноста „Белемето“ на Пирин Планина.[87] Присуствувале претставници од сите околии, меѓу кои: Јане Сандански од Мелничкиот реон, Мирчо Кипров од Драмскиот, дедо Илија Крчовалијата од Демирхисарскиот, Никола Николиев од Серскиот, Димитар Пенков од Неврокопскиот, Димитар Лазаров–Минѓо и Симеон Молеров од Разлошкиот, придружени од Александар и Милош Колченови, Борис Голев и др.,[88] Мирчо Кипрев од Драмско, Симеон Витанов итн. Ди-

---

[85] Во историографијата е наметнато мислењето дека Г. Баждаров учествувал на тој Конгрес. Причина за тоа е тврдењето во спомените на Ј. Сандански, коишто се основен извор за тој настан. (*Национално-освободително движение на македонските и тракийските българи /1878–1944/*, том 2, ..., 328; *Материали за историята на македонското освободителна движение,* Кн. 7 /*Спомени на Яне Сандански/,* София 1927, 40). Исто така и Манол Пандевски, наведува дека на Конгресот на Серскиот револуционерен округ како делегат од Демирхисарскиот реон, покрај војводата Илија Крчовалијата присуствувал и Георги Баждаров. (М. Пандевски, *Илинденското востание...,* 244.)

[86] Споредувајќи ги податоците на други автори и современици, Манол Пандевски заклучува дека поверодостојно е кажувањето на Сандански и дека оваа месност се наоѓала јужно од гратчето Банско. (М. Бунова, „Спомени около Илинденското въстание в Банско“, *Сборник 50 години од Илинденското въстание,* София 1953, 57-58; А. Анастасов, Яне Сандански, София 1966, 80; М. Пандевски, исто.)

[87] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,* сІставител и редактор Кирил Пърличев, София 1999, 96.

[88] Л. Тодоров, „Революционните действия в Разлошко през 1903 година“, *Илюстрация Илинден,* год. V, кн. 7-8, София 1933, 28.

митар Стефанов и Александар Радославов учествувале како претставници на Мелничката реонска чета. Конгресот поминал единствено без делегат од Горноџумајска околија, поради нејзиното дезорганизирање од страна на врховистите. Бил избран нов Окружен комитет, кого Баждаров го именува како штаб за претстојното востание,[89] во состав: Димитар Стефанов, Александар Радославов и Симеон Витанов. Донесено е решение да не се подига масовно населението, а да се засилат четничките акции, односно Собранието се ориентирало кон чисто партизански акции. Решено е дејствата да започнат на 14 (27) септември на верскиот празник *Крстовден*, во 12 часот ноќта.

По овој Окружен конгрес, веројатно само Разлошката околија организирала своја конференција во Банско, иако во мемоарската литература се споменуваат и некои месни советувања што третирале прашања од доменот на Востанието. Говорејќи за овој период, Лазар Томов соопштува дека до 14 септември претходно агитирале повеќе месеци низ селата, ги организирале бојните сили, снабдувале оружје и организирале обука за ракување со него.[90]

На Конгресот на Серскиот револуционерен округ бил изработен следниов план за дејствување: четите од Разлошко, Неврокопско, Мелничко, Серско, засилени со најхрабрите организациони членови според расположливото оружје, ќе се сконцентрираат во Демирхисарскиот реон. Било определено еден дел од вооружените сили да го нападнат Демир Хисар, „повеќе за демонстрација", а другиот дел да го разруши со динамит мостот на р. Струма при излезот на Рупелската Клисура. Другите акции требало да се изведуваат при повлекувањето на силите на север во Неврокопско, Мелничко и Разлошко. Четата на Дедо Илија добила тешка задача. Таа требало да го проучи во подробности одбраната на мостот, „...во кое место какви бојни сили ќе треба да се постават, каде треба да се стави динамит за поуспешно уривање на мостот и др. Покрај тоа, требаше да складираме храна за востаниците. Значи, неопходно беше да побрзаме."[91]

Движејќи се со карванот речиси две недели, низ непроодни планини и стрмни патеки, избегнувајќи повеќе опасности, коне-

[89] Според спомените на Сандански, Манол Пандевски тврди дека Окружно востаничко тело, слично на Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ, не било избрано. (М. Пандевски, исто, 245.)

[90] Л. Тодоров, „Революционните действия в Разлошко през 1903 година", ..., 27-28.

[91] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 67.

чно, на 29 август (стар стил), Баждаров и другарите стигнале на Али Ботуш. Брзо ја растовариле муницијата и ја складирале привремено во една скривница. Четата на дедо Илија, бројно нарасната со нови членови на Организацијата кои станале нелегални поради турските иследувања, ја пронашле во боровата шума над месноста Скакавица на Али Ботуш. Кон четата бил приклучен и резервниот поручник Љубомир Стоенчев,[92] со неговата чета која броела 40 души. Тој припаѓал на врховистите, но „...тие сега беа приклучени од Внатрешната организација како помошни борбени сили, без право да се мешаат во нашите административно-организациони работи. Се запознав со него и со неговите другари."[93]



Војводите на Врховниот комитет Петар Д'рвингов, Дончо Златков, Димитар Зографов и Кочо Аврамов

Различни извори даваат различни податоци за бројот на врховистички чети што се префрлиле на територијата на Организацијата во текот на Илинденското востание. Меѓу овие чети спаѓале четите на капетан Јурдан Стојанов и Љубомир Стоенчев, кои ја поминале границата на 12 август 1903 година. Покрај нив дошле уште врховистичките чети на Петар Дрвингов и Димитар Зог-

[92] Љубомир Стоенчев бил воен деец, полковник. Роден е во Трново. Учествува во Илинденско-преображенското востание во 1903 г. По завршувањето на Првата светска војна, има тесни контакти со ВМРО како близок другар на Александар Протогеров. (Објаснувања кон: Г. Баждаров, *Моите спомени,* 165.)

[93] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 67.

рафов. Кон крајот на август, во Пирин пристигнале уште Цончев и Јанков. Вкупно се собрале околу 500-600 вооружени четници.[94]

Врз основа на соопштението на ЦК упатено и до двата врховни комитета во Бугарија, врховистите отворено се поканети да земат учество во востанието. Со тоа писмо, „и покрај сите принципиелни разлики, и покрај непомирливоста на целите на Внатрешната организација со целите на Врховниот комитет, ЦК ТМОРО, под претседателството на врховистот и агент на бугарскиот двор Гарванов, едноставно преминувал преку сето тоа и објавувал помирување, повикувајќи помош“.[95]

Сепак, јазот со врховистите не можел така лесно да се надмине и секогаш биле присутни сомневања на едните кон другите. Во рамките на Серскиот округ постоело оправдано негодување, особено изразено кај Јане Сандански. Сандански наведува дека му соопштиле на Стоенчев дека може да остане на територијата на Организацијата само под услов ако дејствува таму каде што ќе му биде посочено, т.е. според изработениот план. Во спротивно ќе мора да се врати во Бугарија. Исто така, Сандански побарал од четата на Стоенчев да ги симнат бугарските војнички грбови и еполети.[96]

Меѓу другото, дедо Илија го викнал настрана Баждаров, како доверливо лице, за да му раскаже што се случило за време на неговото отсуство. „Поради иследувањата, раководителите од Крушево пребегале при четата, но потоа се одделиле и на своја глава отишле во Бугарија, така што тоа ги обесхрабрувало другите членови. Имаше нешто вистина во тоа, но не сè, зашто од Иван Гологанов и Христо Попиванов востаници не станувaа и требаше да ги експедитираат зад граница со ред.“[97]

Меѓу другото, дедо Илија му ги потврдил информациите за собирот во Мелничко, кои веќе претходно Баждаров ги слушнал од Димитар Лазаров и за тоа дека за 14 септември (стар стил) е определено да почнат востаничките акции.

Подготовките за востанието во Серскиот револуционерен округ се одвивале претежно под раководство на Јане Сандански. Тука дејствуваат и четите на Михаил Чаков, Атанас Тешовалијата, Стојан Филипов, Стојан Малаков и други. Набрзо, во текот на под-

---

[94] И. Катарџиев, *Борба до победа,* I, Скопје 1983, 580.

[95] Исто, 577.

[96] *Сандански, Спомени,* 37.

[97] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 67.

готовките, во округот пристигнале и повеќе чети, на чело со врховистичките војводи: Љубомир Стоенчев, Јурдан Стојанов, Петар Дрвингов, Иван Цончев, Анастас Јанков и др. За да не дојде до несакан развој на настаните на штета на Востанието, двете страни се согласиле за заедничко дејствување против турските воени сили во Округот. Јане Сандански се согласил со тоа, откако врховистичките војводи ги прифатиле условите што тој ги изнел, потенцирајќи дека ТМОРО се бори за автономна слободна Македонија како крајна цел.



Полковникъ Янковъ. Македонско възстание — 1903 г.
Прѣвземане на с. Бѣлица отъ българскитѣ чети, подъ воеводството на храбрия полковникъ Янковъ.

Штом дознал за решението на Серскиот окружен конгрес, веднаш по пристигањето на Али Ботуш, Баждаров заедно со другарите од четата на дедо Илија пристапил кон забрзана работа за последните подготовки пред планираните акции. Придружуван од Ангел Бојаџиев, влегле во с. Крушево за да ги организираат сместувањето и исхраната на востаничките сили во Серскиот округ при нивниот поход кон Демир Хисар. Друга група од четата на дедо Илија - Петар Васков, Георги Башлијата, веројатно и Асен Хаџивасилев – заминала да го разгледа железниот мост на р. Струма, со цел да се направи план за напад и минирање.[98]

За време на десетдневниот престој во Крушево, Баждаров издава наредби до комитетите во Крушево, Црвишта, Елешница, Лехово, Герман за тоа каде колку двопек да испечат и да складираат, да набават сирење, солена сланина, опинци, објала[99] и резерви.

[98] Исто, 68.

[99] Објала – крпи што се ставаат на нозете наместо чорапи.

„Повикав некои од раководителите на лична средба, за да ги распрашам каде најдобро во Елешничко и Германско би можеле да се скријат повеќе востаници, бидејќи тие не требаше да бидат насетени од Турците, а сепак да се наоѓаат скриени близу до целта на нападот.“[100]

Во истиот период, еден ден кај Баждаров во Крушево пристигнала свршеницата на загинатиот Димитар Гуштанов во Баница - г-ца Милица Георгиева, барајќи да биде примена во четата со желба да земе учество во „нерамната борба“, да го одмазди својот свршеник и да загине за слободата на Македонија. „Откако ја изгубила единствената љубов, таа не наоѓа ништо да ја држи во животот. Таа сака истовремено да им даде пример на Македонките, дека и тие можат да бидат комитки, како што порано имало жени војводи. Нека види и цивилизираниот свет дека во Македонија не востанале само мажите, туку дека има и жени востанички.“[101] Сепак, Баждаров не можел да ја прими во четата, бидејќи била мошне нежна и слаба и не сакал да ризикува да биде фатена од Турците, кои би се изживувале со неа. Така, „си замина расплакана, горката. Следната година умре од туберкулоза. Вечна ѝ памет. Ја почитувам како да учествуваше во Востанието, толку настојуваше за тоа!“[102]

Додека во Крушево ги подготвувале потребните материјали за Востанието, до Баждаров стигнала вест дека Петар Васков со другарите на враќање од с. Радово за с. Герман потпаднал во една заседа од турска потера. Притоа Васков бил повреден, така што не можел понатаму да учествува во дејствата.[103]

Баждаров бил сериозно загрижен поради фактот што одредениот датум - 14 септември бил сè поблиску, а „од север“ не доаѓа-

[100] Г. Баждаров, исто, 69.

[101] Исто.

[102] Исто.

[103] Петар Васков и другарите отишле безбедно до мостот, откако се преоблекле во селски алишта во Радово и направиле нужен увид. Петар Васков бил гимназиски учител по физика. Во 1903 година, пролетта, бил земен на обука да си ја отслужи воената обврска во Школата за резервни потпоручници во Књажево. Но, Васков избегал од Школата, пред Баждаров да тргне назад во својот реон со оружјето, така што му се придружил како техничко лице. Тој знаел добро да манипулира со електрични батерии, со струја и др. Затоа требало да има главна улога при уривањето на мостот. Тој требало да постави жици на мостот, но претходно сакал да направи увид на самото место. Задачата добро ја исполниле, но за жал биле пресретнати од потера од која двајцата курири се спасиле, а Васков иако ги повредил нозете не бил откриен од војниците. (Г. Баждаров, *Дъхът*..., 174–175.)

ле никакви известувања. Ниту една од четите, ни Мелничката, ни Неврокопската, ни Разлошката, не давале знак дека доаѓаат кон нив, така што изгледало дека нешто не е во ред, дека нештата се поместени. Имено, кога пристигнале со карванот со оружје на Али Ботуш, другиот ден, на 31 август, слушнале далечни пукотници. Очигледно дека негде низ Пирин Планина се водела борба.

Покрај сè, свесни дека имаат уште две недели до датумот за востаничките акции, сериозно се зафатиле за подготовки.

На 11 септември, Баждаров добил од дедо Илија белешка во која го повикува да тргне вечерта кај нив со точна назнака на местото каде се наоѓаат. Дедо Илија се четата бил доста далеку, на околу три до четири часа пат, но натоварени тие патувале осум часа, речиси цела ноќ, и пристигнале уморни дури во зората. Откако се поздравиле со дедо Илија, Баждаров тука го запознал Стојан Божов, поранешен учител, инспектор и писател од с. Крчово.[104] Турската власт го интернирала во Демир Хисар, а тој дошол во Крчово и откако слушнал дека претстојат востанички дејства, се приклучил кон четата за време додека Баждаров ги спроведувал задачите во Крушево. [105]

На местото каде што денувале, т.н. „Долга Нива“,[106] ненадејно биле нападнати од турски аскер, каде што воделе нерамна

---

[104] Стојан Попдимитров Божов (7.4.1864, с. Крчово, Демирхисарско – 12/13.9.1903, с. Крчово, Демирхисарско), деец на македонското ослободително движење. Се школувал во Сер, Пловдив и Сливен. Бил доброволец во Српско-бугарската војна (1885) и добил орден за храброст. По војната учителствува во Крчово, Демир Хисар, Неврокоп. Пројавува и писателска дарба, така што е автор на повеќе раскази печатени во списанието „Книжици“ во Солун. Истовремено собира вредно народно творештво. Во 1893 и 1894 година Божов е во Софија, каде што ја исполнува должноста подначалник во Министерството за просвета. Во 1895 година се враќа во Македонија и до 1901 година е секретар на Скопската бугарска митрополија и има должност на училиштен инспектор во епархијата. Води борба против српската и грчката пропаганда. „Тој е еден од народните водачи сред интелигенцијата во тој најтероризиран дел на Македонија“. (Г. Баждаров во: „Свобода или Смърт“, бр. 79, 5 октомври 1928; А. Г. Пелтеков, исто, 53.) Баждаров во своите спомени за ден на смртта на Божов го наведува 13 септември: „Ете тој културен и со заслуги човек ние го загубивме на 13/27 септември 1903 година во борба со Турците“. (Г. Баждаров, *Моиѿе сӣомени,* 73.)

[105] Исто, 70.

[106] Тоа претставувала „една пространа тераса при ’Малиот Пресек’, во средината обработена нива, а по краевите, во насока на Брод и Кара Ќој, обградена со камења, на југоисток пак засенета со мала џбунеста шумичка. Кон северозапад – отворено, но почнува стрмнината за Каменлив чукар. На двесте-трис-

борба во текот на 12-13 септември (26-27 септември, нов стил). Дедо Илија веднаш ги распоредил четниците: едните да фатат позиции и да го задржуваат аскерот, а другите да се извлечат по единственото останато место за отстапување, една гола стрмна пољана која водела кон каменлив чукар. Дежурниот од четата, за среќа, ја забележал патролата на Турците која го извидувала теренот, а набрзо потоа се појавил аскер. „По првата пушка, страшна и злогласна, следеше втора, трета, многу. Јас како што бев изморен, тргнав по оние кои се повлекуваа, пред мене беше А. Бојаџиев. Јас бев, ако не последниот од колоната, но секако еден од последните.“[107]

На чело на оние што се повлекувале, дедо Илија ги испратил неколкуте најбрзи четници, меѓу кои Г. Чалков и Башлијата, за да го заземат „доминантниот Каменлив чукар“, бидејќи доколку први го зафателе Турците, постоела опасност да загине целата чета. Пред сите, „авангарда“ биле дедо Илија и Л. Стоенчев. Баждаров самокритично признава дека тешко се снаоѓал во улогата на комита. Со слаб вид, испотени очила, се влечел по песокот и по ситните камчиња. Притоа местото било „гола стрмнина“, многу непогодно за борба: „Немаше каде да залегнеме, па да им дадеме можност на оставените долу на позиција да се довлечкаат до нас, та после тие да залегнат, за да отстапиме ние и така натаму. Тоа беше апсолутно невозможно, т.е. тоа значеше сите да бидеме погодени и затоа сите заложени долу, на првоначална позиција, водеа непрестајна борба, без ние да сме во состојба да ја олесниме нивната положба.“[108]

Аскерот бил далеку поброен од четниците, а за време на ноќта се придружиле одделенија на турскиот аскер кои престојувале во Кара Ќој, Крушево, Шарлијата и Горни Брод. Попладнето дошло засилување од Демир Хисар и Сангелово. Борбата траела цел ден, околу дванаесет часа. Некои од борците веќе биле убиени, други располагале со малку куршуми и сè поретко одговарале со пукање. Некаде кон зајдисонце, Баждаров со неколкумина четници се наоѓал до местото „Рупа“.

„Малку подолу од мене залегнал Стојан Сурлев, раководител од Крчово, којшто се приклучил кон четата, и стрелаше со една мартина... Залегнав и јас... и истрелав една пачка. Турците почнаа да бегаат надолу. Беа една групичка од 5-6 души. Погодив ли не-

та чекори од тоа место минува патот од Крчово за Кара Ќој, се разбира. коњски пат“. (Исто, 71).

[107] Исто.

[108] Исто.

кого, па другите се исплашија? ... Тоа беше мојот единствен борбен успех во моето четништво, и тој со неизвесни резултати. Ми се чини, погодив еден – ми се виде дека се преврти по стрмнината надолу."[109]

На самиот „каменлив чукар", во приквечерината, се судриле во борба гради в гради, а неколку фрлени бомби го запреле пробивот на турските војници.

„Осумте души јунаци беа убиени, а можеби некои и се самоубиле со последниот патрон при невозможноста од отстапница. Меѓу убиените на позицијата беа Стојан Божов[110], ... и Наке Георгиев од Крушево. При нашето повлекување, беше убиен и мојот другар Ангел Бојаџиев од Вратца... Тој носеше и еден часовник, пеколна машина, па Турците многу се чуделе, кога го пронашле во неговиот ранец."

Двете соединети чети[111] – на дедо Илија и на Љубомир Стоенчев, вкупно околу 80 души, бестрашно се бореле со речиси 1 500 турски војници. Биле убиени осум комити, а ранети тројца, додека бројот на загинати непријателски војници бил далеку поголем. Подоцна, селаните кажувале дека Турците носеле многумина ранети и убиени (околу 200).

Според начинот на кој биле опколени со војски кои настапувале од три страни и нападнати на местото каде што престојувале, Баждаров наведува дека очигледно биле предадени. Таа негова претпоставка ќе се потврди, подоцна, по една година, кога Организацијата го открила предавството. Еден од предавниците бил Георги Дурев, негов некогашен тетин, кој по смртта на тетката на Баждаров се оженил по втор пат со друга жена и случајно ги сретнал по патот, инаку баџанак на дедо Илија по втората жена. Организацијата подоцна го казнила Г. Дурев со смрт.

Баждаров размислувал за мотивите на тоа предавство, сметајќи дека Дурев не би ја ризикувал главата за пари. На крајот зак-

---

[109] Исто, 72.

[110] Поради тоа што не можел да оди, откако го видел патот за повлекување, долг и стрмен, Божов сам побарал да остане долу на позиција и се борел до издивнување. „Убиен ли беше или се самоубил со последниот патрон, тоа ќе остане тајна". (Исто, 73.)

[111] Во четите имало и неискусни комити, новајлии, избегани под принуда или доброволно присоединети според планот да се зголеми бројниот состав. „Помнам, вели Баждаров, дека од Крчово беше се присоединиле Стојан Сурлов, Атанас куририот, Сотир Денев и др. Од Сангелово со нас беа дедо поп, не му го помнам името, и син му. Син му Георги беше лесно ранет во нозете, но одеше. Имаше неколкумина и од Петрово". (Исто.)

лучил дека мотивот бил да се спречи востанието бидејќи предавникот бил убеден дека комитите не можат да го урнат царството на султанот и дека некакви си шеесет, та нека станат сто, двесте, илјада души, не можат да се борат со многуилјадната армија на султанот.

„Предавникот мислел да го осуети востанието ако нè предаде. Негов бил предлогот таму да отиде четата и дедо Илија го послушал без да се сомнева во неговите лоши намери. Тој сметал дека повеќето од нас, ако не и сите, ќе загинат таму. Предавникот мислел дека со своето гнасно дело ќе си го спаси селото, па и соседните села од опожарување. Можеби до него дошол глас за опожарувањето на селата во Костурско, Охридско, Леринско?“[112]

Цела ноќ по битката пешачеле по врвовите и падините на Али Ботуш, одбегнувајќи ги прооденитe патеки на кои можеле да наидат на турска заседа. Во зорите стигнале на „Црн врв“. Баждаров се чувствувал премногу изморен, но конечно морал да се соочи со себе си - дека за него не е комитскиот живот.

Така, во Демирхисарскиот реон, кој според првобитно прифатениот план за востаничките акции во Серскиот санџак бил определен за реон од каде што требало да се огласат почетните акции, борбите, како што видовме, започнале предвремено, т.е. пред официјално определениот ден за востание. Тоа се должеше на споменатото предавство со кое беше откриена четата на Илија Крчовалијата и нападната од турскиот аскер. Имено, врз основа на планот прифатен од Окружниот комитет, четата на војводата Илија замина засилена со дел од четата на поручникот Стоенчев, со задача да го урне железничкиот мост на Струма. Меѓутоа, по избувнувањето на Илинденското востание, мостот бил добро чуван и како што споменавме дел од четата определен за таа задача беше откриен од Турците. По судирот на 12 септември кој траеше цел ден, всушност завршиле и борбите во Демирхисарско во време на Илинденското востание.

Четата по долгиот марш низ Али Ботуш се повлекла кон Неврокопско, од каде што се префрлила преку границата во Бугарија. Инаку, во Серскиот округ, покрај Демирхисарско, помали востанички акции имало во Неврокопска, Драмска, Разлошка, Серска околија.

По поразот на Илинденското востание, покрај одмаздите на османлиските регуларни сили и башибозук, Македонија ста-

[112] Исто, 74.

нала полигон на засилено дејствување на грчката, бугарската и српската пропаганда. За разлика од порано кога претежно се делувало на црковно-просветен план, сега овие пропаганди добиле вооружен карактер. Србија, Грција и Бугарија испраќале во Македонија свои чети со цел на насилен начин и со силата на оружјето да вршат притисок врз мирното население и да освојуваат поширок простор на влијание. Во рамките на овие туѓи чети, соседните држави на своја страна привлекле различни декласирани елементи од локалното население. Заради меѓусебната конкуренција, доаѓало до чести судири помеѓу четите. Тие се судрувале и со Четите на Организацијата кои ја бранеле својата територија и сакале да го отфрлат туѓото влијание во Македонија. Жртва на сите овие пресметки било невиното население.

# Поствостаничка Македонија – погроми и поделби

## Од Илинден до Младотурскиот преврат

*Да се опишува положбата во Серскиот санџак во време и особено по Илинденското востание, или воопшто во Македонија, да се опишуваат прегепувањата, масакрирањата, изнасилувањата и сето она што го извршила редовната и нередовната војска, жандармеријата, и најпосле, верската затруеност и фанатизам, би значело да се прави хроника на една крвава мартирологија.*[1]

Додека дел од раководните личности на ТМОРО, особено оние во Софија биле преокупирани со дискусиите околу внатрешните разлики за нејзината организациона структура, раководењето и начинот на водење на борбата, во Битолскиот револуционерен округ се одвивала вистинска драма за опстанок на војводите, четите и населението во краевите каде што, заради теророт на турските вооружени сили, гладот, болестите и епидемиите, тешко можело да се опстане и да се помине зимата.

Но, агонијата на поразот по Востанието донесе уште една многу пострашна агонија за македонскиот народ – жестока меѓусебна борба на бугарската, грчката и српската вооружена пропаганда во Македонија. Овие туѓи пропаганди низ насилство и злосторства сакаа да си обезбедат превласт во османлиска Македонија и поголем број приврзаници од македонското население, особено од мнозинскиот македонски народ за да го спречат, по секоја цена реализирањето на главната цел на МРО – автономија за Македонија. Во борбите против османлиските власти, против странските вооружени чети и внатрешните врховистички сили, како резултат на предавства во период од неколку поствостанички години паднале извонредни македонски патриоти и револуционери, како: Христо Узунов, Ѓорѓи Сугарев, Никола Карев, Даме Груев, Пандо Кљашев, Александар Турунџев, Славејко Арсов, Атанас Тешовалијата и многу други[2].

---

[1] И. Катарџиев, *Борба до победа*, I, 595.

[2] Види за тоа: Виолета Ачкоска, Никола Жежов, исто, 120–163.

Во периодот 1904–1908 година се случуваат бројни жестокости врз македонскиот народ кои ја предвестуваа трагедијата на Балканските војни 1912–1913 година. Ништо не можеше да ги запре големодржавните апетити на малите балкански држави насочени кон освојувањето на остатокот на Османлиската Империја на Балканот. Се разбира сето тоа се направи со благонаклоноста на големите сили кои немаа интерес за формирање голема словенска држава на Балканот под името Македонија.

По неуспешното Илинденско востание, најголемиот број од војводите и четниците од османлиска Македонија мигрирале во Кнежеството Бугарија. Во текот на есента 1903 година и зимата што следи во Софија можело да се проследи целото разнообразие на четничките униформи од тоа време: пелерини, обични куси наметки, арнаутски потури, фустанели ... војводи во џепкени со размавтани ракави, црвени појаси и сребрени ќустеци.[3]

Најнапред се префрлиле серчани на чело со Јане Сандански, а набрзо ги следеле врховисткичките одреди од Пирин и други чети од таа страна на Вардар: Иван Карасулијата, Сава Михајлов, Аргир Манасиев и др. Во ноември започнаа да пристигаат и од другата страна на Вардар („отадевардарци“). Последни се прибрале учесниците во Илинденското востание. На различни начини и по различни канали доаѓале од Охридско, Костурско, Леринско, Ресенско, Прилепско, Битолско.

„Бугарија беше спасителниот брег, кон кој, низ планини и мориња, се стремеа сите, чие што понатамошно останување во востанатата и разорена област беше станало невозможно.“[4]

Повеќето илегално и инкогнито се прибрале во Бугарија. Меѓу нив тивко пристигнал и Ѓорги Баждаров. Единствено шумно и со извесна помпа било пристигањето на Борис Сарафов. Востаничките дејства ја рашириле надалеку во туѓина славата на Сарафов така што сега неговото враќање било соопштено од *телеграфски агенции* и странски дописници, „како сензација на денот“.[5]

---

[3] Х. Силяновъ, исто, том II, 55.

[4] Х. Силяновъ, исто, 56.

[5] „Брадосан, со долга коса, тој и во четничка униформа ја истакнуваше својата убава фигура и пламенот во очите“, вели Силјанов. Народот со љубопитство се туркал пред софиските витрини да ги види фотографиите на Сарафов и неговата чета. Домашни и странски новинари пренесувале негови интервјуа и раскажувале за него. „Околноста, дека бараниот под дрво и камен од Турците востанички водач може да ја крстосува со дваесетина четници цела Македонија и да се прибере здрав и читав во Бугарија, дејствуваше на вообразенијата“. (Исто, 56.)

Во есента и зимата на 1903/1904 во Софија се собрал од невола, еден спроти друг, многу шаренолик свет од револуционери: четници, неоспособени за друга работа и поранешни легални работници, кои учествувале во Востанието; борбени неуки војводи и интелигентни водачи; скромни исполнители на татковинскиот долг и застарени фракционери. Некои веднаш побарале работа за да го спечалат својот леб, а други легнале на грбот на Задграничното претставништво, чекајќи да се запролети.[6]



Георги Поп Христов



Христо Матов

Откако го прибрале оружјето во Битолскиот револуционерен округ и Георги Поп Христов пристигнал во Софија. Како што кажува самиот, тука сретнал многу војводи и четници кои дошле нешто порано, од цела Македонија и Одринско. Со повеќето од нив тогаш се запознал:

„Се гледав со Христо Матов и д-р Христо Татарчев, кои беа задгранични претставници на Организацијата. Раководните дејци честопати се собиравме за да ја разгледаме внатрешната положба во Македонија, како и идната дејност. Меѓу многуте прашања, најмногу нè мачеше прашањето за Востанието: требаше ли да се направи такво востание или не.“[7]

Востанието со неговите непосредни последици тежело како кошмар над сите сознанија и мисли на преживеаните водачи, војводи и востаници. Преиспитувањето се одвивало различно — според индивидуалните карактери и духовниот мир на одделните учесници и дејци. Наспроти коравите борци, кои не ја загубиле ду-

---

[6] Исто, 56-57.

[7] *Революционата борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов,* 62, (http://promacedonia.org/gph/gph_selishta.html, 10.02.2014).

шевната рамнотежа, имало и такви, кои паднале под влијание на сомнежи, се реасколебале во вербата кон борбата и молчаливо се пасивизирале, а од другата страна се појавувале и демагози.[8]

Несреќата ги поврзала уште повеќе одделни истомисленици, но истовремено ги засилила отпорано присутните спротивности и несогласици. Луѓето блиски по идеи се собирале и имале свои сврталишта на различни места каде што разговарале за актуелната состојба, кроеле планови за иднината и за реформирање на Организацијата.[9]

Така на една страна („во внатрешната собичка на една софиска касапница“), се собирале „левичарски настроени револуционери“ на чело со Сандански и Чернопеев. Покрај редовните посетители, тука наминувале и многумина новодојдени во Софија, особено од пограничните реони коишто пренесувале новости од Македонија. На тие собири се евоцирале спомени и подробности од недамнешните случувања, а секако неизбежна тема за Сандански и другарите бил врховизмот за кого се зборувало со ироничен или саркастичен тон. Така, настаните кои се случиле во Пирин, во есента на 1903 година, не ги омекнале омразите од минатото, ниту ги зацелиле идејните разлики. Напротив, сега било потврдено убедувањето дека „врховизмот кој го предизвикал Илинденското востание“ треба по „секоја цена да се искорени“, за да се спречат нови штети за народот и за Организацијата. Истовремено се јавувале гласови на потценување, дури и на оние внатрешните, коишто решиле и спровеле востание во Битолскиот округ. „Серчани и струмичани сè уште си налагаа воздржаност, ограничувајќи се од исмевање на јавното и гласно „рекламацисвото“ на Сарафов. Впрочем, сепаратизмот на серчани воопшто не беше нешто ново за внатрешните отаде Вардар. Специјално кон Сандански сега имаше уште една причина за незадоволство и недоверба: неговото целосна пасивност за време на Востанието.“[10]

Во дискусиите за Востанието мнозинството и најмногу серчани го критикувале неговото подигање, дека тоа било пребрзано и катастрофално за населението во Македонија; дека не донесло никакви придобивки туку само разорување на селата итн. Најострите критики, се сеќава Георги Поп Христов, изрекувале серчани, бидејќи тие не востанале според решенијата во Солун.[11]

---

[8] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,...*, 61.

[9] Х. Силяновъ, исто, 57.

[10] Исто, 58.

[11] *Революционата борба в Битолския окръг, ...*, 42.

Важните прашања наметнати од поразот на Востанието не се разгледувале инцидентно само по кафеаните и подрумчињата од страна на одделни учесници, туку биле поставувани на разгледување и од претставниците на Задграничното претставништво — Христо Матов и д-р Христо Татарчев на редовни заседанија. На овие заседанија, што продолжувале неколку недели, се собирале оние кои се нашле во Софија – реонски војводи, околиски и окружни раководители. На нив присуствувал и Георги Баждаров како претставник од Серскиот округ, заедно со Јане Садански, Димитар Стефанов и други.[12] Уште од самиот почеток, Баждаров во голем степен се дистанцирал од Јане Сандански и бил критички расположен и кон неговата личност и кон неговото однесување.[13] Сигурно причините биле можеби повеќе од идеолошка, отколку од лична природа.

Софиските заседанија немале официјална форма ниту пак официјални надлежности за да носат решенија кои би биле задолжителни за внатрешноста. Се настојувало да се изјаснат повеќето од учесниците во недамнешните настани, да се соберат нивните одделни ставови со другарска размена на мисли по многу прашања кои сите ги вознемирувале, па дури и разгневувале.[14]

Во текот на конферирањата, Христо Матов само ги слушал дискусиите и водел забелешки, но на крајот, во својата дискусија, „со една необична ладнокрвност“ тој одговорил на секое прашање,[15] докажувајќи дека не е грешка и не е пребрзано Востанието, туку напротив, според него, било „токму навреме и наместо“:

---

[12] Другите окрузи биле ги претставувале следниве лица: Струмичкиот — Христо Чернопеев, Сандо Китанов, Никола Жеков, Мануил, Стоју Хаџиев и др.; Солунскиот — Сава Михаилов, Аргир Манасиев, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев и др.; Битолскиот — Борис Сарафов, Пандо Кљашев, Васил Чакаларов, Георги Поп Христов, Александар Чакров, Лазар Димитров, Никола Андреев (Алај-бег), Дејан Димитров, Тасе Христов, Смиле Војданов и др.; Скопскиот — Никола Пушкаров, Мише Развигоров, Димитар Мирасчиев, Славчо Ковачев и др.; Одринскиот — Михаил Герџиков, Стефан Икономов, Крсто Б’лгаријата, Арнаудов и др. (Х. Силяновъ, исто, 58.)

[13] Во една пригода Сандански „сосема неумесно и без основа“ изрекол закана дека ќе се тркалаат глави во Софија. Тогаш Кирил Прличев му се обратил со зборовите: „...ако мислиш дека тоа може да ја спаси ситуацијата, кажи чии глави треба да паднат“. На тоа Сандански не одговорил. (*36 години във ВМРО,...,* 61–62.)

[14] Х. Силяновъ, исто.

[15] За тоа белешки оставиле и Христо Силјанов и Георги Поп Христов. Така Силјанов, меѓу другото ги наведува овие мисли на Матов: „Востанието не можеше да не се подигне и требаше да се случи, како нешто предвидувано и свес-

„Тој докажуваше дека има добри резултати не само за населението сега, но и за идната борба. 'Со востанието – велеше тој – се создаде внатре во населението прекален борбен дух'... Имаше и лични обвиненија и остри напади на едни против други... Се истакнуваа принципи, се правеа процени... Сепак, кај сите дејци владееше едно заедничко убедување и мислење, дека борбата треба да продолжи.“[16]

Така се поставувале прашањата: Што да се прави? Како да се дејствува во иднина? На кој начин, со која тактика? Каква нова поставеност би ѝ била најпогодна на револуционерната организација што ќе ѝ ја врати некогашната сила и авторитет, за да може да одговори на новите услови и потреби? Сите биле свесни дека во тие моменти Организацијата е сериозно растресена. Нејзината мрежа била распокината многу повеќе отколку за време на поранешните афери, хиерархијата во голем степен обезглавена, а дисциплината видно ослабена. За време на Востанието, Централниот комитет загубил доста од своето значење на врховно раководно тело. По силата на вонредните околности, окрузите се оспособиле, „во повеќе или помалку самостојни тела, механички поврзани помеѓу себе“.[17]

Таквата неповолна состојба отворала за време на софиските заседанија ред прашања од принципиелен и тактички карактер. Дел од кадрите, во минатото склони кон „доктринерство“, оптоварени со лично незадоволство и потајни амбиции, го одрекувале речиси сосема стариот систем на организираност и барале целосна децентрализација, федеративност и „најстрого применување на изборниот принцип“. Се заговарала промена на улогата на ЦК и негово сведување на некаков „орган за информации и за врски“, бидејќи наводно со тоа ќе се постигнела целосна демократизација и лична иницијатива, ненарушување на принципите на самостојност, на внатрешниот и меѓународниот карактер на Организацијата.[18]

Говорејќи за дискусиите и за собирите во Софија, скопскиот војвода Никола Пушкаров во едно писмо до Христо Шалдев од

---

но подготвувано. Од гледна точка на целта, којашто ја постигнавме, тоа не е безрезултатно: тоа го засили меѓународниот интерес и ги рашири реформите, а со тоа се направи сериозен чекор напред кон автономијата. Од нас зависи да ги забрзаме новите чекори, коишто неминовно ќе следат“. (Исто.)

[16] *Революционата борба в Битолския окрътъ,...*, 59.

[17] Х. Силяновъ, исто.

[18] Исто, 58–59.

22 декември 1903 година, во Петроград, наведува[19] дека успеале некако да ги наложат своите погледи на Задграничното претставништво, бидејќи Матов бил „за едно вештачко востание напролет“.[20] Ваквите тврдења, не можат да се потврдат кај другите спомени, особено кај Кирил Прличев,[21] кој во тој период бил доста близок со Христо Матов.

Прличев наведува дека Матов тогаш го замислувал својот „Револуционерен систем“, при што во периодот од 1905 до 1907 година напишал неколку труда што се однесуваат на МРО. Подоцна, под редакција на Георги Баждаров кој бил еден од ретките дејци кои ја признавале и негувале заслугата на Христо Матов, е издадена книгата „Христо Матов за својата револуционерна дејност, лични белешки“ (1928).

Тие собранија, според Кирил Прличев, добивале смисла само доколку дискусиите биле во функција што да се прави по „пропаѓањето на големиот обид да се ослободи Македонија“. Околу тоа клучно прашање биле искажани, главно овие три мислења: 1. Да се пратат луѓе по сите европски престолнини и да се фрлаат бомби во знак на протест дека ја оставаат Македонија во ропство; 2. Да се започне отпочеток со подготвување на револуцијата, да не се брза и пред да се стигне до оружјето да се работи врз културата, просветата, револуционизирањето; 3. Без крајности, а со работа „подземна, нова, револуционерна и апостолска дејност со остатокот на расположливите сили“.

---

[19] Никола Пушкаров (1874–1943), бугарски револуционер, активист во македонското револуционерно движење со јасно издиференцирано сознание за посебноста на Македонците. Учителствува во Скопје (1902–1903). Пристапува во редовите на ТМОРО и станува претседател на Скопскиот окружен револуционерн комитет. Учествува во Илинденското востание, а по востанието се враќа во Бугарија. Еден е од потписниците на познатиот Апел од 9 март 1919 година, во кој се афирмира идејата за самостојна Македонија. (Т. Тодоровски, исто, 247.)

[20] Документарно одделение на ИНИ, Скопје, ф. Христо Шалдев, архива на ТМОК во Петроград и Киев, док.104.

[21] Кирил Прличев Глигоров (1.3.1875, Охрид – 9.2.1944, Охрид), деец на МРО. Член на ЗП ВМРО автономистичка. Студирал на универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија и учителствувал во Македонија и Бугарија. Учествува во Илинденското востание како четник во четата на Христо Чернопеев. Бил соработник на весникот „Македонија“, „Слобода или смрт“ и др. Во текот на Втората светска војна е директор на Народниот музеј во Охрид. Автор е на повеќе трудови: „Српскиот режим и револуционерната борба во Македонија, 1902–1915“, „Кон карактеристиката на Григор С. Прличев (По спомени, сведоштва и документи)“ и други. (Т. Тодорвски, исто, 243-244.)



Георги Баждаров со учители од Серското
педагошко училиште, 28 април 1904 година[22]

Повеќемина од дејците на Организацијата се произнеле во полза на третиот предлог. Тие сметале дека движењето задолжително треба да се раководи однатре, а не однадвор, да се почитува самостојноста на Организацијата и крајната цел – автономијата. „Од сите се осудуваше врховистичката борба, која само го компромитираше светото дело пред надворешниот свет, му даваше надворешен и несоодветен карактер на движењето.“[23]

За време на софиските средби и собранија, доста јасно се зацртале три главни правци или текови:

Прво, *умерен правец*, чиишто приврзаници „би можеле да се наречат *„революционери позитивисти“*. Тие сметале дека е неопходно да се исползуваат искуствата и поуките од Востанието за

[22] Централен државен архив – Софија (натаму:ЦДА), ф. 1935 к, оп.1., а.е. 60, 1.

[23] *Револуционата борба* ... 63.

спроведување разумни и практични предлози за реорганизација, но без ризик од евентуално оддалечување од здравите традиции на Организацијата. Од присутните првенци во Софија, најавторитетен изразител на овој правец бил Христо Матов.

Второ, *правецот на левите сили,* чиј зародок бил за време на борбата против врховизмот во Кнежеството и во внатрешните крајгранични реони. Во создавањето на неговата противврховистичка идеологија имале свој дел и марксистите, како Димо Хаџи Димов и други. При расцепот по прашањето за Востанието по Солунскиот конгрес (јануари 1903), овој правец добил опозиционен одек и кон оние од внатрешните што се сложиле за востание. При софиските средби, најрадикален бил Јане Сандански и претставниците на Серскиот округ (серчаните), кои остро ја критикувале старата поставеност и барале коренити промени.



Борис Сарафов



Јане Сандански

Трето, *правецот на сарафистите,* односно привrzаниците на Борис Сарафов кои го воздигнувале поради неговата широка популарност и внатре и во странство. Тоа ја подгревало неговата самоувереност и склоност кон секакви лични иницијативи. Овој правец не се одделувал со некои посебни идеи туку со изразито следење на водачот. [24]

Борбата за доминација во револуционерното движење на една од овие групи, означила дека во идниот период идејното дооформување на групите, диференцирањето на нивните политички

[24] „Презрен поради стремежите кон самовладеење од едни, следен со недоверба од други, и предизвикувајќи завист кај трети“, Сарафов настојувал да се опкружи со верни и влијателни привrzаници, способни да го заштитат во случај на потреба. (Х. Силяновъ, исто, 60.)

гледишта, со еден збор прегрупирањето на силите внатре во револуционерното движење, ќе биде една од главните противречности во неговото функционирање. Сепак, во тој момнет, и покрај различните сфаќања, претставниците и на трите правци сметале дека треба да продолжи револуционерната дејност сред масите во Македонија. На истото мислење биле и врховистите, макар што за ново блиско востание не можело ни да се помисли во тоа време.

Животот продолжувал натаму, така што секој од прибраните во Софија требало да си реши и за својата лична иднина. Некои од раководните лица заседнале доста долго во Кнежеството, други од нив прифатиле учителски места или се посветиле на нови професии. Повеќето од старите војводи, пак, започнале уште за време на зимата да се подготвуваат за враќање назад, во своите рени во Македонија.

„На едно од последните заседанија, задграничните претставници прочитаа едно писмо од привремениот Централен комитет, тогаш раководен од гимназиските учители Хр. Коцев и Спас Мартинов. Во писмото, меѓу другото, се кажуваше, дека „господата во Софија" веќе доволно се „мувале" и дека е време да се приберат внатре, каде што им е местото."[25]

Ставени пред тешката дилема како да се приспособи дејствувањето на Организацијата во новите услови, нејзините дејци во текот на 1904 година организирале повеќе локални конгреси низ Македонија. Во тој контекст, речиси сите ја согледувале потребата од еден општ конгрес, особено што било доведено во прашање единството на Организацијата.

За време на подготовките за одржување на Општиот конгрес на Рила Планина, односно Рилскиот конгрес, во редовите на ТМОРО веќе постојните внатрешни несогласувања, полемики и судири се издиференцирале како „левица" во која припаѓале Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански и Димо Хаџи Димов, и „централисти" – Даме Груев, Христо Матов и д-р Христо Татарчев. На страната на „централистите" застанала и Штипската околија, раководена од Мише Развигоров.[26]

[25] Исто, 61.

[26] Рилскиот конгрес е општ конгрес на ТМОРО за возобновување на Организацијата. Се одржал во октомври 1905 и траел еден месец. Со него заседавал Даме Груев, а биле присутни 27 делегати, меѓу кои: Пере Тошев, Тодор Поп Антов, Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров, Димитар Стефанов, Димо Хаџи Димов, Јане Сандански и др. Биле усвоени нов Устав и Правилник. ТМОРО е преименувана во Внатрешна македоно-одринска организација (ВМОРО). Во новиот ЦК ВМОРО биле избрани: Даме Груев, Пере Тошев и Тодор Поп



Мише Развигоров



Ѓорче Петров

Привидното единство во Организацијата (која го добила името ВМОРО), постигнато на Рилскиот конгрес, набргу било нарушено, зашто јазот помеѓу двете идејно противставени групации и натаму се продлабочувал. Како резултат на тоа нeединство, не се одржал предвидениот Општ конгрес на Организацијата во 1906 година. Во меѓувреме, загинал Даме Груев и повеќе други револуционерни дејци на ВМОРО, кои биле сметани за бескомпромисни борци против врховизмот.[27]

Од друга страна, по наредба на Серскиот револуционерен округ и на Сандански, Тодор Паница[28] ја реализирал смртната

Антов, а за задгранични претставници – Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров и Димитар Стефанов. За редактор на органот на Организацијата – „Революционерен лист“ бил назначен Димо Хаџи Димов. Конгресот ги осудил странските пропаганди и дејноста на врховистите, а Мирцштегските реформи ги оценил како недоволни. (*Македонски историски речник*, Скопје 2000, 407 (Натаму *МИР*); Т. Тодоровски, исто, 257-259.)

[27] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 148–149.

[28] Тодор Паница (1879–1925), деец во македонското револуционерно движење, Бугарин по националност. Во 1902 година влегол во четата на војводата Н. Пушкаров и дејствувал во Скопско, Кумановско и Кратовско. Во 1904 година преминал во Серскиот револуционерен округ, каде што се зближил со Јане Сандански. Во 1907 година извршил атентат над Б. Сарафов и И. Гарванов. За време на Хуриетот (1908) бил драмски околиски војвода. Учествува во основањето на Народната федеративна партија. Во 1909 година предводел поголем одред Македонци во соборувањето на султанот Абдул Хамид II. Бил доброволец во Балканските војни, а во Првата светска војна дејствувал во состав на бугарската армија. По војната, како припадник на МЕФО, одржувал блиски контакти со владата на А. Стамболиски, доаѓајќи во судир со

пресуда врз Борис Сарафов и Иван Гарванов. Тие биле застрелани во Софија, на 28 ноември 1907 година. Набрзо потоа, на 29 декември истата година, бил повикан Тодор Александров за да го замени Гарванов во Задграничното претставништво.

Георги Баждаров не бил во делегатите на Рилскиот конгрес и додека се случувале овие потреси во Организацијата, тој се посветува на учителствувањето и на учењето. Завршувајќи со комитската и востаничката дејност, активно учествувајќи на заседанијата на македонските револуционерни дејци и учесници во Илинденското востание во Софија, при крајот на 1903 и во почетокот на 1904 година, тој се враќа на својот учителски позив, како и на публицистичката дејност. Конечно, во 1907 година, во Софија ги завршува започнатите студии на Софискиот универзитет, каде што дипломира на Отсекот историја. Во периодот до Хуриетот (Младотурската револуција), учителствува во Сер, а потоа од 1908 до 1913 година во Солун, во бугарската машка гимназија, каде што активно се вклучува во општествениот и политичкиот живот.

Во селото Жабокрт, Ќустендилско, од 5 до 15 март 1908 година бил одржан Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО,[29] на кој серчани не биле поканети и „тие дури се осудени за убиството на Сарафов и Гарванов... На Ќустендилскиот конгрес нема струи, нема опозиција. Таму е претставено само конзервативното крило, затоа и решенијата на Конгресот не одат по средната помирувачка линија. Во тие решенија вее духот на непомирливост.“[30]

Конгресот избрал Централен комитет во состав: Павел Христов, Ефрем Чучков и Петко Пенчев како и Претставничко

---

автономистичката ВМРО. Во 1924 година бил принуден да емигрира во Виена. Таму учествувал во преговорите при изработувањето на Мајскиот манифест. Бил убиен во виенскиот Бург-театар од страна на Мелпомени Карничева. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 267-269; *МИР*, 359).

[29] На Конгресот заседавале 28 делегати, главно од „десницата“ на Внатрешната организација. Во неговата работа не учествувале делегати од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Биле анулирани децентрализацијата и демократизацијата на Организацијата прифатени на Рилскиот конгрес, а се воведува строга централизација. Извршени се корекции на основните документи на Организацијата – Статутот и Правилникот, а од редовите на десницата се избрани нов Централен комитет и Задгранично претставништво. Истовремено е објавена беспоштедна борба со групата на Сандански, која се стремела кон „цепење“ на Организацијата. (*Историја на македонскиот народ,* т. 3,..., 407-410; Т. Тодоровски, исто, 306.)

[30] Тодор Поп Антов, *Спомени*, предговор и редакција З. Тодоровски, Скопје 2002,147.

(задгранично) тело во кое влегле Христо Матов, Михаил Дорев, Апостол Димитров, а за дополнителни членови – д-р Христо Татарчев, Пејо Јаворов и Христо Силјанов.[31]



Павел Христов



Ефрем Чучков

Помеѓу другото, Конгресот го разгледувал прашањето за односот на Организацијата кон младотурското движење, при што е покажана недоверба кон младотурците, иако тие веќе успеале да се договорат со ерменската револуционерна организација „Дрошак“. Таквите ставови на дел од припадниците на ВМОРО, ги објаснува Христо Силјанов:

„Нашите патишта со младотурците не се истите. Ние ја сакаме Македонија конституирана во одделна област и имаме веќе принцип за таквото одделување... нас иднината на турската држава нè не интересира... Хр. Матов најупорниот во негирањето на целосна уставна Турција – антитеза на идејата за автономна Македонија – беше и најисцрпен во објаснувањата.“[32]

## Општествено-политичката активност на Георги Баждаров во периодот 1908-1912

Во текот на 1908 година, Османлиската Империја доживува брзи, но краткотрајни општествено-политички промени. Овие промени ќе се одразат и врз македонското револуционерно движење и ВМОРО, кои, за жал, биле разединети и на тој начин да-

[31] Х. Силяановъ, исто, том 2, 565.

[32] Исто.

леку зад реалните можности да реализираат повеќе придобивки за Македонија.

На 10 јули 1908 година, се случила т.н. Младотурска револуција или популарно наречена Хуриет. Веќе на 23 јули, под притисок на револуционерите од младотурскиот комитет „Обединување и прогрес", повторно е обновена Конституцијата во Империјата и се прогласува воведувањето на Уставот. Со младотурскиот преврат, всушност, бил осуетен проектот за реформи што го повеле истиот ден на средбата во Равал, рускиот цар Николај II и англискиот крал Едвард VII. Никогаш до тој момент револуционерната организација не била поблизу до постигнување на нејзината цел – автономија. Таа историска шанса е пропуштена поради превратот на офицерите од младотурскиот комитет.

Победата на младотурците била објавена и во градот Солун, а како знак за подобрување на состојбите во Македонија, властите ги ослободиле политичките затвореници од солунските затвори. Еуфоријата од победата на младотурците се чувствувала низ цела османлиска Македонија. Населението од муслиманска и христијанска вероисповед се збратимува меѓу себе под паролата: „Да живее слободата, братството и единството". За жал, набрзо ќе се покаже дека македонскиот народ се излажал во своите надежи за здобивање граѓански слободи и народносни права во рамките на Турција. Затоа внимателниот Христо Матов забележал:

„Јулскиот преврат е дело колку на наречените младотурци, толку на старотурците со султан Хамид на чело. И едните и другите се движат не од љубов кон слободата, а од љубов кон државата. Превратот е обид за спасување на државата... не се гледа да се воведат коренити и трајни внатрешни реформи врз модерни начела за слобода и еднаквост, туку како да се спаси државата – денес за денес."[33]

И покрај повикот на новата власт за еднаквост на сите поданици во Империјата, легализирањето на ВМОРО одело постепено и со голем степен на внимателност. Сомнение кон младотурците и нивните искрени намери покажал веднаш и Георги Баждаров, кој ги смета пред сè „големи национални патриоти" кои, „ја освоиле власта не во името на коренити реформи во државата; не за да ги решат националното и аграрното прашање во Османлиската Империја воопшто и во Македонија одделно, туку... преку

---

[33] Х. Миланов Матов, *Христо Матов 1869-1922, Мълчаливецът от Струга*, второ допълнено издание, София 2007, 158.

еден уставен режим да го тргнат туѓото мешање во внатрешните државни работи.“[34]

Веднаш по победата на младотурците, во јули 1908 година, ЦК на ВМОРО заседавал во Битола и ја разгледувал новонастанатата состојба во Македонија. Било решено четите на ВМОРО постепено да се легализираат, но четниците и војводите да го задржат личното вооружување во случај Младотурската револуција да ги изневери очекувањата на Македонците. Врз основа на циркуларно писмо од Битолскиот окружен комитет на ВМОРО, на 31 јули 1908 година, во Битола влегле и се легализирале четите на овој округ во бројност од околу 220 четници, 20 војводи и 50 души селска милиција. На 28 јули 1908 година, се легализирале и четите на Јане Сандански и Христо Чернопеев. Војводите од Скопскиот револуционерен округ на ВМОРО, Тодор Александров и Ефрем Чучков биле против легализирањето на четите и иако го почитувале решението на раководството на Организацијата, презеле мерки за криење на оружјето. Според податоците од дипломатските претставници во Османлиската Империја, до август 1908 година се легализирале вкупно 74 чети со 810 четници.[35]

Левицата во Организацијата предводена од Јане Сандански и Серскиот револуционерен округ, но и приврзаници од други револуционерни окрузи, решиле да се одделат од ВМОРО и во август 1908 година создале нова организација – Македонско-одринска револуционерна организација (МОРО). МОРО во времето на Младотурската револуција се легализирала и од нејзините членови била формирана политичка партија - Народна федеративна партија.[36]

---

[34] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония,* Библиотека „Балкански въпроси“, София 1917, 135–136.

[35] Х. Матов наведува дека уште во првите денови на владеењето на младотурците, тој, Петко Пенчев и Тодор Александров дошле во Македонија, правејќи обид да го спречат разоружувањето на четите. За жал, не можеле да се усогласат, бидејќи Сандански и Чернопеев први слегле во градовите. Матов отишол во Солун да дејствува „да не се растура Организацијата воопшто и да не се предава оружјето, и покрај слегувањето на четите“. (Х. Миланов Матов, *Христо Матов 1869-1922,* ... исто.)

[36] Народната федеративна партија е основана од дејци приврзаници на крилото на Јане Сандански. Основачкиот конгрес е одржан во август 1909 година во Солун. На него се изработени програмските документи - Устав и Програма и е избрано раководство. Наскоро во редовите се појавуваат сериозни разногласија, кои довеле до нејзиното слабеење, а по 1910 година дејноста ѝ замира. (Г. Първанов, *Народно-федеративната партия в националноосвободителното движение.* Векове, 1989, кн. 3, 31–40.)

По доаѓањето на Младотурскиот режим на власт во Османлиската Империја, во летото на 1908 година, ситуацијата во Македонија привремено се подобрила. Раководството на ВМОРО со недоверба и резервираност гледало кон повикот на новата власт за легализирање на вооружените чети и за почеток на парламентарен политички живот во Македонија. Затоа и покрај тоа што голем дел од четите се легализирале, раководството на Организацијата наредило да не се предава оружјето на младотурската власт.[37] Новата власт во Отоманската Империја, и покрај демократизацијата на политичкиот живот, во остварените контакти и со ВМОРО и со левицата олицетворена во Народната федеративна партија, не покажала разбирање за барањата за создавање автономна македонска држава. Сепак, и покрај ова, по контрареволуцијата во 1909 година, четници и војводи на Серскиот револуционерен округ и македонски доброволци, предводени од Јане Сандански и Христо Чернопеев учествувале во походот на Цариград за враќање на младотурскиот режим на власт.[38]

Младотурската револуција (поточно преврат) од јули 1908 година, го наоѓа Баждаров како егзархиски учител во гимназијата во Солун. Во Солунската машка гимназија, како што наведовме, тој учителствува во периодот 1908-1913 година, а потоа во Варна од 1913 до 1915 година и во Софија на два наврата – во текот на Првата светска војна во 1915 година и повторно во периодот од 1918 до 1920 година.  Во текот Првата светска војна, Баждаров е пратен во Скопје, каде што го уредува весникот „Родина“[39] и каде што извршува и други задачи од културно-пропаганден карактер во интерес на бугарската држава како нејзин службеник, но и во рамките на дејноста на ВМОРО.

Ветувањата на младотурците[40] дека нивната држава ќе ги следи стапките на парламентарните демократии, како и првич-

---

[37] А. Митрев, *Мемоари, огледи, статии,* Скопје 1974, 49.

[38] А. Мартулков, *Моето учество во революционерните борби на Македонија,* Скопје 1954, 64.

[39] Иако на повеќе места стои дека Баждаров престојувал во Скопје од почетокот на 1916 до септември 1918 година, самиот напишал дека списанието „Родина“ во Скопје го редактирал од декември 1915 до септември 1918 г. (Предговор кон: Г. Баждаров, *Изъ македонската земя, впечатления и бележки,* София 1926).

[40] Младотурскиот преврат сепак не донел големи промени. Детронизацијата на султанот Абдул Хамид и воспоставувањето на младотурскиот режим, биле само полупобеда на новата власт, затоа што европскиот капитал се здобил со дополнителни бројни концесии во Турција. Ова, од своја страна, предиз-

ните обиди на тој план, ги активираа сите политички потенцијали во Империјата. Четите на Организацијата во голем дел се легализираат, се создаваат првите партии и клубови, различни професионални здруженија и сојузи. Во тој контекст беше создаден Сојузот на бугарските учители во Османлиската Империја, јавно здружение на учителите на бугарската Егзархија, како и бугарските Конституциони клубови,[41] во кои Баждаров како еден од основачите, развива активна општествена дејност. Всушност, тој учествува во основањето на Првиот политички граѓански клуб, на 27 јули 1908 година во Солун, каде што е избран за член на Градското биро.[42]

Сојузот на бугарските конституциони клубови, создаден по иницијатива на десното крило на македоно-одринското револуционерно движење, е прогласен на конгресот во Солун, одржан од 7 до 13 септември 1908, во присуство на 81 делегат од 41 клубови. На Конгресот биле усвоени основните документи на Сојузот-програма, Устав, Правилник. Избрано е Централно биро на чело со Тома Карајовов. Особено иницијативна за никнењето на овие клубови во поголемите градови на Македонија и Одринско била интелигенцијата во Солун, која во најголем дел била ангажирана во служба, односно учителствување од страна на Егзархијата. Покрај учителите кои биле мнозинство, во клубовите членувале занаетчии и трговци. За помалку од една година, бројот на клубовите нараснал на 137, а од 1909 година во Солун започнал да изле-

викало бројни негодувања и разочарувања кај потчинетите народи. И офицерите на турската војска не биле задоволни од пропустите на политиката на Младотурскиот комитет и барале распуштање на парламентот, што и се случило во јули 1912 година. (*МИР*, 316.)

[41] Сојузот на бугарските конституциони клубови е создаден во Солун во септември 1908 година од базата на десницата на ВМОРО. Се бори за обласна самоуправа на Македонија и Одринско. За претседател е избран Тома Карајовов. Го издава весникот „Татковина“ („Отечество“). Учествува на парламентарните избори во Турција во 1908 година. По донесувањето на Законот за политичките партии, со кој се забранува дејноста на националните партии, СБКК се самораспушта. (Г. Първанов, *Създаване Съюза на българските конституционни клубове (юли–септември 1908)*. Векове, 1982, кн. 6, 5–15; Г. Първанов, „Политическата дейност на българските конституционни клубове“.*Македонски преглед,* 1991, кн. 4, 23–48.)

[42] Според Христо Матов, по првиот политички граѓански клуб, основан на 27 јули 1908 во Солун, се создава клуб во Битола, на 3 септември, а следниот ден во Скопје. И кога нивниот број станал 42, во почетокот на септември 1908, во театарот „Еден“ во Солун се одржал основачкиот конгрес на Сојузот, а клубовите започнале да се нарекуваат конституциони (или уставни). (Х. Миланов Матов, *Христо Матов 1869–1922, ...*, 167.)

гува и нивниот орган, весникот „Татковина“ („Отечество“) под редакција на Ефтим Спространов,[43] кој набрзо достигнал тираж од три илјади.



Солун

Зборувајќи за случувањата за време на Хуриетот, Александар Протогеров наведува дека ВМОРО го положи оружјето, така што престана да дејствува како револуционерна организација, а се создава нова легална организација во лицето на конституционите клубови.

„Централниот комитет на ВМОРО престана да постои. На раководното тело на конституционите клубови сакаа да му се наложат и да играат улога на ментори Христо Матов, д-р Христо Татарчев и Тодор Александров, без да имаа законско право.“[44]

---

[43] Ефтим Спространов Ангелов (15.1.1867, Охрид – 5.7.1931, Софија), учител, публицист, деец на македонското ослободително движење. Еден од основачите на Младата македонска книжовна дружина (1892) и на нејзиниот печатен орган „Лоза“ (1892–1894). Претседател е на Софиското македонско друштво во Бугарија. На Рилскиот конгрес (октомври 1905) избран е за член на ЦК ВМОРО. Делегат е на Ќустендилскиот конгрес (март 1908) од Битолскиот револуционерен округ. Долгогодишен претседател на Охридското културно друштво „Св. Климент“ во Софија. Учествува во формирањето и дејноста на Македонскиот научен институт во Софија и во создавањето на тајната организација „Македонска дружба“. Бил редактор на неколку весници и автор на повеќе книги и статии. (Т. Тодорвски, исто, 298–299; А. Г. Пелтеков, исто, 425–427; Е. Спространов, *Дневник,* том I, (1901–1907), София 1994.)

[44] *Александър Протогеров, генералът – войвода,* София 2012, 17.




Георги Баждаров со колеги учители и ученици во Солунската гимназија[45]

Во рамките на ангажманот во работата и дејствувањето на Сојузот на бугарските конституциони клубови била покрената посебна библиотека, при што Баждаров е автор на четвртата брошура под наслов „Обласно самоуправување“. Тука тој го разгледува прашањето за обновата на Осмалиската Империја врз нови начела, тргнувајќи од политичките теории за државата и нејзиното уредување, при што ќе напише:

„Ако обновителите не се достаточно запознаени со сите делови на целото, ако не ги здогледаат гнилите вековни основи, токму кога се мисли дека зградата е веќе готова, може да падне под притисок на новиот градежен материјал... Едно кардинално, основно прашање испакнува... над обновувањето на Отоманската Империја: дали да биде централизирана уставна монархија или треба да ја прифати децентрализацијата – како систем на управување и во какви форми да се излее последната.“[46]

Иако сомничав кон младотурските реформи, сепак Баждаров ги разгледува можностите во кој правец би можело да оди новото административното уредување на Турција. Притоа, проу-

---

[45] ЦДА, ф. 1935 к, оп.1, а.е. 60, 3.

[46] Г. Баждаровъ, *Областно самоуправление,* Библиотека на Съюза на българските конституционни клубове, кн. IV, Солунъ 1909, 3–4.

чувајќи ги другите искуства, тој дава и конкретни решенија како би изгледала обласната самоуправа на Македонија, начинот на формирање на обласното народно собрание, неговиот состав, управа итн.

„Во Македонија, каде што демократските идеи имаат најголемо влијание, општинските совети, на пр., не можат да не бидат избрани од целото население, и тоа на модерен начин, со добро определени закони и правилници; тие треба да бидат изработени од обласното собрание.“[47]

Кога ќе се разгледа трудот на Баждаров посветен на проблемот на обласното самоуправување, напишан во моментот на младотурскиот преврат, провејува поголема доза на оптимизам, наспроти оцените што ги даваат за тие настани заедно со Ангел Томов[48] во книгата за револуционерните борби во Македонија, објавена 1917 година.

Видливите резултати од активноста на Сојузот на бугарските конституциони клубови, според Христо Матов, ги вознемириле младотурците („и нивните симпатизери – фракцијата на Сандански“), така што во летото на 1909 година Сојузот е растурен.[49] Всушност, по промената на политичкиот курс на младотурскиот режим и различните притисоци, Сојузот бил распуштен со специјално окружно писмо на Централното биро од 19 ноември 1909 година.[50]

Следејќи ја разбрануваната политичка активност, особено меѓу егзархиските учители и ученици во тогашните егзархиски

---

47 Г. Баждаровъ, *Областно самоуправление,...*, 25.

48 Ангел Ангелот Томов (псевдоними Аријан, Адријан), револуционер, новинар и политичар, учесник во македоно-одринското ослободително движење, роден е во пашмаклиското село Арда, тогаш во Османлиската Империја. Во 1900 година завршува Бугарска машка гимназија во Одрин, каде што ги прифатил социјалистичките идеи. Се вклучува во редовите на ТМОРО и учествува во Востанието во 1903 година. По неговиот неуспех, бега во Бугарија. Завршува филозофија на Софискиот универзитет. Активен е во тракиските организации и друштва и редактор на повеќе весници. По младотурскиот преврат, се вклучува во НФП. По нејзиното распуштање, дејствува во групи и организации со социјалистички идеи. Учествува во Балканските војни (заедно со Герасим Огненов ѝ се придружува на четата на Тодор Александров) и во Првата светска војна. Во 1917 година, заедно со Г. Баждаров, ја издаваат книгата „Революционната борба в Македония“. По војната е активист на БКП. (*Енциклопедия Пирински край*, том II, Благоевград 1999, 334.)

49 Х. Миланов Матов, *Христо Матов 1869–1922,...* 168.

50 *Енциклопедия Пирински край*, том II, Благоевград 1999, 310.

училишта во Солун, Царева Миладинова,[51] учителка во Женската (Девствена) бугарска гимназија во Солун,[52] во своите мемоари, меѓу другото, запишала: „Во тоа време, кон 1908–1910 година, речиси целото внимание на училишните раководители беше повеќе свртено кон политиката. Образованието остана некако на спореден план. Нашите гимназии престанаа да го привлекуваат општото внимание на народот во старата претходна мера."[53]

Сепак, и покрај големиот интерес за политиката во раздвижениот јавен политички живот, образованието организирано од бугарските фактори, а пред сè од Егзархијата, имало видлив развој „благодарение на дарбите на младото поколение" кое во голем број ги завршувало реалната и трговската гимназија, а „македонските Бугари" во Солун имале свои просветни институти, свој висок просветен живот и редица културни, благотворни женски и ученички задруженија.[54] Сите тие, без оглед на етничкото потекло, биле воспитувани во бугарски национален дух и тој дух повеќето ќе го пренесуваат онаму каде што учителствуваат или творат.

Како „делумна компензација" по укинувањето на Сојузот на конституционите клубови, смета Христо Матов, „бил основан *Сојузот на бугарските учители,* којшто одиграл позитивна улога за организационото обединување на најактивниот слој во тогашниот општествен живот – учителството."[55]

Така, во летото на 1909 година во Солун, во салонот на Солунската бугарска женска гимназија, меѓу 8-15 август, се одржал основачкиот конгрес на Сојузот на бугарските учители во Турција.

---

[51] Царева Миладинова е родена во 1856 година во Струга, ќерка на Димитар Миладинов. Била поканета за прва учителка во Женската бугарска гимназија во Солун, а пред тоа работела во Свиштов. Оставила мемоари за нејзиното учителствување за периодот кон крајот на XIX и почетокот на XX век, со наслов „Епоха, земја и народ".

[52] Солунската бугарска женска гимназија „Свето Благовештение" е основана во есента на 1880 година во Солун, каде што работи до 1913 година. Гимназијата била издржувана од Бугарската егзархија и од Солунската бугарска општина. Солунската бугарска општина всушност била граѓанско-црковно здружение на егзархистите во Солун и постоела од 1868 до 1913 година, кога е распуштена од новите грчки власти по Втората балканска војна. (Кандиларов, Георги, *Българските гимназии и основни училища в Солун,* Македонски национален институт, София 1930, 16–17.)

[53] http://www.promacedonia.org/cm/cm_1.html#, 2.11.2014, 22 (ЕПОХА, ЗЕМЯ И ХОРА, Царевна Миладинова-Алексиева, Софија 1985).

[54] http://www.promacedonia.org/cm/cm_1.html#, исто.

[55] Х. Миланов Матов, *Христо Матов 1869–1922,...*168.

Присуствувале делегати „од создадените по „Хуриетот“ голем број бугарски учителски друштва во разни места на Македонија и Одринско. „Имаше претставник на учителското друштво во Цариград“. Сојузот претставувал „едно обединување на интелектуалниот потенцијал“ во Солун, претежно на учители кои потекнувале од Македонија.



Конгресот на бугарските конституциони клубови во Солун во 1909 година

За претседател на Сојузот е избран Георги Баждаров, тогаш учител по историја во Машката гимназија во Солун, а за секретар Георги Кулишев,[56] кој бил делегат од Дојранското учителско друштво.[57] Во рамките на Заседанието, Георги Баждаров поднесу-

[56] Георги Кулишев Гугов (21.9.1885, Дојран – 27.9.1974, Софија), деец на македонското ослободително движење. Завршува бугарска гимназија во Солун (1904) и право на Софискиот универзитет „Климент Охридски“ (1914). Учителствува во Штип и Солун. Како учител во Дојран (1904–1905), се приклучува кон ТМОРО. Учествува во основањето на Бугарскиот учителски сојуз во Македонија (1909). По Првата светска војна е деец на ВМРО. Член на Македонската парламентарна група во Народното собрание, редактор на повеќе весници. По убиството на Александар Протогеров и несогласувањата со Иван Михајлов, се оддалечува од ВМРО. Принуден е да емигрира во Швајцарија (1931). Се враќа во 1934 година, идејно еволуира и целосно се врзува со политичкиот живот на Бугарија. По 9.9.1944 година бил министер за надворешни работи, потпретседател на Народното собрание, народен пратеник од 1945, сѐ до неговата смрт. (*Георги Кулишев, спомени, дневник, документи,* ред. Н. Жежов, М. Нинчовска , Скопје 2013, 7–9; А. Г. Пелтеков, исто, 237–238.)

[57] *Георги Кулишев, спомени, дневник, документи, ...*, 31.

ва извештај на тема „Цел и тактика на учителската организација“, а воденскиот делегат Т. Ангелов – „За административното уредување на учителските здруженија“.



Конгрес на Сојузот на бугарските учители во Солун 1909 година
(во средината напред е Георги Баждаров)[58]

На Конгресот бил усвоен Статут (Устав) на Сојузот и избрано централно раководство. Георги Баждаров е назначен за редактор на печатениот орган „Учителски глас“, а покрај него во периодот 1910–1912 година, додека излегува весникот, редактори и членови на редакцијата биле Михаил Шурков,[59] Георги Грашев, Анастас Митрев[60] и Сребрен Поп Петров. Во весникот се третира-

[58] ЦДА, ф. 1935 к, оп.1, а.е. 61, 5б.

[59] Михаил Шурков, бугарски општественик, просветен деец и новинар. Роден е во Велес. Станува учител во Солунската бугарска машка гимназија. Во октомври 1910 година, за време на акцијата за разоружување, бил малтретиран од турските власти. Редактор и сопственик на весникот „Учителски глас“ (1910–1912). Откако Солун е окупиран од Грците (1913), а Солунската гимназија преместена во Петрич, Шурков е директор на Гимназијата во периодот 1919–1920 година. (*Енциклопедия Пирински край*, том 1, Благоевград 1995, 388.)

[60] Анастас Митрев (1884, с. Завој, Охридско – 1952, Скопје). Се школувал во Охрид, Пловдив и Прага. Учителствувал во Кичево и Лерин. Бил учесник во Младотурската револуција и делегат на Основачкиот конгрес на НФП од Охрид. Во 1911–1912 година во Солун го редактирал весникот „Учителски глас“. По Балканските војни соработувал во весникот „Освобождение“ и во

ле професионални прашања од учителскиот позив, но не се изоставале ни темите за положбата на христијанското население во Македонија, особено егзархиското. Се критикувале и одредени дејности на Егзархијата.[61] Истовремено, преку весникот, Сојузот се борел за заштита на интересите на учителите, што било негова најосновна задача.[62] Но, и покрај тоа, се работело во „тесна врска" како со Внатрешната организација, така и со Егзархијата. Сојузот постоел до предвечерието на Првата балканска војна и за тоа време одржал два конгреса.

На Вториот конгрес на Сојузот (прв редовен), одржан од 6 до 9 август 1910 година, Георги Баждаров, исто така, повторно е избран за претседател.[63] Во септември 1911 година се свикува и Трет конгрес (втор редовен) на кој присуствувале делегати од 16 здруженија од Воденско, Еницевардарско, Берско, Кукушко, Серско, Гуменџиско, Леринско, Островско, Демирхисарско, Хрупишко и Солунско, како и од селата Косинец, Бугарска Блаца, Емборе, Горни Пороj и Просечен. До почетокот на Првата балканска војна, Сојузот броел околу 2 000 членови.[64]

---

други прогресивни весници во Бугарија. Заземал истакнато место во Движењето и во борбите на македонската емиграција во Бугарија. Имал категоричен став кон историската условеност и историските корени на појавата на македонската нација. Уште во летото на 1919 година, пред многубројната македонска емиграција во Деде-Агач, тој на јавен собир истакнал дека борбата на ВМРО против врховизмот во минатото била националноослободителна борба на македонскиот народ против официјалната политика на бугарската држава. И во текот на Втората светска војна, си останал доследен Македонец, но и антифашист. Во 1947 година Работел во Институтот за национална историја. Публикувал неколку историографски трудови, меѓу кои е и првата биографија на Христо Узунов и други. (Види: М. Пандевски, Предговор кон: *Мемоари, огледи, статии на Анастас Митрев*, Скопје 1974, 9–16.)

[61] Г. Генов, *Беломорска Македония 1908–1916*, Торонто, 2006, 42–43.

[62] Така, на пример, весникот „Учителски глас" од 2 октомври 1911 година протестирал против односот на Егзархијата кон Пере Тошев, кој поради неговата револуционерна дејност бил отстранет од местото училиштен инспектор на егзархиските училишта во Солунскиот округ. За да го оддалечи од Македонија, Егзархијата му определила место во нејзиниот весник „Вести" во Цариград. Тошев не ја прифатил понудената служба и останал во Солун. По протестите и демонстрираната солидарност на учителите од Учителската организација, Егзархијата се согласила да го назначи за професор во Солунската гимназија, но Тошев го прекинал своето службување на Егзархијата. По кус престој во Солун, со нарушено здравје, кон крајот на 1911 година оди да се лекува во Софија. (М. Миноски, *Пере Тошев,* Скопје 2013, 226-227.)

[63] *Енциклопедия Пирински край*, исто.

[64] Г. Генов, *Беломорска Македония 1908–1916*, ..., 42–44.






Георги Баждаров како учител во Солун[65]

Градот Солун, кој имал исклучително значење за Македонија и на стопански и на политички план, за време на младотурскиот режим станал изразито културен центар. Можноста за слобода на печатот била причина за печатење голем број весници и списанија, речиси на сите политички струења на Организацијата или на легалните политички партии, сојузи итн. Низ печатот, истовремено, се водела битка на културен план помеѓу различните струи на ВМОРО, претставени пред сѐ од „централистите“ и „санданистите“. Свои печатени органи имале и легалните политички партии – Сојузот на бугарските конституциони клубови и Федеративната партија „произлезени од двете основни теченија на ВМОРО“. Во овој период, во Солун се издавале повеќе весници: „освен „Право“ на Н. Наумов, се поставиле основите на списанието „Искра“, редактирано од Георги Баждаров,[66] Н. Наумов,[67] А. Раз-

---

[65] ЦДА, ф. 1935, оп. 1, а.е. 61, 2.

[66] Георги Баждаров бил редактор и сопственик на списанието „Искра“, кое излегувало во Солун, во текот на 1911–1912 година. (*Енциклопедия Пирински край*, том 1, 53). Списанието „Искра“ било двомесечно, општествено-политичко и литературно списание. (Библиотека на БАН – списанија, год I, N° 1–15 (1911–1912), Солун.)

[67] Никола Наумов во Солун бил основач и директор на дневниот весник „Право“, каде што во септември 1910 година на работа стапил и Георги Кулишев, тогашен студент на турскиот Правен факултет. Во ноември 1912 година со бугарските војски, како припадник на санитарната служба, во Солун дошол Димо Хаџи Димов, кој се нафатил да ги изготвува воведните статии на „Право“. Нешто подоцна весникот престанал да излегува. По иницијатива на Александров, Баждаров и некои други бил основан неделниот вес-

бојников, Ст. Симеонов и Кирил Прличев. Постоеше и „Учителски весник“,[68] орган на Сојузот на бугарските учители во Македонија, и в. „Татковина“ на бугарските конституциони клубови. Групата на Сандански издаваше свој орган.“[69]



Педагошки курс на македонски учителки во Солун

Според Георги Кулишев, во текот на Заседанието се јавиле одделни несогласувања меѓу учителите, независно од тоа што „речиси сите бугарски учители“ биле назначувани од Егзархијата и училиштата се наоѓале под нејзино раководство, со исклучок на неколку „од подзакрепнатите општини“, како на пример Штип и други места каде што сами ги издржувале учителите со средства собрани од населението и приходи од имоти на општините. Кулишев смета дека учесниците во револуционерните комитети не гледале никаква основа да се изјаснуваат против Егзархијата како институт, „создаден од бугарскиот народ како резултат на неговата борба за народно-црковна независност и кој се осамостоил како централно огниште на просветно-културното дело на Бугарите, кои останале по Берлинскиот конгрес под турска власт.“[70]

ник „Бугарин“. Го составувале словослагачи – мобилизирани војници. (*Георѓи Кулишев, сйомени, дневник, докуменши,* ред. Н. Жежов, М. Нинчовска, Скопје 2013, 34–35.)

[68] Се мисли на весникот „Учителски глас“, исто така редактиран од Баждаров.

[69] *36 години във ВМРО, сйомени на Кирил Пърличев,...*, 104.

[70] *Георѓи Кулишев, сйомени, дневник, докуменши,...*, 31.

Кулишев сепак признава дека имало бројни недоразбирања и конфликти со такви егзархиски претставници коишто поради една или друга причина се обидувале да му пречат на револуционерното дело, ги прогонувале учителите револуционери, се противеле да ги уважат барањата на Организацијата за некои назначувања на учители и заради други поводи од тој карактер.[71] Но, како репрезент на врховистичките гледишта во однос на македонското прашање (обединување на „македонските Бугари“ со „матицата“ Бугарија), Кулишев тврди дека тие ниту помислувале да гледаат на Егзархијата како на туѓ институт кој шири туѓа пропаганда, туку потенцира дека споровите и конфликтите меѓу организациските раководители и претставниците на Егзархијата се однесувале на разлики во политичките сфаќања, методите на борба и работа, но, во никој случај немало „разлики и прогонувања на национална почва“.[72] За таквите нетрпеливости зборува и Христо Татарчев, кој по студиите во Швајцарија како лекар дошол во Солун:

„Во Солун постепено се разочарував поради нетрпеливостите меѓу нашите интелигентни граѓани, коишто се базираа врз лични интереси. Кондовци, Самарџиевци и др., кои ја подржуваа Егзархијата, беа лично заинтересирани, борбата се водеше повеќе за интереси, отколку за принципи.“[73]

За краток временски период, младотурската власт ги изневерила надежите и очекувањата на македонскиот народ за создавање територијална самоуправа во рамките на Османлиската Империја, со автономен статус. Веќе во 1909 година биле забранети политичките партии. За новата ситуација Баждаров кажува:

---

[71] Така, архимандритот Неофит (отпосле скопски митрополит) додека бил на чело на Солунската црковна општина, често влегувал во остри конфликти со луѓето на Организацијата. Имало и други, не помалку остри случаи. Во Струмичката епархија, митрополитот Герасим се обидувал да дели мегдан со Организацијата, „на големо задоволство на турските власти и на грчкиот владика“. Лути гонители на револуционерното движење биле и некои други егзархиски претставници како инспекторот Анастас Наумов итн. (*Георīи Кулишев, сūомени, дневник, докуменūи,...*, 31–32.)

[72] *Георīи Кулишев, ...,* 32.

[73] Татарчев, исто така, ја согледал разликата во социјалната положба меѓу македонското население, од една страна (кое оставало тажен впечаток „со простотијата и маченичкиот изглед на страдалец“) и Турците, Грците и Евреите од друга, така што тоа го поттикнало да ја обиколи државата и понепосредно да ја изучи вистинската положба на народот во Македонија. (*Сūомени на д-ръ Хрисūо Таūарчевъ,* Л. М., (http://www.promacedonia.org/bugarash/mg_ht/ht_3.htm, 14.7.2014, 90; http://www.angelfire.com/super2/vmro-istori-ja/Knigi/spomht.html)

„Со законот за здруженијата, издаден во 1909 година, една година по младотурската револуција, се забрануваше и формирањето национални партии. На таков начин беше растурен Сојузот на бугарските конституциони клубови; бугарските политички клубови беа затворени... Младотурците во својот прекален национализам, посакаа да станат рака на бугарските училишта, раководени од Егзархијата, да ги направат тие училишта државни, да се учи во нив на турски јазик и да се всадува во нив „отомански патриотизам"..."[74]

Така, поради неможноста од легална борба, набрзо Македонците морале да прибегнат кон старите методи на нелегална, револуционерна борба.

Како резултат на „младотурската политика на отоманизација", согласно со која властите почнале да им ги одземаат претходните црковно-училишни права на националностите, „да спроведуваат вештачка колонизација" на штета на локалното словенско население, „да го разоружуваат спроведувајќи ја таа своја акција со инквизиторски жестокости, да ги убиваат тамошните веќе познати учесници во претходните револуционерни движења итн. Тоа го натера населението одново да се групира околу Организацијата и да побара, преку нејзини методи, можен излез од тешката положба, уште потешка поради тоа што Големите сили ги беа повлекле своите контролни органи од земјата, а му ја дале целата своја поткрепа на младотурскиот режим."[75]

Меѓу другото, на 2 август 1909 година, властите се обиделе да го уапсат и Тодор Александров, но тој успеал да се извлече и преминал во илегалност. Со измама биле извршени неколку убиства на видни револуционерни дејци. Истовремено, младотурскиот режим започнал акција за разоружување, која била насочена во правец на собирање на нелегалното оружје на населението. Целта била целосно да се уништи ВМОРО.

Соочена со повторното активирање на четите, турската власт донесла закон против четите. „Бессилна" да се бори со четите, власта според чл. 14 од тој закон, „за одговорни за секој акт ги товареше кметовите", полјаците христијани и воопшто христијанското селско население.

---

[74] А. Томовъ, Г Баждаровъ, *Революционата борба въ Македония,* Библиотека „Балкански въпроси", София 1917, 136–137.

[75] „Мемоар на ЦК на ВМРО до претседателот на Париската мировна конференција од 1 март 1919 г.", *Тодор Александров, Сè за Македонија,* документи 1919-1924..., 27–29.

„Во согласност со чл. 18 од спомнатиот закон, секое лице, откриено дека учествува во чета, подлежело на казна од 10 години затвор; ако пак е обвинето во извршување на напад или убиство, требаше да биде казнето со смрт. Смртна казна се предвидуваше и за организаторите и за војводите.“[76]

Разоружувањето било проследено со жестокости, насилства, грабежи, голем број убиства и апсења на населението во Македонија.[77] Заради ваквиот развој на настаните, Организацијата била принудена повторно да активира поголем број од четите кои ја обновиле вооружената форма на борба. Така, во 1910 година повторно се фаќаат за оружје – Тодор Александров во Штипско, Алексо Стефанов во Битолско и други војводи. Свесни за реалноста станале и некои од санданистите, како Христо Чернопеев, кој доаѓа во судир со Сандански. Чернопеев му пишува остри писма, обвинувајќи го за попустливост и соработка со младотурците. Истовремено бара Сандански да се откаже од врските со младотурците и да го земе оружјето за борба против нив. Така Чернопеев станува повторно нелегален и набрзо ќе се вклучи кон ЦК ВМОРО.

„На многу места била воспоставена улогата на старите раководни тела – месни, градски, околиски и окружни; остануваше само да се избере Централен комитет и Задгранично претставништво; почнаа преговори меѓу поранешните дејци внатре и оние кои беа во Софија од различни струи...“[78]

Централна личност во ВМОРО од 1910 година станува Тодор Александров, кој се издигнал над другите дејци со својата цврста волја, енергичност и посветеност на борбата. Александров успеал да ја зацврсти Организацијата и да реорганизира голем број чети, особено во Скопскиот револуционерен округ, каде што тој со четата престојувал во пролетта на 1910 година.[79]

---

[76] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония, ...,* 141–142.

[77] Повеќе случаи на жестокости на османлиските власти се наведени кај: А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония, ...,* 137–138.

[78] *Александър Протогеров, генралът - войвода,...*, 17-18.

[79] За оваа активност, Т. Александров со писмо од 29 април 1910 година го известува пунктовиот началник во Ќустендил, Ангел Узунов дека „работата оди многу добро“ и дека за неколку месеци селаните ќе бидат подготвени на „секаков ризик и на секакви жртви“ поради лошата економска состојба предизвикана од населувањето на мухаџирите од Босна во Македонија и притисокот на аскерот. (ДАРМ-Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 139.)

Во 1911 година, преку согласност на окрузите по писмен пат,[80] бил избран нов ЦК ВМОРО, во кој влегле: Тодор Александров, Христо Чернопеев и Петар Чаулев,[81] а за задгранични претставници биле избрани Тодор Лазаров и Павел Христов. Новото раководство на Организацијата веднаш ја обновило и засилило пропагандната и четничката активност на целата етногеографска територија на Македонија.

Во октомври 1911 година, ЦК ВМОРО испраќа Мемоар до генералните конзули на големите сили во Солун, Скопје, Битола и Одрин, во кој се укажувало на неподносливата положба во Македонија под власта на младотурскиот режим. Во Мемоарот, раководството на Организацијата ја истакнало крајната цел на борбата – автономија на Македонија. За таа цел се барало автономната македонска држава да биде ставена под заштита на Големите светски сили. Во поглед на начинот на борба, раководството на ВМО-

---

[80] Според автобиографските белешки на Протогеров, во пролетта на 1911 година во Софија бил свикан собир, на кој не биле поканети санданистите поради нивната соработка со младотурците. Тогаш Протогеров бил во воена служба, но имало претставници од неговата струја „наречени Врховисти" (Стефан Николов и д-р Д. Владов). На крајот од Советувањето биле избрани ЦК и ЗП на Организацијата. Изборот бил потврден од Битолскиот, Скопскиот и Струмичкиот окружен револуционерен комитет, кои биле мнозинство, па според чл. 121 и 122 од Правилникот на Организацијата (донесен на Ќустендилскиот конгрес) изборот се смета за легален (*Александър Протогеров, генералът – войвода,...* 18.)

[81] Петар Јакимов Чаулев (1880, Охрид – 23.12.1924, Милано, Италија), деец на македонското ослободително движење. Се школувал во Охрид и Битола, а потоа учителствува во Леринско и Охридско. Од 1899 година бил организатор на револуционерните комитети во Охридско, Преспанско и Леринско. За време на Илинденското востание бил војвода и раководител на Охридскиот револуционерен комитет. Бил противник на разоружувањето на ВМОРО, поради што во 1908 година е затворен од новата младотурска власт. Ослободен е под притисок на граѓаните на Охрид. На Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО (март 1908) бил делегат од Солунскиот револуционерен округ. Во 1911 година е избран за член на ЦК ВМОРО. Учествува во балканските и Првата светска војна. Го организирал и предводел Охридското востание (Охридско-дебарски бунт) против српската окупаторска власт во септември 1913 година. Присуствува на Основачкото собрание на Македонските емигрантски братства во Софија (22-25.11.1918). По Првата светска војна, заедно со Тодор Александров и Александар Протогеров, го востановуваат ВМРО и одново е член на ЦК. Поради недоразбирања со другите членови, емигрира во Италија. Го потпишува Мајскиот манифест во Виена (6 мај 1924). Убиен е од атентаторот Димитар Стефанов. Автор е на книгата „Скипния", Цариград 1924. (*МИР,* 495–496; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 262–265, А. Г. Пелтеков, исто 506.)

РО, соочено со новата реалност и сложените безбедносни услови во Македонија, решило да ја промени тактиката. Големите вооружени чети биле намалени во бројност од околу пет до шест четници и имале задача да вршат диверзантски акции врз важни геостратешки објекти на турската власт во Македонија.

Како сè поприсутен метод на борбата, ВМОРО употребувала експлозивни направи кои се активирале за време на пазарните денови низ македонските градови и предизвикувале големи човечки жртви.[82] Ваквите вооружени акции на ВМОРО се нарекувале „магарешки атентати". На 21 ноември 1911 година, во Штип била активирана експлозивна направа од страна на атентаторите на ВМОРО, при што биле ранети тројца, а како одмазда на турската власт биле убиени 20 Македонци. „Во тој погром се замешани полициски агенти, жандарми и војници. Тој атентат направи силен впечаток во цела Македонија, а колежот предизвика големо негодување во царството Бугарија."[83]


Тодор Александров


Петар Чаулев

ВМОРО организирала вакви напади со бомби и експлозивни направи и во Битола, Кичево, Охрид, Солун и други градови во Македонија. На 27 ноември 1911 година, ЦК ВМОРО издал декларација по повод атентатите. Во декларацијата се критикувала Европа поради нејзиниот рамнодушен однос кон македонското прашање и се укажувало на европското јавно мислење дека ВМОРО нема да ја остави Македонија незаштитена и дека од Организацијата нема да се дозволи нејзино уништување.[84]

[82] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония, ...,* 142–144.
[83] Исто, 143–144.
[84] Види за тоа: В. Ачкоска, Н Жежов, исто, 164–168.

Така, во периодот од 1908 до 1911 година, ВМОРО се обидувала да пронајде нови патишта и форми на борба. Организацијата се обидувала да се приспособи на новите општествено-политички услови во Македонија. По Ќустендилскиот конгрес од март 1908 година, конзервативната струја го истакнала континуитетот на Организацијата од 1893 година и го задржала името ВМОРО сè до 1919 година, кога од името било изоставено „Одринска“ и останало ВМРО. Левицата, претставена од Серскиот револуционерен округ, се претвори во легална политичка партија за време на младотурскиот режим. Новото раководство на ВМОРО го зацврсти четничкиот метод на борба, а од 1911 година сè повеќе биле применувани и напади со експлозивни направи и бомби во македонските градови. Во 1911 година, во ЦК ВМОРО бил избран Тодор Александров, кој станал доминантна личност во Организацијата, сè до неговата насилна смрт во 1924 година.

## Времето на Балканските војни

Сите нетрпеливости кои постоеле внатре во македонското револуционерно движење меѓу одделни револуционерни дејци, како и во односот на Егзархијата кон припадници на Организацијата, ќе бидат потиснати во втор план поради настаните што ќе следат и кои ќе го извлечат на површина вистинскиот лик и цели на просветно-црковните и оружените пропаганди на соседните држави, се разбира и на бугарската во однос на Македонија, Македонците и македонското национално прашање.

Неуспехот на реформите во Македонија, неискреноста на младотурците во однос на преуредувањето на Османлиската Империја, незаинтересираноста на Големите сили за решавање на македонското прашање[85], само ги забрзувале меѓусебните преговори и сојузи на Србија, Бугарија и Грција и ги зголемувале нивните освојувачки апетити свртени кон османлиска Македонија. Сето тоа ќе води кон воен расплет на ситуацијата, односно до Балканските војни (1912/1913) кои, несомнено претставуваат најсудбоносен настан со кој македонскиот народ влезе во најновиот век

[85] Имено, уште на Берлинскиот конгрес во 1878 година постои консензус на Големите сили (Русија, Австро-Унгарија) да не се создаде голема словенска држава на Балканот, под што се подразбира формирањето на посебна држава на етногеографската територија на Македонија, бидејќи тоа би било трајна препрека на нивните стратегиски интереси на Балканот.

од светската историја и чии последици се присутни до денес. Со овие, како и со Првата светска војна (1914–1918) и мировните договори кои следуваа, беше раскината една етничка, историска и економска целост, а поделениот народ го продолжи своето опстојување во четири различни држави.

Македонската историографија под влијание на српската (во рамките на СФРЈ) го прифаќаше толкувањето за постоење две војни – Прва (наводно „ослободителна“) и Втора балканска војна (Меѓусојузничка), кое не е соодветно гледано од аспект на целите на војните – заграбување на територии и нивно владеење засновано врз докажување на „историски легитимитет“ над тие територии. Затоа, може да се зборува за две етапи на една освојувачка војна. И двете војни претставуваат една целина; во исходот и резултатите од првата биле вградени причините за втората (т.н. Меѓусојузничка) војна; без првата, не би дошла втората војна и т.н. Втората балканска војна директно се надоврзала на првата и временски, и според поединечните политички цели на довчерашните балкански сојузници, односно овие војни и се разгледуваат во причинско-последична врска.



Балканскиот сојуз – монарсите на балканските држави - Црна Гора, Србија, Бугарија и Грција

Секој „обид за издвојување на првата од втората војна методолошки е неодржлив, зашто води кон механичко ’сечење’ на една единствена историска целина... Впрочем, и војувачките страни во обете војни биле исти: Турција, Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора. Во Втората балканска војна на овие им се придружила уште и Романија, со длабоко навлегување на нејзините војски на бугарска територија“.[86]

[86] Меѓу другото, акад. Манол Пандевски, смета дека Втората балканска војна не била меѓусојузничка, затоа што против Бугарија, покрај дотогашните сојузнички Србија, Грција и Црна Гора, го кренале оружјето Романија и повтор-

Во текот на 1912 година, ВМОРО била исправена пред нови предизвици. Македонија се наоѓала во предвечерието на Балканските војни. Во овој временски период, македонското револуционерно движење претрпело уште една голема загуба. На 21 април 1912 година, помеѓу Градско и селото Дреново, Велешко, бил убиен Пере Тошев, еден од основачите на ВМОРО и совеста на Македонија, како што за него се изразил еден од хроничарите на македонската историја.[87] Во текот на 1912 година започнале и интензивни преговори за обединување на расцепканите сили во македонското револуционерно движење пред самиот почеток на Првата балканска војна.

Поранешните членови на ВМК побарале од раководството на ВМОРО заедничко дејствување и обединување во претстојните судбоносни денови за Македонија. Од страна на раководството на ВМОРО како овластен претставник на Организацијата, во преговорите бил назначен Тодор Лазаров, една од водечките личности на Скопскиот револуционерен округ. Преговорите не успеале, поради фактот што ВМОРО инсистирала да го зачува својот самостоен карактер и приматот дека Организацијата е единствен претставник на Македонците во нивната борба за ослободување на Македонија од турската власт.

Во летото на 1912 година, членот на ЦК ВМОРО Христо Чернопеев издал наредба до околиските и месните комитети во Струмичкиот револуционерен округ да не им излегуваат во пресрет на вооружените чети составени од поранешни врховисти, туку напротив беспоштедно да ги преследуваат и уништуваат. Таквата мерка била одобрена и од другиот член на ЦК ВМОРО, Тодор Александров, кој упатил писмо до околиските војводи на Организацијата во Струмичко и ваквите чети ги прогласил за орудие на поранешните врховисти кои сакале да ја завладеат ВМОРО за постигнување туѓи цели. Напоредно со ова, на 29 јуни 1912 година, Тодор Александров упатил писмо до четите на ВМОРО во Скопскиот револуционерен округ во кое наредувал да се засилат динамитните атентати врз возови, мостови, градови и железнички пруги, назначувајќи дека само на тој начин можела да се извојува автономијата на Македонија и Одринско.

---

но Турција, придружувајќи им се на првите три. (М. Пандевски, „Балканските војни и нивното место во македонскиот национален развиток“, *Прилози на МАНУ, XVIII, 1-2.* Скопје 1987, 45-49.)

[87] М. Миновски, исто, 230–234.



Т. Александров, Х. Матов, Г. Мончев, В. Сланков,
Н. Иванов за време на Балканските војни

На 1 август 1912 година, во Кочани биле активирани две експлозивни направи од страна на атентатори на ВМОРО, при што биле убиени 10 лица од турска националност, а како одмазда на турската власт биле масакрирани 39 лица од редовите на македонското христијанско население. [88]

„Од месец во месец, од ден во ден, споровите и непријателствата меѓу балканските сојузници се зголемуваа. Опасноста од меѓусебна војна стануваше се позастрашувачка и речиси неизбежна. Загрозено беше и ослободувањето на Македонија... Можеше да дојде до целосно распарчување, поделба на Македонија, така што при тоа најголеми делови би останале во пределите на Грција и Србија...“[89]

Пред присутноста на такви перспективи, дел од македонските дејци – Тодор Александров, Георги Баждаров, проф. Милетич и проф. Георгов составиле од името на Внатрешната организација еден меморандум во којшто ѝ сугерирале на бугарската Влада да застане, во спорот со српската Влада, на принципот на автономија на Македонија, „исто застапен, како што е во бугарско-српскиот договор“. За тоа Кулишев вели:

„Дознав од Баждаров дека меморандумот му бил даден на Фердинанд, ми се чини во Солун, каде што...беше остварил една

[88] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто.

[89] *Георīи Кулишев...,* исто, 36.

посета. Фердинанд, читајќи го меморандумот, побеснел од гнев. „Знаат ли господата – кажал тој на адреса на потпишаните на меморандумот – дека за такви работи има и воен суд?...“ Дознавме, исто така, дека по наредба на Фердинанд, Тодор Александров бил испратен на фронтот кај Булаир, далеку од Македонија.“[90]

По низа преговори, склучување сојузи и тајни анекси за разграничувања и поделба на територии, четирите балкански држави – Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора, сојузени и охрабрени од Русија и други, ѝ објавиле војна на Турција, односно Првата балканска војна (5/18 октомври - 4 декември 1912 година). За тие мигови, Георги Поп Христов ќе запише: „Ние тогаш сите знаевме и верувавме дека војната ќе биде ослободителна. Ете зошто целата емиграција се дигна на нога и се притекна со голем ентузијазам да помогне колку што може. Дојдоа доброволци да ѝ служат на својата татковина дури од Америка. Исполнителниот (Извршниот) комитет набрзо состави детален список за сите Македонци-Одринци.“[91]

Раководството на ВМОРО, не знаејќи за договорите на сојузниците, следејќи го принципот за „неделивоста на Македонија“,[92] во септември 1912 година издало наредба нелегалните чети на Организацијата да извршуваат диверзантски акции во тилот на турската војска како помош на балканските сојузнички војски. Пред почетокот на Првата балканска војна и членовите на ЦК ВМОРО, Тодор Александров и Петар Чаулев, застанале на чело на вооружените чети на Организацијата.

Така, непосредно пред објавувањето на војната, се формирале партизански одреди со цел веднаш да им притекнат на помош на сојузените војски заедно со четите однатре. Се организирале чети за секоја околија. Отсекаде се прибирало оружје, „на брза рака“, колку да се вооружат и да заминат четите. Исто така, од емиграцијата и доброволците кои пристигнале од странство, се организирало Македоно-одринско доброволство („ополчение“), коешто добило оружје од Бугарија.[93]

---

[90] За време на Првата балканска војна во 1912 година во рамките на Македонско-одринското доброволство, се приклучиле околу 14 000 поранешни комити и војводи на ВМОРО. Единицата била испратена да војува на фронтот во Тракија. (Исто.)

[91] *Революционата борба в Битолския окръг,...,* 102.

[92] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония, ...,* 145.

[93] *Революционата борба в Битолския окръг,..,* исто.






Петар Дрвингов

Александар Протогеров[94] и Петар Дрвингов[95] го конституирале Штабот на Македоно-одринските доброволечки чети,[96] кој веднаш ја започнал работата на организирање доброволечки чети, нивна обука и испраќање во Македонија. Одзивот на македонската емиграција бил масовен. Во текот на октомври, до почетокот на воените дејства, се јавувале илјадници Македонци како доброволци во четите или доброволечките одреди да учествуваат во војната против Османлиската држава.[97] Најголемиот дел од нив верувале дека со учеството во војната ќе придонесат за ослободување на својата татковина Македонија, не знаејќи за тајните договори

[94] Протогеров се враќа во Софија во јуни 1912 година, при што кажува дека таму Павел Христов и Георги Поп Христов работеле врз создавање единство, како во ВМОРО, така и меѓу емиграцијата. Свикано е собрание од претставниците на сите братства во Софија и тоа собрание избрало нов Извршен (исполнителен) комитет на братствата чиј претседател станал Протогеров, потпретседател Полихрон Нејчев, секретар Георги Поп Христов, касиер Спиридон Велев, а советници д-р Владов и Д. Ачков. (*Александър Протогеров, генералът – войвода,...* 18–19; ЦДА, ф.1909к, оп.1, а.е.1, л. 1–2.)

[95] Петар Георгиев Дрвингов (25.5.1875, Кукуш – 8.3.1958, Софија), војвода. Полковник од бугарската армија. Завршил Воено училиште во Софија (1896) и Воена академија во Торино, Италија (1910). Се приклучува кон ВМОК. Војвода на чета во Гормоџумајското востание (1902). За време на Илинденското востание дејствува во четата на Јурдан Стојанов. Тој е еден од организаторите на Македонското доброволство во Балканските војни и на 11. македонска дивизија до 1916 г. За време на Првата светска војна е началник на штабот на Моравската военоинспекциска област. Автор на неколку трудови за борбите во Македонија. (А. Г. Пелтеков, исто, 151.)

[96] П. Дъвинговъ, *История на Македоно-Одринското опълчение,* томъ първи, София 1925, 27–29.

[97] П. Дъвинговъ, исто, 11-12.

на сојузниците и за тоа дека ќе бидат злоупотребени за туѓи интереси и цели.

Централниот комитет на ВМОРО со Тодор Александров, Христо Чернопеев, Петар Чаулев и други војводи застанале на чело на четите, раководени од Штабот Протогеров-Александров. Дел од четите дејствувале самостојно, а имало и такви што биле под раководството на серските револуционери на чело со Јане Сандански, кои поради својот антибугарски и антиврховистички став, исто така, дејствувале повеќе самостојно, борејќи се за независна македонска држава.[98]

Верувајќи во илузијата дека се води ослободителна војна, македонскиот народ учествувал во борбите во редовите на воените формации на сите сојузници, но најмногу во Македонско-одринското доброволство („ополченство")[99]. Македонските сили, раководени од ВМОРО, една цела армија од околу 30 000 вооружени четници и доброволци, се бореле на бугарска страна против османлиската власт, со надеж дека ќе дојде до конечно ослободување на Македонија. Лојална кон Сојузниците, Бугарија „Ги одвлечка од Македонија сите партизански одреди, четници и војводи и ги приклучи кон Македонскиот доброволечки корпус кој дејствуваше во јужна Тракија, за да не реагираат против сојузниците и да не предизвикаат предвреме раздор меѓу нив и Бугарија."[100]



Испраќање доброволци од Горни Брод[101]

---

[98] П. Делирадев, *Јане Сандански*, София 1946, 40; Ѓ. Абаџиев, цит. дело, белешка бр. 31, 128.

[99] *Македоно-одринското опълчение 1912-1913 г. Личен състав*, Главно управление на архивите, София 2006, 838.

[100] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония, ...,* 147.

[101] При избувнувањето на војната сто и седум души од Горни Брод биле доброволци во Македоно-одринското доброволство. (Г. Баждаров, *Горно Броди,*

Така, најголемиот број од македонските сили биле испратени на Тракискиот фронт, далеку од Македонија. Ваквиот смислен маневар, бугарската врховна команда го оправдувала со наводниот страв дека македонските доброволци (ополченици) би предизвикале судир со српските и грчките сојузници на фронтот во Македонија. Очигледна е намерата Македонците да се отстранат од својот терен каде што веројатно би предизвикале поинаква ситуација, којашто не би била во интерес на тајната дипломатија на балканските сојузници и би ги поматила нивните сметки. Македонците кои ги загубиле животите во битките во Тракија, биле жртвувани за туѓи цели, иако тие самите биле убедени дека се борат за ослободување на татковината Македонија.

Македонски доброволци се бореле и на страната на српската армија преку т.н. *Народна одбрана*. Со напредување на српската армија во Македонија, дополнително биле ангажирани многу Македонци, кои се нашле во првите борбени редови. Македонски доброволци биле ангажирани и во грчката армија, но тоа учество не е доволно истражено од страна на нашата историографија, веројатно поради затвореноста на грчките архиви.

Македонските доброволци дејствувале како претходница на сојузничките војски, или пак во заднината на османлиската војска и дале голем придонес во заземањето на повеќе места. Така, четата на Петар Чаулев, олеснувајќи го пробивот на српските војски, прва влегла во Охрид и го поставила своето знаме на Самуиловата тврдина.[102]

На другата страна Јане Сандански со четата го ослободил Мелник пред доаѓањето на бугарската војска и влегол во повеќе градови во Источна Македонија пред доаѓањето на бугарските војски, како и во Солун.[103] При тоа дошол во судир со бугарските

---

http://macedonia-history.blogspot.com/2007/03/gorno-brodi-ano-vrondu-ano-vrondou.html, 12.7.2014).

[102] Чаулев воспоставил и прва провизорна власт во Охрид, но со доаѓањето на српските војски таа била сменета, а четата на Чаулев протерана од градот. (Ѓорѓи Абаџиев, *Балканскиūе војни и Македонија*, Скопје 1958, 128.)

[103] Солун бил посакуван град за сите освојувачи – српски, грчки бугарски, но благодарение на европските конзули му бил предаден на грчкиот крал Георгиус. Грчкиот весник *Embros newspaper* од 27 октомври 1912 година, по повод влегувањето на грчките војски во Солун, објавува: „...Со влегувањето во Солун, грчките сили внесоа уште една славна страница во грчката историја, обезбедувајќи си чест и почит за својата моќ". Од друга страна, српскиот весник *Балкански раū у слици и речи* бр. 2, 27 јануари (9 февруари) 1913, по победата на српската војска во Кумановската битка, ја воздигнува нејзината

офицери, бидејќи наздравил за самостојна и автономна Македонија.



Цивилни жртви по битката кај Куманово[104]

Македонски чети пред доаѓањето на сојузничките војски влегле во Неврокоп, Банско, Крушево, Кукуш, Гуменџе и други места. Во повеќето од нив била организирана привремена власт.

Така, раководните сили и војводите на ВМОРО уште на почетокот на Балканските војни застанале на чело на четите (47 чети) со кои се бореле за изгонување на турските власти од Македонија, ослободувајќи бројни села и градови и воспоставувајќи привремена власт во нив, пред да дојдат сојузничките армии.

ЦК ВМОРО бил исклучително активен во следењето на сојузничките дејства и во организирањето на оружениот отпор. Меѓу другото, во октомври 1912 година, било одржано советување во Солун. Покрај Тодор Александров и Петар Чаулев, на него присуствувал и Георги Баждаров, како и други познати дејци на Организацијата (Христо Матов, Коста Ципушев, Петко Пенчев итн.). Било одлучено Александров да замине во Софија и да го запознае претседателот на бугарската влада Иван Гешов со положбата на територијата окупирана од Србија и Грција. Имено, иако четите на ВМОРО во најголем степен војувале за слободата на татковината и пр-

сила, пишувајќи: „кога сто илјади херои ќе решат да одат во смрт и влегуваат во огнот со цврста решеност 'Никогаш нема живи да се вратиме!', непријателот мора да биде поразен, без оглед на неговата големина".

[104] Српската војска влегла во Куманово на 25 октомври 1912 година. (И. Кочан, *Битка за Македонија (турската историографија за Балканските војни 1912-1913 со посебен осврт на Македонија),* Скопје 2010, 112.)

ви влегле во повеќето населени места, ситуацијата полека се менувала. Откако Србите станале господари на ситуацијата, започнале да ги разоружуваат еден по еден четниците на ВМОРО и да ги гледаат со недоверба, за што Г. Поп Христов вели: „Започнаа да нè третираат повеќе не како сојузници. Започнаа да се пројавуваат како владетели и ограбувачи. Тоа најмногу нè навреди. Јас уште додека бев при штабот во селото Марул, ја разбрав од самите офицери вистината за нашето прашање, т.е. што било договорено во самиот сојузен договор со Бугарија – делба на Македонија. Тогаш научив за „спорна“ и „неспорна“ зона, а дотогаш ништо не знаевме. Едно знаевме само – дека војната е ослободителна и се води во името на автономна Македонија. Но, за жал, сосема не било така. Сме биле во заблуда.“[105]



Пејо Јаворов (седи во средината) со дел од доброволците (ополченците) од неговата чета, Кавала, 1 ноември 1912 година[106]

Не знаејќи ништо за тајната клаузула на договорот, македонските револуционерни дејци, многу тешко се соочиле со сознанието дека Македонија е поделена. Очајот станал поголем откако станале сведоци на односот на српските и грчките окупатори кон македонскиот народ. Како и Поп Христов, и Ангел Узунов кажува дека во почетокот Александров, Протогеров и Матов не знаеле за

[105] *Революционата борба в Битолския окръг,* исто, 103.

[106] М. Бошнакова, исто, XXXIV, (БИА–НБКМ).

клаузулите од бугарско-српскиот договор за поделба на територијата на Македонија.[107]

Истото го потврдуваат Георги Баждаров и Ангел Томов – дека раководителите на Организацијата не ја знаеле „содржината на договорите склучени меѓу Бугарија и Србија, Бугарија и Грција, Бугарија и Црна Гора“ и дека за нив бил најважен „принципот за неделивоста на Македонија“.[108] Тој принцип, во најчест случај, ќе ги води македонските револуционери во изградбата на различни концепции во однос на решавањето на македонското прашање – автономија, федерација, конфедерација, или пак во состав на Бугарија, сеедно, *само да ја зачуваат целоста на Македонија*.



Офицерски кадар на Македоно-одринското доброволство

Така и Тодор Александров, со цел да ја спаси Македонија од распарчување, сметал дека треба да се војува за автономија. Притоа се надевал на сигурната помош на царот Фердинанд и Царска Бугарија. Во тој дух е и Меморандумот од 6 декември 1912 година, кој од името на ЦК ВМОРО, Александров го упатил до бугарскиот цар Фердинанд, од кого бара да се застапи против поделбата на Македонија.[109] Истовремено, ЦК ВМОРО, застанал на становиште-

---

[107] ДАРМ, п.о. Охрид, ф. Ангел Узунов, Спомени, 149; З. Тодоровски, исто, 35.

[108] А. Томовъ, Г Баждаровъ, *Революционата борба въ Македония, ...*, 145.

[109] *Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919),* Документи на централните ръководни органи (устави, правилници, мемоари, декларации, окръжни, наредби, резолюции, писма), том I, част II, Съставителство: Ц. Билярски, И. Бурилкова, София 2007, 1041–1042.

то дека ќе се бори со сите сили и средства и дека ќе ја продолжи борбата до остварувањето на посакуваната цел. За жал, Првата балканска војна беше крунисана со Лондонскиот мировен договор (30 мај 1913 година), со кој територијата на Македонија е поделена меѓу сојузничките држави.

На териториите кои биле окупирани од српската и грчката војска, започнало прогонување на четите на ВМОРО. Голем број четници на Организацијата биле фатени и затворени и само под притисок на месното население биле ослободувани. Четите на ВМОРО биле прогонувани и во делот од Македонија кој бил окупиран од бугарската војска, бидејќи Србија и Грција ја обвинувале бугарската власт дека ги толерира и ги заштитува вооружените сили на Организацијата.

Во период од неколку месеци, од крајот на 1912 година до првите месеци на 1913 година, српската власт во Македонија извршила ликвидација на неколку истакнати дејци и војводи на ВМОРО. Од нејзина страна биле убиени битолскиот војвода Петар Облакчето, леринскиот војвода Крсто Леонитов и ресенскиот војвода Крсто Трајков. Српската власт ги ликвидирала и: кичевскиот војвода Стефан Атанасов, Никола Стефанов, Богоја Николов и охридскиот војвода на ВМОРО, Лешански.



Лондонската мировна конференција

Секој град во Македонија имаше лобно место. „Црна куќа“ сврталиште на атентатите од српската „патриотска“ лига „Црната рака“.[110]

---

[110] А. Томовъ, Г Баждаровъ, *Революционата борба въ Македония, ...,* 149.

Убиствата и насилствата врз цивилното население во окупираните делови на Македонија од Србија и Грција биле страшни, а Карнегивата комисија не можела сѐ да собере и да ѝ презентира на рамнодушната, прагматична дипломатија на Големите сили.[111] Репресивните мерки врз населението, а особено систематското чистење и убиства на побудните и посмели личности, а во тие рамки најмногу на приврзаниците и припадниците на ВМОРО, биле причина за реорганизација на четите и на селската милиција на Организацијата. Тие се концентрирале во бугарско-српските и бугарско-грчките зони на разграничување во Македонија и чекале погоден момент за нови вооружени акции. На 16 мај 1913 година, ВМОРО преку декларација истакнала дека доколку македонското прашање не се реши според барањата на Организацијата, тогаш таа нема да ја прекине револуционерната дејност и со сите сили ќе се бори за остварување на своите цели.



Дел од цивилните жртви на српското насилство во Македонија, 1913 година

Новите окупатори на Македонија започнале со силен терор и прогон на невиното население. Исто така, во период од неколку месеци (крајот на 1912 до првите месеци на 1913 година), српската власт во Македонија извршила ликвидации на неколку истакнати дејци и војводи на ВМОРО, кое било повод за реорганизација на организациските сили и нивна концентрација во бугарско-српските и бугарско-грчките зони на разграничување во Македонија. Подготвени, тие чекале момент за дејствување.

Георги Поп Христов бил доста разочаран со состојбите во Македонија по Првата балканска војна и не верувал дека ситуаци-

[111] Види: *Поранешните Балкански војни 1912–1913, извештај на Карнегиевата балканска комисија,* Скопје 2000.

јата ќе се подобри: „Србите и Грците ги избркаа партизанските одреди, а Македонското доброволство... беше далеку од Македонија. Беше испратено во Тракија на помош на бугарската армија... Извршена беше една неверојатна политичка грешка, една заблуда, едно кусогледство, ако не и цел престап спрема македонското прашање и слободата на Македонија. Ако Македоно-одринското доброволство беше испратено во Македонија, а не во Тракија заедно со партизанските одреди, положбата ќе беше сосема подруга.“[112]



Парада во Ѓумурџин, 11 мај 1913 година

Брзиот пораз на османлиските војски ја принудиле Портата да побара примирје. Договорот за мир помеѓу сојузниците и Османлиската Империја, како што спомнавме, беше потпишан на 30 мај 1913 година во Лондон. Македонија останала поделена помеѓу новите окупатори – Србија, Грција и Бугарија, а помал дел ѝ бил доделен на новоформираната држава Албанија, со цел да се спречат српските освојувачки планови кон западниот дел на Балканот. Како отворен проблем од оваа конференција ќе остане прашањето за разграничувањето помеѓу Србија и новоформираната албанска држава околу манастирот Св. Наум на Охридското Езеро.[113]

---

[112] *Революционата борба в Битолския окръг,...* 104.

[113] По повеќегодишни преговори, на 6 август 1925 година, Конференцијата на амбасадорите ја прифатила граничната линија утврдена од Комисијата за разграничување при Друштвото на народите. Така, манастирот Св. Наум му припаднал на Кралството на СХС, во замена за селото Пишкопеја и Врмош (најсеверната точка) на Албанија. На 9 декември 1925 година, генералниот секретар на Конференцијата на амбасадорите официјално ги запознал претставниците на двете држави со донесените решенија. (*Македонија и со-*

Како сведок на несреќната судбина на неговата татковина Македонија, Баждаров прави анализи на актуелните случувања. Тој смета дека барањето автономија во тие услови е „невозможна работа“, бидејќи Грција и Србија[114] не ја прифаќале автономијата порано, а уште помалку би ја сакале во моментот кога држеле под своја окупација 2/3 од Македонија.

„Навистина подоцна се покажа дека во договорот со Србија фигурира и клаузулата за автономија, но бугарската влада ниту еднаш не ја истакна: таа беше нужна таму само за смирување на совеста. За сите беше очевидно дека при создадената ситуација до Лондонскиот мир дека автономијата на Македонија беше невозможна: војска требаше да ги изгони и грчката и српската армија оттаму, и за автономијата на Македонија и за присоединувањето кон Бугарија. Мораше на почетокот на војната за да се спаси Македонија од дележот, да се склучи брзо мир со Турција , но сега не барајте автономна Македонија. За жал, нас не нè послушаа тогаш во Софија.“[115]

Ниту една од трите сопернички во Македонија – Грција, Србија и Бугарија, не биле задоволни од поделбата на териториите на османлиска Македонија. На 1 јуни 1913 година, Србија и Грција склучиле договор за заедничка војна против Бугарија. Истовремено тие се договориле и за меѓусебните разграничувања во Македонија. На 29 јуни 1913 година Бугарија ги нападнала војските на своите довчерашни сојузници Грција и Србија, на чија страна покрај Црна Гора се приклучиле Романија и Турција. Така започнала Втората или Меѓусојузничката балканска војна за прераспределба на освоените територии.[116] Најжестоки борби во Македонија се воделе кај Брегалница, Овче Поле, по текот на реките Струма и Мес-

---

*седиште*, документи, том 1, ред. М. Манојловски, К. Тодороска, И. Асиси, Скопје, 2008, 14–17.)

[114] Така, д-р Јефто Дедиер во својата книга „Нова Србија“ (зборува за „новоосвоените земји на југот, т.е. делот од Македонија), објавена во 1913 година, ќе напише: „Посматрајќи ја географската карта, се гледа дека сегашна Србија загосподарила со најважните точки во внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Таа владее со сите оние области кои го сочинуваат таканареченото балканско јадро. Но, најважно е тоа што Србија завладеа речиси со целата Моравско-вардарска долина и дека ѝ обезбеди добри природни граници. На тој начин, Србија го доби клучот од најважните географски точки во внатрешноста на Балканскиот Полуостров и поради тоа на пат е да стане најважна балканска држава“. (Ј. Дедиер, *Нова Србија*, Београд 1913, 21).

[115] ЦДА, ф.1935 к, оп.1, а.е.72. (Дел од ракопис на Г. Баждаров: „Въ навечерието на междусъюзнишката война“, Варна 1914.)

[116] И. Кочан, *Битка за Македонија...,* 153–161.

та, но и на потегот помеѓу Струмица, Дојран, Гевгелија и Кукуш. Овие места речиси целосно биле уништени во војната. Грчките војски во овој регион извршиле масовен прогон на македонското население.

Раководството на ВМОРО е посветено на подготовките за учество на борбените сили на Организацијата под командата на Главниот штаб на бугарската армија и на Штабот на Македонско-одринското доброволство. Во оваа куса војна, Бугарија била целосно поразена. На 10 август 1913 година бил склучен Букурешкиот мир, со кој Македонија остана поделена меѓу балканските соседи. „Војната заврши катастрофално за Бугарија, а најмногу за Македонија. Наместо да добие слобода, таа повторно беше поробена според Букурешкиот договор и распокината меѓу Србија, Грција и Бугарија. Таа војна нанесе најголем удар врз македонското прашање, стави крст на ослободителното движење. Чемерна работа!“[117]

Со Букурешкиот мир била санкционирана поделбата на Македонија и била запечатена судбината на македонскиот народ, кој останал да живее поделен во четири држави, изложен на насилство, прогон, асимилација и етничко чистење. Од друга страна, тој требаше да води борба за национална слобода во рамките на неколку држави лишен од своите национални права. Направениот обид на дел од четите на ВМОРО и локалното население да ѝ се спротивстават на српската окупаторска власт (Тиквешкото востание и Охридско-дебарскиот бунт) биле крваво задушени.[118]

Новата политичка карта на Балканот и поделбата на етногеографска Македонија поставиле пред ВМОРО нови задачи, меѓу кои на прво место борбата за ослободување и повторно обединување на распокинатото тело на македонскиот народ. Иако е тоа период на воени превирања кои набрзо ќе продолжат во Првата голема светска војна, и самото време барало тогашниот водач на ВМОРО Тодор Александров да раководи во голем степен автократски, сепак тој во однос на најважните стратегиски и дипломатски прашања, секогаш се советувал со интелектуалните кадри во раководството на Организацијата, меѓу кои еден од неговите најблиски соработници бил Георги Баждаров, кој ќе биде автор на бројни документи, меморандуми, написи и прогласи на ЦК.[119]

---

[117] *Революционаѿа борба в Биѿолския окръī,...* 104.

[118] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 177–186.

[119] Во тие интелектуални кадри, покрај Баждаров, спаѓале и Христо Матов, проф. Љубомир Милетич, Иван Георгов, Никола Милев, Григор Василев, Петко Пенчев и други. (З. Тодоровски, *Тодор Александров,* Скопје 2014, 40.)

Со директива на ЦК ВМОРО од 21 август 1913 година, започнало обновувањето на организационата и курирската мрежа во Македонија под српска, односно грчка окупација (т.н. Вардарска и Егејска Македонија). Со нова наредба на ЦК во текот на декември 1913 окружните комитети се зафатиле со обновување на околиските, градските и селските комитети, кои се поврзувале со организациската пошта и со ЦК.

Заедно со обновувањето на Организацијата во деловите на Македонија под српска и грчка власт, се започнало со испраќање мали чети кои вршеле организациска, разузнавачка и диверзантска дејност. Во тие рамки, според добиените информации, меѓу другото, Кулишев бара од Баждаров да го праша Александров што да прават со пушките, потоа го информира (писмо од 14 декември 1913) за „движењето на бугарските чети“ во Гевгелија и Гуменџе кон Сер, како и за состојбата со весниците кои доаѓале со задоцнување или воопшто не пристигале.[120]

При крајот на годината, Тодор Александров заедно со бугарскиот пратеник и општественик Григор Василев ги обиколува европските центри, барајќи од европската дипломатија ревизија на Букурешкиот договор и формирање независна самостојна македонска држава под покровителство на Големите сили.[121]

Истовремено, интелектуалните сили на ВМОРО се активни на повеќе сектори, особено околу издавањето и редактирањето разни весници, како и со пишување бројни прилози со кои ја запознавале јавноста за состојбите во окупираните делови на Македонија и со определбата на Организацијата да ја продолжи започнатата борба за автономија на Македонија.[122] Баждаров, исто така, е мошне ангажиран на овој план, при што разменува информации со Георги Кулишев за состојбите во печатот, а се допишува и со Тодор Александров и други негови најблиски соработници.

Во рамките на соработката со весниците кои ги издава македонската емиграција и револуционерните дејци во Бугарија, Баждаров се вклучува во одбележувањата на историски настани и дати, како и во актуализацијата на дејноста и животот на многу македонски дејци од историјата, особено поради фактот што по вокација е историчар. Соочен со трагичните последици од Бал-

[120] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.47/130–131, (ЦПА–Софија, ф.229, оп. 1, а.е. 41), 14.12.1913.

[121] З. Тодоровски, *Тодор Александров ,...*, 43.

[122] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.45/126-127, (ЦПА - Софија, ф.229, оп.1, а.е.41), 31.12.1913.

канските војни за Македонија, Баждаров пишува еден ракопис под наслов „Во предвечерието на Меѓусојузничката војна“.[123] Тука тој го анализира прашањето за автономија на Македонија и пропуштените шанси таа да се реализира, особено нерешителноста на бугарската влада која не го поставила поенергично тоа прашање на Лондонската конференција.[124]



Бегалци од Македонија сместени во Софија, 1913 година[125]

Данокот на војните во најголем степен го платило невиното население кое барало спас во иселување, напуштајќи ги своите опожарени домови и бегајќи пред насилствата на српските и грчките воено-полициски формации. Кулишев ќе забележи:

---

[123] Така, со писмо од 31.12.1913 година, Г. Кулишев го информира Баждаров за состојбата во редакцијата во весникот „Слово“ и истовремено му соопштува дека тешко се наоѓаат фотографии на браќата Миладиновци. (ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.46/128-129, (ЦПА- Софија, ф.229, оп.1, а.е.41), 31.12. 1913.)

[124] ЦДА, ф.1935 к, оп.1, а.е.72. (дел од ракопис на Г. Баждаров: „Въ навечерието на междусъюзнишката война“, Варна 1914).

[125] Според процените на Карнегиевата комисија, околу 50 000 Македонци од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија побарале засолниште во Бугарија за време на Балканските војни, бегајќи пред регуларните војски и паравоените формации. Од нив, околу 40 000, или околу 10 000 семејства, ги напуштиле своите огништа, без надеж дека ќе се вратат. Меѓутоа, таму не стасале сите што ги оставиле родните места, зашто многумина или биле убивани по патиштата или умирале исцрпени и гладни, не можејќи да го издржат големиот напор. (С. Ковиловски, *Македонија и балканскиūе војни,* Скопје 2012, 180.)

„Огромен поток од бегалци ги напушти родните места и се упати кон границите на братска Бугарија, каде што се надевавме да најдеме и навистина најдовме прибежиште и широка поткрепа. Сè, што беше возможно се правеше за олеснување на положбата на бегалците, чијшто број се искачи приближно на 100 000 души.“[126]

Во овие рамки, раководните сили на ВМОРО покажале особена грижа за бегалците кои секојдневно се слевале во Бугарија од окупираните делови под Грција и Србија.[127] По несреќниот крај на Меѓусојузничката војна во која Македонија повторно беше поле на несреќи и раздор, исто така, многу дејци од Организацијата, дотогаш активни во бугарската војска, се собрале во Бугарија. Тука тие веднаш формирале Комитет за помагање и сместување на бегалците (бежанците) кои во најголем број пристигнувале од Македонија во Бугарија заедно со бугарските војски. Пред сè, вели, Коце Ципушев, „се зафативме да ги собереме и систематизираме податоците за злосторствата извршени од српските и грчките војски и власти, по разгромот на Турција и за време на војната на Србија и Грција против Бугарија.“[128]

Како секретар на комитетот, Коце Ципушев заедно со Георги Баждаров, ги посетиле повеќето амбасади на Големите сили во Софија, за да им ја изложат несреќната судбина на Македонците, покрај дадените огромни жртви, со цел да се влијае врз решенијата на Букурешката конференција.

„Меѓутоа, срамниот договор за мир ја згасна во нас искрата надеж за враќање во родниот крај. Поголем дел од нас останаа во слободна Бугарија со мали исклучоци... Сè уште чадеа пепелиштата во несреќна Македонија, кога по неколку средби и советувања меѓу Тодор Александров и Христо Матов, П. Јаворов, Петре Кушев и други беше донесено решение да ја продолжиме нелегалната борба против новите потисници на нашата татковина.“[129]

Така водечките дејци на Организацијата започнале да ги стегаат редовите и да се подготвуваат за нови дејства. Притоа, започнатата реорганизација не можела да се спроведе, бидејќи набр-

[126] *Георīи Кулишев...*, 38).

[127] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.46/128-129, (ЦПА- Софија, ф.229, оп.1, а.е.41), 31.12.1913. (Писмо до Баждаров со кое го известуваат дека тешко се наоѓаат фотографии со ликот на браќата Миладиновци, а воедно информираат за распоредот за префрлање бегалци.)

[128] К. Ципушев, *19 īодини во срīскиūе заūвори, сīомени,* превел и подготвил за печат, В. Перев, Скопје 2003, 37.

[129] К. Ципушев, исто, 37–38.

зо Македонија станала полигон на нова крвава војна – Првата светска војна (1914–1918). За време на оваа војна, 1 200 000 војници од двата спротивставени империјалистички блока – Антантата (Србија, Црна Гора, Русија, Франција, Белгија и Велика Британија) и Централните сили (Австро-Унгарија, Германија и Турција) ќе бидат распоредени на Македонскиот фронт. По оваа војна, Македонија останала поделена и опустошена.




Територијалните модификации на Балканот.
Договорот во Лондон и Договорот во Букурешт[130]

## Продолжување на агонијата - Првата светска војна

Првата светска војна на почвата на Македонија беше продолжување на агонијата од Балканските војни. Воспоставениот мир во Букурешт, а потоа и во Версај, остави повеќе отворени прашања, покажувајќи ја крајната негрижа на Големите сили во

---

[130] *Балканскиӣе војни,* Историска читанка 3, приределе Валириј Колев и Христина Кулури, Скопје 2007, 108.

однос на почитувањето на принципот на народноста и самоопределувањето.[131].

Војната помеѓу двата империјалистички блока – Антантата и Централните сили била дотогаш најголемата со оглед на вклученоста на многу држави и народи, поради што се нарекува и *Големата војна*. До крајот на 1914 година, воените судири на Балканот се одвивале меѓу австроунгарската и српско-црногорските војски. Во Европа се отворил Западниот фронт, на кој војувале германската со белгиската, француската и британската војска. На Источниот фронт, германската и австро-унгарската војска војувале против руската војска. Во текот на 1915 година, во војната влегле Италија, на страната на Антантата, и Бугарија, на страна на Централните сили. Додека Бугарија се подготвувала да влезе во војната, на 22 април 1915 година, на Пирин Планина, во близината на Рожденскиот манастир, бил убиен Јане Сандански.[132]

Во почетокот на 1916 година, бил воспоставен Македонскиот фронт, кој поминувал низ средината на Македонија. Во почетокот, на Фронтот биле распоредени околу 300 000 војници, а при крајот речиси 1 200 000 војници (по околу 600 000 од двете стра-

---

[131] За таквиот мир, Х.Н. Браилсфорд, член на Фондацијата „Карнеги“, запишал: „Сегашново решение е полошо отколку што може да се замисли. Поделбите ги диктираше само идејата за рамнотежа на силите и воените интереси на победниците. Тие се флагрантно кршење на националните права. Тие ги игнорираат економските потреби и барања на трговијата и сообраќајот... Ниту една балканска влада не се обидува чесно да ги почитува правата на националните малцинства. Во тој поглед, Македонија е многу понесреќна отколку што беше под Турците...“ (*Европа за Македонија 1925–1929,* ред. О. Ивановски, *Библиотека македонско наследство,* Скопје 1991, 125–126.)

[132] Јане Сандански, раководителот на Серскиот револуционерен округ и доследен борец против врховизмот, бил убиен по неколку обиди, од страна на платеници на бугарскиот двор (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 187–191). Ангел Динев ги пренесува зборовите на Димо Хаџи Димов околу обидите да се фалсификува македонската историја, само две години по нејзината поделба во Букурешт и по убиството на Сандански: „Некаква историја пишуваат оние револуционери (врховистите од Софија) и не се срамат да прескокнат цели настани само поради тоа што треба да го спомнат омразеното име на ’палачот’ Јане Сандански. Тој не постои за нивната историја. Епохата и борбите, кои ги создаде тој заедно со своите приврзаници, исто така не постојат. Населението кое како бог го сакаше својот старец и трчаше по него и неговите другари со занес и во голем број како што ретко голем општествен деец можел да собере околу себе и да го приврзе за себе, за револуционерните ’историчари’ исто така не постои. Неговиот надгробен крст го гледаме исправен и во самата ’историја’“. (А. Динев, *Политичките убиства во Бугарија*, Скопје 1951, 39–40.)

ни). Во 1917 година, во војната на страната на Антантата влегле САД и Грција. На јужната страна од Фронтот биле распоредени француски, англиски, српски, грчки, италијански, руски, а на северната страна австроунгарски, германски и бугарски воени сили.[133]

Бугарија застанала на страната на Централните сили, кои ѝ ветиле делови од Србија, цела „српска" Македонија и други територии (Добруџа, „грчкиот дел" од Македонија). Владата на Васил Радославов,[134] на 6 септември 1915 година, потпишала Сојуз со Централните сили за влегување во војна, а на 14 октомври 1915, Бугарија ѝ објавила војна на Србија и окупирала дел од Србија и Македонија кои дотогаш биле под српска власт.[135]

Бугарија уште пред влегувањето во војната мобилизирала голем број Македонци од Пиринскиот дел на Македонија, од македонската емиграција и бегалци. Дел од нив биле учесници во Балканските војни и поранешни членови во ВМОРО. Од нив била формирана посебна воена единица, позната како Единаесетта македонска пешадиска дивизија. Во неа се активни Александар Протогеров и Тодор Александров.

За тие денови, Поп Христов вели: „Таа војна нè вовлече и нас Македонците, заедно со Бугарија... Тогаш водачите на ВМРО Т. Александров, Ал. Протогеров и други, наместо да земат поука од Балканската војна, која ништо не донесе на Македонија, освен

---

133 Бидејќи градот Солун служел како плацдарм, некаде Македонскиот фронт го нарекуваат и Солунски фронт. Види поопширно за Македонскиот фронт: Силвано Галон, *Македонски фронт (1916–1919),* Битола 2008.

134 Васил Христов Радославов (1854–1929). Роден во Ловеч, Бугарија. Дипломирал право во Хајделберг, Германија. Зазема високи позиции во политичкиот живот на царска Бугарија. Ја вовлекува Бугарија во војната на страната на Централните сили. Во средината на јуни 1918 година, принуден е од царот Фердинанд да даде оставка, но е награден со орден од прв степен „Св. Св. Кирил и Методиј". Се противставува на принудната абдикација на царот и го придружува во доброволниот егзил во Германија на 2 октомври 1918, по што никогаш не се враќа во Бугарија. Во отсуство, во 1923 година, бил осуден на доживотен строг затвор за нарушување на државата и за предавство. Умира во Германија. (*Енциклопедичен речник по история, Светът и България 1900-2003,* Д. Вачков, В. Колев, София 2003, 428.)

135 Веднаш по окупацијата на Вардарскиот дел од Македонија, бугарската армија, со наредба од 17 ноември 1915 година, окупираната територија ја поделила на две административни зони: Моравска и Македонска военоинспекциска област. Следната 1916 година, со окупирањето на источна Македонија, била создадена и Драмска инспекциска област. (*Историја на македонскиот народ,* исто, 91.)

дележ, па одново го поврзаа македонското прашање со бугарската политика, дури отидоа подалеку вршејќи влијание врз тогашната бугарска влада да се определи и да отиде во војната на страната на централните сили Германија, Австро-Унгарија и Турција.“[136]

Покрај Поп Христов и Баждаров, како и други дејци, биле против заземањето страна на Бугарија, особено кон Централните сили, но „нивниот глас не бил слушан“. Напротив, раководството на ВМОРО ја мобилизирало македонската миграција во Бугарија, како и поранешните војводи и четници да се организираат во посебна дивизија за помош на бугарската армија.



Српската војска на Македонскиот фронт

Како офицер на бугарската армија, полковникот Протогеров ја исполнува должноста началник на партизанските одреди и командант на Третата бригада на Единаесеттата македонска дивизија. По Топличкото востание во Србија, чиј Штаб бил командуван од Коста Пеќанец, Штабот на бугарската армија решава дека Протогеров е неопходен во таа жешка точка и го назначува за командант на Моравската воено-инспекциска област.[137] Вклучувањето на четниците на ВМОРО во задушувањето на Топличкото востание предизвикале удар врз развојот на Организацијата.[138]

[136] *Революционаша борба в Бишолския окръī,...,* 105.

[137] Д. Минчев, *Военнореволюционнаша дейносш на Пешър Дървинīов (1898-1918),* София 1990, 132-133.

[138] Преследувањето на српските чети од страна на контрачетите на ВМРО продолжило со полн интензитет до крајот на 1917 година. Во вооружените су-

Тодор Александров имал статус на „чиновник за специјални наракчи“ во Штабот на армијата. Во заедничка активност со Протогеров, двајцата ги организираат кадрите на ВМОРО во партизанските одреди и воспоставуваат разузнавачка служба во цела Македонија.[139]

Во бугарската војска биле мобилизирани околу 134 000 лица, од кои околу 33 000 биле распоредени во Единаесеттата македонска дивизија. Во грчката војска не биле формирани посебни воени единици, но околу 20 000 Македонци биле вклучени во единиците на грчката армија.

За време на војната Баждаров извршува учителска, публицистичка и различна административно-политичка дејност во рамките на бугарската држава и на бугарското окупационо подрачје во Македонија. Како учител во Варна во периодот 1913-1915 година, Баждаров активно ги следи политичките настани и токму од тој период потекнува неговиот ракопис за Меѓусојузничката војна.[140]

Непосредно пред почетокот на Првата светска војна, Баждаров го завршува учителствувањето во Варна и во периодот 1915-1916 работи како учител во Софија. Таму го затекнува влегувањето на Царството Бугарија во војната, во есента 1915 година. Во овој период тој продолжува со активности во редовите на револуционерната организација.[141] Меѓу другото, заедно со Матов ќе бидат задолжени за издавање на еден весник, поради што биле во постојана преписка со Тодор Александров. Александров на 9 декември 1915 им пишува дека му е чудно зошто сè уште не почнале со издавање на весникот, кога биле снабдени сите потребни работи и обезбедена печатница. Чувствувајќи потреба од писмени и способни кадри за таквата публицистичко-пропагандна дејност, Александров, меѓу другото, наведува дека Д'рвингов треба да ги ослободи од војската лицата способни за административна рабо-

---

дири од јуни 1917 до април 1918 година четите на ВМРО воделе 365 борби со српските четнички одреди при што од нивна страна имало еден загинат офицер и 48 војници, а биле ранети еден офицер и 65 војници. (А. Апостолов, „Внатрешната македонска револуционерна организација од 1908 до 1918 година“, *Злашна книīа-100 īодини ВМРО*, Скопје, 1993, 126.)

[139] *36 īодини във ВМРО, сйомени на Кирил Пърличев,...* 149–150.

[140] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.77/239-240, (ЦПА–Софија, ф. 229, оп. 1, а.е. 72), 31.12.1913.

[141] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.91/257, (ЦПА–Софија, ф. 229, оп. 1, а.е. 75), 1915. (Писмо до Баждаров со кое го информираат за составот на новата Организација.)

та.[142] Со писмо од 24 декември, Александров им соопштува на Матов и Баждаров дека весникот треба да се печати во печатницата на Глушков.[143]

По кусото учителствување во Софија, во текот на 1915 година, Баждаров ќе биде прекомандуван во Скопје како редактор на весникот „Родина“, каде што останува до крајот на војната во 1918, кога повторно се враќа за Софија. Во Софија продолжува со активностите во ВМРО на Тодор Александров, при што до 1920 е учител во бугарската престолнина, а потоа извршува други дејности, а пред сѐ публицистичка, но е активен и како задграничен претставник на Организацијата.

Меѓу другото, во весникот „Родина“ биле објавувани статии за состојбите на фронтот, за положбата на населението кое било исцрпено од воената немаштија итн., одбележувања на значајни историски дати, а особено внимание се посветувало на негувањето на споменот на Илинден. Така Баждаров ќе го афирмира „Илинден“ како ден, „кога се прогласи големото македонско востание“ во 1903 година и како „најславното име во македонската најнова историја“.

Околу содржините на весникот, понекогаш добивал и извесни критики – дека треба да обрне поголемо внимание на настанувањето на новата македонска земја отколку да ги прати политичките празноверија на софиските весници.[144] Често пати била присутна и цензурата, како, на пример во однос на критичките статии на Кирил Прличев кои не биле објавени по совет на Христо Матов.[145]

Меѓу другото, Кирил Прличев наведува: „Целата првична радост и восхит од заземањето на Македонија од бугарската војска и воспоставувањето на бугарската судска и военоадминистративна власт се помрачија уште во самиот почеток... гладот го истошту-

---

[142] ЦПА, ф.227, оп.1, а.е.31, Писмо на Тодор Александров до Г. Баждаров и Х. Матов, 9.12.1915.

[143] Исто, Писмо на Тодор Александров до Г. Баждаров и Х. Матов, 24.12.1915.

[144] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.1/1, (ЦПА- Софија, ф.229, оп.1, а.е.4), Скопје, 30.12.1915. (Писмо до редакторот на в. „Родина“ од В.Н. Тантилов.)

[145] За периодот од втората половина на 1916 година, свои белешки оставил познатиот бугарски археолог и политичар, Богдан Филов, кој меѓу другото кажува дека бугарската администрација во окупираното подрачје од Македонија била „совршено корумпирана“, насекаде била присутна „контрабанда“, владеел глад сред населението поради постојните реквизиции на прехранбените производи итн. (*Историја на македонскиот народ,* том четврти, 91–93.)

ваше населението во Македонија... јавните неправди од страна на властите, нарушувањето на законот и престапите на одделни граѓански и воени претставници на власта, внесоа едно логично разочарување во душата на месното население, коешто ја идеализираше бугарската државна власт оддалеку пред да ја види.“[146]



Кирил Прличев



Георги Баждаров

Покрај актуелните политички прашања поврзани со војната и со ситуацијата на теренот, Баждаров, како што напомнавме, во „Родина“ пишува повеќе написи за историски настани и личности. Во овие рамки, како и на неколку наврати во претходниот период, на 2 август 1916 година по повод годишнината на „Илинден“ – „денот кога се прогласи големото македонско востание во 1903“, во весникот „Родина“, во Скопје, Баждаров пишува статија за значењето на Илинденското востание, при што тргнува од анализа на претходните настани. Така, 1893 година за него е година кога неколкумина „смели и интелигентни млади луѓе од разни краишта на Македонија“ го основаа првиот Централен таен македонски револуционерен комитет во Солун и со тоа ги поставија основите на Внатрешната организација.

„Не поминаа полни четири години и целата македонска земја беше опфатена од револуционерната мрежа на месните комитети. Секој нов ден, седмица, месец, година бројот на апостолите растеше и се множеа нивните следбеници. Од градска и административна, каква што беше во почетокот со создавањето на околиските чети, а подоцна и на милицијата, Внатрешната револуционерна организација стана боева и повеќе селска.“[147]

---

[146] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,...* 108.

[147] Г. Баждаров, исто, 102.

Понатаму Баждаров ги проследува провалите, жртвите и маките на револуционерните дејци во османлиските затвори, но сето тоа според него не го сопрело револуционерниот вознес на нивната борба за „национална независност и политичка слобода“. Настапило време кога целото население, и мажи, и жени, и стари и млади, и учени и неуки, биле приопштени кон опасната тајна, која повеќе никого не го плашела. Внатрешната организација станала „вистинска држава во државата“.

„Таа имаше своја полиција, своја војска, своите судници, своја економска политика. Воодушевувањето беше толку големо, ентузијазмот беше толку распламтен..., бесправната раја беше толку многу порасната во сопствените очи, така што самопожртвуваноста станала обична добродетел и со нетрпение се очекуваше големиот ден... Тој ден беше Илинден. На Илинден 1903 г. се објави големото македонско општо востание.“[148]

Пишувајќи со цел да го подига борбениот и револуционерен дух на оние кои го читале весникот, односно македонското население во Скопје и пошироко каде што се испраќал,[149] Баждаров го оценува Илинденското востание како кулминација на дејноста на МРО до актуелниот момент, но и како симбол на поранешните и идните борби за слобода.

Покрај написите со национална и патриотска содржина, низ статиите во „Родина“ со кои населението се охрабрува да издржи во тешкото воено време, а истовремено се промовираат хумани акции и друштва, се даваат бројни известувања, меѓу кои, на пример известувањето за појавата на продавање ниви во Скопската околија, организирање хуманитарни акции итн. Така, на пример, на 16 октомври 1916, Редакцијата на в. „Родина“ известува за формирање Комитет за помош на повредените војници од страна на добротворното друштво „Екатерина Симитчиева“[150] на чело со госпоѓите Т. Икономова и С. Анастасева.[151]

---

[148] Исто, 102-103.

[149] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.17/76, (ЦПА–Софија, ф. 229, оп. 1, а.е. 22), 1917. (Писмо на Иван Хаџи Николов до Баждаров за дистрибуција на в. „Родина“).

[150] На 3 октомври 1899 година во Софија било создадено првото женско македоно-одринско благотворно друштво, кое го носи името на хероината Екатерина Симитчиева, родена во Скопје во 1872 година. Привлечена е во редовите на МРО од страна на Ѓорче Петров. Како учителка во Куманово, заедно со група жени, се спротивставува на градењето српска црква. Во судирот со турските војници на 24 август 1899 година биле ранети повеќе жени,



Женското добротворно друштво „Екатерина Симитчиева“ во Скопје

За време на престојот во Скопје, покрај редактирањето на „Родина“, Баждаров е активен во сите сегменти кои се однесувале на цивилните и воените работа на Бугарија. Истовремено тој е во постојана врска со Тодор Александров[152]. Застанувајќи на страната на Александров, наспроти дел од революционерните кадри кои не го признаваат за раководител на ЦК, во едно писмо му кажува: „Сите ние, ваши пријатели, ве признаваме за раководител на Организацијата.“[153]

Со писмо од 18 февруари 1917 година, Тодор Александров го информира Баждаров за обвиненијата кои се покренати против нив, дека наводно се „опасни по демократијата во Бугарија“. Се работи за зборови искажани од страната на Крапчев пред Кулишев, поради што Александров имал подолг бурен разговор со Крапчев. Меѓу другото, Александров напишал:

„1. Нашата блискост со дворецот била прекалена и сомнителна: ние сме биле опасни за демократијата во Бугарија; 2. Со

---

а Екатерина на 2 септември подлегнала на раните. (В. Кънчов, „Народната борба в Куманово“, Сб. *Екатерина Симидчиева,* Пловдивъ 1900, 1–20.)

[151] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.4/4, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.4), Скопје, 16.10.1916.

[152] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.20/80-81, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.22), 27.3.1917. (Писмо на Тодор Александров до Баждаров во кое изразува благодарност за пратената дописна картичка и го информира за работата.)

[153] ЦДА, ф.1935 к, оп.1., а.е.66, Писмо на Г. Баждаров до Т. Александров, 1916.

Протогерова сме биле скарани, та лесна ќе била борбата со него; 3. Не сме имале никакво влијание во Македонија; 4. Јас сум ги затворил вратите на сите партии: демократи, радикали, социјалисти... дека Организацијата... била орудие на Дворецот...“[154]

За време на бугарската окупација била пуштена и првата телефонска линија Скопје–Софија,[155] покрај преземените активности околу градење на пруга Софија–Скопје. Исто така, во Скопје, во рамките на Македонската воено-инспекциска област, се формира Културно-национално биро раководено од Христо Матов. Целите на таа институција се водење културна политика и пропаганда во Македонија.[156] Кон неа се привлечени како соработници редица учени бугарски дејци, како и интелектуалци родум од Македонија, меѓу кои покрај Баждаров, забележителна активност имале Ангел Узунов, Ефтим Спространов, Георги Палашев и други. Бирото било иницијатор на неколку културни, етнографски и фолклорни експедиции од што произлегле редица публикувани изданија во кои се засегнува македонското прашање.[157]



Кејот на Вардар во Скопје, првите децении на XX век

[154] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.23/84-85, (ЦПА–Софија, ф.229, оп. 1, а.е.22), 18.2.1917.

[155] Исто, 1.1186.1.86/252, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.75), 14.10.1917.

[156] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.14/72, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.22), 21.7.1917. (Писмо на Тодор Александров до Баждаров во кое го известува за печатење на книга од страна на Протуѓеров од заеднички средства.)

[157] Пред завршувањето на Првата светска војна, Тодор Александров бил еден од иницијаторите за издавање серија брошури и весници: „Родина“ во Скопје, „Народност“ и „Натион“, албумот „Македонија во слики“, Библиотеката „Балкански прашања“ и др. (З. Тодоровски, *Тодор Александров,* 61.)

Сметајќи дека, самата војна и тешката положба на македонскиот народ се повод уште еднаш да се проговори пред светската јавност и таа да се запознае со историјата и целите на македонското ослободително движење, Георги Баждаров, заедно со Ангел Томов, ја издаваат книгата „Револуционерната борба во Македонија (со 33 портрети)“, Скопје 1917, отпечатена како втора книга од Библиотеката „Балкански прашања“ од Командното книгоиздателско здружение Ал. Паскалев и Сие, во Софија.[158] Значајно е тоа што секоја книга од оваа библиотека излегувала истовремено на пет јазици – бугарски, германски, англиски, руски и француски.

Книгата на Томов и Баждаров наишла на неодобрување од страна на Александар Протогеров, кој ја оценува како тенденциозна и непотполна. Притоа, кажувајќи дека само површно ја прелистал книгата, Протогеров се обраќа кон Христо Матов: „Кај бугарското општество ќе се создаде впечаток дека македонското движење е нешто одделно од бугарскиот народ, без врска со борбите за општото ослободување и без никакво учество на Бугарија. ... Македонско прашање до 1877-1878 г. немаше: тоа е создадено од Берлинскиот конгрес; дотогаш имаше само бугарски прашања и во нив учествуваа сите Бугари од Мизија, Тракија и Македонија.“[159]

Незадоволен од пренагласеноста на самостојноста на македонското ослободително дело изнесено во книгата, Протогеров го поткрепува своето тврдење посочувајќи ги сите придонеси, односно одделувањето на огромни финансиски и материјални средства од страна на бугарската држава и црква во борбата на „неослободените македонските Бугари“ – средства за училишта, учители, цркви, воена помош и помош во обучени кадри итн.[160] Протогеров е особено незадоволен, бидејќи во севкупната историја на македонското ослободително движење, изнесена во книгата на Томов и Баждаров, неговата улога воопшто не била истакната и тој

[158] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония (с 33 портрети)*, Скопје 1917.

[159] ЦДА, ф. 1909 к, оп. 2, а.е. 168.

[160] За современата македонска историографија, сите тие средства на бугарската држава, како и оние на српската и грчката пропаганда, се со цел да се спречи автохтониот национален препород на македонскиот народ и кај него да се создаде бугарска, грчка или српска свест, како претходница на територијалното заграбување на етно-географска Македонија.

е ставен на маргините на таа борба.[161] Се разбира дека во книгата има и некои хронолошки погрешни датуми,[162] но, сепак е значајна од аспект што е напишана од двајца учесници во револуционерното движење кај кои сè уште биле свежи сеќавањата од мошне блиското минато. Притоа, иако во македонското ослободително движење се вклучиле бројни етнички Бугари кои искрено се бореле за слободата на Македонија,[163] сепак, меѓу другото, нагласокот е ставен на автохтони македонски револуционери.

За Ангел Томов и Георги Баждаров, Македонија отсекогаш била дел од „бугарското отечество", а во неа живее „бугарско племе". Притоа, се потенцира заслугата на Македонија за „општобугарското дело" од првите просветители, преку Самуил, Охридската архиепископија, па сè до преродбениците кои се бореле против грцизмот:

„Таа ги даде на бугарското племе браќата Кирил и Методиј, кои ја составија бугарската азбука и први почнаа да ги преведуваат црковните книги на славјано-бугарски, да го проповедаат Христовото учење на тој јазик и да извршуваат богослужба со него. Македонија даде на бугарскиот народ една од најкрупните личности на Симеоновото време – Св. Климент, епископ, духовен писател и народен учител, чиешто епископско седиште, Охрид, достигна во духовен однос слава да соперничи во културно-просветен однос со столицата на Симеона во нејзините најсветли денови."[164]

---

[161] Протогеров потенцира дека е срамно тој и Стефан Николов да бидат споменати како организатори на доброволството (ополчението), а други, коишто „престојувале цело време во Софија, да се нарекуваат револуционери и организатори". (ЦДА, ф. 1909 к, оп. 2, а.е. 168.) Инаку, Стефан Николов потекнува од Прилеп, бил офицер во бугарската армија, војвода на ВМОК, еден од создателите на Македоно-одринското доброволство.

[162] „На стр. 20 се кажува, забележал Протогеров, дека во 1899–1901 г. возникнале во Бугарија офицерски и учителски кружоци. Тоа не е точно. Офицерската организација изникнува уште во 1895 год. – веднаш по Востанието и со неа соработуваше и Делчев, а имаше офицерски братства во многу градови, кога на нејзино чело беа офицерите од 1895 г., Цончев, Јанков, Николов и многу Македонци". (ЦДА, исто.)

[163] „Не беше ли добро да се поместат некои дејци од Бугарија, како учителот Цветков, убиен во Битола (поточно Могила, Битолско, б.м.), потпоручник Панајотов и Христов и др.? Ами Давидов? Ами поручник Пано Константинов, Лука Иванов, поручник Саев, Стојанов, Сугарев, Милев и др. На стр. 141, вели Протогеров, се срамеле да кажат, дека јас бев избран од конгресот за член на Централниот комитет, решение кое не е сменето". (Исто.)

[164] А. Томовъ, Г. Баждаровъ, *Революционната борба въ Македония ...,* 3–4.

Толкувањето на историјата на Македонија, всушност е ограничено од времето во коешто авторите стекнале образование, во рамките на тогашниот бугарски образовен систем, како егзархиски ученици, воспитаници и учители и интелектуалци произлезени од Софискиот универзитет. Секако тоа биле и достигањата на историската наука во тој период, која била поставена во интерес на јакнењето на патриотскиот дух и националната цел – „обединување на распокинатото бугарско племе“.

Независно од дејствувањето на силите внатре во окупирана Македонија, напреднатата македонска емигрантска интелигенција поставува засебна национална програма за решавање на македонското прашање. Без оглед на сите ограничувања што ги создавала војната за да можат низ организирана форма да дојдат до израз автентичните интереси на македонскиот народ, без оглед на тоа што гласот на македонската емиграција во Русија и Швајцарија тешко можел да стаса до Македонија, активноста на македонската емиграција во својата суштина ги зачувала моралните и програмско-политичките вредности на македонското национално и ослободително движење и со тоа му овозможила континуитет во новите услови што настанале по Првата светска војна.[165]

Со приближувањето на крајот на војната започнуваат и позасилени активности на дејците на ВМОРО. Баждаров е во постојан контакт со Тодор Александров,[166] Кирил Прличев[167] и други револуционерни дејци како во поглед на натамошната публицистичка дејност за популаризација на македонското прашање[168]

---

165 Така, во Русија Крсте Петков Мисирков уште во 1915 година во написи во рускиот печат се залага за автономија на Македонија, додека пак една специјална комисија на Советот на Друштвото за словенска заемност го истакнува како најпогодно решението за „целокупна и независна Македонија“. Мошне се важни и активностите на македонските студенти во Швајцарија во текот на 1917-1918 година, а особено групата околу охриѓанецот д-р Атанас Коцарев, кој се залагал за создавање Балканска федерација составена од државите: Албанија, Црна Гора, Босна, Далмација, Војводина, Хрватска, Србија, Македонија и Бугарија. (*Историја на македонскиот народ,* том четврти, ред. И. Катарџиев, Скопје 2000, 106-108.)

166 ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.84/229, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.75), 10.6.1918. (Писмо од Тодор Александров до Баждаров.)

167 ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.83/248, (ЦПА–Софија, ф.229, оп. 1, а.е.75), 4.6.1918. (Писмо од Тодор Александров до Баждаров за водениот разговор со К. Прличев.)

168 ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.14/72, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.22), 21.7.1917. (Писмо од Тодор Александров до Баждаров со кое го известува за печатење книга од страна на Протогеров од заеднички средства.)

во предвечерието на новите промени на политичката карта на Балканот и во Европа, за натамошната дејност на Организацијата, за дистрибуција на весникот „Родина“[169] итн. Во рамките на популаризацијата на македонската историја, спаѓаше и одбележувањето на годишнините од Илинденското востание. Во интензивната преписка, меѓу другото, во писмото од 19 август 1918 година, Тодор Александров го известува Баждаров дека му испраќа пари околу печатењето на брошурата „За Македонија“ подготвена од проф. Љубомир Милетич[170] во рамките на одбележувањето на 15-годишнината од Илинденското востание.[171]

Крајот на Првата светска војна и очекувањето на Мировната конференција повторно побудиле надежи и очекувања сред македонскиот народ во трите дела на Македонија и сред македонската емиграција во Бугарија, Швајцарија и во други европски земји и Америка, за решавање на македонското прашање.[172] Но, иако постоела голема желба и расположение кај македонскиот народ за самостоен и слободен живот во една автономна државна единица којашто може да придонесе и за воспоставување траен мир и зближување на балканските народи во една поширока демократска заедница на Балканот, македонскиот народ во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија не можел да ги манифестира поотворено и слободно, бидејќи се нашол во услови на засилен

---

[169] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.17/76, (ЦПА–Софија, ф.229, оп.1, а.е.22) (Писмо на Иван Хаџи Николов до Баждаров околу дистрибуцијата на весникот „Родина“).

[170] Проф. Љубомир Милетич (1.1.1863, Штип–1.6.1937, Софија), македонски деец, филолог, еден од основачите на Софискиот универзитет, претседател на БАН, идеолог на големобугарската политика кон Македонија. Потекнува од национално мешан брак (мајка Македонка, татко Србин). „Енергично ѝ се спротивставува на секава можност за афирмација на етничката посебност на Македонските Словени и на македонскиот јазик (Т. Тодоровски, исто, 192-193.) Ги запишал спомените на редица револуционерни дејци од Македонија и Одринско, издадени од Македонскиот научен институт во Софија. Дел од нив денес се преведени на македонски јазик и објавени во Република Македонија. За жал, куќата на Љ. Милетич во Софија била опожарена во 1944 година, при што изгорел голем дел од неговите пишувани материјали. Денес има сосема малку документи за неговиот богат интелектуален опус и преписка.

[171] ДАРМ, ф. Георги Баждаров, 1.1186.1.81/224-225, (ЦПА–Софија, ф.229, оп. 1, а.е.75), 19.8.1918.

[172] Љубен Лапе, „Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година“, *Историја*, Скопје (1973), IX/2, 55.

притисок од страна на повторно воспоставените туѓи државни режими. Исто така таму не постоеле ни поранешните револуционерни сили од македонското ослободително движење, кои би можеле веднаш да преземат иницијатива за организирање на македонскиот народ за борба за постигнување на спомнатите цели.

Во тие часови Георги Баждаров доживува тешки моменти, сметајќи дека бугарскиот народ во кој ги вклучува Македонците се соочуваат со најтрагичните моменти од почетокот на најновата историја. Бугарија, како поразена страна, била ставена на колена и добила далеку помалку од посакуваниот „национален идеал“ кое нејзините националисти и патриоти го мереле со национална катастрофа. Но, сето тоа било неспоредливо со личните и колективни страдања и трауми на македонскиот народ, прегазен од милионска војска, изложен на насилство и физичко уништување. И уште потрагично, набрзо тој ќе биде ставен во арсеналот на малцинство кое треба „доброволно“ да ја определи својата народност – „бугарска, грчка или српска“ со благослов на Големите сили и Друштвото на народите.

Соочени со националната катастрофа, голем дел од македонските револуционерни сили собрани во Бугарија го гледале решавањето на македонското прашање преку обединување на Македонија со Бугарија, а во таа група спаѓа и Георги Баждаров, кој својот натамошен живот по Илинденското востание, сè до насилната смрт во 1929 година, ќе го одживее во рамките на бугарското општествено-политичко милје, како службеник во бугарската држава и лојален бугарски граѓанин. Уште повеќе, дури и некои од меморандумите кои ги испраќа бугарската влада до меѓународните фактори, непосредно по војната, биле пишувани од самиот Баждаров.

## Баждаров и воениот пораз на Бугарија

По потпишувањето на капитулацијата на Бугарија при крајот на септември 1918 година („Солунското примирје“),[173] со

[173] Делегацијата, во состав Андреј Љапчев, ген. Иван Луков и Симеон Радев, била принудена безусловно да потпише примирје диктирано од францускиот генерал Франше Д’Еспери. По дводневни преговори, на 30 септември, е потпишано примирје, според кое армијата треба да се повлече на старата граница и да се демобилизира, а деловите кои останале на запад од Скопје останувале заробени. По враќањето во Софија, делегацијата го поставила прашањето за абдикација на царот Фердинанд, кој на 3 октомври 1903 се

што таа излезе поразена од војната, Тодор Александров и неговите најблиски соработници одржуваат советување во Софија на кое била разгледана новонастанатата ситуација и притоа подготвена директива за обновување на дејноста на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација – ВМОРО. Сепак, поконкретни одлуки по тоа прашање не биле донесени, со оглед на тоа што се очекувале решенијата на Парискатa мировна конференција од кои зависело обновувањето на ВМОРО и определувањето на стратегијата и тактиката на дејствување. Сепак, дел од прашањата не можеле да останат нерешени до завршувањето на Мировната конференција и потпишувањето на мировните договори. Таков бил случајот со материјалното обезбедување на некои од поранешните војводи и четници. Бидејќи немало доволно средства за сите војводи и четници, дел од нив останале без материјални средства, односно без плати. За обезбедување на својата егзистенција, некои војводи и четници од Кратовско, Кочанско и Штипско започнале да се занимаваат со ограбување и разбојништва во Македонија под српска власт. Тоа продолжило и во текот на целата 1919 година.[174]

При пристигнувањето од Скопје во Софија, на 29 септември 1918 година, Георги Баждаров се соочил со слика која наликувала на фронтот: „топови грмеа, картечници тракаа, пушки пукаа, сè беше да се наежиш како пред нешто пострашно од смртта. Тие што го напуштија фронтот при Добро Поле,[175] немаа за цел со морални и физички сили да се спротивстават на непријателот по отстапувањето од првите позиции, имаа храброст да се насочат бр-

откажал од престолот во полза на синот Борис III. (*Енциклопедически речник...*, 472–473.)

[174] Д. Пачемска - Петреска, *ВМРО 1918-1934, хронологија,* Скопје 2004, 13.

[175] По пробивот на Добро Поле (18 септември), по што следи Војничкото (Владајско) востание (бунт на војниците дезертери), целосно е урната бугарската одбрана на Македонскиот (Солунскиот) фронт. Несогласиците помеѓу војниците кои се повлекувале станувале пожестоки со нивното приближување кон старата граница. Востаниците ја прогласиле Бугарија за република на 27 септември 1918 и се насочиле кон Софија. Сепак биле разбиени од редовните воени единици. За командант на одбраната на главниот град – Софија, бил назначен ген. Протогеров и како таков командувал со воените единици кои дале отпор кај с. Владаја и го спречиле напредувањето на дезертерите. Во доста обемната историографија за овие настани, тие се различно квалификувани – од „бунт на дезертери“ до „подвиг на Војничкото востание“, поврзан со револуционерните вриења во Европа под влијание на Октомвриската револуција во Русија. (Г. Баждаров, *Моите спомени*, 78; *Енциклопедически речник...*,117–118.)

зо кон правец на Софија, да ја преземат престолнината на Бугарија и Бугарија од Бугарите коишто ја управуваа.“[176]


Заробени бугарски војници

Соочен со дефетизмот и поразот на бугарските војници, Баждаров во своите спомени наведува дека тој ден плачел горко, не за Илинденското востание „удавено во крв и задушено со оган“, не за загинатите во востанијата и војните кои го исполниле херојскиот долг кон татковината, туку за оние кои го дигнале оружјето против сопствените браќа и „за иднината на тој народ-маченик низ вековите“. Во тие тешки мигови, Баждаров се соочува со мислата: Vae victis! или *Горко на победените*, свесен дека нивната чест, имот, живот, здравје, достоинство, сето тоа ќе биде ставено на милоста на победителите. Така, тој знае дека пред македонскиот народ по патот на слободата претстојат нови борби, нови жртви на Македонија и многу неизвесност.

Што се однесува до состојбите во Бугарија, востаниците од Радомирската Република биле поразени, а примирјето во Солун било потпишано, при што кај Баждаров постои сомнеж за оправданоста на тоа примирје, па остава идните генерации да судат за него, зашто на Добро Поле биле „разбиени само две дивизии“.

При заштитата на Софија од востанатите бегалци од фронтот, за командант на софиската тврдина бил назначен генерал Протогеров, кој истовремено бил и член во ЦК ВМОРО. „Дали го зазел тоа место - началник на опсадената тврдина во Софија и командант на нејзината заштита - во согласност на Тодор Александров, не знам. Во секој случај Тодор тогаш беше во добри односи со него. Матов беше веќе умствено повреден, а тој беше главниот советник на Александров и Протогеров. Јас бев уште во положба на редник и не бев прашан за тоа, како и за многу други работи.“[177]

Давајќи сличен опис за состојбите во поразена Бугарија, Кирил Прличев не сака да се помири со поразот, па ќе запише во своите спомени: „Горе главите“ – пишував јас во весникот „Народ-

[176] Г. Баждаров, исто; *Енциклопедически речник...*, 118.

[177] Г. Баждаров, исто.

ност“ во оние црни денови, основан и пишуван од истото она македонско јадро, во центарот на кое беше застанал Тодор Александров.“[178]

Новиот погром бил поголем од тој по Меѓусојузничката војна. Според примирјето, Бугарија сè уште ја држела територијата добиена со Букурешкиот договор, до конечното заклучување на мирот. Во Македонија по победниците Французи, Англичани и Италијанци повторно се утврдиле Грците и Србите, почитувајќи ја поделбата од Букурешт од август 1913 година. Поради бруталното насилство на грчките и српските воено-полициски сили, секојдневно во Бугарија се слевала река бегалци од Македонија под грчка и српска окупација.

Во моментите кога било сè поизвесно дека Македонија ќе остане поделена, а Баждаров ја чувствувал како „откината“ од бугарската нација, започнале да организираат состаноци во потесен круг во Комитетот на ул. „Гурко“ бр. 22, но и пошироки собранија во просториите на Софискиот универзитет. За време на овие средби, дискутирале и размислувале какви чекори да преземат и кои барања да ги постават пред меѓународниот фактор. Една од значајните средби се одржала на 18 октомври 1918 година, во слушалницата бр. 30 на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“, на која зеле учество 30-ина познати револуционери и учесници во македонското револуционерно и националноослободително движење. Тие во минатото припаѓале на различни струи, а дел од нив биле и познати општествени и културни дејци во Бугарија. Меѓу присутните, покрај Георги Баждаров, биле: Љубомир Милетич, Иван Георгов, Никола Милев, Иван Хаџи Николов, Петар Ацев, Павел Христов, Анастас Лозанчев, Ефтим Спространов, Ангел Узунов, Кирил Прличев, Симеон Радев, Ѓорче Петров, Тодор Александров, Александар Протогеров. Следбениците на Јане Сандански од Серската револуционерна група одбиле да присуствуваат. Се разгледувало прашањето за заедничко истапување пред претстојната Мировна конференција,[179] какви да бидат барањата за решавање

[178] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,...,* 109.

[179] Мировната конференција во Париз започнала на 18 јануари 1919 година, а траела до 20/21 јануари 1920 година. Ја свикале силите на Антантата, коишто победиле во Првата светска војна. На Конференцијата присуствувале претставници од 29 земји, од кои 25 учествувале во војната против силите на Централниот сојуз. Другите четири земји не биле активни учеснички, но во текот на војната ги прекинале дипломатските односи со Германија. Главни личности што имале решавачки збор на Конференцијата биле претставниците на Англија, Франција и Америка: Лојд Џорџ, Жорж Клемансо и Вуд-

на македонското прашање и кое тело да ја игра улогата на претставник на македонскиот народ и на македонската емиграција.[180]

Набрзо, на нова средба од 20 октомври 1918 македонските революционери и општествено-политички дејци во Софија решиле да се бара од Мировната конференција во Париз присоединување на Македонија кон Бугарија. За исполнување на таа задача, да се обнови Извршниот (Исполнителниот) комитет на македонските братства.[181]

На 23 октомври 1918 година, по повод 25-годишнината од формирањето на МРО, околу 60 познати македонски револуционери и дејци се собрале во слушалната бр. 8 на Софискиот универзитет, каде што пригодна реч одржал Љубомир Милетич. Неговиот говор го одразувал големобугарското сфаќање за македонското революционерно националноослободително движење како движење на „македонските Бугари“, за национално ослободување и обединување на „бугарското племе“.[182] Во духот на говорот на Милетич и другите говорници се согласиле дека треба да се продолжи борбата против српската и грчката окупација на Македонија до нејзиното конечно ослободување. Било решено да се обнови дејноста на ВМОРО и на легалната македонска емигрантска братствена организација и да се зачува „единството во дејствувањето“, какво што било во времето на војната.[183]

Сепак, желбата за единство во дејствувањето по однос на решавањето на македонското прашање не се остварила. Во рамките на барањето излезни решенија, уште тогаш се издиференцирале две појасни цели: едната – да се бара автономија за Македонија или Македонија да биде независна држава, а другата – почитување на националниот принцип, според точка 11 од Програмата на Вилсон,[184] којашто тој ја објавил пред светот. Притоа, под нацио-

---

ро Вилсон. На Конференцијата не била повикана да учествува Советска Русија поради познатите настани и промени со Октомвриската револуција од 1917 година. (*Историја на македонскиот народ,* том четврти, 111.)

180 Д. Пачемска – Петреска, *ВМРО 1918-1934...*, 13–14.

181 Исто, 14.

182 Исто, 14–15.

183 „Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи (1878–1944)“, том 3, *Освободителното движение след Илинденско-Преображенското въстание 1903–1919*, София, 1997, 385.

184 Програмата на претседателот на САД, Вудро Вилсон (1856–1924), позната како „14 точки на Вилсон“ е формулирана во посланицата до конгресот на САД од 8 јануари 1918 година. Во 11-тата точка, меѓу другото, се вели: „...заемните односи меѓу одделните балкански држави треба да се определат со

налниот принцип се подразбирало „единство“ на бугарската нација во која Баждаров го сметал мнозинското население во Македонија.

Во рамките на оваа поделба (која имала и прелевања во некои моменти и кај одделни личности), може да се согледа дека во периодот октомври-декември 1918 година, сепак, се профилирале две главни групации од легални и нелегални македонски дејци со спротивставени идеи, барања и нудење перспективи на македонската миграција и македонскиот народ. Едната ја претставувале серчани и оние револуционери од Западна Македонија кои се солидаризирале со определбите и барањата во нивната Декларација за автономна Македонија (од октомври 1918), од кои во почетокот се формирало „Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО“ на чело со Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров.[185] Другата групација ја сочинувале легалните раководни сили од Извршниот комитет на чело со Иван Каранџулов[186] и рако-

---

заедничко разгледување со почитување на историски востановените гранични линии на народносна припадност“. (*Енциклопедически речник...,* 510–511). Оваа точка различно е толкувана од страна на македонската и бугарската историографија. Според народносниот принцип на Вилсон, за Македонците е јасно дека Македонија треба да се самоопредели во нејзините етно-географски и историски граници. За бугарската страна тоа значи обединување на „бугарските земји“ кон Бугарија, бидејќи, според нив, мнозинството на населението во Македонија било бугарско.

[185] Привременото претставништво на обединетата поранешна ВМРО се појавило кон крајот на 1918 година како резултат на активностите на поранешните истакнати личности од старата ВМРО: Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Петар Поп Арсов, Туше Делииванов, Анастас Лозанчев, Михаил Герџиков, Павел Христов, Таската Спасов–Серски, Мишо Шкартов, протојереј Тома Николов, Лука Џеров, Аргир Манасиев, Никола Пушкаров, Петар Ацев и др. Главната цел на Привременото претставништво била преку легална активност да ги запознае владите на Големите сили со барањата на Македонците за признавање на правото на самоопределување, обединување и создавање автономна, независна македонска држава. Тоа го актуализирале преку апели, писма, обраќања во времето на подготовките и одржувањето на Версајската мировна конференција. Најдобро изложување на програмата на Серската революционерна група и на Привременото претставништво претставува книгата *Назад кон Автониомијата* напишана од Димо Хаџи Димов и објавена во почетокот на 1919 г. (Види поопширно кај: Љ. Лапе, „Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговите активности на париската мировна конференција 1919 година“, *Историја,* год. IX, бр.2, Скопје 1973, 53-96.)

[186] Иван Каранџулов (1856, Прилеп – 1930, Софија), македонски деец, припадник на десницата. Правник. Го завршува Роберт колеџот во Цариград и

водните сили околу членовите на ЦК ВМОРО избрани во 1911 година, кои застанале на врховистички барања за присоединување на цела Македонија кон Бугарија.[187] Кон овие сили припаѓал и Георги Баждаров.

Баждаров и оние што го поддржувале ставот за присоединување на Македонија кон Бугарија, тоа го поткрепувале со фактот дека за време на војната учествувале во неа „околу 80 000 Македонци“ во бугарската армија и во партизански одреди и дека во војната никој не најавувал барања за автономија. Баждаров наведува дека ни Ѓорче Петров, ни д-р Христо Татарчев, Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков, Туше Делииванов и други, за време на војната, не го кренале гласот за автономија. Тој е доста остар во критиката, велејќи дека ако биле убедени во спасителноста на тоа начело, но се плашеле од воен суд, од затвор или некоја друга казна, тогаш тие ги жртвувале своите сфаќања и иднината на народот заради себеси. Во таков случај, тие не би можеле да бидат добри општественици и народни водачи, бидејќи од страв и да се сочуваат себе си, не опстоиле на своите идеи.

„Значи, за трите години на војната никој - ниту поранешните санданисти, кои имаа претензија да бидат најчисти автономисти, не дигнаа глас за автономија, а знаеја дека Бугарија војува за присоединување. Како сега, по погромот, веднаш, без преод, ќе изјавам дека не сакам присоединување кон Бугарија... којашто се зароби низ трите години војна за Македонија. Нема ли со тоа да ја влошиме положбата на Бугарија без да ја подобриме нашата?“[188]

Практично ВМОРО како организација во текот на војната речиси била сосема во служба на актуелната бугарска власт. Познатиот македонски револуционер Александар Мартулков, социјалист по убедување, на следниот начин ја опишува положбата во која се наоѓало македонското национално и револуционерно движење во текот на војната: „Тогаш сите доследни и верни дејци им беа на располагање на бугарските власти: - од десни до крајно леви. Неутрални дури и немаше. А за револуционерна борба во текот на војната, не можеше ни збор да станува. Ние сите, со ма-

право во Франција. Доктор по право. Работи во Судскиот ресор во Бугарија, а по Првата светска војна е претседател на Сојузот на македонските братства во Бугарија и народен пратеник. По расцепувањето на ВМРО (1928), се приклонува кон Иван Михајлов. (А. Г. Пелтеков, исто, 204).

[187] Д. Пачемска – Петреска, *ВМРО 1918–1934...*, 17.

[188] Г. Баждаров, *Моиѿе сӣомени,* 79.

ли исклучоци, се бевме впрегнале да ги оствaруваме националните интереси на Бугарија.“[189]

Отрезнувањето во македонското национално и револуционерно движење настапило во втората половина на 1918 година, кога веќе било јасно каков ќе биде крајот на војната, и се разбира положбата во која ќе се најде Бугарија. Истовремено, во текот на војната имало дејци, како на пример Јован Бабунски, кои се ставиле во служба на српскиот национализам и големосрпските интерси во Македонија. [190]

Лојален кон Бугарија и разочаран од нејзиниот пораз поради што не ги реализирала воените цели – да ја добие Македонија („присоединувањето“), Баждаров им се спротивставува на оние кои повторно го издигнале лозунгот за автономија. Тој смета дека се лицемерни и непостојани, бидејќи при неможност за присоединување, при победена Бугарија бараат автономија. [191] Секако дека и за автономија и за присоединување на Македонија, останувал основниот проблем – да се одземат деловите од Македонија што ги завладеале Грција и Србија по Букурешкиот мир. Во тие услови, Баждаров сметал дека тие не можат да го истакнат принципот на рамнотежа против Бугарија, како во 1913 година, бидејќи во новата ситуација силите-победнички можеле да ги компензираат со земји од Австро-Унгарија и Турција. Најпосле, доколку Србија и Грција, под притисок на нивните сојузници, Големите сили, би попуштиле да ги отстапат деловите од Македонија, во што Баждаров воопшто не верува, во таков случај тој смета дека македонските револуционерни сили би го прифатиле решението за автономна и независна Македонија. Сепак, „имаше тогаш во 1918 г., есента, психолошка невозможност туку така, без преод, да се вратиме на старото начало за автономијата. Бугарскиот народ во Царството ги дал жртвите... за Македонија! Нема ли да го повредиме во неговите скриени чувства, во длабочините на душата,

[189] *Историја на македонскиот народ,* том четврти, ..., 103.

[190] Исто, 104.

[191] Уште на 22 септември 1918 година во салите на Софискиот универзитет е отворен Основачкиот собир на братствата. Во летото на 1919 година, Извршниот комитет на братствата почнува да издава свој печатен орган – „Весник на македонската емиграција“. Меѓу емигрантите од братствата преовладува мислење за поддршка на идејата за независна Македонија. Се упатуваат апели до Големите сили да не дозволат поделба на Македонија и да им обезбедат можност на македонските бегалци и емигранти да се вратат во родните места. (С. Славчов Абазов, *Војводата Славчо Абазов,* Кочани 2012, 127–128.)

доколку сега ние, Македонците, објавиме дека – не сакаме присоединување, сакаме автономија...“[192]

Најголемите аргументи на оние што сакале да се бара автономија и безусловно да се отфрли обединувањето со Бугарија биле дека Грција и Србија и нивните покровители ќе поверуваат ако се вика против присоединување, па така ќе дадат автономија. За Баждаров тоа биле наивни расудувања, бидејќи пред војните верувале во таквите настојувања, но по војните, тие дале многу јасни докази дека сакаат обединување со Бугарија, односно „врз основа на националниот принцип“ да бидат една држава со Бугарија.

„Но, доколку е тоа невозможно, зашто треба да се штитат и други интереси – на големи и мали држави, на блиски или далечни, тогаш дајте ни независна македонска држава или барем автономија под нечиј протекторат. А што се однесува до опасноста, дека некогаш таа Македонија ќе се присоедини кон Бугарија, за тоа силите-победнички можат да предвидат редица гаранции.“[193]

Ситуацијата во Бугарија кон крајот на војната, а особено по нејзината капитулација, овозможувала да се развие поголема легална организирана активност на Македонците во корист на конституирање на македонската држава во нејзините географски етнографски и економски граници. Имено, во Бугарија, како една од победените држави во Првата светска војна, во која сè уште се наоѓале антантини окупаторски сили, расположението на бугарскиот народ против виновниците за последиците од војната било големо. Во такви околности, старите реакционерни политички фактори и дипломати со изразито милитаристички определби биле принудени да ги напуштат своите позиции. Настанале промени во врховната управа на бугарската држава, во која влегле и претставници на граѓанските политички партии, кои дотогаш ја осудувале милитаристичката политика на Кобуршкиот двор и на поранешната влада. Во текот на овие промени, во бугарската влада влегол и познатиот водач на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС) Александар Стамболиски, кој по неколку реконструкции на владата, застанал на нејзино чело.[194] Овие промени

---

[192] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 79.

[193] Исто.

[194] Александар Стамболиски (1879–1923), бугарски општественик. Завршил земјоделско училиште во Плевен. Студира филозофија во Хале и агрономија во Минхен. Учествувал во Основачкиот конгрес на БЗНС (крајот на 1899). По 1902 година се враќа во Бугарија, каде што е активист на БЗНС и уредник на неговиот орган „Земјоделско знаме“. Се спротивставува на учеството на

до извесен степен давале можност за легално организирање на многубројната македонска емиграција, на бегалските маси и на македонскиот народ во Пиринска Македонија и за поставување барања за разрешување на македонското прашање преку признавање на правото на самоопределување и конституирање на независна македонска држава на Балканот.

„Така македонската емиграција станала таа многубројна почва да се организира во братства на чело со Извршен комитет, а потоа наречен Национален комитет... Напоредно со ова ... почнаа да се групираат, нишките од револуционерната мрежа од минатото настрадани во војните, почнаа да се обновуваат."[195]

Користејќи ги повоените услови во Бугарија, ВМОРО се нашла повикана да ја организира и да ја продолжи борбата за ослободување на Македонија и конституирање на нејзина посебна државност. Присвојувајќи го ваквиот револуционерен повик, раководството на Организацијата и нејзините оружени сили што продолжиле да дејствуваат на територијата на Бугарија, го сметале како основна задача, право и долг кон поробената татковина.

Од друга страна, сред многубројната македонска емиграција растурена ширум Бугарија и сред покомпактните македонски маси во Пиринскиот дел на Македонија, се наоѓале голем број водачи и револуционери, учесници во македонското национално револуционерно движење и во ослободителните борби на македонскиот народ во минатото. Токму затоа „Декларацијата за решавање на македонското прашање" од дејците на поранешната Серска револуционерна група од крајот на октомври 1918 година и аргументираното образложение на Димо Хаџи Димов во книгата „Назад кон автономијата" за положбата во која се нашол македон-

Бугарија во Балканските и во Првата светска војна. Бил суден и затворен за антивоена дејност. Амнестиран е по пробивот на Добро Поле и испратен да преговара со востанатите војници, да ги убеди да се вратат на фронтот. Бил прогласен за претседател на Радомирската Република од Р. Даскалов на 27 септември 1918, но не учествува во бунтот. Од јануари 1919 година бил вклучен во коалициониот кабинет на Т. Теодоров и во делегацијата за потпишување на мировните договори во Париз. Во јуни 1919 година е избран за водач на БЗНС, кој во август ги добива парламентарните избори во Бугарија. Спроведува курс за излегување на Бугарија од меѓународната изолација и бара зближување со Југославија. На 19 јуни 1923 година е симнат со воен преврат. Организира спротивставување, но бил фатен и ѕверски убиен во близината на неговото родно село Славовица. (*Енциклопедичен речник...*, 479–480).

[195] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,* 109.

скиот народ и емигрантските и бегалските маси и посочувањето на единственото и најправилно разрешување на македонското прашање преку постигнување автономија на Македонија и нејзино влегување во Балканската федерација,[196] во тој момент можеле реално да бидат прифатени и отворено манифестирани од македонскиот народ во Пиринскиот дел на Македонија и македонските емигранти и бегалци во Бугарија.[197] Но, ваквите залагања на серчани, на Димо Хаџи Димов и други македонски дејци, како што ќе видиме, Баждаров ќе ги смета за лицемерни, неостварливи и веќе надминати од самата историска ситуација.

Во предвечерието на Мировната конференција, Баждаров и повеќе дејци од македонската емиграција во Бугарија сметаа дека е потребно создавање на „еден институт", односно организација која од името на македонската емиграција во Бугарија ќе ги претстави барањата на Македонија пред претстојните конференции за мир. Тоа, според договарањата на македонските дејци на средбите на Софискиот универзитет, требало да биде Извршниот (Исполнителниот) комитет на македонските емигрантски братства.

За време на војната, македонските братства (друштва) престанале да функционираат, а исто така повеќе не важел мандатот на Извршниот комитет кој бил избран во 1912 година на Општиот конгрес на македонските добротворни братства во Бугарија на чело со Александар Протогеров. Затоа, во истите претходни собранија, од повидни општественици се решило да се формира-

196 Брошурата „Назад кон автономијата" излегла од печат и била дистрибуирана во јавноста во Бугарија во почетокот на 1919 година. Во оваа брошура, Димо Хаџи Димов особено критички се осврнува на улогата на Бугарија во војната и одговорноста на бугарските милитаристички и националистички фактори и нивните истомисленици од македонските емигрантски и врховистички кругови за трагедијата на македонскиот народ во војните. Според него, чистата македонска автономна идеја цврсто била бранета од внатрешните сили на МРО и повторно требало како таква да се актуализира и да се афирмира пред меѓународните фактори во пресрет на Париската мировна конференција. (Д. Пачемска – Петреска, исто, 20.)

197 Во една информација на Военото министерство на Кралството СХС од 15 мај 1919 година, се прави анализа за струењата во македонското ослободително движење. Меѓу другото, за серчаните се потенцира дека немаат за цел „остварување на бугарските идеи во Македонија" туку нивна цел е „или автономија на Македонија или конфедерација на балканските држави". Притоа „не се чувствуваат ниту Срби, ниту Бугари, ниту Грци. Тие се именуваат Македонци-Словени". (Цитирано според: *Историја на македонскиот народ,* том четврти..., 114.)

ат македонски братства, најпрво во Софија, според околиите (на пример Серско, Солунско, Битолско, Охридско итн.), а потоа и во провинциските градови и села. На овој начин ќе биде обновен/создаден „Сојуз на македонските благотворни братства“ со поткрепа на Задграничното претставништво (Александров-Протогеров). Овој Сојуз ќе биде донекаде во спротивност на формацијата на „Временото претставништво на обединетата бивша внатрешна революционерна организација“, претставена од некои поранешни революционери и групата „Серчани“.[198]

Во текот на ноември, во Софија веќе имало формирано 26 братства кои избрале по еден делегат за Основачкиот собир. Првата седница се одржала на 22 ноември 1918 година, во просториите на Универзитетот каде што било избрано привремено раководно тело со претседател Иван Каранџулов и секретар Никола Милев.

На Второто заседание, одржано на 24 ноември, бил избран Извршен комитет од седум души.[199] По настојување на Тодор Александров, Александар Протогеров и други пријатели, на листата бил ставен и Георги Баждаров. Иван Каранџулов, пред да биде кандидиран, како и претходно, требало доста да го убедуваат. „Ех, си рековме, голем правник е, виш магистрат, од Прилеп и Битола е, знае француски, знае англиски, туѓинците сакаат да имаат работа со постари луѓе, со поименити, да го поставиме на чело на емиграцијата. Пак и ново име е, за тоа ново неспокојно за Македонија време.“[200]

На собирот, како делегати присуствувале Александров и Протогеров, но по налог на Протогеров тие не биле вклучени во кандидатската листа. Новоизбраниот Извршен комитет на македонските братства во Бугарија броел седум членови, и тоа: претседател Иван Каранџулов од Прилеп, потпретседатели д-р Божи-

---

[198] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,...* 150.

[199] Сојузот на македонските братства во Бугарија бил основната емигрантска организација на Македонците по Првата светска војна. Кон почетокот на 30-тите години имало околу 210 братства. Во тој период се водени од Национален комитет, составен од 12 души. Издавал свој весник „Македонија“. Иако дејноста му била ограничена по превратот од 19 мај 1934 година, Сојузот е активен сè до неговото распуштање по превратот од 9 септември 1944 година.

[200] Иван Карацулов претходно бил судија и долги години прокурор, така што не се занимавал со општествени работи ниту пак со македонските општествени работи. Иако бил автор на некои статии, сепак, според Баждаров, тој повеќе си го гледал „бирото“, односно неговата канцеларија. (Г. Бажадаров, *Моите спомени...,* 80.)

рад Татарчев од Ресен и Димитар Михајлов од Битола, секретар д-р Никола Стојанов од Дојран, касиер Георги Баждаров и членови д-р Константин Станишев од Кукуш и Тодор Павлов од Скопје. Должноста касиер, Баждаров ја прифатил, иако многу не се разбирал од сметки поради тоа што никој не сакал да се нафати, а работата морала да се врши.



д-р Константин Станишев



акад. Тодор Павлов

На Заседанието била донесена резолуција, во која било подвлечено дека Извршниот комитет во својата дејност ќе се раководи од следниве начела: „1. Неделивост на Македонија; и 2. Нејзино присоединување кон Бугарија“. Доколку е тоа невозможно, Извршниот комитет истовремено изјавил дека ќе се задоволи и со создавање „една независна Македонија“, но не и да се распарчува меѓу Бугарија, Србија и Грција.[201]

Соочени со тешкото прашање на „бежанците“, македонската емиграција и македонските револуционерни сили во Бугарија како прв чекор организирале Комисија за бегалци.[202] Оваа Ко-

---

[201] З. Тодоровски, *Тодор Александров*, ...85–86.

[202] Илјадници бегалци од Македонија нашле прибежиште во Бугарија, и тој нивни прилив бил најброен во периодот по Илинеденското востание, потоа 1912–1918 (од Македонија под српска и грчка окупација) и на крај по „доброволната“ размена на население меѓу Грција и Бугарија со конвенцијата од ноември 1919 година. Доброволното иселување на Македонците ќе стане исклучиво насилно по поразот на Грција во Грчко-турската војна од 1922 година. Тешката положба и страдањата на македонските бегалци во Бугарија е посебно прашање. Податоците за точниот број на бегалците од Македонија во Бугарија не се знае, бидејќи за првпат дури во септември 1924 година Министерството за надворешни работи направило нивно пребројување. Така се регистрирани 202.621 бегалци. (*Сборникъ на Българската академия на науките*, философско-общественъ, книга XXIV, София 1931,

мисија добила задача да оди при г-н Марфи, кој го водел претставништвото на Соединетите Американски Држави, со молба тој да се застапи пред својата влада за Македонија. Всушност тоа била една од првите активности на Извршниот комитет, по иницијатива на Тодор Александров и Георги Баждаров, да се бара прием кај американскиот амбасадор во Софија, Доминик Марфи. На чело на Комисијата, во која бил член и Баждаров, бил поставен д-р Иван Каранџулов, главниот јавен обвинител при Касацијата. Каранџулов знаел англиски, така што требало да ја изложи содржината на нивната молба и да ја аргументира усно. Баждаров забележува дека заедно со Тодор Александров морале да употребат доста време да го убедат тој „амбициозен прилепчанец“ да се нафати на таа задача.

Конечно, Комисијата се јавила кај г-н Марфи, при што му била изложена состојбата со Македонците по навлегувањето во Македонија на српските и грчките окупациони војски. Членовите на Комисијата барале почитување на принципите на Програмата на Вилсон за национално самоопределување и самоуправување за Македонија, тврдејќи дека таму „мнозинството од населението е бугарско“ и дека треба „да се спроведе плебисцит“ под меѓународна закрила. Марфи ги ислушал со внимание, ветил дека ќе рапортира за нивните барања, но веднаш се видело дека и самиот се сомнева во каков било позитивен исход.[203] „Тој беше одел со Љапчев и Симеон Радев за склучувањето на примирјето и се вратил, веројатно со лоши впечатоци од победителите.“[204]

Една од првите задачи на Извршниот комитет била да дејствува и говори од името на македонската емиграција во Бугарија, така што тој развил силна кампања во дневниот печат, се издаваат весници, списанија и брошури. Во овие рамки, во зимата 1918 година (ноември, декември) Георги Баждаров ја пишува книгата „Македонците во културно-политичкиот живот на Бугарија“, објавена во 1919 година.[205] Во неа, меѓу другото, се даваат податоци за повеќе Македонци кои заземале високи позиции во бугарското општество – министри, владици, дипломати, писатели и пу-

---

235). Во 1926 година Главната дирекција за настанување на бегалците регистрирала вкупно 252.370 бегалци. (*Селско-стопанско настаняване на бяжанцитѣ 1927-1932,* София 1932, 58.)

[203] А. Гребенаров, *Легални и тайни организации на македонскитѣ бежанци в България (1918–1947),* София 2006, 21–26.

[204] Г. Баждаров, исто.

[205] Во биографските белешки кон книгата „36 години во ВМРО“ составителот тврди, дека таа книга е напишана од Кирил Прличев.

блицисти, повидни револуционери, адвокати, лекари, офицери итн.

Баждаров ја составил книгата во теснина со времето бидејќи претстоело нејзино преведување на француски јазик. Издавањето на француски било итно за да може таа да се распространи меѓу влијателни странци пред одржувањето на Мировната конференција. Поради таквото брзање, тој ненамерно пропуштил да спомене некои личности кои му замериле за тоа и дури мнозина му станале „непријатели“ (како на пр. Никола Киров–Мајски и др.).

Книгата била издадена од името на Извршниот комитет – „како тој да ја правел анкетата“, меѓутоа, Баждаров тврди дека тој бил авторот, а за собирањето на материјалите многу му помогнале врските со Тодор Александров.

Извршниот комитет подготвувал и испраќал мемоари, писма и петиции до Парискста мировна конференција од „името“ на македонската емиграција, со барања за присоединување на Македонија кон Бугарија.[206] Автор на повеќе материјали бил Георги Баждаров. Заедно со Димитар Михајлов го составуваат Мемоарот испратен од страна на Извршниот комитет до Парискста мировна конференција на почетокот на април 1919 година.[207] При изготвувањето на Мемоарот, најклучно било прашањето – автономија или присоединување. За дефинирање на целта, организирале неколку собранија и со лица кои не биле членови на Комитетот, како Александар Протогеров, Тодор Александров[208], Љубомир Милетич, Иван Георгов, Симеон Радев. Притоа била прифатена формулата на остроумниот Симеон Радев, дека: „Македонското население, коешто четврт век наваму води напорна револуционерна борба за слобода и правдина во родната земја, не еднаш изјавува-

[206] Уште во првиот Мемоар испратен во февруари 1919 година до претседателот на Конференцијата и до владите на САД, Англија, Италија, Франција и Јапонија, Извршниот комитет од името на 200-илјадната македонска емиграција во Бугарија и на македонското население, побарал „Македонија да се присоедини, цела и неделива, кон заедничката татковина – мајка Бугарија“. (З. Тодоровски, *Тодор Александров,...,* 87.)

[207] Баждаров го напишал делот од страница прва до 35-а и од 52-а до крај, а делот од 35 до 52 страница бил напишан од Димитар Михајлов, кому Баждаров, исто така, му дал дел од податоците. Изготвениот мемоар бил одобрен од Комитетот така што тој станал негово дело. (Г. Бажадаров, *Моите спомени,* 81.)

[208] За време на одржувањето на Петтиот редовен конгрес на македонските братства, на 6 април 1919 година, Тодор Александров си поднел оставка како делегат на Штипското братство и целосно започнал со ангажирање со илегална дејност и подготовка за оружени акции. (Д. Пачемска – Петреска, исто, 22.)

ло и сега изјавува, дека претпочита една независна, самостојна Македонија отколку нејзина поделба меѓу соседните држави, поделба кон која Србија и Грција отсекогаш се стремеле.“[209]

Мемоарот бил преведен на француски, англиски и италијански и отпечатен на бугарски и на споменатите јазици.

Во моментите кога бугарската државна делегација требало да замине за мировните преговори во Париз, Баждаров заедно со Иван Каранџулов се јавил кај претседателот на владата на Бугарија (министер-претседател) и министер за надворешни работи Теодор Теодоров,[210] за да му ги изнесат од името на Извршниот комитет ставовите кои бугарската делегација треба да ги брани пред Конференцијата. Меѓу другото, се сугерирало бугарската делегација да се декларира за автономија на Македонија и дека Бугарија е готова да го отстапи делот од Македонија што го владее, доколку тоа го направат Грција и Србија. При оваа средба, Каранџулов и Баждаров добиле свечено ветување од страна на Теодоров дека ќе се залага за автономија на Македонија.

„Сигурно не ќе се најде бугарски државник, по глупоста од 1912 г., којшто да не претпочита една цела независна Македонија, пред една поделена Македонија, па макар и поголем да бил делот што го владее Бугарија.“[211]

Покрај официјално достапниот Мемоар за целата јавност, Извршниот комитет барал и други начини за дејствување и „практични патишта за успех“. Затоа, меѓу другото, решиле да му се обратат на премиерот на Англија Лојд Џорџ со скратен мемоар и да го замолат да го искористи своето влијание, за да се создаде од Македонија една држава под протекторат на Англија или САД. Ваквото барање било поставено од дипломатски причини, давајќи ѝ на Англија посебно значење како најзаинтересирана за источниот басен на Средоземното Море. Ваквиот предлог, кој не бил ниту на линија за присоединување кон Бугарија, ниту на линија за независна Македонија, туку за протекторат, Извршниот комитет

---

[209] Г. Баждаров, исто.

[210] Теодор Теодоров (1859–1924). Роден во Елена (Бугарија). Учи во Габровската гимназија и во градот Николаев, Русија. Студира право во Одеса и во Париз. Работи како прокурор во Софија. Еден од лидерите на Народната и Обединетата народно-прогресивна партија. Министер на правосудство (1896–1897), на финансите (1897–1899) и (1911–1913). Министер-претседател и министер за надворешни работи (1918–1919) и водач на делегацијата за преговорите за мир во Париз. Одбил да го потпише Нејскиот договор. (*Енциклопедичен речник...*, 495-496.)

[211] Г. Баждаров, исто, 89.

не го соопштил на периодично свикуваните собири на делегатите на братствата, ниту пак побарале нивна согласност, ризикувајќи да бидат прогласени за предавници, дека без пари ја продале Македонија на Англија.

„Ние ја прифативме таа одговорност, па нека нè обесеа откако ќе успееше нашиот предлог. Бидејќи за нас најважно беше да ја спасиме нашата татковина од Србија и Грција, чие владеење од 1913 до 1915 г. ни беше познато, па нека не бидеме сосема независни. Англија знае најдобро да ги управува нејзините доминиони и да зема од нив нешто, без да ги угнетува и истоштува.“[212]

Тргнувајќи од таквите анализи, при неможноста Македонија да се формира како независна држава или да биде со Бугарија, членовите на Извршниот комитет претпочитале таа да биде една Канада, една Јужна Африка, една Австралија, отколку со неа да владеат Грција и Србија. Скратениот Мемоар до Лојд Џорџ го испратиле по двајца Англичани кои престојувале во Бугарија, но немало никаков резултат од сето тоа.

Под влијание на сè поголемото расположение на македонските емигранти за автономна и независна Македонија како одделна политичка државна заедница на Балканот, Извршниот комитет на македонските братства морал да еволуира во своите ставови. Така се изоставаат врховистичкиите барања за обединување на Македонија со Бугарија и се прифаќаат барањата за автономна и независна Македонија. Овој став официјално бил истакнат на VIII собир на македонските братства одржан на 6 јули 1919 година. Оваа нова определба на Извршниот комитет делумно била прифатена и од ЦК ВМРО, односно дека нема реални услови за присоединување на Македонија кон Бугарија и затоа се прифаќало барањето за создавање независна Македонија.[213]

За спроведување на новата политика на Извршниот комитет, односно за пропагирање сред македонската емиграција, бил задолжен ЦК ВМРО, предводен од Тодор Александров. Како „автономист“ Т. Александров и неговите приврзаници настојувале во тој дух да ја пропагираат новата програма на Извршниот комитет за автономија на Македонија.

По една средба во која учествувал и Баждаров, ЦК решил да испрати до Големите сили-победнички еден мемоар од името на Задграничното претставништво на ВМРО. Мемоарот го сос-

---

[212] Исто, 82.

[213] Д. Пачемска–Петреска, исто, 22–23.

тавил Љубомир Милетич, а бил потпишан од Александар Протогеров и Тодор Александров, но не како членови на Централниот комитет, туку како задгранични претставници. Во Мемоарот, испратен на 1 март 1919 година, во општи црти на крајот се кажува дека се сака слобода за Македонија, која тоа одамна го заслужила со борбите и жртвите што ги дала. [214]

Со заеднички договор меѓу Протогеров и Александров, кои се консултирале со К. Прличев, Г. Кулишев, Ј. Бадев и Н. Томалевски, се донесува одлука за издавање весник, којшто ќе ја пропагира каузата на ВМРО до склучувањето на договорот за мир. Првиот број на весникот излегол на 24 декември 1918 година. Фактички главен редактор на весникот бил Баждаров, а номинален Бадев, бидејќи во тој момент не бил вработен и нему му определиле најголем месечен надомест. Соработници биле Кулишев, Томалевски и Прличев. Весникот излегувал трипати неделно и бил наречен „Народност“, бидејќи требало да пропагира заштита на потиснатата народност во Македонија, Тракија и Добруџа. До 8 октомври 1919 година, излегле вкупно 115 броја. Истовремено, на француски се издавал и „La Nation“, од кој во периодот од 18 јануари до 13 ноември 1919 излегле 43 броја. За францускиот весник се преведувале некои статии од в. „Народност“, но и некои нови работи. Средствата за двете изданија биле обезбедени од страна на ВМРО. [215]

Во рамките на издавачката дејност на Извршниот комитет мошне важен бил неговиот печатен орган, весникот „Македонија“ кој излегувал двапати неделно во Софија. Првиот број излегува на 29 ноември 1919, а главен уредник бил Георги Баждаров.[216] Из-

[214] Во Мемоарот упатен до Мировната конференција во Париз е нагласен „националниот бугарски“ аспект на прашањето за ослободување на Македонија, односно ако не може обединување на цела Македонија со Бугарија тогаш да не се дозволи таа да остане поделена и под власта на Србија и Грција. Се бара од претседателот на Мировната конференција, Жорж Клемансо да допушти една делегација од името на ВМОРО да ги изложи барањата за решавање на македонското прашање. („Мемоар на ЦК ВМРО до претседателот на Париската мировна конференција од 1 март 1919 г.“, *Тодор Александров, Сè за Македонија,...*, 31–33.)

[215] Г. Баждаров, исто*,* 83.

[216] Во текот на четири години излегуваат 280 броеви од весникот „Македонија“. Последниот број излегол на 27.1.1923 година, кога по договор со весникот „Автономна Македонија“, двата престанале да излегуваат. На нивно место почнува да излегува весникот „Независна Македонија“. „Најчести теми што се обработуваат биле посветени на Југославија и Грција, како најлути непријатели на македонскиот народ. За овие две земји се изнесуваат сите пода-

вршниот комитет, исто така, покрај весникот „Македонија", решил да издава свој весник на француски и англиски јазик, и тоа две страници на француски и две на англиски, двапати неделно. Долго спореле околу тоа кој ќе биде редакторот, и бидејќи никој не сакал да се натовари со таа работа, Георги Баждаров бил задолжен и со редактирањето на „La Macedonie – Macedonia". Статиите ги пишувал на бугарски јазик, а потоа биле преведувани на англиски и француски.

Активноста на македонските дејци и македонската емиграција била огромна, но, за жал, и во тие трагични времиња за македонскиот народ, кога било неопходно единство за постигнување некаков резултат за Македонија на Мировната конференција, не се поминало без нови разединувања во неговото национално и револуционерно движење. Според Баждаров, „сите амбициозни стари дејци", коишто за време на војната го пренеле раководењето со македонските работи на Т. Александров и А. Протогеров, сега ја подигнале главата и се обзналиле против нив. Станувајќи опозиција, тие сега се декларирале како „чисти автономисти", обвинувајќи ги Александров и Протогеров дека ја помагале Бугарија да влезе во војната на страната на Централните сили и дека за време на војната се пројавиле како анексионисти.

Меѓу првите кои ги напуштиле Протогерова и Александрова, бил поранешниот член на Централниот комитет и поранешен задграничен претставник – д-р Христо Татарчев. Сепак, во однос на Татарчев, расцепот бил повеќе од лични причини, а најмалку од идејни несогласици. Татарчев се разделува од своите довчерашни пријатели и формира наспроти нив фронт со Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков, Туше Делииванов, Таската Серски (Атанас Спасов), Чудомир Кантарџиев.[217]

Во рамките на политичката ангажираност и раздвиженост на Македонците во Бугарија пред одржувањето на Мировната конференција, во јануари 1919 година, серчаните и дел од другите македонски дејци (од редовите на левоориентираните македонски емигрантски кругови) формираат едно раководно тело кое функционирало под името „Привремено претставништво на Обедине-

тоци што ги покажуваат нивните слабости, а особено нивната политика спрема македонското население. Се објавуваат и вести од животот и работата на братствата, дописи од странскиот печат и слично". (Н. Цветковска, *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година,* Скопје 1990, 70.)

[217] Г. Баждаров, исто, 83–84.

тата бивша Внатрешна македонска револуционерна организација“, во состав: Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Павел Христов, Атанас Спасов-Серски, Михаил Герџиков и Петар Ацев. Ова раководно тело, за кое Баждаров како што ќе видиме подолу, зборува со голема доза на иронија, меѓу другото, имало задача преку неговиот орган „Билтен“ да дејствува за признавање на правото на македонскиот народ да го искаже својот глас пред Парискиата мировна конференција преку свои официјални претставници.[218]

Привременото претставништво настапувало енергично против раководните струи на македонската револуционерна организација и Извршниот комитет на македонските братства, како и против реваншистичката политика на бугарските владејачки кругови.[219] Тоа во еден документ обзнанет јавно на 15 март 1919 година, кажува дека „само претставниците на револуционерната организација, останати верни на нејзиното минато и на нејзините основни принципи, имаат морално право да ја претставуваат Македонија и да говорат во нејзино име“.[220] Во друг документ, од 30 мај 1919, остро ја осудувале политиката на бугарската влада која на Парискиата мировна конференција била против идејата за автономна Македонија и која ја исклучила идејата за „самостојна и независна Македонија“.

---

[218] Види поопширно кај: Љ. Лапе, „Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговите активности на парискиата мировна конференција 1919 година“, *Историја,* год. IX, бр.2, Скопје 1973, 53-96.

[219] На 9 март 1919 година се појавил „Апелот на бившата ВМРО до македонското население и до емиграцијата во Бугарија“, потпишан од 21 деец, меѓу кои: Ѓ. Петров, П. Ацев, Т. Делииванов, М. Герџиков, Т. Спасов–Серски, Н. Пушкаров, Т. Николов, Р. Ризов, Г. Скрижовски и други. Во Апелот се афирмирал принципот на посебноста и независноста на македонското ослободително движење. Потписниците изјавиле дека македонското население е готово преку референдум да ја искаже својата подготвеност да живее во една автономна македонска држава. Барале по конституирањето на македонската држава таа да добие солидни меѓународни гаранции за нејзината постојана неутралност и да биде под меѓународна заштита за да се спречат секакви завојувачки стремежи однадвор. (Д. Пачемска, Петреска, исто, 20–21.)

[220] Привременото претставништво на 15 март објавило „Предупредување до македонскиот народ и до македонската емиграција во Бугарија“ во кое се негирало правото на Тодор Александров и Александар Протогеров да ја претставуваат револуционерната организација. Тие се сметале за експоненти на големодржавната политика на Бугарија и дека на меѓународен план би можеле да ги блокираат сите барања за повторно востановување на целоста на Македонија и таа да се организира како автономна држава (*Историја на македонскиот народ,* том 4,..., 118–119.)

Лозунгот им бил – „далеку од Бугарија, назад кон автономијата на Македонија“, што за Баждаров е апсурдно, бидејќи тие биле во Бугарија, па дури и на служба во Бугарија. За него „Привремено претставништво“ – значи пак нешто несолидно, нетрајно.[221] Истовремено тоа било составено од луѓе со различни идејни определби, односно не било „еднородно“. Додека Х. Татарчев, Ѓ. Петров, Т. Делииванов биле „националисти и умерени“, Димо Хаџи Димов бил социјалист-комунист, кој гледал „да го искористи делото за својата партија“, да привлече кон комунистите поголем број од емиграцијата. Затоа тој работел систематски и постепено. Најмногу приврзаници „Привременото претставништво“ имало меѓу емиграцијата во Западна Тракија, и тоа по заслуга, односно агитација на Хаџи Димов.

„Таму емигрантите Македонци ги бојкотираа изборите за народни претставници, за да дадат докази дека не ја сакаат Бугарија и дека се искрени автономисти. Всушност, тој акт можеше да се протолкува од непријателите, дека Западна Тракија не е силно споена со бугарската држава и последователно може да се откине од неа. Истиот Д. Хаџи Димов, којшто во 1919 г. агитираше емигрантите да ги бојкотираат изборите за Народното собрание, во 1921 г. агитираше емигрантите да изберат комунисти пратеници.“[222]

„Привременото претставништво“, меѓу другото, се спротивставило и на петицијата што ја подготвил Извршниот комитет на братствата до Мировната конференција и агитирал „да не ја потпишуваат Македонците“. „Така, наместо да ја потпишат повеќе, ја потпишаа околу 18000 души. Таквите раздори правеа лош впечаток и кај туѓинците.“[223]

Во февруари 1919 година, во Софија пристигнал и полковникот Нејпер од англиските окупациски војски. Според Баждаров, тој сочувствувал со борбата на Македонците, така што му кажал на Каранџулов дека треба да се состанат двете македонски „фракции“ и да се согласат околу едно заедничко барање кое тој би го однел во Лондон, при својата влада. Каранџулов, во својство на претседа-

---

[221] Привременото претставништво ќе се расформира при крајот на 1919 година. Дими Хаџи Димов заедно со другите негови членови и по директива на БКП, во 1920 година формира нова организација – Емигрантски комунистички сојуз (како нејзина секција). Меѓутоа, овој Сојуз никогаш не добива масовна поддршка од редовите на македонските емигранти и бегалци. (Т. Тодоровски, исто, 316.)

[222] Г. Баждаров, исто, 85.

[223] Исто.

тел на Извршниот комитет, во согласност со сите негови членови, ги поканил Христо Татарчев и Ѓорче Петров да изработат една општа, заедничка формулација. Иако во почетокот ветиле, сепак Татарчев и Петров набрзо се откажале и не се јавиле на договорената средба.

„При таквата ситуација ние се задоволивме да го дадеме на полковникот Нејпер нашиот мемоар на англиски во коректура, бидејќи уште не беше отпечатен, а тој заминуваше за Лондон.“[224]

Извршниот комитет работел во согласност со членовите на Централниот комитет на ВМРО - Тодор Александров и Александар Протогеров.[225] Притоа Баждаров, како и други македонски дејци, им забележувале за тоа дека тие имаат одредено учество во заземањето на страната на Бугарија кон Централните сили, особено што тоа се покажало погрешно бидејќи победи Антантата. Но, и покрај таа грешка, Баждаров останал на нивна страна и застанал во нивна одбрана, не сакајќи да биде како личностите кои претходно им „се умилкувале“, а сега „ги исмевале“. Баждаров ги заштитувал од таквите напади, објаснувајќи дека Протогеров и Александров не направиле намерна грешка и дека биле убедени во тоа дека Германците и Австријците ќе дадат значителна помош за заземањето на Македонија од Бугарија и дека на Бугарија ќе ѝ остане само да ја зачува до крајот на војната. Истовремено, било јасно дека тогашната влада на Радославов-Тончев и цар Фердинанд ќе се приклони кон Централните сили и без да го слуша мислењето на македонските револуционерни првенци - Александров, Протогеров, Милетич, Матов, Татарчев, Георгов и Точков.

„Нашите водачи... беа чесни, некористољубиви патриоти, целосно оддадени на Делото без задна мисла, без задни сметки. Славољубиви беа, но без славољубие нема водачи. Беше важно дека не беа грандомани и не беа болни славољупци. А кои крескаа сега против нив. Тие, коишто по моја прецена, не беа ниту поумни, ниту почесни и попочитувани, ниту посаможртвени.“[226]

Така, по поразот на Бугарија во војната, десницата во македонското револуционерно движење се нашла во извонредно тешка положба (во „шок“). Обединувањето со Бугарија не се реализирало и не можело повеќе да се инсистира на истите програмски начела кои ги пропагирала во текот на војната. Новите ус-

---

[224] Исто.

[225] З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО...*, 40–41.

[226] Г. Баждаров, исто, 85.

лови барале ново редефинирање на програмските цели, кое ни малку не било лесно. Во редовите на самата десница се јавило прегрупирање и голема опозиција против Тодор Александров и неговиот ЦК. Во редовите на таа опозиција се нашле и ветерани на старата ВМОРО, како Христо Татарчев,[227] иако Баждаров тврди дека Татарчев станал опозиционер и расчистил со своите довчерашни другари заради лични интереси (заради прекомандување од фронтот).[228]

За Георги Баждаров, нема сомнение дека тројцата водачи – Александров, Протогеров и Чаулев, биле легално тело, избрани легално и до новиот легален избор на ЦК требало да ја вршат работата од името на ВМРО. Сè друго во форма на разни „самоповикани“, „привремени ЦК“ и „привремени претставништва“ за него се нелегални тела.

Во таквата ситуација на меѓусебни превирања сред Македонците во Бугарија, во есента на 1919 година (од 28 септември до 1 октомври), се организира конгрес или голем собир на кој присуствувале делегати и од формираните братства надвор од Софија, односно од провинцијата. Меѓу делегатите имало и гласноговорници на Ѓ. Петров и Х. Татарчев, како Антон Димитров, д-р Филип Атанасов, арх. Јуруков и др. Така бил направен обид за обединување, при што Извршниот комитет од седум нараснал на дванаесет души. Баждаров сметал дека е потребно обединувањето да се изврши на идејна основа, откако сите ќе го прифатат автономниот принцип за кој се залагале до војните, иако за време на војните отстапиле од автономијата и се залагале за обединување со Бугарија.

Собирот го свикал Извршниот комитет и врз основа на претходно изработениот дневен ред се настојувало да се произнесе македонската емиграција за целта, средствата, методите и тактиката на идната борба. Под влијание на старите дејци и војводи, на чело со Ѓорче Петров и Павел Христов, се прифатило становиштето дека треба да се работи за една неразделна автономна Македонија. Притоа, автономна Македонија како решение на македонското прашање, еднаш засекогаш ќе го отстрани ривалството на балканските држави и ќе донесе траен мир на Балканот. Во истиот дух, на собирот ќе се донесе резолуција што била доставена до Париската мировна конференција.[229]

---

[227] *Историја на македонскиот народ,* том 4,..., 118.

[228] Г. Баждаров, исто, 84.

[229] З. Тодоровски, исто, 43–44.

Без оглед на ставовите на припадниците на Привременото претставништво, и самиот Баждаров бил свесен дека не е можно да се реализира принципот на народноста според Вилсоновите тези. Така и Извршниот комитет ја прифатил автономијата, бидејќи било подобро Македонците политички и културно самостојно да се развиваат, а тоа не би можеле под туѓото владеење.

На Конгресот, Баждаров се залагал изборот на Извршниот комитет да стане со тајно гласање, а не со акламација и прифаќање на понудени листи.

„,Опозицијата' не сакаше да бидат избрани некои, но најмногу мене не ме сакаше, зашто сум бил многу близок со Александров и Протогеров. Некои сериозно мислеа, а во тој број и Ив. Каранџулов, дека настојувам за тајно гласање за да излезам и јас меѓу избраните, та и тој дојде да ме убедува да се откажам од кандидатурата, да биде со договор и јавно изборот и да не настојуваме со моите пријатели за тајно гласање."[230]

Под притисокот на И. Каранџулов и во интерес на обединувањето, Баждаров се откажал од кандидатурата во Извршниот комитет. Притоа, како што самиот кажува, не чувствувал некое разочарување или огорченост, ниту пак сметал дека е голема чест за него да биде член во тоа раководно тело на македонската емиграција во Бугарија. „На секое место, мало или големо, секогаш сум се трудел да го исполнувам својот долг."[231]

Со јавно гласање, за членови на вториот Извршен комитет на Сојузот на македонските братства во Бугарија биле избрани: д-р Иван Каранџулов, д-р Божидар Татарчев, Антон Димитров, д-р Деспотов, Никола Благоев, д-р Филип Атанасов, Владимир Каназирев, Јордан Бадев, Никола Стојанов, Петар Станков, Тодор Павлов, Димитар Илиев. Фактички со целата таа „опозициона ѓурултија", се одмерувале силите на Александров и Протогеров со „опозицијата" поттикнувана од д-р Христо Татарчев и Ѓорче Петров. Наместо поддршка, Александров, Протогеров и нивните приврзаници и соработници како Баждаров наидувале на „студенило" од страна на луѓе од кои тоа никогаш не го очекувале.

Д-р Владимир Руменов,[232] кој што по демобилизацијата се населил со постојано местожителство во Стара Загора, му напи-

---

[230] Г. Баждаров, исто, 86.

[231] Исто.

[232] Д-р Владимир Руменов (со вистинско име Наум Иванов Мушевски) (1.5.1870, Крушево – 20.1.1939, Софија), македонски деец. Завршува духовна семина-

шал на Баждаров едно писмо по повод одењето на Тодор Александров таму. На д-р Руменов не му се допаднале зборовите на Т. Александров кој кажал дека би се тргнал од раководството на македонските работи, но не гледа подостојни, кои ќе го заменат. Тоа му се видело нескромно на стариот доктор.

„А Тодор сигурно кажал: „Ајде, кажи кому да ги доверам работите во иднина, на Хр. Татарчев ли, на Павел Христов ли, на Ѓорче Петров ли?“ Руменов веројатно мислел дека сепак е нескромно да каже: „Мене да ми ги доверите“.“[233]

Според Баждаров, Руменов претпоставувал дека во касата на ВМРО, останале околу 1 000 000 лева – така што барал парите да им се доверат на неутрални луѓе, „т.е. како него“, и „да ја продолжат понатаму работата по друг пат“. Бидејќи „останал без клиентела“ во Стара Загора, докторот се надевал да го повикаат во Софија, да му ги врачат парите од Организацијата и да му кажат: „Води го сега ти орото“. Би им се бендисало заедно со Карајовов..., со готови пари во банката да си определат дебели плати, другите повеќе да работат, а тие само да командуваат, без да им е грижа за средствата, зашто тие се осигурени од други! Ако би знаел д-р Вл. Руменов, дека во касата беа останале стотина илјади веќе обезвреднети левови, не би ми го напишал тоа писмо... Не му кажав за тоа писмо на Александров, зашто секогаш сум гледал да ги помирувам луѓето, а не да ги раскарувам со поткажување.“[234]

Извршниот комитет го свикал во Софија Првиот голем собир (конгрес) на 56 македонски братства во Бугарија, што се одржал од 28 септември до 1 октомври 1919 година. На овој Собир, под притисок на напредните елементи, победува идејата за автономија на Македонија. Од Собирот беше испратен повик до Париската мировна конференција во кој таа се моли „да ја издигне Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна држава, независна од другите балкански држави.“[235]

---

рија во Киев и медицински факултет во Москва. Во 1898–1901 е лекар во Скопје и член на Окружниот комитет на ТМОРО. Откриен од турските власти емигрира во Софија. По Младотурската револуција се враќа во Македонија и учествува во организирањето и дејноста на Сојузот на бугарските конституциони клубови. За време на војните е воен лекар, а по нив се вклучува во дејноста на македонските братства. Избиран за народен пратеник во 21. и 22. општо народно собрание од Македонската парламентарна група. (А. Г. Пелтеков, исто, 402–403.)

[233] Г. Баждаров, исто, 87.

[234] Исто.

[235] Н. Цветковска, *Политичката активност...,* 73.

На Големиот собир, меѓу другото, се поставило прашањето Комитетот да издава свој весник и на бугарски. Ј. Бадев, Н. Томалевски, Г. Кулишев сметале дека е подобро да го истакнат Данаил Крапчев[236] за редактор на новиот весник, а Баждаров да биде помошник, но фактички тој да го редактира весникот во согласност на Д. Крапчев. Таквата ситуација била непријатна за Баждаров и тој смета дека можеби д-р Антон Димитров, Владимир Каназирев и д-р Филип Атанасов од Комитетот не го сакале него за редактор и ги придобиле другите за таков компромис. Сепак, доколку Баждаров бил неприфатлив како „приврзаник на присоединувањето", Д. Крапчев бил многу далеку од автономист, особено што бил член на бугарската Демократска партија и редактор на нејзиниот официјален орган – весникот „Прапорец" до крајот на војната, а во моментот бил редактор на „Зора", пак „општобугарски весник".

Ваквиот однос на дел од членовите од Извршниот комитет, веројатно бил со намера да се навреди Баждаров, сметајќи дека ќе се откаже од редакцијата. Но, Баждаров сепак се нафатил, бидејќи пријателите го убедиле дека тоа е корисно за делото иако паричната надополна била незначителна. Така, Баждаров бил речиси целосно посветен на редактирањето и како што самиот вели, не затоа што бил подобар новинар од Д. Крапчев, туку затоа што Крапчев бил многу позафатен од него, па не можел да се посвети и на тоа уредништво.[237]

Истовремено, за да го деградираат, неговите противници („непријатели") распространиле муабети дека наводно Баждаров земал по неколку илјади лева месечно од Комитетот. Работа стигнала дотаму што на Првиот голем собир (конгрес), била избрана една трилена контролна комисија во состав Благој Димитров, Славчо Ковачев и Никола Киров да ги прегледаат сметките на Баждаров како касиер на првиот Извршен комитет. Последни-

[236] Данаил Василев Крапчев (18.12.1880, Прилеп – 10.9.1944, Горна Џумаја), македонски деец, новинар. Учи во Битола и во Солун, а потоа завршува право на Софискиот универзитет. Ги редактира весниците „Илинден" (1907–1908, заедно со Пејо Јаворов), „Отечество" (1909), „Родина" (1910), „Вардар" (1911–1012) и „Българин" (1912–1913), коишто се со македонска тематика. За време на Првата светска војна е редактор на весникот „Пряпорец" – орган на Демократската партија, а по војната го издава независниот весник „Зора" (1919–1944). Убиен е во Горна Џумаја, по долго измачување, непосредно по превратот од 9 септември 1944 година. Посмртно е осуден од Народниот суд, на смрт. Ја објавил книгата „Изминат пат", зборник на статии во три тома (1941). (А. Г. Пелтеков, 234.)

[237] Г. Баждаров, исто, 87–88.

те двајца контролори биле од неговите „непријатели“ и меѓу оние кои ги ширеле невистините за проневера на големи парични средства. На крајот останале изненадени кога утврдиле дека за редактирањето на „La Macedoine“ месечно земал само 200, а не 4.000 лева, како што се зборувало.

„Се чудеа дека толку малу сум добивал, бидејќи ако беа тие на мое место, сигурно со илјади ќе бараа да добијат!... Сметките ми беа во ред и ги предадов на контролната комисија да му ги врачи на новиот касиер, а јас побарав препис од протоколот, со којшто се ослободував од парична одговорност.“[238]

По овој немил настан, Баждаров во најголем степен ќе ја продолжи својата дејност во рамките на ВМРО – автономистичка на Тодор Александров како еден од неговите најверни приврзаници и соработници.



Македонски бегалци од Првата светска војна

Како резултат на пет-шест годишните војни (1912–1918), мобилизациите во туѓите војски, загубените животи, разурнувањата, реквизициите и напуштањето на домовите поради фронтовите и репресиите од страна на туѓите власти и војски, населението во Македонија е доведено на работ на егзистенцијата. Од друга страна, конкурентската борба помеѓу балканските држави по Првата светска војна продолжила да се води, меѓу другото, низ нелегални вооружени дејства кои ги преземала обновената автономистичка Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) во Бугарија[239]. Истовремено биле присутни различни фор-

[238] Исто, 88.

[239] Александар Протогеров, водач на ВМРО, изјавил дека се воздржувал од четнички акции поради очекување на решенијата од Мировната конференција. Но, откако биле изневерени сите очекувања, било договорено да се

ми на подземна борба, насочена кон вршење на атентаторско-самоистребувачка акција помеѓу самите Македонци – емигранти во Бугарија. Овие акции биле диригирани главно од Софија, а подоцна и од Белград.[240] Пограничните вооружени инциденти и слични вооружени провокации го исполнувале балканското секојдневие, особено до 1934 година,[241] Притоа, жртва на провокациите и на одмаздничките акции на властите, најчесто било мирното македонско население.

Надевајќи се во погодна прилика на промена на границите, секоја во своја корист, балканските држави со бројни дипломатски акции и притисоци на меѓународен план, го докажувале својот „историски“ легитимитет над територијата на Македонија, со повикување на средновековието или антиката и со наводната етничка припадност на нејзиното население.[242] Притоа од европските големи сили барале заштита на „своето малцинство“ кај соседот, така што македонското прашање било камен на сопнување во градењето на подобра меѓународна клима на Балканот.[243]

Во рамките на овие сложени услови на дејствување, веднаш по војната, членовите на ЦК ВМОРО, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, го најавиле постоењето на Организацијата под ново име: Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО), како единствена реална сила што може да го предводи македонскиот народ кон слобода, најавувајќи го притоа револуционерниот метод на дејство како единствено средство за борба против новите поробувачи на Македонија.

---

почнат подготовки за обновување на вооружената борба во Македонија под српска и грчка власт. (Д. Пачемска–Петреска, исто, 25.)

[240] В. Кушевски, *Македонското прашање во Друштвото на народите*, Скопје 2001, 15.

[241] Бугарските власти во 1934 година беа принудени да го забранат дејствувањето на ВМРО во Бугарија. Така, набрзо дојде до приближување на односите со Југославија. ДАРМ, 1.1396.4.33 / 113-123/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1933-1934, k-6); ДАРМ, 1.1396.3.125 / 684-687/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Sofia).

[242] В. Ачкоска, „Историјата како потреба - помеѓу минатото и сегашноста“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 61*. Филозофски факултет, Скопје 2008, 217–233.

[243] ДАРМ, 1.1396.4.2/ 2-4/ ÖSTA, Arhiv der Republik, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1919-1921, k-1; DARM, 1.1396.4.26 /83-88/; ДАРМ, 1.1396.4.26 /83-88/; ДАРМ, 1.1396.4.29/93-97/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1926-1929, k-3).

# Активноста на Георги Баждаров во редовите на ВМРО (1919–1929)

## Георги Баждаров во ВМРО (автономистичка) на Тодор Александров (1919–1924)

Мировниот договор помеѓу сојузните сили-победнички и Бугарија е потпишан на 27 ноември 1919 година, во Неј на Сена. Со овој Договор, поделбата на Македонија утврдена со Букурешкиот договор од 10 август 1913 година претрпела само мали измени на штета на делот што го добила Бугарија. Така, градот Струмица со околината бил одземен од Бугарија и придодаден на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците (Кралство на СХС)[1]. Со оваа промена, не сметајќи ги незначителните исправки на границата со Албанија кај Дебар и манастирот Св. Наум, Македонија била поделена на следниов начин:

– на Грција ѝ припаднале 35 169 km[2] (т.н. Егејска Македонија), со 1 090 432 жители, од кои најмногубројни, над 320 000 биле Македонци;

– на Кралството СХС 25 774 km[2] (т.н. Вардарска Македонија), со околу 800 000 жители, од кои мнозинството Македонци;

– на Бугарија 6 798 km[2] (т.н. Пиринска Македонија) со 235 000 жители, од кои 96% биле Македонци;[2]

– еден помал дел околу Мала Преспа и Голо Брдо ѝ припаднал на Албанија.

Поделбата на единствената македонска етничка, стопанска и културно-историска целост имаше далекосежни последици врз иднината на македонскиот народ. Во услови на новите балкански граници и отворените процеси на зајакнување на владејачките балкански државни режими и монархии, во рамките на поделена

---

[1] Со создавањето на Кралството на СХС (1.12.1918), „новите јужни краеви“, односно територијата на т.н. Вардарска Македонија влегува во рамките на оваа држава „така што 16 окрузи и 59 околии на Македонија, Косово, Метохија, Санџак и Црна Гора сè до 1929 година биле дел од покраината *Јужна Србија*“. По 6 јануари 1929 (диктатурата на кралот Александар Караѓорѓевиќ, Вардарска Македонија административно влегува во т.н. Вардарска бановина. (В. Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941,* Београд 2011, 15.)

[2] *Историја на македонскиот народ,* том четврти..., 131.

Македонија, разорена од војните (1912-1918), десеткуван, разединет и разочаран македонски народ и во голема мера разбиени и деморализирани револуционерни сили, македонското револуционерно движење се нашло во особено тешка и сложена состојба.[3] Пред МРО и нејзините раководни сили претстоеле големи искушенија во приспособувањето на начините на дејствување и политичка програма според новосоздадените услови. Сепак, непосредно по Првата светска војна, МРО ќе остане главна револуционерна и вооружена сила што можеше да ја продолжи борбата и да ја врати довербата кај македонскиот народ за ослободување, обединување и создавање самостојна и независна македонска држава.



Вудро Вилсон, Жорж Клемансо, Артур Балфур и италијанскиот министер за надворешни работи Сидни Сонино пристигнуваат на мировната конференција во Версај[4]

Раководството и воените сили на МРО биле принудени своето дејствување да го продолжат како емигрантска организација во Бугарија и под покровителство на бугарските државни фактори, бидејќи, за разлика од српските и грчките власти, тие единствено

[3] За тоа зборуваат и бројните организации кои се формираат во периодот по Првата светска војна, а кои во голем дел биле спротивставени една против друга. Од тој спектар на македонски асоцијации, ќе ги наброиме: ВМРО (1919–1934), Привременото претставништво на обединетата поранешна ВМРО (1919), Сојузот на македонските добротворни друштва во Бугарија (1919–1934), Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО) (1921–1923), Илинденската организација (1921–1944), ВМРО (обединета) (1925–1936), Македонските политички организации (МПО) во Америка (1922– ) и други.

[4] *Хроника на 20-и век, 1900-1919,* гл. ред. Н. Венборн, София 1994, 92.

го дозволија нивното дејствување на својата територија. Секако дека, сето тоа бугарската влада го прави заради сопствени интереси. Незадоволна со решението на Париската мировна конференција, со кое Вардарска Македонија беше доделена на новоформираното Кралство на СХС,[5] во меѓусебниот судир со неговите државни фактори, Бугарија широко ги користеше политичките и пропагандните активности, како и вооружени сили на МРО, надевајќи се дека ќе ја поврати Вардарска Македонија. Од друга страна, раководството на МРО единствена надеж гладало во толерантноста и помошта на бугарските владини органи.

Веднаш по војната, членовите на ЦК ВМОРО, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, го најавија постоењето на Организацијата под името: Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО). Иницијатор за обновување на Организацијата бил Тодор Александров, којшто се издигнал во прв лидер на Револуционерната организација. Во оваа нова етапа на развојот на ММРО, целокупната нејзина активност се идентификувала со неговото име. Како главен „организатор и душа“ на ВМРО и како „синоним“ на Организацијата, Тодор Александров се издигнал во најголем авторитет не само во Организацијата и сред македонската емиграција во Бугарија, туку и кај македонското население во сите делови на Македонија.

Под новото име – ВМРО, Организацијата беше најавена уште со нејзиниот прв Мемоар од 1 март 1919 година, испратен до претседателот на Париската мировна конференција. Мемоарот беше потпишан од членовите на ЦК ВМРО - Тодор Александров и Александар Протогеров, во својство на „задгранични претставници“ на ВМРО. Барајќи од името на Организацијата на Конференцијата да биде допуштена нивна „специјална делегација“, во Мемоарот двајцата членови на ЦК ВМРО истакнале дека за да има мир и спокојство на Балканот потребно е Македонија „да се зачува неподелена и во никој случај да не се остави под власта на Србија и Грција“. На крајот од Мемоарот тие го навестиле и своето револуционерно дејствување, со заканата дека „нема да има мир на Балканот“ доколку не бидат прифатени нивните барања.[6]

---

[5] Кралството на СХС е прогласено на 1 декември 1918 година, како унитарна држава на чело со српската династија Караѓорѓевиќ. Во државата живее еден троимен народ – Срби, Хрвати и Словенци. Македонскиот народ беше сметан за дел од српскиот народ – „јужносрбијанци“.

[6] *Тодор Александров, сè за Македонија, документи 1919-1924,* избор, предговор и редакција З. Тодоровски, Скопје 2005, 31-33.

Новата програмска ориентација на ЦК ВМРО била содржана и во инструкциите дадени на Димитар Наумов од страна на Тодор Александров. Имено, во писмата од 22 и 26 август 1919 година, Александров бара од Наумов, како полномошник на ВМРО на Париската мировна конференција,[7] да се застапува за „прогласување на Македонија во независна држава“, односно „за идното управување на независна Македонија“.[8]

Во периодот од завршувањето на војната до потпишувањето на Париските мировни договори (Версајски мир), на 27 ноември 1919 година, Организацијата, главно, се наоѓала во исчекувачка позиција, не преземајќи никакви револуционерни дејства, туку само мобилизаторски активности.



Тодор Александров



Александар Протогеров

При обновувањето на Организацијата, Тодор Александров ги искористил старите врски со бугарските државни, политички и воени фактори, особено околу потребата за снабдување на Организацијата со оружје и муниција.[9] Започнатите активности за кратко

[7] Во полномошното од 22 август 1919 година, стои дека Задграничното претставништво на ВМРО „му одобрува на г. Димитар Наумов од Монастир (Битола, б.м.), да ја претставува, во рамките на делегацијата составена од македонските националности, во врска со мерките што треба да бидат преземени пред сојузните и здружените големи сили, за прогласување на Македонија во независна држава“ (*Тодор Александров, Сè за Македонија...,* 35.)

[8] З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО на Тодор Александров 1919–1924,* Скопје 2013, 63.

[9] Непосредно по војната, Организацијата располагала со околу 800 000–900 000 лева, од кои одделувала месечна издршка за 36 поактивни члена и војводи на ВМРО, но и за помош на други лица (семејства на убиени војводи), за изда-

време ќе бидат прекинати со апсењето на Тодор Александров и Александар Протогеров, на 4 ноември 1919 година, од страна на бугарската влада: „Тодор Александров и Александар Протогеров се бараат од вообразената Србија како престапници, коишто требало да бидат судени по српските закони заедно со редица нивни другари и соборци. Тогашната бугарска влада, со желба да ги задоволи соседите-победници, ги апси двајцата македонски револуционери.“[10]

Александров и Протогеров биле затворени, заедно со околу 60 високи бугарски политички и воени лица, обвинети како главни виновници за националната катастрофа на Бугарија во Првата светска војна, односно како виновници за вовлекувањето на Бугарија во таа војна.[11] За тие денови, Кирил Прличев запишал: „Уште пред бегството на двајцата македонски револуционери од затворот, јас бев... ден и ноќ, во служба на општото дело. Сега, по тоа бегство, кое се случи во почетокот на ноември 1919 г., потребата од постојано слободно лице, секогаш на располагање на општото дело, се почуствува уште посериозно.“[12]

Околу наведената потреба, Георги Баждаров му пишува писмо на Александров, така што членовите на ЦК ги назначуваат Прличев и Баждаров за привремени задгранични претставници на Организацијата.

По неколку денови, со помош на своите приврзаници, Александров и Протогеров[13] побегнале од затворот.[14] Тоа било направе-

---

вачка дејност итн. („Записник од заседанието на ЦК ВМОРО од 17 јануари 1919 г.“, *Тодор Александров, сè за Македонија, ...*, 17).

[10] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,* 109.

[11] Државите победнички барале од бугарската влада да бидат предадени по список „виновниците за бесправни дејства за време на војната“ – дејци на ВМРО, но и политички, воени и интелектуални личности, коишто ги брането интересите на Бугарија во војната. (БИА–НБКМ, ф.324, а.е.1., л. 1641).

[12] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,* 109.

[13] Италијанското Кралско пратеништво во Софија (Де Винкелс) со телеграма од 7 декември 1919 година, го известува Министерството за надворешни работи во Рим за состојбата во Бугарија. Во истата телеграма стои: „Неодамна уапсениот македонски генерал Протогеров избега од затвор. Во многу градови се жалат на недостиг на храна. Бегалците известуваат дека Србите ги мобилизираат сите млади Македонци од 18 до 35 години и ги испраќаат кон Босна и Далмација“. (*Италијански дипломатски документи за Македонија, 1918–1924,* том 1, книга 1, ред. И. Катарџиев, А. Лапе, Скопје 2001, 131–132).

[14] Само два дни по апсењето, на 6 ноември, А. Протогеров избегал од затворското одделение на Софиската болница. На 13 ноември Т. Александров избегал

но и поради уверувањата дека е можно двајцата да бидат предадени на Кралството на СХС поради нивната антисрпска дејност, особено во времето на Првата светска војна. Бидејќи ситуацијата и распоредот на политичките сили во Бугарија воопшто не им оделе во прилог, тие решиле за извесно време да ја напуштат Бугарија. Александар Протогеров заминал во Европа, посетил неколку европски држави, барајќи поддршка за натамошно дејствување, а Т. Александров се подготвувал да замине за Турција. Меѓутоа, активирањето на поранешните офицери од бугарската армија и формирањето на Воената лига (сојуз), како тајна опозициона организација, му дало надеж на Т. Александров дека со нив може да соработува и тој останал во Бугарија.[15]

По потпишувањето на Нејскиот договор меѓу државите-победнички во Првата светска војна, од една страна, и Бугарија, од друга, не само што беше санкционирана поделбата на Македонија од 1913 година, туку, како што наведовме, беше направена исправка на границата во корист на Кралството на СХС со решението за преминување на Струмица со околината под српска власт. ВМРО тоа го дочекува како сигнал за отпочнување четнички оружени дејства во Македонија под српска и грчка власт.

Тодор Александров и Александар Протогеров целосно пристапиле кон револуционизирање на Организацијата, преку вооружена борба да се дојде до ослободување на Македонија, без да се запостават и легалните средства на дејствување. На 20 декември 1919 година во Софија било одржано тајно советување на кое присуствувале членовите на ЦК, раководители, војводи и четници од сите поранешни револуционерни окрузи на ВМОРО во Македонија. Тогаш бил усвоен официјалниот назив на Организацијата од ВМОРО во ВМРО, бидејќи по Балканските војни ситуацијата на Балканот се променила и се изостава Одринскиот округ.

Во своето излагање за тогашната состојба, Александар Протогеров изјавил дека се воздржувале од четнички акции поради очекување на решенијата од Мировната конференција. Но, откако со склучениот мир биле изневерени сите очекувања, било договорено да се почнат подготовки за обновување на вооружената борба во Македонија под српска и грчка власт.[16] Била прифатена прог-

---

од притворот во полициската управа во Софија, со помош на неговите другари и соработници: Стојан Мишев, Славе Иванов и Иван Арсов. (З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО...,* 64-65.)

[15] Д. Пачемска – Петреска, исто, 23–24.

[16] Д. Пачемска–Петреска, исто, 25.

рамската цел извојување на автономија и обединување на распокинатите делови на Македонија, прво, поради решенијата со кои Вардарска и Егејска Македонија им припаднаа на Кралството на СХС, односно на Кралството Грција, и второ, под притисок на барањата на најголемиот дел од македонските емигрантски организации, струи и братства во Бугарија. На тој начин, автономијата станала основна парола на Организацијата, којашто почнала да се нарекува „автономистичка“ ВМРО, а подготовките за нелегално комитско движење се организирале во името на „автономна Македонија“.[17]

ВМРО на Тодор Александров ги задржала старите организациони форми од пред Илинденското востание. Територијата на Македонија и понатаму останала поделена во пет окружни револуционерни комитети: Битолски, Скопски, Солунски, Серски и Струмички, со окружни војводи назначени од ЦК ВМРО. Искористувајќи го „внатрешниот“ карактер на Организацијата и располагајќи со старите курири, војводи и четници, како и со познанства и контактите со илјадници луѓе вклучени во Организацијата, Тодор Александров уште од првите денови по војната одржувал врски со сите делови на Македонија под власта на Кралството на СХС, Грција и Албанија. Тој ги осудил и ги отстранил од Организацијата војводите Јован Јанев-Брло, Мите Соколарски и Григор Циклев, кои вршеле грабежи и разбојништво врз македонското население.[18]

Барајќи морална и материјална поддршка за извршување на своите идни акции, раководството на ВМРО и Извршниот комитет на македонските братства се поврзуваат со италијанските дипломатски и воени претставници во Софија. За тоа во еден од италијанските диломатски документи, датиран на 8 април 1920 година, стои: „Извршниот одбор на македонските друштва во Софија се обрати до кр. Министер со молба да ви се предаде апелот наменет според споменатата организација за одржување на актуелноста на македонското прашање сега, кога парламентите на главните сојузнички и придружни сили ќе го разгледуваат и разговараат за измените на Нејскиот договор. Во прилог ви го препраќам споменатиот документ...“[19]

Врз основа на водените разговори со италијанските претставници, во Рим бил потпишан договор за започнување комитска

[17] З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО...*, 91–92.
[18] З. Тодоровски, *Тодор Александров...*, 73.
[19] *Италијански дипломатски документи за Македонија, 1918–1924,*134–135.

акција во Македонија со главна цел „да се поведе комитска акција во српска Македонија за да се оневозможи брзото консолидирање на Југославија и да се поведе борба во Бугарија за соборување на владата на Стамболиски“.[20]

Притоа, италијанската влада на Организацијата ѝ ставила на располагање шест милиони италијански лири, а Комитетот назначил свој постојан делегат во Рим.[21]



Александар Стамболиски



Александар Цанков

Дејствувајќи илегално, Т. Александров и А. Протогеров постојано се состанувале со членовите и идеолозите на Извршниот комитет: Георги Баждаров, Никола Милев, Љубомир Милетич, Кирил Прличев и Наум Томалевски. Тие им организирале тајни средби со голем број претставници на бугарските политички и воени власти, како и со одделни лидери и првенци на политички партии во Бугарија. Главна тема на средбите била обновувањето на Организацијата, обезбедувањето на материјални средства за ациите на ВМРО и соборувањето на земјоделскиот режим на Александар Стамболиски.[22]

Во рамките на обновувањето на организациската дејност, било обновено и Задграничното претставништво на Организаци-

[20] Италијанската влада е загрижена од настојувањето на владата на Стамболиски за југословенско-бугарско зближување. Затоа италијанскиот висок комесар во Софија полк. Џилберт де Винкелс, во писмото од 29 ноември 1919 година упатено до сенаторот Виторио Шалоја и генералот А. Дијаз, наведува „дека виталниот интерес на Италија бара да биде спречен каков и да е облик на обединување на Бугарија со Југославија, или да биде направен така да не биде штетен за нас.“ Поради тоа, „би било потребно да се обезбедат цврсти ’пријателства од интерес’“. (Исто, 121-122).

[21] З. Тодоровски, *Тодор Александров..,* 106-107; Истиот, *Автономистичката ВМРО...,* 86.

[22] З. Тодоровски, *Автономистичката...,* 84.

јата во Софија, во состав: Ѓорги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев.[23] Задграничното претставништво, покрај уставните задолженија за „издигање на престижот на Организацијата



Тодор Александров со семејството

пред надворешниот свет“, имало бројни други задачи, меѓу кои: раководење на пунктовите на Организацијата во Неврокоп, Петрич, Горна Џумаја и Ќустендил; следење на активностите на Извршниот комитет и на Илинденската организација[24] и нивно придо-

[23] Откако бил востановен ЦК ВМРО, Александров и Протогеров префрлаат врз Прличев и Баждаров дел од функциите на задгранични претставници. Тие ги заземаат тие места откако ги напуштаат своите општествени должности. Заедно со нив со соодветни задачи биле ангажирани и други општественици од Македонија, како проф. Милетич, Карајовов, проф. Георгов, проф. Милев и др. Тоа им овозможило на доскорешните членови на Претставништвото и на раководителите на ВМРО да ја поставаат структурата на нелегалната организација. (*36 години във ВМРО,...,* 151.)

[24] Илинденската организација била емигрантска организација на македонските револуционери, учесници во Илинденското востание и во ослободителните борби на Македонија. Првото друштво „Илинден“ е формирано во Софија, во

бивање и целосно потчинување на наредбите на раководството на ВМРО; парализирање на дејноста на опозиционите струи во македонското револуционерно движење; агитација сред македонската емиграција за потребите од нелегална борба во Македонија под српска и грчка власт и постојано поттикување и разгорување незадоволство против земјоделската влада на А. Стамболиски.[25]

Од истото советување (20 декември 1919 година) било издадено циркуларно писмо бр. 9, упатено до сите легални и нелегални дејци и војводи на ВМРО. Во него се објавувало дека сè до создавањето на поволни услови за одржување на редовен конгрес на ВМРО, дотогашниот ЦК во состав Т. Александров, А. Протогеров и П. Чаулев ќе продолжат со своите должности до донесување нов устав. Иако официјално се променува името на Организацијата од ВМОРО во ВМРО, сепак стариот печат на ВМОРО останал да се употребува сè до Конгресот на ВМРО во февруари 1925 година. Во писмото се наведува дека целта на ВМРО е извојување автономија и обединување на раскинатите делови на Македонија. Ова циркуларно писмо било испратено до 33 личности во Софија и во другите градови во Бугарија, до 19 лица во Вардарскиот и 11 лица во Егејскиот дел на Македонија.[26]

Паралелно со дипломатските и други активности, Задграничното преставништво водело посебна грижа за претставување на Македонија во светот. Во овие рамки спаѓа иницијативата за објавување на албумот „Македонија во слики“ под редакција на проф. Љубомир Милетич. Албумот содржел околу петстотини фотографии на места и личности од Македонија. Тоа всушност бил еден од резултатите на работата на Културното биро во Скопје и на некои дејци од Македонија кои собрале богат фотографски ма-

---

пролетта на 1921 година, а во истата година вакви друштва се создаваат во сите поголеми градови во Бугарија. Друштвото имало свој орган в. „Илинден“, кој започнал да излегува од 30 јули 1921 г. Основачкиот конгрес на Организацијата е одржан од 19-21 јануари 1923 г. Нејзината улога, покрај другото, била и собирање документи, сеќавања, фотографии и други материјали за ВМРО, Илинденското востание итн., сето тоа во функција на негување на македонскиот дух, револуционерни традиции и патриотизам. Нејзини истакнати раководители и членови биле: Георги Занков, Арсениј Јовков, Димо Хаџи Димов, Христо Татарчев, Петар Ацев, Славчо Абазов, Атанас Лозанчев, Никола Киров Мајски, Христо Силјанов, Трајчо Благоев, и др. (Види поопширно: В. Гошева, *Илинденскаша организација /1921-1947/,* Скопје 2004).

[25] З. Тодоровски, *Тодор Александров..,* 107.

[26] Д. Пачемска–Петреска, исто, 25.

теријал.[27] Во подготовките на Албумот свој удел имал и Баждаров, за што вели: „текстовите под повеќето од сликите во албумот „Македонија во слики" јас ги напишав, макар што Љ. Милетич дури не сметал за потребно тоа да го спомене во предговорот... И помал дел од сликите, беа собрани и избрани од мене. Главна заслуга за тоа имаат Т. Александров, Христо Матов и потоа Н. Томалевски, Георги Палашев и Илија Бобчев, последните двајца го основаа со Христо Матов Културното биро при македонската воено-инспекциска област во Скопје."[28]



Никола Милев



Никола Стојанов

На 3 февруари 1920 година, било одржано Проширено заседание на приврзаниците на Т. Александров и А. Протогеров. Меѓу присутните биле Георги Баждаров, Иван Каранџулов, Никола Стојанов, Наум Томалевски и др. Од Петричкиот округ присуствувале Михаил Монев и Аргир Манасиев. Александров и Протогеров го изложиле планот за започнување на четничка (комитска) дејност во Вардарскиот и Егејскиот дел од Македонија. Било решено кон ВМРО да биде привлечен Александар Василев (Алеко-паша), поранешен четник од Серскиот революционерен округ и соработник на Јане Сандански, кој поради некои кривични дела бил под истрага од власта на Земјоделската влада. Бидејќи имал создадено вооружена организација, се сметало дека тоа би било од корист за зацврстување на ВМРО во Петричкиот округ. Набрзо (20 февруари) Алеко Василев Пашата се согласил за содејство со ВМРО. Во текот на 1920 и 1921 година тој бил во постојана врска со ЦК ВМРО и со Задграничното претставништво. Бил полномошник на ЦК во Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот

[27] *36 години във ВМРО, спомени на Кирил Пърличев,* 151.

[28] Г. Баждаров, *Моите спомени...,* 88.

револуционерен округ, но постепено неговата дејност влегла во спротивност со строгиот револуционерен морал, спроведуван од Тодор Александров. Бил убиен за време на Горноџумајските настани од септември 1924 година, по наредба на Иван Михајлов.[29]

ЦК ВМРО со циркуларно писмо од 19 март 1920 година ги информира раководителите на окрузите дека се воспоставени организационата мрежа, каналите и курирските врски во Вардарска и во поголемиот дел од Егејска Македонија. Повторно се укажува дека главна цел на ВМРО си останува автономија на Македонија, независна од балканските држави и под гаранција на Големите сили. Од набележаните цели, приоритет се дава на признавањето на „бугарската“ народност во Македонија под српска и грчка власт, зачувување на „бугарската национална свест“, преку отворање училишта, цркви, издавање на весници, списанија, брошури и друго, но и поведување оружени акции.

Така, веќе во пролетта на 1920 година, Тодор Александров презел систематски организирана четничка дејност во делот од Македонија под српска власт.

Четничката (комитска активност) на автономистичките чети во Вардарска и Егејска Македонија, претставува нова етапа во македонското ослободително движење. Со своите вооружени методи и дипломатска дејност во Европа, автономистичката ВМРО се наложила како единствен и меѓународен признат фактор, а Тодор Александров како прв лидер и неоспорен авторитет на Македонската револуционерна организација. Од друга страна, македонските бегалски и емигрантски маси во Бугарија, како и македонското население во трите дела на Македонија, во Тодор Александров и неговата автономистичка ВМРО гледале единствен заштитник и потпора, за што говори и неговата изјава: „Македонија има веќе своја историја, своја душа и една силна непоколеблива волја да биде слободна, дека секој Македонец веќе станал свесен борец и докрај ќе опстои на девизата ’Слобода или смрт’ и дека поради тоа нема Земјина сила којашто може да го убие слободниот дух на Македонците да бидат слободни. Македонија заслужува слобода, треба да биде слободна, ќе биде независна. Со таа вера живее, легнува и се буди секој Македонец, каде и да се наоѓа тој.“

Подготвувајќи терен за преминување во источниот дел на Вардарска Македонија, Тодор Александров упатил писмо до војводите и поистакнатите комити во Ќустендил, во кое им навестил

---

[29] И. Гаджев, *Иван Михайлов – отвъд легендите,* том 1, София 2007, 430.

дека ВМРО ја започнала својата револуционерна борба „против асимилаторите Срби и Грци на Македонија“ и им дал до знаење дека никој не смее да ја преминува границата без дозвола на Организацијата. Штом ја преминал границата и влегол на територијата на Вардарска Македонија, Тодор Александров пристапил кон обновување на старите редови на Организацијата. Биле формирани месни чети и селска милиција; во околиите и селата биле избрани нови раководни тела и комитети; била воспоставена тајна пошта, судски апарат и даноци за населението. Александров секојдневно се среќавал со луѓето на Организацијата, организирал канали за движење на четите и курирска пошта, им давал наредби на војводите за нивното движење, се грижел за обезбедување оружје и облека за комитите, вршел истраги за кражби што ги извршиле припадниците на ВМРО или други разбојници итн.[30]



Тодор Александров со својата чета[31]

Во текот на 1920 година, Организацијата располага со 1 500 комити, од кои 300 се наоѓале во Вардарска Македонија, и околу 10 000 вооружена милиција во Пиринска Македонија. Организацијата, исто така, располагала со преку 10 000 пушки и 5 000 бомби. Во првите години, четите што преминувале во Вардарска и Егејска Македонија биле составени од 20 до 30 комити. Во март 1924 година, со решение на Тодор Александров, нивниот број се намалил на дванаесетина, заради поефикасно маневрирање и из-

[30] З. Тодоровски, *Тодор Александров..,* 111-112.

[31] Масло на платно, Шрикман Алесандрович, Руска федерација (З. Тодоровски, В. Ачкоска, *Музеј на македонската борба за државност и самостојност,* монографија, Скопје 2012, фотографии на А. Ѓорѓиев).

бегнување на опасноста полесно да бидат откриени од државните воени и полициски сили, а особено да не се изложувало населението на опасност и да не се даваат непотребни жртви.[32]

Префрлањето на четите на ВМРО во Вардарска Македонија имало за цел да се спречи брзото консолидирање на режимот на Кралството на СХС и да се оневозможи асимилаторската и колонизаторската политика на големосрпскиот режим.[33] Исто така, со започнувањето на комитските акции, ЦК ВМРО сакал да го сврти вниманието на европската јавност за нерешеното македонско прашање и да го држи „отворено“ македонското прашање пред светската јавност.

Подготвувајќи терен за дејствување во Вардарска и во Егејска Македонија, ЦК ВМРО на 11 јуни 1920 година изработи посебна директива за дејноста на Организацијата која поаѓала од основната цел: „извојување на слободата – под форма на автономија или независност на Македонија во нејзините етнографски и економски граници“. За Вардарска Македонија, Организацијата ја поставила следнава задача: „извојување на федеративно управување на Југославија со Македонија како рамноправен член во федерација“. Заради ваквата цел, ВМРО ќе контактира со дел од партиите во Кралството на СХС кои ја прифаќале федералистичката идеја во Југославија.

За спречување на вооружените акции на четите на ВМРО, политичките, воените и полициските органи на Кралството на СХС преземале широки и насилни мерки, како и административни и судски мерки: довлекувале голем број жандармериски единици, формирале вооружени одреди, т.н. „контрачети“, објавувале

---

[32] Д. Пачемска–Петреска, исто, 35.

[33] За српските државни власти, Македонија била српска територија, односно дел од „Јужна Србија“, а по 1929 година како дел од „Вардарска бановина“. Македонскиот народ, исто така, се третирал како дел од српскиот народ, односно како Јужни Срби или Јужносрбијанци. Бидејќи не биле признати како посебен народ, Македонците немале политички, национални, јазични и културно-просветни права. Српскиот јазик бил службен и единствен задолжителен јазик во администрацијата и образованието. На Македонците им било забрането да формираат легални културни, просветни, уметнички и други друштва за негување и развивање на својата култура на мајчин македонски јазик. (Види за тоа: А. Апостолов, „Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството на Југославија“, *Гласник на ИНИ,* год. XVI, бр. 1, Скопје 1972; В. Ачкоска, *Политичките прилики и парламентарниот живот во Македонија како дел од Јужна Србија 1919–1929 година,* Годишен зборник на Филозофскиот Факултет, кн. 66., Скопје 2013, 70-87).

воени состојби, распишувале големи награди за фаќање на комитските војводи, вршеле масовно затворање и малтретирање на сомнителните лица итн.

Во вооружените комитски акции против српските воени и полициски сили во одделни подрачја во Вардарска Македонија со својата храброст се истакнале многубројни војводи на Организацијата, како што биле: Крсто Лазаров-Коњушки во Кумановско, Панчо Михајлов-Чавдар во Штипско, Петар Шанданов[34] во Битолско, Мишо Шкартов[35] во Тиквешко, Величко Велјанов-Чичето во Скопско, Мите Опилски во Кратовско, Георги В'ндев во Струмичко, Ефтим Полски во Кочанско и др. Податоците за бројот на вооружените комитски дејства, за терористичките акции и за извршените убиства, јасно говорат дека во Вардарска Македонија, а особено во нејзиниот источен дел, владеела вистинска воена состојба.[36]

---

[34] Петар Шанданов (4.7.1895, Охрид – 15.10.1971, Софија) македонски револуционер со речиси најдолг револуционерен стаж. Во редовите на МРО бил примен како ученик во пролетта 1912 година. Учествува во Охриското востание (Македонско-албански бунт) во 1913 година. Завршува воено училиште во Софија (1916) и се вклучува како офицер во Првата светска војна. По војната привлечен од Т. Александров, дејствува нелегално во Битолско, Охридско и Препанско (1922). По убиството на Протогеров (1928), станува член на ЦК ВМРО. Се бори против крилото на Ванчо Михајлов и во таа борба се приклонува кон ВМРО (об). Многукратно е апсен и затворан од бугарските власти. Цели 42 години тој му служел на македонското револуционерно дело, сè до 1954 година, кога последен пат бил ослободен од затвор (логорот „Белене") од бугарскиот повоен комунистички режим, каде што лежел поради македонските работи. (П. Шанданов, *Спомени,* предговор и редакција З. Тодоровски, Скопје 2002, 7–19).

[35] Мишо Иванов Шкартов (14.2.1884, Кавадарци – 25.6.1936, Софија), Ѕе школувал во Солун и Софија. Во 1904 година бил назначен за секретар на Тиквешката чета на Добри Даскалов. Во 1905 година влегол во четата на Христо Чернопеев и дејствувал во Кукушко, Солунско и Демирхисарско. Во четата на Сандански бил од 1906 година до Младотурската револуција. Бил еден од основачите на Народната федеративна партија. Учествувал во Тиквешкото востание и во Првата светска војна. Во 1921 година се приклучил кон автономистичката ВМРО на Тодор Александров. По убиството на А. Протогеров и по расцепот на ВМРО, во 1928 година се приклучил кон протогеровистичката струја. Како привврзаник на федералистичката идеја, станал член на ВМРО (Об.), а во 1930 година бил вклучен во нејзиниот ЦК. Починал во Софија во 1936 година. (*МИР*, 515; А. Г. Пелтеков, исто, 528).

[36] Во периодот од 1919 до 1924 година, во овој дел од Македонија биле регистрирани 217 комитски навлегувања и акции, 123 убиени и 135 ранети службени лица, а 133 убиени и ранети цивилни лица. Како последица од директните вооружени судири, биле убиени 59 комити и комитски војводи, а 25 ранети,

Новата програмска ориентација на автономистичката ВМРО била содржана и во окружното писмо до „Членовите на ВМРО во Македонија“ од 28 јуни 1920 година. Во писмото Тодор Александров го изложил автономниот статус на трите дела на Македонија, подвлекувајќи притоа дека цела, обединета, независна или автономна Македонија може да биде ставена под заштита на Советот на друштвото на народите или на една од Големите сили, како нејзин член, или дури може да влезе во рамките на југословенската држава како рамноправен член во Федерацијата,



Крсто Лазаров[37]



Панчо Михајлов[38]

---

додека вкупно биле убиени 246 српски четници, жандарми, војници и офицери, а 154 ранети. (А. Апостолов, *Злетовската област – историски осврт,* Скопје 1974, 520.)

[37] Крсто Лазаров (К. Л. Иванов) (1881, Коњух, Кумановско – септември 1944, Кумановско). Војвода. Четникува од 1901 до 1903 кај кап. Јурдан Стојанов. За време на Илинденското востание е во четата на скопскиот војвода Никола Пушкаров. Во 1904 година е четник во Кумановско. Учесник во Балканските војни. Од 1908 до 1934 година е кумановски војвода и води низа борби против Турците и Србите. Во 1941 се прибира во Коњух. Убиен е од новите комунистички власти и закопан во масовна гробница близу Куманово, која сè уште не е откриена. (С. Киселиновски, *Македонски дејци, XX-ти век,* Скопје 2002, 117; А. Г. Пелтеков, исто, 248–249.)

[38] Панчо Михајлов (П. М. Апостолов) (1892, Штип – 15.6.1925 Софија) војвода, поет, деец на ВМРО. Средно образование (Педагошка гимназија) завршува во Скопје и учителствува во Кочани. Учесник во Балканските и Првата светска војна. Од 1919 дејствува во редовите на обновената ВМРО на Тодор Александров и Александар Протогеров. Како кочански околиски војвода, четникувал во Вардарска Македонија и се истакнувал со својата храброст во борбите со српските сили на Кралството на СХС. Учествува во организирањето и спроведувањето на казната врз заговорниците на убиството на Тодор Александров во Горна Џумаја (12.9.1924). Автор е на „Зошто дојдовме“, „Во земјата на солзите“ и др. Убиен е по наредба на Иван Михајлов, кој во него

доколку Србите го прифатат федеративното уредување на новата држава. Се препорачува на населението на закажаните општински и избори на 22 август 1920 година да гласа за оние кандидати кои најдобро ќе ги претставуват и штитат интересите на наслението, а на изборите за народни претставници во Уставотворното собрание во Белград да гласаат за оние кандидати, кои заедно со хрватските, словенечките, босанските и други претставници ќе се борат за федеративно управување на Кралството на СХС. Но, ако нема кандидати од месното население, тогаш да се гласа за комунистите, под услов тие да се залагаат за федеративно уредување и примена на договорите за правата на малцинствата.[39]

ВМРО и за време на изборите за Уставотворно собрание во Кралството на СХС, во 1921 година, по совет на Баждаров зазел сличен став, при што Баждаров објаснува: „нашите Македонци гласаа за пратеници-комунисти, но тоа не го направија зашто станаа класно осознаени пролетери. Бидејќи српската влада забрани да се формира македонска национална партија..., Централниот комитет со целосна согласност на Задграничното претставништво, пак по мој предлог, им наложи на Македонците да гласаат за комунистичките претставници и беа избрани 14 комунисти во Македонија... Ние тоа го направивме не затоа што бевме комунисти... но му заповедавме на македонското население да ги избере рушителите на српската држава, т.е. комунистите.“[40]

Додека дејноста на ВМРО непосредно по војната била насочена кон консолидирање и проширување на нејзината мрежа, како и кон организирање четнички активности, дотогаш најголемиот дел од македонските бегалци и емигранти во Бугарија се соочувале со тешка економска положба и со политичките нетрпеливости и раздор помеѓу македонските револуционерни дејци. Токму затоа, ветераните од македонското ослободително движење и поранешни учесници во Илинденското востание пристапиле кон формирање на Друштвото „Илинден“. Според Г. Баждаров, уште во текот на 1919 година, Милан Матов и Милан Ѓурлуков ја дале идејата да се формира организација на поранешните македонски револуционери и дури приготвиле еден повик што го отпечатиле во печатницата на П. Глушков. Така се создава првото друштво на поранешни револуционери „Илинденци“ во Софија, а потоа и во

гледал главен конкурент. (А. Г. Пелтеков, 294-295; “Убийството на Панчо Михайловъ“, в. *Илинденъ*, бр.23, 26.4.1925, 3).

[39] Д. Пачемска–Петреска, исто, 31–32.

[40] Г. Баждаров, *Моите спомени,* 127–128.

другите градови. Баждаров и Прличев биле против создавањето на таа организација, но тогаш сѐ уште не биле задгранични претставници и немале толкаво влијание. Се разбира дека Баждаров како близок на Тодор Александров, не можел да го прифати формирањето на која било организација која би можела да го преземе приматот на „единствена" револуционерна организација конкурентна на ВМРО, но исто така и организација од емигранти која би била паралелна на Извршниот комитет на Сојузот на македонските братства.

Низ неколку точки, меѓу другото, Баждаров го објаснува своето неслагање за формирањето на Илиндеската организација. Така тој сметал дека:

1. Таквата организација би имала смисла откако ќе се ослободи Македонија, а сега таа е „уште под ропство". Многу од поранешните дејци биле „здрави и читави", така што ништо не им сметало и понатаму да продолжат со револуционерна дејност и би настанала збрка околу тоа ако решат пак да се активни, со што не би биле повеќе поранешни.

2. Се истакнувало дека нема кој да се погрижи за поранешните дејци во случај на болест, смрт и др., па доколку се организираат заемно би си помагале. Баждаров го отфрла и ова образложение, бидејќи смета дека тие се главно сиромашни луѓе и не би можеле да си помогнат со собирање влогови во заедничка каса. Тоа според него би можеле поуспешно да си го прават одделните друштва по градовите.

3. Иако се наведува дека Илинденската организација е културна и заемно помогателна, макар и строго да е определена нејзината цел во Уставот, таа „ќе почне при прв погоден случај да игра и политичка улога". Притоа, би објаснувале: „Та ние, коишто сме си го ризикувале животот, коишто сме си ја лееле крвта, не бива да се занимаваме со политика, со прашања за ослободувањето на Македонија, а некакви си епитропи, коишто не фатиле пушка и не се чувале од свирежот на куршуми?" – Така ќе зборуваат – и зборуваа – илинденци, за да бидат фактор во ослободителното движење.[41]

Таа логика (повикување на учеството во борбите) според Баждаров била сосема погрешна, бидејќи на тој начин секој воен инвалид и учесник во војните би си зел за право да управува со државата. Така, многу луѓе со ниска политичка култура, или од

[41] Исто, 101.

лични амбиции и интереси, би сакале да се наметнат во политичките работи.

Стравот на Баждаров околу улогата на новата организација се зголемил откако таа почнала да издава свој весник, којшто во голема мера бил политички и „делел мегдан“ со органот на Извршниот – потоа Национален македонски комитет на емигрантската организација.

„Илинденците“ како македонски емигранти имале „право и должност“ да бидат членови на соодветно братство во Софија и провинцијата. Во тие братства, во нивните собранија, во конгресите на македонската емигрантска организација бившите революционери „можеа да бидат фактори во ослободителното движење зад граница. Не им стигаше тоа, така што имаа и одделни свои друштва, и одделни свои конгреси, и свој весник, па и таму правеа политика, откако заборавија дека се здружиле за заемна помош!“[42]

4. Баждаров се изјаснил против посебна организација на поранешни илинденци, и поради тоа што тешко можело „да се определи цена за да се биде илинденец“. Така, за помасовно привлекување членови, сосема ќе се релативизирал критериумот околу тоа кој бил илинденец, па се примале сите некогашни членови на Организацијата од 1893 до 1920 па дури до 1929 година, кога Баждаров ги пишувал своите спомени. Дури, „Некој ако однесол едно писмо или леб на четата или на друго раководно тело, и тој е „илинденец“!... Потоа, за да создадат калабалак и да си донесат повеќе приходи, почнаа да примаат и спомагателни членови – Бугари и Евреи - и илинденската значка се носеше од разни трговци, занаетчии и дури од разни недолични, шпекуланти и измамници и тие „спомагателни“ членови се нарекуваа илинденци и им покажуваа заби... на мирните, скромните и чесните луѓе. Тоа го предвидов, така и стана.“[43]

5. Баждаров сметал дека Илинденската организација ќе ја искористат за свои цели „било власт, било партии“. И тоа негово предвидување „се оправда“. Во 1921 и 1922 година се води борба меѓу различните партиски групации – комунисти, земјоделци, либералите и т.н. „илинденци“ кој од нив да го преземе раководството на Илинденската организација.[44]

[42] Исто.

[43] Исто, 102.

[44] Дури, под крилото на Илинденската организација се обиделе да се припојат и „разбојниците Стојан Мишев, Славе Иванов, Фертика и др.“. (Исто.)

Сепак, Баждаров е многу исклучив и пристрасен кога се работи за Илинденската организација. Бројната македонска емиграција во Бугарија, која веќе губи надеж дека ќе се врати во родните места, чуствувала огромна потреба од организирана помош и нега за да се подобри нејзината тешка положба. Така, на пример, Славчо Абазов, еден од македонските војводи, покрај бројни други, ги вложува сите сили од нејзиното основање, до крајот на својот живот.[45]



Арсениј Јовков



Георги Занков

Членовите на ЦК – Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, без да се советуваат со Баждаров и Прличев како во други пригоди, дале согласност за формирање на Илинденската организација „и како што ќе видиме, кога дојде редот, таа, Илинденската организација во лицето на Занков, Арсениј Јовков и компанија, ја изеде главата на Тодора, а во лицето на Димитар Иванов, Д. Лапов и П. Мрмев изеде главата на Протогеров, се обиде да ги изеде и нашите со Прличев и Томалевски, Георги Поп Христов и Шанданов.“[46]

Бидејќи не го прифатил формирањето на Илинденската организација, Баждаров никогаш не станал нејзин член, иако, како што кажува, имал далеку поголемо право да се нарекува илинденец, за разлика од многу членови во таа Организација. Како учесник во Илинденското востние и како историчар, Баждаров напишал повеќе од 10-ина написи и статии по повод одбележувањето на Илинденското востание, сметајќи го за највозвишен чин на Македонската револуционерна организација. Токму затоа, иако причините за неприфаќањето на Илинденската организација од

[45] Види за тоа: С. Славчов Абазов, *Војводата Славчо Абазов,...*, 132-180.
[46] Г. Баждаров, исто.

негова страна се подлабоки, тој жестоко ги критикува оние кои го злоупотребиле и искористиле илинденското име и кои, иако не биле востаници, си се нарекувале „илинденци“.

„Таков е случајот со сегашниот претседател на Раководното тело на Илинденската организација Димитар Иванов, којшто избегал од Македонија во 1901 г. и кој за време на востанието бил во Бугарија, макар и да бил млад, здрав и силен маж. Тој грабливец направил куќа откако му дале кредит од општината како на илинденец, без да е таков, и ја оштетил Организацијата со 27 000 лв., коишто последниот вештачки стокмен „илинденски конгрес“ му ги признал за расходи за кафе. И за каква заслуга? Да ја признае Ив. Михајловата надворешна терористичка група за Внатрешна организација.“[47]

И покрај неслагањето на Баждаров и неговите жестоки критики кои ги запишал во своите спомени, формирањето на новата Илинденска организација имало свој тек. Во овие рамки, на 26 јануари 1921 година во Софија била формирана Привремена комисија за организирање на поранешните македонско-одрински револуционери во Друштвото „Илинден“, во чиешто претседателство влегле: Стојан Мишев (претседател), Александар Панов (секретар), Славчо Пирчев (благајник), Крум Зографов, Глигор Костов и Милан Ѓурлуков (советници). Во мај истата година, била избрана и Управа на Друштвото.[48]

Друга македонска организација, што се создава речиси во истиот период, била Младешкиот македонски зговор којшто набрзо бил именуван како Сојуз на македонските младешки организации во Бугарија. За формирањето на оваа Организација, свој удел имал Георги Баждаров, кој уште во 1920 (или 1921) ги собрал „учениците Македончиња во III машка гимназија“ и им читал реферат на тема: „Народност, слобода, самоуправување“, т.е. за она коешто ја одразува борбата на револуционерната организација. Истиот реферат Баждаров го отпечатил во форма на брошура со средства на ВМРО, за да биде како „раководна книшка на младите агитатори внатре“. Претходно било формирано македонско младешко друштво во Варна од Васил Ив. Василев, кое било популаризирано низ весниците од страна на ВМРО и од Извршниот комитет, така што младешки друштва понатаму се формирале во Софија, Пловдив и др. Посебни огранoци на младината се формирале и кај другите организации (прво во Времената комисија,

[47] Исто, 103-104.

[48] В. Гошева, *Илинденската...*, 21.

а потоа во Федеративниот комитет). „... во Бугарија при секоја партија има и младешки организации. Тоа, според мене, е лошо, анормално... Во партија човек треба да влезе штом добие полнолество, а дотогаш да се учи. Прво, во Бугарија формираа младешки организации комунистите, па почнаа да запишуваат за членови дури деца од основните училишта.“[49]

Баждаров бил непријатно изненаден кога неговиот син во четвртото одделение бил зачленет од својата учителка, „тесна социјалистка, подоцна комунистка – Кандева“. Се разбира дека му ја одзел книшката и му забранил какво било членство во таквото младешко друштво. По примерот на комунистите, младешки друштва формирале и буржоаските партии. Осудувајќи ја партизацијата на македонската младина во Бугарија, Баждаров смета дека таа може „да се спаси“ и да се „култивира во неа љубов кон поделената и поробената татковина“, доколку се организира во младински организации кои ќе имаат културно-просветен и патриотски карактер, „национални по ориентација“ и идеологија.

„Многу деца по војните дојдоа во Бугарија со своите родители, без да носат со себе слика на своето родно место ... без да знаат нешто за Македонија. Други се родиле тука од Македонци емигранти, какви што има уште од ослободувањето на Бугарија.“[50] Со цел сите тие млади Македонци да ја запознаат својата татковина – нејзината историја, географија, етнографија, битот, културата и националните аспирации, Баждаров смета дека би било добро да се самообразуваат во рамките на таквите друштва. Активно иницирајќи го и помагајќи го формирањето на младинските друштва, тој дури издејствал и од управите на гимназиите и од Министерството на народната просвета извесни решенија со кои би се олеснила работата на македонската ученичка младина во таквите друштва. Но, наскоро раздорот кој владеел „среде старите“ почнал да ги опфаќа и младите, па и тие се зафатиле со „македонско политиканство“. Така Сојузот на македонските младешки друштва почнал да го издава весникот „Устрем“, којшто бил политички весник и подоцна биле потребни напори, „за да се стави тој сојуз во своите рамки“, иако не за долго.

Додека организирањето на македонската младина во Бугарија одело полесно, многу поважно било да се „придобие младината во самата Македонија под грчко и српско ропство“, бидејќи грчките и српските власти пристапиле кон србизација и грциза-

[49] Г. Баждаров, исто, 104.
[50] Исто, 105.

ција на децата во Македонија, пред сè преку своите српски и грчки училишта. Овие училишта биле најголемата потпора за реализирање на денационализаторската политика. Всушност, слично се случува и со децата во бугарските училишта кај кои од најрана возраст се всадувала бугарска национална свест, при што Баждаров е еден од таквите воспитаници.

За да ги спасат децата од злото на српската и грчката асимилација и да ги помогнат во тој однос родителите, „простички луѓе“, Баждаров дава идеја да се формира Македонска младешка тајна револуционерна организација (ММТРО). Идејата му ја образложил на Тодор Александров, кој дава согласност. Баждаров го подготвил и Уставот на ММТРО, кој го пратил на одобрување при Централниот комитет. Според овој документ, целта на ММТРО била да ја помага ВМРО во борбата за ослободување на Македонија од „српско и грчко“ ропство (чл. 1), за добивање нејзина самоуправа, а истовремено да служи за подготовка на нови борбени сили. Притоа, „Член на ММТРО може да биде секој студент или ученик од горните гимназиски класови, којшто по потекло е Македонец, препорачан од три постари членови и кој изјавува желба да му се посвети на Делото.“ ММТРО се состои од 5-члени групи, поврзани една со друга со посредство на своите петорки.[51]

Уставот на ММТРО бил утврден во зимата на 1922 година, а веќе во 1923 година се формирале првите групи.[52] Во Македонија под српска власт првите групи ќе ги формира Иван Бојаџиев од Велес, инаку студент во Виена. Студентите од странство, од Скопје, Белград, Загреб, Љубљана дејствувале врз учениците од погорните класови во своите родни места и врз вонШколската младина. Притоа, Баждаров оценува дека оваа организација одиграла важна улога во попречувањето на србизацијата на македонската младина.[53]

За основачки центар на ММТРО е избрана Виена, бидејќи таму имало доста голема концентрација на политички емигранти од Македонија. Од друга страна, Виена била центар за поврзување со другите големи центри во Европа: Берлин, Грац, Лајпциг, Прага, Париз, Лозана, Женева итн. во кои имало групи студенти од сите делови на Македонија. Така, набрзо од Виена, мрежата на

---

[51] Исто, 106.

[52] Според Иван Катарџиев, идејата за основање на ММТРО потекнувала од 1923 година (*Историја на македонскиот народ,* том четврти..., 428), што не се поклопува со тврдењето на Баждаров. (Исто, 105-108.)

[53] Исто, 108.

Организацијата се проширила во европските центри во кои студирале студенти Македонци. Благодарение, пак на студентите во Белград и Загреб организирани во ММТРО, Организацијата набрзо се раширила во Вардарскиот дел на Македонија и нејзин организатор бил споменатиот Иван Бојаџиев. Во овој дел од Македонија биле формирани околу 40 петорки со 190 до 200 членови.[54]

Така, од редот на младинските организации Баждаров ја прифаќа само ММТРО во нејзиниот прв период, бидејќи како составувач на нејзиниот Устав ја ставил одредбата дека една од целите на ММТРО е да ја помага ВМРО во борбата за ослободување на Македонија. Инаку, од другите бројни организации кои се формирале во Бугарија, тој е активен во Извршниот комитет на братствата и во ВМРО во кое ќе биде назначен за задграничен претставник, како близок и доверлив човек на Тодор Александров.

Додека во Бугарија меѓу македонската миграција никнеле различни организации и здруженија, ВМРО интензивно ја поставува својата организациона мрежа, ги вооружува четите, организира пунктови на дејствување итн. Истовремено, будно се следи ситуацијата преку границата на Бугарија. Притоа, уште од почетокот на 1920 година, ќе биде активирана четничката дејност на ВМРО од Бугарија во Вардарскиот дел на Македонија, чиј интензитет ќе се почуствува кон средината на јуни 1920 година. Како ракција на ваквата четничка дејност се засилувала контролата и репресијата на режимот, на неговите воени и паравоени сили. Во текот на изборите во Кралството на СХС, соочен со големосрпските програми на тогашните официјални режимски партии во Македонија под српска власт, Тодор Александров пропагираше да се гласа за Комунистичката партија чие дејствување во тие услови било антирежимско.

Следејќи ја ситуацијата околу „македонскиот иредентизам и неговите контакти со Албанците“, во еден извештај на Главниот штаб на Кралската војска до Министерството за надворешни работи на Италија во Рим, од 6 декември 1920 година, стои: „Каде што не можеа да се формираат листите со елементите на „Организацијата“ (иредентисти, автономисти), таа се погрижи да ја поддржи Комунистичката партија.“[55]

---

[54] Петорките по вертикала биле поврзани со една окружна петорка. Имало четири окружни петорки во: Скопје, Битола, Охрид и Штип. (*Историја на македонскиот народ, ...*, 428–429.)

[55] *Италијански дипломатски документи за Македонија...,* 145.

ЦК ВМРО и Извршниот комитет останувале во сферата на италијанскиот надворешно-политички интерес, особено поради македонско-албанските контакти и активностите за воспоставување пункт на Организацијата во Албанија. Во наведениот извештај, понатаму се вели: „Внатрешната македонска революционерна организација“ во Македонија, особено во српскиот дел, врши тајна пропагандна и организациона дејност. Програмата на „Внатрешната организација“ е полна автономија на *цела* (*потцртано во оригиналот, б.м.*) Македонија... Барем засега, не се зборува за приклучување на Македонија кон Бугарија; затоа „Организацијата“ можеше да ги привлече македонските елементи, без оглед на народност и вера...“[56]

Во истиот извештај, поголем простор им се дава на врските меѓу Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, односно „македонскиот иредентизам“ со Албанија: „Без сомнение, Македонците имаат намера во Албанија – поточно во Елбасан, да воспостават „западно седиште на Внатрешната македонска револуционерна организација“. Наводно за тоа е назначен Македонецот Дрвингов; ... тој наводно заминал од Бугарија и преку Македонија се упатил во Албанија – се вели – на чело на македонска чета, за да ѝ ја „докаже на официјална Европа слободата на дејствувањe што ја уживаат македонските иредентисти во Македонија, и покрај строгите мерки на југословенската влада“.[57]

Истовремено со воспоставувањето надворешни пунктови и со барањето сојузници, ЦК неуморно работи на организационото зацврстување на Организацијата. За новата поставеност на ВМРО, зборува циркуларот-инструкции до нелегалните групи на ВМРО од јуни 1921 година. Нелегалните групи, формирани во согласност со ЦК, до одржувањето легални конгреси требало да дејствуваат во околиите раководени од началници.

„Нелегалната група – душата на Организацијата во околијата – треба да биде составена од избрани, испробани сили, добри патриоти, неогрешени во минатото, чесни, непоткупливи, смели и морални во секој однос.“[58]

Во истиот циркулар како цел на Организацијата се поставува „Автономна Македонија, независна од балканските држави“, кое ќе се оствари преку „...создавање во Македонија една тајна,

[56] Исто.
[57] Исто, 146.
[58] „Циркулар-инструкции до нелегалните групи на ВМРО од јуни 1921 г.“, *Тодор Александров...*, 43–45.

моќна, неуловлива револуционерна организација, неранлива за непријателите-поробувачи на Македонија – Србија и Грција – која, во согласност со сите други поробени народности од Срби и Грци, да работи на сите можни патишта и начини за постигнување на горната цел.“[59]

Во рамките на воспоставувањето соработка помеѓу ВМРО и Албанскиот комитет во Италија пристигнал Александар Протогеров, придружуван од полковникот Лоди.[60] Италијанските известувачи пристигањето на Протогеров го поврзуваат со убиството на министерот Александар Димитров, кое било извршено по наредба на ВМРО на 21 октомври 1921 година.[61]

Според сеќавањата на Георги Баждаров, на 15 јули 1921 година бил убиен Симеон Георгиев Клинчарски,[62] едно од најдоверливите лица на Тодор Александров, поради извршеното убиство на Ѓорче Петров. Клинчарски бил земен од неговиот стан во Ќустендил, доведен во Софија, „уапсен“ и „врзан однесен со автомобил во Ќустендилско“ кај атарот на село Жиленци, каде што бил убиен од детективи на Александар Димитров.

„Потоа неговите убијци избегаа во Србија. Еден од нив Србите го убија за своеволие и непослушност, а Христо Даскалов од Смилево стана српски шпион – полициски инспектор во Битола, презрен од сите таму. Битолчани бегале од него како од чума.“[63]

Ѓорче Петров бил убиен на 28 јуни 1921 година од атентаторот „Реџеп“ и за тоа убиство Баждаров наведува дека е извршено без негово знаење.[64] Имено, Славе Иванов дошол кај него по по-

---

[59] „Циркулар-инструкции до нелегалните групи на ВМРО од јуни 1921 г.“, исто, 43.

[60] *Италијански дипломатски...*, 161.

[61] Александар Димитров (1873, с. Слокоштица, Ќустендилско – 21.10.1921, Софија), бугарски политичар, Македонец по потекло. По убедување бил левичар, член на БЗНС. Во 1919 станал министер за внатрешни работи и народно здравје во владата на Стамболиски, а во 1921 министер на војската во истата влада. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 217.)

[62] Симеон Клинчарски (С. Георгиев) (1879, с. Пресека, Кочанско – 16.7.1921, Ќустендилско). Војвода. Уште како младинец влегува во редовите на ВМОРО. Во почетокот е четник при Т. Александров и И. Брло. Учествува во Првата светска војна. По војната е кочански војвода и близок соработник на Т. Александров. Поради убиството на Ѓорче Петров е одвлечен во Софија од страна на Стојчо Добрев и Христо Даскалов, агенти на земјоделската власт и идејни противници на Александров. Убиен е на ѕверски начин, а неговото тело е фрлено во близината на с. Жилинци, Ќустендилско. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 217-218; А. Г. Пелтеков, исто, 216.)

[63] Г. Баждаров, исто, 97–98.

[64] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 215–217.

сетата кај Александров, кој му дал инструкции да се консултира со Баждаров за атентат врз Ѓорче.[65] Баждаров веќе имал сознанија за заплетканоста на Иванов во „разбојнички дејства“[66] и се искажал против планираното убиство на Ѓорче: „Тоа го мотивирав со ставот дека, ако почнеме веднаш расправање со убиства, не гледам каде ќе им биде крајот. Тие можеби ќе продолжат со паузи до бесконечност. Веднаш да не се почнува. Повеќе не бев прашан, но не се изненадив кога чув дека е убиен Ѓорче. Решиле за тоа, си реков, и без моја согласност. Чаулев тогаш сè уште беше во Софија. Не го прашав Прличев, дали тој дал согласност...“[67]

Многу подоцна, читајќи ги спомените на својот веќе убиен другар Георги Баждаров, дека му било непријатно да го запраша дали знаел за убиството на Ѓорче Петров, самиот Кирил Прличев вели: „Се колнам пред историјата и пред бога, дека претходно ништо не знаев за тоа убиство. Претходно никогаш и за никое друго убиство не ми било соопштено, освен за она на Иван Брло и останатите во Софија по убиството на Тодор Александров и проф. Никола Милев.“[68]

Баждаров имал средба со Александар Протогеров пред овој да замине за странство. Средбата се одржала на ул. „Стефан Караџа” бр. 7 и на неа, покрај Баждаров и Протогеров, присуствувале и К. Прличев, Н. Томалевски и Н. Милев. Протогеров побарал да го испратат по неколку месеци во странство кај него Н. Томалевски, бидејќи „среќно ќе се дополнувале“. За жал, вели Баждаров, тие во туѓина „немале среќно сожителство“. Томалевски заминал кон март 1922 година и останал во странство, како претставник на ВМРО, до пролетта - април 1924 година. [69]

---

[65] Славе Иванов (14.12.1888, Штип – 1948 Штип), учесник во македонското национално ослободително движење, член на ВМРО на Тодор Александров. Од 1921 година, поради несогласување со Александров, заедно со неколкумина војводи ја формира Македонската федеративна революционерна организација (МФРО). Соработувал со владата на Стамболиски и со Кралството на СХС. Бил член и на ВМРО (об). По Втората светска војна бил репресиран во НР Македонија од новата комунистичка власт. Автор е на книгата „Тодор Александров и македонското ослободително движење“ (Виена 1924). (А.Г. Пелтеков, 175).

[66] Според Кирил Прличев, Славе Иванов и Стојан Мишев имале организирано разбојничка мрежа од Бугарија во Македонија, за извлекување пари. (*36 години във ВМРО...*, 112, 155.)

[67] Г. Баждаров, исто, 97.

[68] *36 години във ВМРО...*, 112.

[69] Г. Баждаров, исто, 98.

Од Италија Протогеров заминал во Албанија. На 1 декември 1921 во Тирана била одржана конференција на „поранешни револуционери од Македонија“ – Александар Протогеров како член на ЦК ВМРО, Павел Христов, Крсто Љондев, Христо Цветков, Крум Зографов, Ангел Попвасилев, Димитар Бужбов, во присуство на д-р Филип Атанасов од Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО).[70] „Тиранскиот протокол“, бил потпишан со цел: „да се борат со сите сили и средства за извојување на една слободна и независна Македонија во нејзините географски и економски граници од типот на Швајцарската Федерација.“[71]

На 20 декември 1921 година раководството на ВМРО, претставувано од Александар Протогеров и д-р Филип Атанасов, како член на раководството на МЕФО, во Тирана потпишале Договор со „албанските комитети“, претставени од Реџеп Митровица и проф. Бедри Пејани.[72]

Во април 1922 година, „Тиранскиот протокол“ бил испратен за одобрување до Тодор Александров, но тој со огорченост го отфрлил, веројатно поради текот на настаните при крајот на 1921 и почетокот на 1922 година, кога се заостриле односите меѓу земјоделската влада на Александар Стамболиски и ВМРО. Всушност, МЕФО најмногу се засилува во времето на владата на Стамболиски, кој настојувал преку неа да ги потиснува и да ги ослабува позициите на Тодор Александров во ВМРО. Од друга страна, дел од војводите кои во октомври 1921 година се отцепиле од ВМРО[73]

---

[70] МЕФО е формирана на Конгресот што се одржал под претседателство на Павел Шатев, на 4–5 декември 1921 година. На него зеле учество дејците од легалните македонски братства во Бугарија кои не се согласувале со улогата на Извршниот комитет, кој бил во рацете на етаблирани Македонци во високите структури на бугарската држава, или интелектуалци кои ги користеле поволните услови за добивање на високи места и признанија. Во раководството на МЕФО се наоѓале познати македонски револуционери и општествени дејци: Никола Јуруков, Филип Атанасов, Христо Далкалчев, Климент Размов, Павел Шатев, Владислав Ковачев, Христо Татарчев, Антон Димитров, Никола Киров Мајски и др. (В. Гошева, *Илинденската организација /1921-1947/, ...*; 87-93; Н. Цветковска, *Политичката активност...,* 75–91.)

[71] *Александър Протогеров – генералът-воивода...,* 203.

[72] Албанските комитети се залагале да се ослободи „албанската провинција Косово и албанската област Чамурија“ и да им се обезбеди дефинитивно обединување со Албанија. (Д. Пачемска–Петреска, исто, 39.)

[73] На 5 октомври 1921 година, во близина на селото Саса, по наредба на Тодор Александров бил убиен кратовскиот војвода Дончо Ангелов. Тоа ги заострило внатрешните недоразбирања меѓу Александров и една група негови

и членовите на МЕФО кои се изјаснувале за водење нелегална четничка борба во Македонија: д-р Филип Атанасов, арх. Никола Јуруков и Крум Зографов, формирале нова илегална организација – Македонска федеративна революционерна организација (МФРО). Оваа организација ја прифатила соработката со владата на Александар Стамболиски, со која ВМРО и Александров биле во изразито лоши односи. МФРО воспоставила контакти со дипломатските претставници на Кралството на СХС во Софија, од каде што добила и финансиска поткрепа за борба против ВМРО.

Не одобрувајќи го „Тиранскиот протокол“, Александров во името на ЦК истовремено дава наредба до сите организации да се подготви расположливото оружје за борбена употреба, да се откупува од населението оружје, муниција, војнички шинели и други материјали за опрема на четите.

Изградувањето и зацврстувањето на организационата мрежа на ВМРО во Пиринска Македонија започнало во текот на 1921 и 1922 година, откако бил привлечен за заедничка борба војводата Александар Василев, кој дотогаш имал неограничена власт во овој крај, познат како Алеко-паша.

За спроведување на комитските акции, Тодор Александров ја претворил Пиринска Македонија во основна организациона база, а пограничниот град Ќустендил во главен воен центар каде што главно престојувале и се подготвувале комитските чети за префрлување во Вардарска Македонија. Пиринска Македонија не само што служела како основна база на ВМРО за подготвување и праќање комитски чети во Вардарска Македонија, туку и како главна вооружена поткрепа на Организацијата.

ЦК ВМРО на 2 април 1922 година упатува писмо до претседателите на сите културни и професионални националистички здруженија во Царството Бугарија, во кое ги известил дека ВМРО веднаш по Првата светска војна решила како свое право и должност да му се помогне на македонското население останато „под ропство на Србите и Грците“, со цел: „колку што може, да му ја олесни лошата судбина, да го поддржува неговиот дух, да го помага неговиот отпор за зачувување на народното име и на свеста, да го подготви за евентуален плебисцит и да го насочи на правилен пат во претстојните борби за извојување човечки права и слободи,

блиски соработници и војводи, на која припаѓал и Дончо Ангелов – Стојан Мишев, Славе Иванов, Глигор Циклев и др. Тие се приближиле кон групата од МЕФО која се залагала за нелегална четничка борба во Македонија – Ф. Анастасов, Н. Јуруков и К. Зографов. (Исто 37-38.)

заедно со другите поробени народности и области во Југославија и во Грција."[74]

Тоа е период во кој Грција се нашла во многу независна положба по поразот во војната со Турција, во летото на 1922 година. Склучувањето на мировниот договор помеѓу Грција и Турција и претставниците на Големите сили значело промена на договорот во Севр, односно дека на дневен ред повторно ќе бидат балканските прашања, бидејќи Турција барала да ѝ се врати Тракија.

Во рамките на обновувањето и активностите на ВМРО на целата територија на Македонија, на 5 септември 1922 година ЦК ВМРО испратил циркулар со „привремени наредби" до околиските и месните раководни тела на Организацијата „во Македонија под бугарска власт".

Во него ЦК ги известил дека во Македонија под бугарска власт Организацијата се обновува и се преустројува како помошна на револуционерната Организација во поробените делови на Македонија под Србија и Грција и дека општата цел на Внатрешната македонска револуционерна организација е создавање една автономна или независна држава од цела Македонија во нејзините етнографски и географски граници. Притоа, Тодор Александров на раководните кадри на Организацијата им дал до знаење дека ВМРО е „тајна, нелегална", односно „конспиративна, непартиска" и не смее да се меша во внатрешните борби на Бугарија. Истовремено се испраќа предупредување дека ВМРО будно ќе бдее и нема да му дозволи никому да се служи со Македонија како со монета за поткусурување и со македонското дело за лични партиски цели. Според „привремените наредби", создавањето и преминувањето на четите во Македонија не можело да се изврши без знаење и решение на ЦК ВМРО и без потпис на Тодор Александров.

Во текот на пролетта и есента, биле засилени четничките акции на ВМРО надвор од Бугарија. Тоа ги вознемирило „кабинетите" на соседните држави на Бугарија. Бугарската влада не одрекува дека „Македонците уште од времето на поранешните заеднички борби во Бугарија, имаат бројни врски, исто така и од роднинска природа, и дека можеби постојат елементи што ги симпатизираат четите. Меѓутоа, таа најрешително одрекува дека одовде (*се мисли Софија,* б.м.) на надгледувањето и на префрлувањето на четите им овозможува поволности."[75]

---

[74] *Тодор Александров, Сè за Македонија...,* 55-57.

[75] *Македонија во австриските документи 1920-1938,* предговор и редакција Ѓ. Стојчевски, Д. Петреска, Скопје 2011, 89.



ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТОР. АРХИВ

СВОБОДА ИЛИ СМЪРТ
№ 309
5.IX.1922 год.
Македония

ОКРЪЖНО

ТАЙНО

До околийските и местни ръководителни тела на Организацията в Македония под българска власт.

ВРЕМЕННИ НАРЕДБИ

1. В Македония под българска власт Организацията се възстановява и преустройва, като спомагателна на революционната Организация в поробените под Сърбия и Гърция части на Македония с обща цел за единната Вътрешна Македонска Революционна Организация:

Създаване една автономна или независима държава от цяла Македония в нейните етнографски и географически граници.

2. ОРГАНИЗАЦИЯТА В МАКЕДОНИЯ ПОД БЪЛГАРСКА ВЛАСТ Е ТАЙНА за да не се излага обезоръжена и беззащитна България; тя е и НЕЛЕГАЛНА, доколкото бъде принудена да отговори на предизвикателствата и гоненията от българските правителства и власти. Тая Организация е безпартийна и не се меси във вътрешните работи на царство България, но тя бди зорко да не позволи никому да си служи с Македония, като с разменна монета и с македонското дело за лични и партийни цели.

3. Цялата Македонска Организация в останалите от Сърбия, Гърция и България части от Македония до общия конгрес на Организацията се ръководи от заварения Централен комитет въз основа на последния правилник на Организацията и съгласно издаваните от Централния комитет в духа на правилника /съгл. чл.112/ инструкции, окръжни и временни наредби и други.

4. Организацията в Македония под българска власт се урежда и ръководи от нелегален окръжен войвода, ако българските правителства или власти преследват, или от окръжен легален инструктор, ако е само ТАЙНА, но непреследвана от българските власти.

ЦПА, ф 226 оп 1 а.е. 9

Првата страница од „Привремените наредби“ на ЦК ВМРО[76]

[76] ЦДА, ф. 1932 к, оп. 1, а.е. 9. л. 1.

Според австрискиот амбасадор во Софија, Крал Август, бугарската влада ја користела аферата со четите многу вешто „за да нагласи дека направеното укинување на општата обврска за одбрана ја спречува да води грижа за вистинска ефикасна заштита на границата, а дека оваа нејзина слабост знаат да ја искористат вознемирувачките и недоверливите елементи.“[77]

Во вакви околности, Бугарија била ставена во мошне неповолна меѓународна ситуација. Односите од ден на ден се заострувале, особено по прашањето на Македонија. Од друга страна, таквата ситуација ќе доведе до поголемо зближување и подобрување на односите меѓу Кралството на СХС и Грција.

## Политичките превирања 1923–1924 година

По поразот на Грција во војната со Турција, ЦК ВМРО испраќа еден Мемоар (октомври 1922 година) до Друштвото на народите во Женева и до претседателите на владите на Големите сили. Автор на Мемоарот бил Георги Баждаров. Од „името на населението во Македонија“, тука се бара да се формира од Македонија независна држава, под заштита на Друштвото на народите или ополномоштена сила од него.[78] Притоа, претседателите се молат: „Сега кога е пак поставено за решавање Источното прашање, чиј суштествен дел претставува и македонското прашање, од името на населението во Македонија ние Ве молиме да се заложите за нивните справедливи барања за да се воспостави правда и мир во нашето несреќно општество и да се одвратат идните немили крвопролевања, како во Македонија, така воопшто на Балканскиот Полуостров.“[79]

---

[77] *Македонија во австриските документи 1920-1938,* исто.

[78] Македонците се надевале дека со објавувањето на Договорот за малцинствата, Друштвото на народите ќе им наложи на Грција и Србија да им ги дадат предвидените права и слободи. Но, тоа не се остварило и затоа во Македонија повторно се покренува вооружена борба против туѓата власт. Наведени се географските граници на цела Македонија со проценти од население по национална припадност, при што Македонците се именувани како и дотогаш, како „Бугари“. Се тврди дека 90% од населението сака да живее во единствена и независна Македонија, ставена под заштита на Друштвото на народите или на некоја голема сила ополномоштена од Друштвото. (*Тодор Александров, Сè за Македонија...,* 99-103.)

[79] Во декември 1922 година, Мемоарот бил публикуван во весникот „L'Action Radicale“. Кон тој Мемоар имало приложено текст за положбата во Македо-

Според Баждаров, тој акт на ЦК ВМРО бил првиот од меѓународен карактер по договорот од Неј. Во истиот дух била и „Декларацијата за карактерот на македонското ослободително движење“ на ЦК ВМРО од 9 септември 1923 година, испратена до претставниците на Организацијата во странство за тоа како треба да ја објаснуваат пред јавноста положбата на ВМРО по јунскиот преврат на Цанков во Бугарија и симнувањето на владата на Стамболиски. Покрај другото, во Декларацијата бил изложен „карактерот на македонското ослободително и револуционерно движење“ и „политиката и тактиката на ВМРО“. Во однос на идниот статус на Македонија, раководството на Организацијата децидно укажува дека: „Македонското население ја поддржува револуционерната организација, зашто таа е негова организација, зашто таа си поставила за цел ослободување и обединување на Македонија во нејзините географски граници во една политичка целина, во која сите народности ќе имаат еднакви политички и граѓански права и ќе се радуваат на една иста духовна културна слобода, а и зашто таа во својата дејност спроведува и блиски цели, коишто се изразуваат во заштита на непосредните економски, духовни и културни интереси на самото население.“[80]

Според тоа, ЦК ВМРО смета една независна и слободна Македонија ќе послужи како гаранција за балканскиот мир, бидејќи би престанале борбите и ривалствата меѓу балканските држави.

ЦК, но пред сè Тодор Александров, воделе особена грижа за однесувањето на четниците и членовите на Организацијата, за нивниот морал, чесност и дисциплина во извршувањето на дадените задачи и почитувањето на Статутот. Во рамките на градењето на тој етички кодекс на однесувањето на членовите на ВМРО и заради зајакнување на дисциплината, биле востановени награди, но и казни. ЦК изработил посебна „Таблица за казни“ и „Таблица за награди“, коишто Т. Александров на 10 февруари 1923 година со таен циркулар им ги пратил на раководителите на окрузите на ВМРО во Македонија за да ги применуваат. Според Таблицата на награди, наградите, главно, се состоеле од: благодарници или подароци во оружје, двоглед, часовник или други скапоцени предмети, пари (како за сторителот, така и за неговото семејство) и наградно отсуство од 1 до 3 месеци. Од друга страна, ЦК ВМРО бил

нија по Букурешкиот и Нејскиот договор за мир. Дел од тој текст е објавен во в. „Македония“ бр. 270 од 13 декември 1922. Таму е публикуван и Меморот. (Г. Баждаров, исто, 100).

[80] Исто.

мошне ригорозен во казнувањето на комитите што ја компромитирале Организацијата, а особено не им проштавал на предавниците. Смртните пресуди обично претходеле со едно „предупредувачко писмо“, а секоја пресуда за казнување или убивање ја донесувал и потпишувал Тодор Александров. ЦК ВМРО употребувал три вида казнувања на комитите: казна од 500 до 100 000 лева, тепање од три до 50 „стапови“ и смртна пресуда.[81]

Зацврстувајќи ги своите позиции во Пиринска Македонија, автономистичката ВМРО на Тодор Александров своите акции ќе ги насочи и против Земјоделската влада на Александар Стамболиски, која вложувала силни напори и преземала мерки за запирање на македонското комитско движење. Надворешната политичка ориентација на Стамболиски за зближување со Кралството на СХС, исто така, наидува на жестоко спротивставување од страна на автономистичката ВМРО, во што била поддржувана и од буржоаската, воената и монархистичката опозиција на Бугарија. Од своја страна, и Александар Стамболиски создал сопствена армија, т.н. „портокалова гвардија“ за обезоружување на автономистичките чети и за поддржување на федералистичките чети во борбата против четите на Тодор Александров во Пиринска Македонија.

Конфликтот меѓу владата на Александар Стамболиски и автономистичката ВМРО особено се заострил со потпишувањето на „Нишката спогодба“ во март 1923 година, помеѓу владите на Бугарија и на Кралството на СХС за оневозможување на преминувањата на четите на ВМРО во Вардарска Македонија. Земјоделската влада започнала и со апсење на некои од членовите на ВМРО, настојувајќи да бидат уапсени и Александров и Протогеров. Истовремено „Централниот македонски федеративен комитет“ ги заплашувал блиските соработници на членовите на ЦК, како Прличев, Баждаров, Милев и други, особено поради Ќустендилската акција од крајот на 1922 година,[82] за чие организирање „федералистите“ ги товареле Прличев и Баждаров. Според Кирил Прличев, многу е поверојатно дека тоа биле Славе Иванов и Стојан Мишев, кои по 2 август 1922 година, заедно со „покрајно насторните“ чле-

---

[81] *Тодор Александров, Сѐ за Македонија...*, 145–149.

[82] На 4 декември 1922 година, обединетите револуционерни чети, поткрепени од селската милиција, на чело со Панчо Михајлов и Јован Брло, влегле во Ќустендил, со цел да ги изгонат од градот „федералистите“ групирани околу д-р Ф. Анастасов, кои биле помагани од владата на Стамболиски. (И. Михайлов, *Спомени*, т. II, София, 203.)

нови на „Македонската емигрантска федеративна организација" – МЕФО се одделиле во „Внатрешна федеративна македонска революционерна организација" заземајќи тврд курс против Т. Александров и неговите приврзаници.[83]

Од другата страна, „Александров презеде жестока борба и против таканаречените федералисти, некои од кои избегаа во странство, почна да заплашува со убиство и со стари и испитани револуционерни „дејатели", како д-р Татарчев, кој исто така избега во странство и се насели во Виена."[84]

Со ваквиот однос, според Димитар Влахов, Александров се здобил со респект „кај своите сојузници" и „наредбодавци" – цар Борис и „најреакционерните бугарски партии" кои се соединиле при извршувањето на превратот од 9 јуни 1923 година.

Во таквите превирања меѓу македонското револуционерно движење кои се одигрувале внатре во Бугарија, европските дипломати го поздравуваат српско-бугарскиот договор како мошне важен поради фактот што дотогаш не биле можни преговори помеѓу Белград и Софија „за еден толку заострен проблем како што е македонскиот".[85]

Нишката спогодба и постојаните поплаки од страна на Југославија и Грција ја принудиле владата на А. Стамболиски поради „одржување на јавниот ред и мир" да испраќа во „критичните" погранични подрачја посилни жандармериски и воени одреди. Овие сили „беа пресретнати од автономистите, кои беа во функција на воена милиција, и со оружје беа уништувани. Имаше четиринаесетина мртви и ранети од обете страни."[86]

Објавувањето на спогодбата со Кралството на СХС, истовремено, било повод да се групираат сите опозициони буржоаски струи во Бугарија и својот удар да го насочат кон соборување на владата на Александар Стамболиски, сметајќи и на вооружената поткрепа на автономистичките чети на ВМРО.

Во извршувањето на 9-тојунскиот преврат во 1923 година против владата на Стамболиски, ВМРО не зела директно учество, но раководството на Организацијата извршило „морална" и „психолошка подготовка" во соборувањето на Земјоделскиот режим. Тодор Александров барал ВМРО како Организација да се дистан-

[83] *36 години във ВМРО...*, 112, 155.

[84] Д. Влахов, *Мемоари,* второ издание, Скопје 2003, 208.

[85] *Македонија во австриските документи 1920–1938, ...,* 131.

[86] Исто, 135.

цира од политичките партии во Бугарија, но, сепак во овие настани, нејзините чети биле подготвени за дејствување и по самиот преврат зеле учество во физичкото казнување и ликвидирање на поголем број соработници и идејни сомисленици на А. Стамболиски, членови на БНЗС, македонски федералисти и други идејни противници на ВМРО. Но, според одредени оценки, учеството на нејзини членови во овие убиства и пресметки, не го извршиле како членови на ВМРО туку како „бугарски бандити“.[87]



Раководителите на Деветтојунскиот удар во домот на Иван Русев во Софија

Вмешаноста во симнувањето на владата на А. Стамболиски и ставањето на страната на А. Цанков, со цел да се спречат привrзаниците на БЗНС повторно да се вратат на власт, значело присвојување од страна на раководството на ВМРО на голем дел од надлежностите на централните органи. Со тоа, Пиринскиот дел од Македонија бил претворен во база за организирање на вооружените дејства на ВМРО. Покрај тоа, „Тодор Александров ја претворил автономистичка ВМРО во *официјален институт* на новата бугарска влада на Цанков за зацврстување на нејзината власт.“[88]

Во секое населено место во Пиринска Македонија биле организирани месни чети составени од 10 до 30 вооружени луѓе и милиција од месното население, кои имале оружје и биле способни да го носат. Во 1924 година вкупниот број на овие вооружени единици изнесувал преку 9 000 луѓе. Во целиот Пирински крај

[87] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 222-231.

[88] З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО ...*, 195.

Организацијата вовела свој административен, судски, даночен и финансиски апарат и жестоко се пресметувала и ги прогонувала сите нејзини идејни противници. Како Тодор Александров ја гледал улогата на Пиринска Македонија за ВМРО се гледа и од изјавата дадена на рускиот журналист Неманов од јуни 1924 година: „Ние сметаме на Пиринскиот дел на Македонија, со кој Бугарија привремено владее. Тој крај е од општата држава на Македонија – нашата татковина, ние ќе си го земеме како што ќе си ги земеме и сите други делови кои сега пиштат под српско и грчко ропство“.[89]

Сè до убиството на Тодор Александров во 1924 година, ЦК ВМРО се залагал за независна и обединета Македонија, а во однос на етничко-националната компонента ја продолжил политиката на речиси сите органи, тела и струи во раководствата на македонското револуционерно движење, третирајќи го македонското население како дел од бугарскиот народ и држава.

За крајно лошата положба на Македонците во Вардарска Македонија зборува огромната концентрација од безбедносни сили, при што, од вкупно 17 000 жандарми, тука се наоѓале 12 000. Напоредно со жандармеријата и војската, постоеле бројни паравоени организации, како таа на Јован Бабунски[90] и други поради заштита од бројните атентати кои ги извршувале четите на ВМРО (автономистичка) уфрлени од Бугарија.[91] На одредени места во некои региони било забрането секакво движење на луѓето, од зајдисонце до изгрев. Малтретирањата од двете страни, ограбувањата и убиствата биле секојдневие.[92] Покрај безмилосниот терор и

---

[89] Исто, 153.

[90] Јован Бабунски (1875, с. Мартолци, Велешко, 1920, Велес), просрпски четник, припадник на српското движење во Македонија. На српска страна преминува по поразот на Илинденското востание. Се бори на страната на Србија во Балканските и Првата светска војна. По 1918 година, со одобрение и поддршка на српските власти, го тероризира македонското население во Тиквешко, Брегалничко и Битолско. (С. Киселиновски, *Македонски дејци /XX-ти век/,* Скопје 2002, 29.)

[91] Поради неколкуте убиства на српски приврзаници-четници во источниот дел на Вардарска Македонија, српските власти во 1923 година создаваат посебна организација – „Здружение за борба против бугарските бандити“. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 205-214.)

[92] За состојбите што владееле во овој дел на Македонија, најдобро зборуваат следниве податоци: до 1926 година, без какво и да е иследување и судење, биле убиени 1 600 Македонци; само во 1924 година владата на Љуба Давидовиќ во Македонија амнестирала 18 000 затвореници; во периодот 1924–1926 година низ затворите во Македонија и Србија поминале повеќе од 30 000 Македонци; 14 села биле запалени од жандармеријата и контраче-

одмаздите на српските власти врз недолжното население, биле организирани масовни судски процеси.[93] Типичен пример во тој поглед претставуваат судските процеси по убиството на еден српски генерал во Штип, против група студенти во Скопје (студентскиот процес против припадници на ММТРО), бројните политички убиства итн.[94]

Кон крајот на 1923 и почетокот на 1924 година, како последица на внатрешната политичка состојба во Бугарија: 9-тојунскиот преврат, Септемвриското востание, започнатите контакти со претставниците на Советскиот сојуз и Коминтерната и притисокот на европската дипломатија за запирање на комитските акции, Тодор Александров го изменил дотогашниот политички курс на Организацијата во изнаоѓањето решенија за ослободување на Македонија. Во барањето на легални средства да се дојде до автономија на Македонија, тој во писмото до англискиот државник Ноел Бекстон и во интервјуто за весникот „Тајмс“ од јануари 1924 година, изјавил дека доколку не може да се даде автономија на Македонија, ВМРО „со радост ќе го прифати поставувањето на Македонија под заштита на некоја голема сила, првенствено на Англија“.[95]

Соработката на автономистичката ВМРО со бугарските буржоаски кругови во 9-тојунскиот преврат ќе ја предодреди натамошната ориентација на Организацијата, која ќе учествува во задушувањето на Септемвриското востание во 1923 година. Притоа, дел од европските дипломати во Софија искажувале мошне неповолни оцени за владата на Цанков, „која целата се наоѓа во рацете на офицерите и Македонците“.[96]

Имајќи ја предвид силата на автономистичката ВМРО на Тодор Александров, како неоспорен фактор и единствен авторитет на македонското национално револуционерно движење, БКП

---

тите итн. (*Сто македонски години,* ред. Ј. Павловски, Скопје 2004, 178–215; *Историја на македонскиот народ,* ред. Т. Чепреганов, Скопје 2008, 226).

[93] Кон крајот на 1927 година, министерот за внатрешни работи на Кралството на СХС, во Белград ги повикал жупаните од Македонија и им наложил да се ликвидираат сите стари членови на МРО, без оглед на тоа какво им е држењето. Врз основа на оваа одлука, многу Македонци, без вина, и без судење, на подмолен начин биле убиени од српските власти. (ДАРМ, п.о. Битола, ф: „Богоја Фотев“, к-2, а.е. 22/289.)

[94] *Македонија во австриските документи...,* 323–325 (ДАРМ, 1.1396.5.13, 46-50).

[95] З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО...,* 218-219.

[96] *Македонија во австриските документи...,* 174.

во подготовките на Востанието настојувала да ја придобие ВМРО или да ја неутрализира во претстојните судири. Во преговорите бил вклучен и членот на Задграничното претставништво – Георги Баждаров. Во текот на разговорите, Васил Коларов, како претставник на БКП, го убедувал Баждаров дека БКП секогаш со симпатии гледала на македонското ослободително движење и го помагала македонското дело, додека другите бугарски партии го искористувале за свои цели, дека БКП со уште поголеми симпатии го следи развојот на македонското дело и дека таа ги убедила српските и грчките комунисти „за правото на македонската кауза". На тоа, Баждаров му одговорил дека ВМРО со благодарност прифаќа секаква помош од каде и да доаѓа, при услови за целосно зачувување на независноста на Организацијата, како организација којашто се бори пред сè за национална слобода и права и во која влегуваат „луѓе со различни политички убедувања, но кои си ги чува за по ослободувањето на Македонија". На крајот Баждаров му порачува на Коларов: „насочете го комунизмот во Србија и Грција, бидејќи тој е разорна сила. Штом тие држави се уриваат, тоа е добро за нас, но за нас е неповолно Бугарија да се урива. Грчките и српските комунисти нека заземат предност пред вас, бугарските – вие одете по нив. Ете и тоа ќе биде од полза за нас, за нашето дело."[97]

Во преговорите на Тодор Александров со раководството на БКП околу учеството во Востанието, бил постигнат договор Организацијата да остане неутрална, а БКП да не го шири Востанието во Петричкиот округ. Востанието предводено од Бугарската комунистичка партија заради симнување на владата на Александар Цанков започнало на 22/23 септември 1923 година и било набрзо прекратено (25 септември). Кон БКП се придружил и БЗНС. И покрај договорот меѓу ВМРО и БКП, по избувнувањето на Востанието, востаничките дејства се прошириле во Разлошко, како и во Горноџумајско, при што бил нарушен договорот меѓу БКП и ВМРО.[98] Иако го советува Коларов, комунистите да се насочат кон уривање на Србија и Грција, Баждаров констатира дека, за жал, тие се свртиле да ја разурнат Бугарија. БКП барала помош од ВМРО, или во најдобар случај оваа да не презема контрадејства. Како противуслуга им ветувале помош од Русија, со тајно посред-

---

[97] Г. Баждаров, исто, 127.

[98] Комунистите и земјоделците се кренале на востание во Разлошко, на чело со Владимир Поп Томов, а еден одред од 160 востаници од Горна Џумаја тргнал за Дупница, но се вратил, бидејќи таму не се востанало. (Д. Пачемска – Петреска, исто, 58–59.)

ништво. Раководството на ВМРО, вели Баждаров, се искажало дека примаат секаква помош, но одбиваат посредништво со Москва, особено од бугарските комунисти.[99]

Непосредно пред почетокот на Востанието, „веројатно се премислил" и Тодор Александров. Така, четите на ВМРО активно да учествуваат во задушувањето на Востанието и во пресметката со идејните противници на Организацијата. Затоа последиците за комунистите кои востанале во Разлошко и за Горноџумајскиот одред биле мошне тешки.[100]

При крајот на септември, за да ја смири ситуацијата, односно дека ВМРО не поддржува ниту една партија, бидејќи таа прима во своите редови луѓе со различна политичка идеологија и социјални разбирања, Т. Александров „го натоварил" Димитар Влахов[101] да напише една декларација од името на ЦК. Текстот што го напишал Влахов, бил доста преработуван и од К. Прличев и од Т. Александров, но сепак имало нијанси „од фразеологијата на комунистите".[102]

Во овој период, во бурната 1923 година во Бугарија, кога се случуваат еден преврат и две востанија и се појавуваат нови организации на Македонците, паралелно со дејствувањето и ангажманот како задграничен претставник на ВМРО, Георги Баждаров и натаму е мошне активен во кругот на македонската емигрантска интелигенција. Оваа интелигенција преку пишувани трудови, пуб-

---

99 Водачите на Септемвриското востание, Георги Димитров и Васил Коларов, брзо се спасуваат со бегство во Југославија, а оттаму заминуваат во Виена. (Г. Баждаров, исто, 128, 168.)

100 По прекратувањето на востанието во Разлошко, не дошло до ликвидирање на востаниците благодарение на заложбите на Алеко Василев. Горноџумајскиот одред при неговото враќање бил нападнат од четите на ВМРО, при што биле убиени околу 100 души. Терористи на ВМРО, на 9/10 октомври 1923 година, ги казниле четворицата партиски раководители од Горна Џумаја за нивната улога во организирањето на Горноџумајскиот одред во Септемвриското востание. (З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО...*, 203.)

101 Димитар Влахов (8.11.1878 – Белград, 7.4.1953), македонски револуционер, општественик и државник. Бил деец на МРО, на НФП, ВМРО (автономистичка), ВМРО (обединета), БКП, Коминтерната и КПЈ. Во предговорот на неговите *Мемоари,* Коле и Ванѓа Чашуле ќе запишат дека Влахов бил „интелектуалец што едноставно бил отворен за сите идејни и политички веења на своето време, граѓанин на бурната и сложена балканска политика, македонска присутност во безмалу сите европски и светски прогресивни движења, особено меѓу двете светски војни..." (*Запис кон „Спомените"*, Д. Влахов, *Мемоари,* второ издание, Скопје 2003, 12.)

102 Г. Баждаров, исто, 128.

ликации, статии, издавање весници итн. ја афирмира македонската историја, традиции, фолклор и други аспекти на македонското прашање, во контекст на загрозеноста на опстојувањето на македонското население во Србија, односно Кралството на СХС и Грција (односно „заштита на македонското бугарско население" од српската и грчката асимилација). Во овие рамки, по иницијатива на Спиро Константинов и Дијаманди Колев, членови на штипското благотворно братство во Софија, на 23 септември 1923 година се свикува собрание на интелектуалците, родум или по потекло од Македонија кое се одржало на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски".[103]



Зградата на МНИ во Софија
во триесеттите години

Според други податоци, средбата се одржала на 20 ноември 1923 година и на неа присуствувале „највидни претставници на ВМРО" на чело со Александров, Баждаров, Иван Михајлов и други.[104] Притоа бил избран Привремен раководен совет. Сите учесници во овој Совет биле познати имиња од македонското ослободително движење. Со исклучок на Ризов и Ковачев, кои во тој период подлабоко се поврзуваат со македонското федеративно движење, останатите членови се активни приврзаници на ВМРО и на емигрантските организации поврзани со неа, како: Г. Баждаров, С. Развигоров, В. Кусев, Љ. Милетич, Н. Милев, И. Георгов, А. Балабанов.

Привремениот раководен совет определил комисија предводена од Љубомир Милетич, во која влегле А. Балабанов, Г. Баждаров, Сп. Константинов, Н. Ризов и В. Ковачев. Ризов и Ковачев набрзо ќе ја напуштат комисијата под притисок на Г. Баждаров. Во работата на комисијата подоцна поактивно се вклучил проф. Михаил Арнаудов.[105]

---

[103] А. Гребенаров, *Македонския научен институт (19123—2008), Документарен летопис,* София 2009, 15.

[104] Д. Гоцев, *Македонската интелигенция в периода 1919-1941 г.,* София 2006, 284-285.

[105] ЦДА, ф. 1073, оп. 1, а.е. 27, л. 55-56.

Во рамките на градењето на концепцијата на новата организација, бил прифатен предлогот на Н. Ризов наместо организација со културна насоченост да се формира научен институт. Така, на 21 декември 1923 година, на собирот од 24 дејци (од поканетите 52) – научници, писатели, публицисти, уметници, општественици итн., на кој една од видните улоги игра Г. Баждаров, во Софија е основан Македонскиот научен институт (МНИ). Баждаров влегол како член во првиот Раководен совет на МНИ, чиј претседател бил проф. Иван Георгов. Во февруари 1927 година, бил избран нов Совет, во кој Баждаров заедно со проф. Никола Стојанов, стануваат потпретседатели.[106]

Целта на Институтот била да ги проучува: историјата, етнографијата, географијата и стопанскиот живот на Македонија, да собира историски материјали за ослободителните борби на македонскиот народ, да ја објавува историјата на тие борби, да издава научно списание и да печати други трудови за Македонија. Во подалечните цели на Институтот се поставило формирањето на македонски културен дом, како и еден македонски етнографско-историски музеј.[107]

Во МНИ се развива извонредно плодна дејност со цел да се промовираат аспирациите и позициите на бугарската официјална државна политика во однос на Македонија. Во периодот од 1924 до 1943 година МНИ го издава тримесечното списание „Македонски преглед". При крајот на Втората светска војна ја прекинал својата работа, набрзо за да продолжи со неколкугодишна дејност на сосема нова платформа.[108]

---

[106] А. Гребенаров, исто, 523.

[107] „Бележка по основането на Македонския научен институт", *Македонски преглед,* 1924, кн. 1, 157.

[108] МНИ е обновен по 9-тосептемврискиот преврат во Бугарија, на 11 ноември 1944 година, на иницијатива на македонската прогресивна интелигенција во Софија, организирајќи ја научната работа по македонското национално прашање. Институтот настојувал да ги популаризира националноослободителните борби на Македонија, да ги привлекува македонските емигранти кон новоослободената федерална македонска држава, да всадува македонско национално сознание сред македонските бегалци и населението во Пиринскиот дел на Македонија со НРМ и да дејствува во прилог на развивањето на македонскиот јазик и македонската култура. Во мај 1947, со договор меѓу ЦК КПЈ и ЦК БРП (к), МНИ бил распуштен, со образложение дека неговото место е во престолнината на Македонија. Делови од библиотеката и од етнолошката збирка на МНИ биле префрлени во Скопје и тие денес се наоѓаат во Институтот за национална историја. На иницијатива на ВМРО–СМКПД (ВМРО–Сојуз на македонските културно-просветни друштва) од






Проф. Љубомир Милетич и изданија на МНИ[109]

---

Бугарија, на 3 мај 1990 во Софија е обновен МНИ и обновено е издавањето на списанието „Македонки преглед“. (*МИР*, 288–289).

[109] Албум „Македонија“, табло IV.

Во рамките на богатата издавачка дејност на МНИ, особено се значајни објавените материјали за историјата на македонското ослободително движење (бројни спомени на револуционери).[110] Потоа одделни книги, како и едицијата „Македонска библиотека“ во која излегуваат неколку трудови на Георги Баждаров. Така, во 1925 година е отпечатена неговата книга „Македонското прашање вчера и денес“. Во овој труд Баждаров го проследува историјатот на македонското прашање кое го поврзува со македонската црковна борба, чиј „резултат“ бил турскиот ферман за основање на Бугарската егзархија, а следната етапа политичката борба ја поврзува со Источното прашање и со ослободителните борби во кои учествувале и „македонските Бугари“. По Берлинскиот конгрес, чии одлуки предизвикале протест на населението во Македонија, Баждаров кажува дека произлегло „македонското прашање како политичко прашање, во новото време“. [111]


МАКЕДОНСКА БИБЛИОТЕКА
ИЗДАВА МАКЕДОНСКИЯТЪ НАУЧЕНЪ ИНСТИТУТЪ
№ 6.

ИЗЪ МАКЕДОНСКАТА ЗЕМЯ
ВПЕЧАТЛЕНИЯ И БЕЛЕЖКИ

СКОПЙЕ. — ГОСТИВАРЪ. — ТЕТОВО. — ВЕЛЕСЪ. — ЩИПЪ. — КОЧАНИ. — РАДОВИШЪ. — ПРИЛЕПЪ. — КРУШОВО. — КОСТУРЪ

ОТЪ
Г. БАЖДАРОВЪ

СОФИЯ — ПЕЧАТНИЦА П. ГЛУШКОВЪ — 1926.

Во 1926 година Георги Баждаров го објавува трудот „Од македонската земја (впечатоци и белешки)“. Тука, во вид на патописи, тој го опишува кусиот историјат и знаменитостите на македонските градови: Скопје, Гостивар, Тетово, Велес, Штип, Кочани, Радовиш, Прилеп, Крушево и Костур.

Материјалите и податоците за оваа книга ги собирал при обиколка на реоните, но и од споменатата посета во Корструско како ученик во 1900 година, што ја опишува во своите спомени. Материјалите – патописи тој ги објавува во весникот „Родина“, што го редактира во Скопје од декември 1915 до крајот на септември 1918 година.[112]

Во почетокот на 1924 година, ЦК ВМРО излегол со соопштение дека „ВМРО и натаму ќе продолжи да води своја самостојна политика и нема да го положи оружјето додека не ја постигне целта на која ѝ служи: целосно ослободување и обединување на борбеното македонско население во слободна и независна Ма-

---

[110] Види за тоа: Д. Гоцев, *Македонската интелигенция...*, 295–302; А. Гребенаров, *Македонския научен институт...*, 540–544.

[111] Г. Баждаров, *Македонскиятъ въпрос, вчера и днесъ,* София 1925, 5–14.

[112] Предговор кон: Г. Баждаров, *Изъ македонската земя, впечатления и бележки,* София 1926.

кедонија. Во последното свое интервју за весникот „Тајмс“, непосредно пред убиството, Тодор Александров се застапувал Македонија да влезе како „член на југословенската федерација со еднакви права како и другите членови на југословенската федерација“, изјавувајќи дека ВМРО не сака „распаѓање на Југославија“, туку таа да стане „федерална и силна држава“. Изложувајќи ги своите „минимални барања“ во однос на Македонија, тој за првпат побарал и „заштита на националните малцинства под контрола на Друштвото на народите и под гаранција на големите сили“, подразбирајќи гарантирање на националните, културните и други права на „бугарското население“ во Вардарска Македонија. И во Меморандумот на ВМРО од 1924 година до Друштвото на народите и до владите на сите држави, ЦК ВМРО повторно се залагал за вклучување на Македонија во југословенската федерација како нејзин „верен конфедерален член“ и за „заштита на малцинствата“ во Македонија.[113] Во тој дух, Баждаров смета дека „волјата на сите Македонци, без оглед на верата и народноста“ е востановувањето на „целоста на Македонија и формирањето од неа независна држава“.[114]

Иако се чувале од тоа да ги поврзуваат со која било партија, а особено со комунистите, Баждаров вели дека не се откажале од натамошни разговори со „московјаните“, односно со официјалните претставници на советската влада и со раководителите на Коминтерната. Од друга страна, од средината на 1922 година, Советскиот Сојуз, ширејќи го своето политичко влијание на Балканот и комунистичката идеологија за придобивање на националноослободителните движења, пројавиле поголема заинтересираност за македонското националноослободително движење, сметајќи ја ВМРО како единствена реална сила.

Според сеќавањата на Димитар Влахов, кој ќе биде овластен во името на ВМРО да води преговори со СССР и Коминтерната, и за кое ќе биде наговорен од Павел Шатев, непосредно пред 9-тојунскиот преврат добил две писма, и тоа едно од Георги Баждаров, а другото од Кирил Прличев.

„Тоа се првите и последните писма кои сум ги добил од овие луѓе, во смисла да примам да учествувам во мисијата што ми се возлага. Притоа, ќе одбележам, дека јас немав особени врски ниту со Прличев, ниту со Баждаров, но ги познавав како македонски дејатели уште од Солунската гимназија.“[115]

---

[113] З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО...*, 250.

[114] Г. Баждаров, *Македонскиятъ въпрос,* ... 88.

[115] Д. Влахов, исто, 210.

Притоа Влахов го прифатил предлогот да ја води мисијата, како и Шатев, со надеж дека раководството на македонското движење, претставувано во тој момент „од Тодор Александров и неговите компањони“ ќе биде независно од влијанието и политиката на бугарскиот дворец.[116]

Од друга страна, раководството на автономистичката ВМРО ќе почне со преговори за соработка со Советскиот Сојуз, гледајќи во него можен покровител и иден сојузник во борбите за ослободување на Македонија. Во овие рамки, Баждаров имал разговори и со Тома Карајовов, кој по некои злоупотреби на пари емигрирал во странство. Бидејќи во есента на 1923 година, Карајовов, кој живеел во Германија, ги понудил своите услуги, Организацијата решила да му прости. Т. Александров го испраќа Карајовов кај Баждаров да разговараат за политиката на ВМРО. Во Берлин, Карајовов имал чести средби со болшевиците и бил доста ориентиран кон Москва, поради што го убедувал Баждаров дека „оттаму ќе дојде ослободувањето на Македонија“. Баждаров не ги прифаќал сосема тие ставови, сметајќи дека Русија само како демократска република или уставна монархија би можела да си ја поврати меѓународната положба и дека создавањето на советски републики на Балканот, како ќерки на Русија, би предизвикало интервенција на цела Европа, Америка па и на Азија. Понатаму, „кога би се бореле со Србија и Грција под знамето на болшевизмот (комунизмот), со нашата борба не ќе се подига македонското прашање, бидејќи сите таа борба ќе ја означуваат за социјална, а не за национална... Значи, нашата борба се изместува од рамништето на националноста и се поставува на социјално рамниште.“[117]

Бидејќи во Москва се прибрале некои од поранешните „федералисти“, Баждаров смета дека би било од полза да ги убедат „московјаните“ „да не ги помагаат тие ренегати“ и затоа решиле да продолжат со средбите. За таа работа го задолжиле Димитар Влахов, кој пред да замине за Москва имал одделна средба со Александров, а потоа заедничка средба со Александров и Баждаров.

Влахов подготвил еден краток проект како инструкција за разговори со болшевиците. Според Влахов, „московјаните“ би барале да ги обединат сите револуционерни сили – национални и социјални (комунистички, пред сѐ) сили на Балканот, за да можат успешно да се борат „против реакцијата“ во тој дел од Европа. Притоа, Баждаров направил исправка во текстот на Влахов, во

---

[116] Исто, 209-210.

[117] Г. Баждаров, *Моите спомени...,* 129.

смисла дека „ВМРО сака соработка со сите *национални револуционерни сили во Србија и Грција и ќе ја следи т̄аа соработ̄ка*, но борбата која ќе ја води ВМРО, сама или во соработка со тие револуционерни сили, ќе биде раководена од самите нив, т.е. таа борба нема да ја водат московјаните. При полна самостојност на тие национално-револуционерни организации – македонска, хрватска, албанска, словенска и др., московјаните можат да помагаат морално и материјално без да се наметнуваат... Не ја сакаме помошта доколку сакаат да им станеме оружје.“[118]



Михаил Монев[119]



Кратово, 1926 година

Баждаров му ги напишал наведените ставови на Влахов, кој се согласил со нив.

По неколку средби и договори со претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната кои се одржувале во тајност, Тодор Александров во јули 1923 испратил делегација на ВМРО во Москва, во состав Димитар Влахов и Михаил Монев, каде што била скицирана платформата за идната заедничка соработка меѓу двете страни.[120] Паралелно со преговорите со Советскиот Сојуз, течеле и активностите на Задграничното претставништво.

Во декември 1923 година, Протогеров се вратил од странство, па така се одржала средба кај професор Георгов, на која пок-

---

[118] Исто, 130.

[119] Михаил Монев (1881, Кратово – 1944, Горна Џумаја), македонски револуционер. Се школувал во Кратово и Скопје. Учителствувал во повеќе места во Македонија. Се приклучил кон МРО. Учесник на Рилскиот и Ќустендилскиот конгрес. Бил околиски раководител на ВМОРО за Куманово (1907–1908). Учесник во Првата светска војна (1915–1918). Зет на Тодор Александров. По расцепот на ВМРО (1928) се ориентирал кон крилото на Иван Михајлов. (С. Киселиновски, *Македонски дејци...*, 141).

[120] Д. Влахов, *Мемоари,...* 218–222.

рај споменатите, присуствувале и Н. Милев, Т. Александров, Д. Влахов и К. Прличев. Повод за средбата, покрај враќањето на Протогеров, биле и претходните директиви на Задграничното претставништво (К. Прличев и Г. Баждаров) од 14 ноември 1923 година, кои се однесувале на пропагандата во странство. Во овој контекст им било јасно дека јавното мислење во многу странски држави станувало сè повлијателен фактор за поттикнување и разрешување на меѓународните прашања, а во тие рамки и на македонското прашање. Затоа, главен проблем околу кој дискутирале била пропагандата на ВМРО во странство.[121] Притоа се заложиле Централниот комитет да испрати свои полномошници во: Париз, Женева, Брисел, Лондон, Рим, Берлин, Москва, Виена, Будимпешта, Прага, во скандинавските престолнини, а „може и едно лице за две-три држави" коишто ќе имаат задача: „да ги запознаат сите фактори – државници, актуелни и поранешни министри, општественици, пратеници, сенатори, водачи на партии и на разни други општествени групи, публицисти, а преку нивните изданија и народите, со борбите на Македонците во минатото и сега за народни правдини, политичка слобода и самоуправа."[122]

Понатаму во Директивите се бара да им се предочува на сите надворешни фактори дека решавањето на македонското прашање според волјата на Македонците ќе биде во интерес на балканските и другите држави кои имаат економски, политички и културни интереси во Македонија и на Балканскиот Полуостров. Заради остварување на поставената задача, се предлага да се користат повеќе форми и методи како: организирање конференции за запознавање со ситуацијата во поделена Македонија и презентирање на целите на македонското ослободително движење; дистрибуирање на изданијата на ВМРО низ странските држави; следење на надворешната политика на државите; навремено реагирање на лагите што се ширеле против ВМРО; организирање („во петорки") на македонските студенти и нивно подготвување „за раководители во революционерната борба"; организирање на Македонците кои привремено престојувале во странство итн. Истовремено се предлага издавање на еден седмичен билтен на француски јазик од страна на ЗП и други активности во прилог на афирмацијата на целите на ВМРО.

Централниот комитет ги одобрил предложените Директиви на ЗП, односно план за пропаганда во странство, бидејќи тој

---

[121] Г. Баждаров, исто.
[122] *36 години във ВМРО...*, 452.

план бил составен во духот на „свиканите за таа цел неколку собири од компетентни лица за тоа прашање“.[123]




Наставен кадар во III софиската машка гимназија
„Вилјам Гледстон“, 1923/24 година[124]

Во декември 1923 година Тодор Александров ги информирал Баждаров и Прличев, како лица во кои имал голема доверба за одделни средби со советскиот претставник Андреев.[125] Истовремено, Александров изготвил „Проект за спогодба меѓу ВМРО и Советската влада“. Во него ВМРО е претставена како организација на Македонците кои се борат за национално самоопределување, слобода, самоуправување и за најголема можна социјална правда. Главната цел на ВМРО е обединување на Македонија поделена меѓу Бугарија, Србија и Грција, во единствена политичка единица, која во иднина ќе може да влезе како членка во една балканска федерација, но во првата етапа и како членка на една југословен-

[123] Исто, 452-453.

[124] ЦДА, ф.1935 к, оп.1, а.е. 60, 8.

[125] Во доверливото шифрирано писмо до К. Прличев и Г. Баждаров, Т. Александров ги информира дека добро завршиле разговорите со претставникот на Советскиот Сојуз и Коминтерната, при што им нагласува: „Апсолутно неопходно е (барем овој пат) да се зачува во тајна и средбата и, особено резултатите“. (Исто, 456.)

ска федерација. Заради исполнување на таквата цел, Организацијата се задолжила да работи со другите револуционерни организации на Балканот за федерирање на балканските држави во нивните етнички граници. Истовремено се бара: Советскиот Сојуз да ја признае ВМРО како единствен толкувач на суверената волја на Македонија; двете страни да ја запазат својата самостојност во внатрешната и надворешната политика и ВМРО да добие материјална, дипломатска и морална поткрепа од Советскиот Сојуз.



Алеко Василев, Александар Протогеров и Георги Атанасов

Во почетокот на 1924 година, Александров и Протогеров биле советувани од владините фактори да ја напуштат Бугарија, со што Баждаров не се согласувал. Во јануари и февруари 1924 година, двајцата членови на ЦК сè уште се наоѓале во Софија, поради што владата на Цанков имала притисоци од страна на српските дипломати, дека ги „трпеле во Софија" и дека во Бугарија не се гонат „комитациите". Поради тој притисок, во зимата на 1924 година, биле уапсени поголем број Македонци, како припадници на ВМРО, така и на некои легални организации.[126]

При една средба во куќата на Прличев, Баждаров јасно им дал до знаење на двајцата членови на ЦК, дека за надворешните

[126] На 3 март 1924 година, на денот кога Бугарија го одбележува ослободувањето од османлиската власт, под притисок на Англија и Кралството на СХС, бугарската власт уапсила повеќе од 500 македонски емигранти припадници на легалните организации (Илинденската и македонските братства) во Софија и во Пиринскиот дел од Македонија. (Д. Пачемска Петреска, исто, 65.)

работи е задолжено Задграничното претставништво, а тие, поради опасноста на која биле изложени во Софија, барем привремено, би требало да се засолнат во Петричкиот округ. Таквиот предлог на Баждаров бил поткрепен и со тоа дека се слушале лоши вести од Петричко, каде што Алеко Василев и Георги Атанасов правеле работи на своја рака, а нивните четници оставале многу лош впечаток кај населението, така што се налагала потребата Александров и Протогеров првин таму да ги средат работите.[127]

Бидејќи и двајцата членови на ЦК се наоѓале во Софија, во тие моменти задграничните претставници Баждаров и Прличев имале „помала работа" и исполнувале „улога на најблиски советници". Прличев сметал дека аргументите на Баждаров не биле доволни за да ги одврати водачите од патување во странство.[128] Другиот ден по средбата, Прличев добил кусо писмо од Т. Александров, во кое му пишува дека бил изненаден од настапот на Баждаров и дека овој му нарушил некои негови планови. Откако разбрал за забелешката, Баждаров помислувал да даде оставка, но сепак сметал дека правилно постапил и дека не треба личната суета да ја става пред интересот на Организацијата. За тоа ќе чека погодна прилика да му каже на Александров дека држи до своето мислење и дека нивното заминување во странство е погрешно. Баждаров останува на ставот, дека „е подобро да отидат во Петричкиот округ, а наместо да си давам оставка, нека ме тргнат од Претставништвото, како што ме назначиле. Кога зборувам за тргање и назначување, да не помисли некој дека примав плата како задграничен претставник? Ништо такво! Бев учител во III машка гимназија и живеев во сиромаштија со моето семејство."[129]

Следната средба четворицата ја одржале во домот на Баждаров на ул. „Елисеј Петков". Притоа се разговарало конкретно за заминувањето на Протогеров и Александров во странство, со што „се исполнила волјата на бугарската влада". Се договориле секој да тргне посебно, а потоа да се сретнат во Рим и таму „ќе гледаат да го вразумат" Петар Чаулев, за кого што Баждаров запишал дека уште во Софија бил „несериозен", расправал сè и сешто низ кафеани и други места и „секого го држел за пријател". Во 1922 година го убедиле да замине, односно да „го тргнат" од Софија и при таа последна средба Баждаров разговарал со него, а случајно на средбата дошол и професорот Милетич. Поради низата слабости на

---

[127] Г. Баждаров, исто, 131.

[128] *36 години във ВМРО...,* 127.

[129] Г. Баждаров, исто, 132.

Чаулев, Протогеров и Александров, меѓу другото, тргнале во Рим да го убедат да се врати во Македонија и да замине во Битолскиот револуционерен округ.

Втората задача што сакале да ја разрешат членовите на Централниот комитет, било прашањето околу контрачетниците кои беснееле во Штипско, Кратовско, Кочанско. Кон нив се вбројувале и избеганите од Бугарија во Србија и прогонувани поради разбојништво од страна на ВМРО – Глигор Циклев, Максим Страцински, Стојан Мишев и др.[130]

„Ако се успееше тие ренегати да се убедат да извршат атентати против виши српски чиновници... за да им прости Организацијата... веќе Србите немаше никому да се довеpуваат... Населението, пак, со право, не можеше да им верува на лица кои денес се јавуваат пред него како борци за неговото ослободување, а по извесно време истите тие луѓе да стојат на чело на контрачети."[131]

Во март 1923 година, Александров и Протогеров пристигнале во Рим каде што се сретнале (се помириле) со Чаулев со посредство на Димитар Влахов. Влахов и Чаулев усно биле ополномоштени да водат преговори од името на ВМРО со Ф. Атанасов и Т. Паница од Федеративната организација, за да се постигне согласност за обединување на македонското револуционерно движење.

Додека Протогеров и Александров престојувале во Рим, а потоа во Виена, Баждаров, кој не бил во тек со сите актуелни случувања, пишува дека забележал зближување меѓу Георги Занков, претседател на Раководното тело на Илинденската организација, Арсениј Јовков, редактор на в. „Илинден" и воопшто на Илинденската организација, од една страна, и Димо Хаџи Димов, Славчо Ковачев, од друга.

„Нешто како еден фронт се прави од Македонци-комунисти, Македонци-поранешни земјоделци, Македонци-националис-

---

[130] ВМРО како побројна и поорганизирана во текот на 1923 година успеала да ликвидира дел од членовите на МЕФО и МФРО. Биле убиени: арх. Никола Јуруков, Александар Панов, Климент Размов и Петар Тараљамов. Група федералисти: д-р Филип Атанасов, Глигор Костов, Јордан Анастасов, Тодор Паница, Славе Иванов и д-р Христо Татарчев, за да се спасат од ликвидирање, избегале од Бугарија. Групата војводи која се отцепила од ВМРО и влегла во МФРО: Стојан Мишев, Славе Иванов, Глигор Циклев, Мите Соколарски и други, во мај 1923 преминале во Вардарскиот дел од Македонија и се ставиле во служба на Кралството на СХС во борбата против ВМРО. (Д. Пачемска Петреска, исто, 62.)

[131] Г. Баждаров, исто, 132.

ти... Во април месец 1924 г., раководното тело на Илинденската организација излезе во в. „Илинден“ со еден меморандум, напишан во болшевички, комунистички дух.“[132]

Баждаров и Прличев, како задгранични претставници искажале незадоволство од тој меморандум нагласувајќи дека Илинденската организација не е создадена „за да води македонска политика“. Истовремено се слушало дека во Виена дошло до договор меѓу Централниот комитет на ВМРО, федералистите, Паница – д-р Атанасов и „московјаните“. Всушност во Виена, по долги преговори, бил потпишан „Мајскиот манифест“, кој требало да означи обединување на македонското ослободително движење.[133]

Така преговорите со Советскиот Сојуз завршиле со потпишување на неколку документи во април и мај 1924 година во Виена, и тоа: „Декларација на ЦК ВМРО во однос на обединувањето на македонското револуционерно движење“,[134] „Протокол за обединување на македонското револуционерно движење“,[135] „Манифест кон македонскиот народ, кон организираното револуционерно население во Македонија и кон македонските револуционери“[136] и „Декларација на македонската парламентарна група, составена од ЦК ВМРО“.[137] Во сите овие документи, а особено во „Мајскиот манифест“ од 6 мај 1924 година, кој бил изработен за објавување и за запознавање на македонската емиграција во Бугарија и македонскиот народ, била изложена новата ориентација на ВМРО врз база на обединување на македонските национални революционерни сили во единствен македонски революционерен фронт за „ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија во една наполно независна и самостојна политичка единица во нејзините природни, географски и етнографски граници.“[138]

Во виенските документи, меѓу другото, се барало од македонските револуционерни сили да ги прекинат врските со бугарската влада. Токму затоа, според П. Шатев, Т. Александров ги држел во најстрога тајност преговорите со Русите. Тие се криjат „строго од Баждаров, Кирил Прличев, Дрангов, Чкатров, Јордан

---

[132] Исто, 135.

[133] Види за тоа: *Историја на македонскиот народ,* том 4..., 327–338.

[134] *Александър Протогеров...,* 205–206.

[135] Исто, 207–208.

[136] Исто, 209-215.

[137] Исто, 217-220.

[138] Д. Влахов, *Мемоари...*, 235–242.

и др., кои беа крајни националисти и имаа тесни врски со бугарската полиција и дворецот.“[139]

По потпишувањето на документите, во мај, во Софија, прв пристигнал Протогеров. Тој не сакал да им кажува за деталите од договорот на Баждаров и Прличев, со објаснување дека подробно ќе бидат информирани од Александров. Баждаров имал мошне непријатно чувство од сето кое го наслушувал околу договорите со Паница, федералистите, „московјаните“. Во исто време, Илинденската организација се подготвувала за конгрес. „Занковци – Арсениј Јовковци и компанија се држеа дрско кон Задграничното претставништво, коешто беше најкомпетентно за организационите дејства зад границата. Тие си дозволија работи, коишто го водеа кон лош пат македонското ослободително движење, откако беа излегле од рамките на уставните надлежности на нивната организација.“[140]

Во истиот период, Протогеров ќе замине за Петричкиот округ, па во тие рамки Баждаров го замолил да разговара со А. Василев и Г. Атанасов за да ги вразумат раководителите на Илинденската организација. Но, иако дал ветување, Протогеров не се заложил околу обезбедувањето на гласови од Петричко, така што листата на Задграничното претставништво на Конгресот во Пловдив била поразена за неколку гласа.

Во почетокот на јуни 1924 година, Александров се вратил во Софија и таму го видел текстот од Манифестот чии одделни точки можеле да се толкуваат како болшевизација на ВМРО. Александров реагирал уште претходно на нацрт-документот изготвен од Д. Влахов, така што во писмото до К. Прличев и Г. Баждаров од 1 јуни 1924 година се пожалил дека П. Чаулев и А. Протогеров „не се труделе да се поправат некои „јавни лаги“ што се однесувале на ВМРО и не спречиле работи кои би ја претвориле „ВМРО во комунистичка организација и во орудие на Москва“.[141]

За поимањето на македонската десница, „Мајскиот манифест“ бил составен „пренагласено комунистички“, така што не ќе биде прифатлив за Александров, а многу непријатно ќе биде изненаден и Георги Баждаров. Откако ги прочитал документите, Баждаров кажува дека бил „зашеметен“, оти допуштал Протогеров да биде поведен, но не и Александров.

[139] П. Шатев, *Полициско досие,* том 4, предговор и редакција З. Тодоровски, Скопје 2013, 86.

[140] Г. Баждаров, исто, 136.

[141] *36 їодини във ВМРО...,* 466.

„Бев кај Тодора дома... кога ги читав тие работи. Откако завршив, му кажав: „Тодоре, вие сте ја болшевизирале ВМРО. Вие сте ја дале на служба на III интернационала. Јас во таква Организација не учествувам. Од денес мене ме нема таму!“ Засрамен, измачен, со погледот кон земјата, Т. Александров има доблест да признае дека направиле една капитална грешка која треба да се поправи...“[142]

Во преговорите при потпишувањето на документите, Тодор Александров барал рок од најмалку еден месец за објавување на Мајскиот манифест, за да го сондира мислењето во раководството на Организацијата, давајќи до знаење дека сакал Манифестот да го стави на разгледување на Општиот конгрес на ВМРО.



Петар Чаулев



Димитар Влахов

На 1 јули 1924 година во Софија се одржала средба членовите на ЦК – Протогеров и Александров со задграничните претставници Баждаров и Прличев. На средбата, Баждаров повторно ги изложил штетите од Виенскиот договор и за македонското революционерно движење и за Бугарија, сметајќи дека тоа било „смртен скок за ВМРО“. Александров и Протогеров се согласиле да се повикаат Влахов и Чаулев со посредство на Задграничното претставништво кое било задолжено за надворешните работи.

За да се отстранат непријатностите како околу договорот така и од некои недамнешни убиства кои ги извршиле членови на ВМРО без знаење на раководството,[143] Баждаров бил задолжен

[142] Г. Баждаров, исто, 138.

[143] Имено, без знаење на Александров и без знаење на ЗП, Иван Михајлов наредил да се убие Петко Д. Петков, син на поранешниот претседател на бугарската влада Димитар Петков. П. Петков бил убиен на 14 јуни 1924, на ул.

да напише една декларација која не била за објавување, но се носела „на читање“ кај министри, шефови на политички партии и директори на весници. Меѓу другото, во текстот се нагласува дека ВМРО е национална Организација која се бори за лични, човечки и граѓански права, за слободна културна самоуправа на народностите и политичко самоуправување на Македонија.

И покрај настојувањето на Александров да не се брза со публикувањето на Манифестот, по иницијатива на Димитар Влахов и Петар Чаулев, а под притисок на претставниците на Советскиот Сојуз и БКП, тој бил објавен во првиот број на весникот „Балканска федерација“ на 15 јули 1924 година.[144] На 28 јули весникот пристигнал во Софија. Органот на Илинденската организација – „Илинден“ го препечатил манифестот во 6 000 примероци, од кои дел биле конфискувани од софиската полиција, а дел успеале да ги распространат.[145] Всушност, најверојатно е дека Манифестот требало да го компромитира Александров и ВМРО и да го намали нивното влијание за сметка на левицата. [146]

„Манифестот, чисто комунистички по содржина и дух, дејствуваше како бомба сред бугарското општество и врз владата. Ние со него ги губевме симпатиите на сите демократски бугарски партии и средини, на сите културни и патриотски организации, на целиот бугарски народ, со исклучок комунистите. Требаше брзо да се дејствува.“[147]

Наспроти Баждаров, на другата страна, давајќи високи оцени за Манифестот, Димитар Влахов наведува дека објавувањето на тој документ предизвикало силно воодушевување и одобрување од Македонците во Бугарија и раздвижување на левицата во

„Московска“ во Софија. Исто така, двајца терористи на ВМРО, на своја рака, во Борисовата градина го убиле евреинот Ешкенази и неговото дете. За овие убиства не знаел ниту ЦК, ниту ЗП, а сепак со нив се посеало семе на одредено сомневање меѓу Протегеров и Александров дека работат нешто на своја рака итн. (Г. Баждаров, исто, 136-137.)

[144] Д. Влахов, *Мемоари*,... 247.

[145] По ова, Т. Александров станал уште порешителен да се тргне А. Јовков од редакцијата на весникот и од раководството на Илинденската организација. (Д. Пачемска Петреска, исто, 77.)

[146] Димитар Влахов му се доверил на Ризо Ризов дека советскиот претставник Черски најмногу настојувал да се публикува Манифестот „за да ги компромитира (Александров и другите) пред бугарските власти и на тој начин да ги има наполно покрај себе“ (ДАРМ, Потписник 1, бр. 23, Извод од изјавата на Ризов Коста Ризо, 36, според: З. Тодоровски, *Автономистичката ВМРО*..., 238.)

[147] Г. Баждаров, исто, 142.

македонското револуционерно движење. Паралелно со тоа одело и зближувањето и честите контакти со БКП.[148]

Исплашен за иднината на ВМРО, Баждаров (кој имал изразита анимозност кон комунизмот, кон левицата, а во тие рамки и кон серчаните)[149] составил проект за декларација од име на ЦК, со која се одрекувал Манифестот. Текстот го прочитал пред дејците на ВМРО Н. Милев, Г. Кулишев, К. Прличев, Ј. Бадев и Н. Томалевски, кои го одобриле и отчукан на машина го испратиле до Александров и Протогеров кои тогаш престојувале во Петричкиот округ. Баждаров кажува дека во неа намерно вметнал дел од Декларацијата на ЦК издадена во септември 1923 година, која главно ја составувал Димитар Влахов (иако текстот го поправале Прличев и Александров), бидејќи тогаш Баждаров престојувал во Варна. Во останатиот дел од текстот се повторувале мисли од Декларацијата од 10 јули 1924 година.[150] Тука бил нагласен ставот на ЦК ВМРО, односно јавното дистанцирање на Протогеров и Александров од политичкиот живот на Бугарија, заканувајќи се дека ВМРО ќе се бори со сите сили и средства против оние кои ќе го злоупотребат нејзиното име и престиж.[151]

„Сите договори, направени во Виена, паѓаа, но ВМРО беше спасена од болшевизирање. П. Чаулев се отцепи од Ал. Протогеров и Т. Александров, Д. Влахов исто се оддели од нас и сите тие со Паница, Сл. Иванов и д-р Филип Атанасов станаа болшевички слуги.“[152]

Проект-декларацијата потпишана од Александров и Протогеров била разделена на бугарските весници и на странските кореспонденти. Всушност, под притисок на бугарската влада, но и заради поставеноста на ВМРО и нејзините цели и принципи, Тодор Александров и Александар Протогеров со Декларацијата на ЦК ВМРО од 1 август 1924 година[153], јавно се откажаа од своите потписи на Манифестот.[154] Со тоа пропаднал и последниот обид за

---

[148] Д. Влахов, *Македонија: Моменти од историјата на македонскиот народ,* Скопје 1950, 307.

[149] П. Шанданов, *Спомени,* предг. и ред. З. Тодоровски, Скопје 2002, 157.

[150] Г. Баждаров, исто, 144.

[151] *Тодор Александров, Сè за Македонија...,* 357–361.

[152] Г. Баждаров, исто, 142.

[153] ЦДА, ф. 1685 к, оп. 1. а.е. 16, л. 1–2.

[154] Според Шанданов, Александров лесно ја потпишал Декларацијата, бидејќи фактички тој не го ставил својот потпис на Манифестот. (П. Шанданов, исто, 119.)

обединување на македонските сили во единствен револуционерен фронт кога веќе била подготвена платформата на новата ориентација на македонското револуционерно движење.

Баждаров, спокоен дека е „спасена“ ВМРО. заминал на одмор во Варна. Пред тргнувањето имал средба со Александров, кој се жалел дека со задоцнување го добил соопштението за Конгресот на Струмичкиот револуционерен округ и сметал дека тоа задоцнување е направено со умисла. За тоа го обвинувал Протогеров, но немало сомнение дека зад таквата постапка стоеле Алеко Василев и Георги Атанасов. Притоа Александров прашал дали верува во можноста на едно посегање „од Алековци против него“. „Му одговорив дека не ми се верува до таму да отидат, но дека се држат лошо, арогантно, најмногу кон нас задграничните претставници, беше очигледно... Но, за секој случај му кажав на Тодор да преземе веднаш мерки на претпазливост. Тоа ми беше последната средба со Александров кон 7 или 8 август.“[155]

По средбата со Александров, Баждаров тргнал за Варна, каде што останал до 1 септември, а потоа преку Бургас на 3 септември се вратил во Софија. Но, во Варна, го чекало ново неспокојство поради настапот на Г. Занков, претседател на раководното тело на Илинденската организација на 2 август 1924 година. Имено, Занков во својот свечен говор се искажал во „смисла дека од Исток, од Москва, ќе дојде слободата на Македонија“, на кое „ракоплескале комунистите“. Вознемиреноста кај Баждаров се зголемила кога видел дека една „црвена брошура“ за Илинденското востание од Димо Хаџи Димов се распространувала во Варна. Михаил Николов, претседател на Илинденската организација, го убедувал Баждаров дека брошурата пристигнала заедно со весникот „Илинден“ и дека нејзиното ширење било приватна работа. Но, за Баждаров сојузот на илинденците, во лицето на раководното тело, со комунистите бил очигледен. Така одморот му бил исполнет со големо неспокојство и гнев поради „комунистичкиот вирус“. На 31 август, непосредно пред да ја напушти Варна, бил поканет од Братството во Варна, каде што држел предавање за македонското прашање. Тој не знаел каква драма истовремено се одигрувала близу с. Лопово, Мелничко, каде што бил убиен Тодор Александров и неговиот телохранител Панзо Зафиров.

По откажувањето од потписите на Мајскиот манифест од страна на Александров и Протогеров, во редовите на Организацијата настапила внатрешна криза и атмосфера на недоверба меѓу

[155] Г. Баждаров, исто, 145.

членовите на нејзиното раководство. Искористувајќи ги внатрешните судири во Организацијата, бугарската влада со помош на воените кругови и министерот на војската Иван В'лков, веројатно преку Иван Михајлов, дотогашен секретар на Тодор Александров, гледајќи во него нов водач на Организацијата и лојален спроводник на нејзината политика, го организирала убиството на Тодор Александров, на 31 август 1924 година. [156]

Обидите на Александров во последниот период да ја претстави ВМРО пред светската јавност како независна од бугарскиот фактор, веројатно биле предупредувачки сигнал за одредени кругови во Бугарија дека тој како личност почнал да станува опасен за бугарските државни интереси во однос на македонското прашање и затоа како таков требало да се елиминира.[157] „Убиството на Александров, на владата ѝ дојде како добредојде. Ем се отарасија од него, ем не се компромитираа."[158]

Убиството било добро изрежирано политичко сценарио, бидејќи Александров бил убиен во присуство на членот на ЦК ВМРО, Александар Протогеров, за вината да се насочи кон него и кон левицата на ВМРО. Раководството на Организацијата го криела убиството до 12 септември за да се пресмета со убијците и со сите левоориентирани припадници на македонското ослободително движење.

На 3 септември Баждаров пристигнал во Софија. Истиот ден Кирил Прличев добил телеграма потпишана од Протогеров и Александров во која го повикувале него или Баждаров, Иван Михајлов и Панчо Михајлов да одат во Мелничко. Бидејќи Баждаров тукушто пристигнал од Варна, во Мелничко тргнал Прличев со другите. Никој од нив сè уште не знаеле дека во меѓувреме е убиен Тодор Александров. Тажната и потресна вест, Баждаров ја разбрал од Наум Томалевски, кој ноќта на 6 септември, растревожен, „со насолзени очи", дошол во неговиот дом. „Излеговме по ули-

---

[156] З. Тодоровски, *Тодор Александров...,* 289–292; В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 240–250; К. Палешутски, *Македонското освободително движение 1924–1934,* София 1998, 8–17; Д. Добринов, *Последният цар на планините,* София 1992, 130–133.

[157] Високите државни кругови во Бугарија особено биле вознемирени од идејата за автономија на Македонија, која сè поубедливо ја пласирал Александров. (*Английски безпристрасен глас за Македония, Какво казва генерал С.В. Томпсън,* Тодор Александров-Непубликувани спомени, документи и материјали, София 2002, 118.)

[158] П. Шатев, *Полициско досие, ...,* 93.

ците – беше околу 6 часот утрото. Ги набројувавме убијците: едни беа во Софија, други во Петричкиот округ, трети во Виена...“[159]

Во меѓувреме бил погребан Тодор Александров близу црквичката „Св. Илија“ до селото Сугарево. Кирил Прличев и Иван Михајлов одржале посмртни слова. На погребот и опелото присуствувале делегатите на IV конгрес на Серскиот револуционерен округ, како и Иван Михајлов, Михаил Монев, Панчо Михајлов и Никола Велев.

## Георги Баждаров во ВМРО – протогеровистичка

На 7 септември 1924 година. во Софија пристигнал А. Протогеров. Баждаров веднаш отишол да се видат, при што Протогеров му кажал дека Штерју Влахов и Динчо Вретенаров го убиле Тодора од одмазда.[160] Сепак, Баждаров бил убеден дека убиството на Александров не е лична одмазда и дека зад убијците стојат други, поголеми лица. Истото мислење го имале и Кирил Прличев, Панчо Михајлов, Иван Михајлов.[161] Одговорите на Протогеров оставиле извесен сомнеж кај Баждаров дека можеби и тој учествувал во заговорот.

„Тоа сомнение им го пренесов на Прличев и Ив. Михајлов. Решивме да ги откриеме и казниме заговорниците без знаење на Ал. Протогеров. Се сомневавме дека доколку е соучесник, ќе ги издаде нашите намери и со убијците ќе преземе контра мерки.“[162]

За реализација на планираната одмазда, го повикале Иван Караџов[163] од Горна Џумаја каде што бил назначен од страна на

---

[159] Г. Баждаров, исто, 146.

[160] *Александър Протогеров, генралът – воУвода*, ..., 79-80.

[161] Наспроти нив, Павел Шатев смета дека Штерју го убил Александров за да се спаси себеси („за сопствената си кожа“) бидејќи „нешто се спречкале“ со Александров. „Инаку Александров беше строг, со челична волја“). (П. Шатев, исто, 93.)

[162] Г. Баждаров, исто, 147.

[163] Иван Караџов (8.12.1875, с. Лешко, Горноџумајско – 26.5.1934, Горна Џумаја), деец на македонското ослободително движење. Учи во Солун, каде што станува член на ВМОРО. Ја завршува Императорската пејачка школа во Санкт Петербург. Учителствува во Солунската гимназија, во Скопје, Сер и на други места, а од 1913 до 1930 година учителствува во Горна Џумаја. Бил доброволец во Балканските војни. Близок придружник на Т. Александров. Зема учество во Горноџумајските пресметки (септември 1924). Во 1928 година е избран за член на Централниот комитет на крилото на Иван

Александров за пунктов началник.[164] Така, Г. Баждаров со К. Пр-личев, И. Карацов и И. Михајлов решиле да се справат со оние кои ги сметале за главни заговорници – Алеко Василев и Георги Атанасов, пред да биде одржан општиот конгрес на Организацијата. Бил прифатен предлогот на Баждаров акцијата да се спроведе итно и да се искористи најблискиот поволен момент.

Уште пред убиството на Александров имало договор меѓу него и Протогеров, по Серскиот окружен конгрес да се разгледа прашањето за односот на Раководното тело на Илинденската организација кон ВМРО и да се разјаснат улогите на Алеко Василев и Георги Атанасов и нивните врски со спомнатото тело. Сепак, Александров предлага дека е подобро Серскиот конгрес да се одржи пред да бидат повикани Илинденците на средба со нив.[165]

Покрај наведеното, во текот на август, раководните лица на Организацијата (ЦК и ЗП) решиле да испратат до Друштвото на народите во Женева еден поопширен и добро аргументиран мемоар од името на ВМРО. Александров имал намера есента да изврши неколку атентати на српска територија. За да не биде обвинета ВМРО од страна на европското јавно мислење, решиле пред тоа да испратат мемоар во кој ќе ги објаснат своите мотиви. Во текстот, акцентот бил ставен на тоа „да не се сфати како заплашување", дека неспроведувањето на договорите за малцинствата и забраните за легална борба, водат кон нелегални акции. Наум Томалевски бил задолжен да собере податоци и аргументи за отсликување на реалните состојби. Мемоарот, „еден вид молба" до Друштвото на народите, подготвен од Никола Милев, требало да се достави по повод годишното собрание на Друштвото во почетокот на септември 1924 година. Бидејќи Александров веќе бил мртов, неговиот потпис бил фалсификуван од страна на Ѓошо Гочев (кој го имитирал многу добро).[166]

---

Михајлов, но три години подоцна се откажува поради здравствени причини. Автор на музиката на песната „Тивок, бел Дунав се бранува" на стихови од Иван Вазов. (А. Г. Пелтеков, исто, 201-202; Белешки кон: Г. Баждаров, исто, 169.)

[164] Според Петар Шанданов, на 9 септември од Варна дошол Иван Карацов, кој имал функција на пунктов началник на ВМРО во Горна Џумаја. Во домот на Наум Томалевски му соопштиле дека Тодор Александров е убиен и погребан. Со него се договориле кога ќе оди во Горна Џумаја, да ја мобилизира градската милиција „и да ги држи на око своите најдоверливи луѓе". (П. Шанданов, *Спомени...*,142.)

[165] *Тодор Александров, Сѐ за Македонија...*, 997.

[166] Документот е публикуван под назив *Меморандум* во книгата: *Тодор Александров - Живот легенда*, София 1991, 150–223.

На 7 или 8 септември вечерта, Баждаров и Томалевски се собрале кај Никола Милев за да го доработат конечниот текст на најделикатното место во подготвуваниот мемоар. Баждаров и Томалевски се труделе да се однесуваат нормално и одлучиле таа вечер да не му кажат на Милев за убиството и смртта на Александров.

Во текстот на Мемоарот, меѓу другото се нагласува дека ВМРО чијашто историска мисија била да го заштитува македонското население, да му го гарантира мирот и слободниот развој „прва би се радувала на еден пресврт во внатрешната југословенска политика кон Македонија. Таа би била среќна да дејствува како легална партија за консолидацијата и за ширењето на федерираната југословенска држава во една конфедерација на сите балкански народи и во која обединета Македонија би била еден верен член. Задоволувањето на тие скромни барања..., би можело да даде мир во Македонија и спокојство на Балканот."[167]

Понатаму во Мемоарот се нагласува дека доколку исклучивата политика на Белград и Атина им ги откаже на Македонците елементарните права, коишто им се признати од договорите, ВМРО, откако пред владите и пред јавноста во сите демократски држави ќе ги изнесе желбите на Македонија, ќе продолжи со двојна енергија и со средствата кои ѝ се на располагање, да се бори за „триумфот на благородниот идеал за слобода, мир и балканско разбирање".

Во вториот дел од заклучоците, со еден пософистициран израз ги оправдувале планираните идни акции. Истовремено го превеле текстот на француски јазик.

За ден или два Баждаров заедно со Прличев оди повторно кај Милев, при што, Баждаров успеал многу дипломатски првин да го убеди да посредува за содејство на бугарските воени сили при расчистувањето со заговорниците и убијците на Александров. Поентата што ја потенцирал Баждаров била војската во Горна Џумаја да остане неутрална и да не ги попречи во спроведувањето на акцијата. Доколку, пак, заговорниците се обидат да дигнат бунт, бугарските воени сили да го задушат, бидејќи се спасувало од болшевизација не само македонското движење туку и Бугарија. На крајот му ја соопштиле тажната вест дека е убиен Александров. Така Баждаров го убедил дека „бунтот на Алековци и неговите луѓе бил бунт и против Бугарија", главно против Бугарија, бидејќи поробена Македонија тој не би ја засегнал.

[167] *Тодор Александров - Живот легенда*, София 1991, 222.

„Успехот на Василев, Атанасов и компанија би бил успех за комунизмот и би бил погубен за Бугарија. И навистина, при обидот на Пенков во Предел и на Ковачев во Банско да го дигнат народот, военитe сили помогнаа да бидат скршени тие обиди.“[168]

Физичките убијци на Александров - Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, биле убиени по опсадата во една куќа во Припечени од военото одделение. За нивното ликвидирање, Протогеров го пратил резервниот полковник Климент Крстев да побара помош од војската во Петрич.

Некаде на „8 или 9 септември се одржала средба со Ал. Протогеров во домот на Спиридон Велев“, на која присуствувале Баждаров, Прличев и Томалевски. Тука решиле: прво, Томалевски да замине со Мемоарот во Женева (датиран во август и со кривотворен потпис на Александров) и второ, да се повика раководното тело на Илинденската организација во Горна Џумаја и во присуство на Алеко Василев, Георги Атанасов, Александар Протогеров, Петар Шанданов, Јордан Ѓурков[169] и Панче Михајлов да се разгледа спорот со илинденците. Со доказите, кои фрлале сомнение за расколот на илинденците, требало да отиде или Кирил Прличев, или Иван Михајлов.

„А. Протогеров го прими тоа и другиот ден замина во Горна Џумаја, каде што беа Алеко и Атанасов. Сега при тоа собрание требаше да бидат убиени Алеко, Г. Атанасов, а потоа Г. Занков и Арсениј Јовков, чиешто учество во заговорот беше докажано, меѓу другото и од кореспонденцијата меѓу Г. Занков и П. Чаулев.“[170]

За време на договарањето кој треба да се ликвидира, при што Иван Михајлов побарал да се ликвидира целиот „џган“ сан-

[168] Г. Баждаров, исто, 153.

[169] Јордан Христов Ѓурков (13.10.1895, Штип, 8.2.1931, Софија). Учи во родниот град и завршува Егзархиско педагошко училиште (1912). За време на Балканските војни бил доброволец во Македонско-одринското ополчение. Во 1913 стапува во военото училиште во Софија. Бил командант на чета во Единаесеттата македонска дивизија. Демобилизиран е со чин капетан во 1921 година, по кое оди во Виена каде што учи трговија. Учествува во активностите на Сојузот на македонските организации во странство. Се вклучува во дејноста на ВМРО. На Шестиот (19125) и Седмиот (1928) конгрес е избран за резервен член на ЦК. Бил определен да ги проследува противниците на ВМРО во с. Дабница (1925). Од 12 февруари 1926 е полномошник на ЦК ВМРО во Пиринскиот крај. По убиството на Протогеров, останува приврзаник на И. Михајлов. Убиен е од групата на Петар Шанданов. Се среќава под псевдонимите: Еделвајс, Јосиф, Радиков. (И. Гаджев, исто, 431.)

[170] Г. Баждаров, исто, 148.

данисти како заговорници на убиството на Александров, самиот Петар Шанданов забележува: „Георги Баждаров, Прличев, Протогеров, Иван Михајлов, Ѓурков и Дрангов, кои беа задоени со една сатанска омраза спрема поранешните „серчани“ од крилото на Јане Сандански, инсистираа по секоја цена да се ликвидира овој џган, зашто се претпоставуваше дека едни од главните виновници за убиството на Тодор се привржаниците на санданистите во Петричко, како одмазда за Јане Сандански.“[171]



Наум Томалевски и неговата сопруга, Петар Шанданов и Јордан Ѓурков

Петар Шанданов остро се противставил на ваквата генерална оцена, бидејќи сметал дека не треба на таков начин да се ликвидираат идејните противници. Сепак, Баждаров на многу дипломатски начин го оправдувал И. Михајлов (дека погрешно се изразил кога кажал оти „еднаш засекогаш треба да се ликвидира овој џган – санданистите“ и ги убедил да се согласат да биде казнет со смрт секој за кој ќе се докаже вмешаност во подготовката на убиството.[172] Така, Шанданов се согласил да се казнат со смрт заговорниците, но не да се ликвидираат „серчани“.

„Тогаш овој предлог на Баждаров се прифати, но на мое големо огорчување, тоа воопшто не се запази туку пријателите на Сандански низ Петричко биле убивани од Иван Михајлов без ни-

[171] П. Шанданов, *Спомени...,* 157.

[172] Сепак, постојат сомневања дека без цврсти докази се извршени убиствата. (И. Гаджев, исто, 389–399.)

каква пресуда, само затоа што некогаш му припаѓале на крилото „серчани“.“[173]

Баждаров, меѓу другото, наведува дека постоел извесен сомнеж околу тоа какво држење ќе има Панчо Михајло: дали ќе биде лојален или ќе се придружи кон Алеко и пријателите. Имено, во проектот за Уставот и Правилникот на Алеко Василев и Георги Атанасов се предвидувал петочлен централен комитет, па веројатно овие би му понудиле на Панчо да биде еден од членовите на ЦК. Затоа бил пратен Баждаров да види што мисли и да го придобие за акцијата. Баждаров заедно со Томалевски го посетил Панчо Михајлов, кој бил решен во исказот дека зад физичките убијци на Александров стојат А. Василев и Г. Атанасов и се согласил да учествува во нивното ликвидирање.

На 9 септември, Иван Михајлов упатил писмо-покана до раководството на Илинденската организација за заедничка конференција на ВМРО и илинденци, која би се одржала на 12 септември во Горна Џумаја. На 11 септември целото раководно дело на Илинденската организација и редакторот на в. „Илинден“ Арсениј Јовков заминале на закажаната конференција со раководните личности на ВМРО. Но, наместо конференција, се случиле горноџумајските убиства од страна на членови и терористи на ВМРО врз Алеко Василев и неговите блиски соработници од Пиринска Македонија и врз членови на раководството на Илинденската организација. Планираното ликвидирање и на Александар Протогеров, обвинет за убиството на Тодор Александров, не било извршено поради спротивставување на дел од старите револуционери од ВМРО.

При организирањето на убиствата, Иван Михајлов (бидејќи Прличев се разболел од тешка инфлуенција) откажал да оди за Горна Џумаја („се уплашил да не го убијат“), барајќи да замине на негово место Баждаров. Притоа, Баждаров кој не бил во ниту една од комисиите организирани за Горноџумајско, му кажал дека не е многу по „борбените работи“, додека, пак, самиот Иван Михајлов знаел да се фали со своите „терористички“ подвизи. Бидејќи И. Михајлов не можел да го „надитри својот учител“ – Баждаров, овој го советува „да го прати со документите Кирил Дрангов и да каже, дека тој и Прличев се болни и не можат да одат. Ив. Михајлов ми раскажа насамо како го убедил Кирил Дрангов да оди и да го потегне куршумот на Алеко.“[174]

---

[173] П. Шанданов, исто.

[174] Г. Баждаров, исто, 150.

Кирил Дрангов, како млад ентузијаст во Организацијата, во летото на 1924 година се лекувал во Мелничко и таму ги гледал Алеко и Атанасов како „со организациони средства“ возат автомобил и се расфрлаат и за тоа со писмо го информирал Тодор Александров. Иван Михајлов го потсетил Дрангов дека е можно тој извештај по убиството на Александров да го зеле со себе атентаторите, односно дека „го читаат Алековци“. Така Кирил Дрангов се согласил да го изврши атентатот. Пред неговото заминување, на 11 септември, на полноќ спроти дванаесетти, кај Баждаров дома доаѓаат П. Шанданов и И. Михајлов, при што Михајлов барал согласност од Баждаров да биде ликвидиран и Протогеров. Но, Баждаров бил категорично против тоа.[175] „Ме поддржа и П. Шанданов, кој буквално кажа: „Нема потреба да се убива Ал. Протогеров, преку живиот труп ќе поминам, за да ги казнам убијците“.“[176]

Баждаров се заложил да се поштеди Протогеров, бидејќи не било докажано неговото учество во заговорот („сомнението и претпоставката не се достаточен аргумент за подобни главоломни акции“). Исто така, Организацијата би останала формално без Централен комитет, или, поточно, Петар Чаулев требало да биде единствениот жив член од ЦК и „со најзаконска основа“ би можел да зборува пред светот од името на Организацијата.

За раководител на целата акција во Горна Џумаја бил определен Петар Шанданов.[177] На 12 наспроти 13 септември, доцна вечерта, во Горна Џумаја, во просторијата каде што заседавале раководните дејци на Илинденската организација и на ВМРО, пристигнал Кирил Драганов „со некаков пакет“ и соопштил, дека поради болест нема да дојдат Прличев и И. Михајлов. Тој успеал да истрела куршум во Алеко, кој бил убиен. Истовремено, во градот пристигнало засилување на воениот гарнизон и полицијата, која требало да ги поддржи четниците и терористите на ВМРО. За тоа Баждаров запишал: „Во соседните простории и куќи имало четници на Алеко и Атанасов и започнала меѓусебна престрелка. Од улиците, пак, пукаа наши луѓе, меѓу кои и стражари. Таму биле Ив. Караџов, Асен Даскалов, Црн Киро и други. Шанданов, Панчо Михајлов, Јордан Ѓурков, Дрангов и Протогеров слегле долу, ризикувајќи да бидат случајно погодени. Јордан Ѓурков... се пока-

175 Иван Михајлов ја опишува средбата, но тврди, дека на неа присуствувал освен Г. Баждаров, исто така, и К. Прличев. (И. Михайлов, *Спомени,* том 3, София 1998, 42.)

176 Г. Баждаров, исто.

177 Види подетално за тоа: П. Шанданов, *Спомени...,* 143–153.

жал најстрашлив... Уште во темнината, можеби беше 3 часот по полноќ, дома бев разбуден од Ив. Михајлов [и] К. Дрангов да ми соопштат за извршеното.“[178]

Откако го убил Алеко, Дрангов го насочил револверот кон градите на Протогеров, прашувајќи го кој го убил Александров. Таа произволна постапка, Баждаров смета дека веројатно е направена со подбуцнување на И. Михајлов. По тој настан, во повеќе наврати требало да го убедуваат Протогеров дека нема одлука за негово ликвидирање и дека тоа бил своеволен престап на Кирил Драгнгов.

Сепак, Иван Михајлов навистина предлагал да биде убиен Протогеров, но постарите кадри не го дозволиле тоа. Во првиот момент, Баждаров мислел дека Иван Михајлов во голем афект поради убиениот Александров искажал сомневања кон Протогеров, но подоцна сфатил дека сосема други причини, односно големата амбиција, стоела зад таквиот предлог да се елиминира членот на ЦК, во услови кога Чаулев немал поткрепа во ВМРО.

Во горноџумајските колежи биле убиени: Алеко Василев, Георги Атанасов, Георги Коларов, Георги Гевгелиски, членови и војводи на ВМРО во Петричкиот округ. Од Илинденската организација бил убиен А. Јовков. П. Ацев бил ранет, а Г. Занков одвај успеал да избега. Во наредните денови убиствата продолжиле во Горноџумајско, Разлошко, Светиврачко, Петричко и во други места. Биле убивани приврзаници на Алеко-паша, поранешни серчани и комунисти, сите обвинувани како заговорници против Т. Александров.[179]

Убиствата се пренеле и на улиците во Софија, Пловдив и на други бугарски градови. Така, на 13 септември, пред својот дом во Софија бил убиен идеологот на МЕФО и уредник на в. „Автономна Македонија“, судијата Владислав (Славчо) Ковачев.[180] Убиството го извршил атентатор на ВМРО, Мирчо Кикиритков од Штип. Само по неколку часа, истиот ден, паднал од терористички куршум и Димо Хаџи Димов, револуционер, идеолог на левицата во македонското национално револуционерно движење, кому-

[178] Г. Баждаров, исто, 151.

[179] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 250–259.

[180] Владислав (Славчо) Ковачев (Штип 1875 – Софија, 13.9.1924), адвокат и идеолог на македонското емигрантско федеративно движење. Ковачев е убиен пред својата куќа и пред двете малолетни деца од атентаторот Мирчо Кикиритков, член на ВМРО. (Исто, 259–262.)

нист, пратеник во Народното собрание во Софија и приврзаник на новата ориентација прокламирана со Мајскиот манифест.[181]

По извршените убиства во Горна Џумаја, првата работа која ја презеле раководителите на ВМРО било изнесување пред јавноста зошто сето тоа е организирано и извршено. Имено, бидејќи за убиството на Александров знаеле малкумина, Баждаров напишал коминике од името на ЦК во кое се соопштувало дека убиството на Тодор Александров е извршено на 31 август и дека неговите убијци се казнети на 12/13 септември. Коминикето Баждаров го испратил до А. Протогеров, а овој го попишал без двоумење. Така се давало „официјалност" на казнената акција, замислена и реализирана без Александар Протогеров. И покрај тоа, Иван Михајлов „се фалел, дека тој го организирал казнувањето на убијците". Според Баждаров, тоа било „колективно дело и по замисла, и по извршување". А за успешното извршување има дел, како што споменавме и еден државен фактор - бугарската војска во Петричкиот округ и административните власти во Горна Џумаја и воопшто во округот.

Така, во текот на септември, членови и терористи на ВМРО извршиле голем број убиства над припадници на Серската револуционерна група, македонски федералисти и комунисти. Според Павел Шатев, бугарската влада го искористила ликвидирањето на Александров, за да застане целосно зад Иван Михајлов, кој бил нивно „слепо орудие". „Тој ги слушаше и вршеше сè што ќе му речат, а таков човек им требаше. Така власта (*правителството*, б.м.), потоа почна да ги убива сите левичарски елементи Македонци, сите видни Македонци беа избиени, кои беа надвор од ВМРО. Убиствата ги вршеше и ги организираше владата и им ги припишуваше на Македонците. Сами Македонците се убиваат."[182]

Перфидно поттикнатата самоистребувачка војна меѓу Македонците сигурно била еден од начините да се обезглават македонското националноослободително движење и опасниот македонски „автономизам и сепаратизам".

Меѓу редицата македонски дејци, на 14 септември 1924 година, во Пловдив. паднал убиен Чудомир Кантарџиев, припадник

[181] Убиството го извршил Владимир Георгиев – Черноземски (Величко Димитров-Керин) кој подоцна, во 1934 година ќе изврши атентат врз српскиот крал Александар Караѓорѓевиќ. (Исто.)

[182] Бидејќи биле убиени многу Македонци, Павел Шатев се исплашил за својот живот и избегал од Бугарија во Турција, во ноември 1924 година, со помош на БКП. (П. Шатев, исто, 93-94.)

на револуционерите од Серскиот револуционерен округ, сандanист, комунист и приврзаник на одредбите на „Мајскиот манифест".[183] Само по неколку дена, на 17 септември, на падините на Пирин Планина, бил убиен Арсениј Јовков, кој како уредник на органот на Илинденската организација – „Илинден", на неговите страници го објавил Мајскиот манифест.[184]

По расчистувањето со заговорниците, Александар Протогеров и натаму останувал сомнителен, па се пристапило кон деталјно истражување на сите околности во кои бил убиен Александров и за евентуалната вмешаност на Протогеров, но и на Чаулев, „кој сам се исклучил од ЦК".





3
ЦПА, ф 229 оп 1 а. е. 61
1. Г. Баждарев
2 Синът му Димко
3 Томалевски
4 З. Попов
5. Секр. нац. к-т Кругльов
6 Цухленов
7 Собственикът на „Златна Рибка"

Георги Баждаров со раководни дејци на ВМРО на гробот на Тодор Александров (долу аверсот на фотографијата)[185]

[183] И. Гаджев, исто, 394–395.
[184] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 256.
[185] ЦДА, ф. 1935 к, оп.1., а.е. 61, 3 и 3а.

Откако се прибрале повеќе сведоштва, раководните кадри на ВМРО – Баждаров, Прличев, Иван Михајлов, Петар Шанданов, Јордан Ѓурков, Јордан Бадев, Ангел Узунов и Георги Поп Христов, внимателно ги разгледале и продискутирале околу нив. Во таа пригода, и покрај настојувањата на И. Михајлов да ги увери дека Протогеров е еден од заговорниците, Баждаров го изнесол ставот дека од дотогаш прибраните докази, не може да се обвини Протогеров. Истиот заклучок го донеле речиси сите, односно дека Протогеров не знаел за заговорот против Александров.

„Негова најголема вина во тој однос биле поплаките кои ги искажувал против Т. Александров пред Алеко Василев, Г. Атанасов, Занков, П. Ацев и др., па кај заговорниците се создавал впечаток, дека ако биде убиен Александров, Протогеров нема да реагира силно или ќе се помири со тој факт.“[186]

Истиот впечаток го стекнал и Баждаров при првата средба со Протогеров по убиството на Александров, дека овој нема намера да ги гони вистинските престапници кои стоеле зад физичките убијци. Создавајќи негативно расположение против Александров, како негов колега и член на ЦК, Протогеров имал „извесна морална одговорност за убиството на Тодора“. За разлика од Протогеров, соучеството на третиот член на ЦК, Петар Чаулев, било неоспорно за Баждаров. Поради „отцепувањето од своите другари од Централниот комитет“ ќе биде донесено решение на конгресите на Струмичкиот и Серскиот революционерен округ, дека тој „подлежи на најстрога казна“. Кога во декември 1924 година заседавал Конгресот на Солунскиот революционерен округ, на кој бил делегат и Баждаров, пристигнала вест дека П. Чаулев е убиен во Милано од атентаторот Димитар Стефанов.[187] Меѓу другото, Баждаров не можел да му ја прости на Чаулев поврзаноста со Влахов, со федералистичкиот центар на ВМРО во Виена и со Коминтерната, со тоа дека ѝ „се продал“ на Москва. Иако имале веќе одлуки од трите, од вкупно пет конгреси, за убиство на Чаулев, сепак требало да се почека на општиот конгрес.[188]

---

[186] Г. Баждаров, исто 155.

[187] Убиството на Петар Чаулев е извршено на 24 декември 1924 година по налог на Иван Михајлов во една кафеана во Милано, Италија. (В. Ачкоска, Н, Жежов, исто, 262–265.)

[188] Во една доверлива телеграма од 16.01.1925 година до бугарскиот ополномоштен министер во Рим, Г. Радев, се наведува дека една од причините за организирање на убиството на П. Чаулев била и таа што тој бил „пацифист“ и подготвувал публикување на документи што ќе ја демаскираат бугарската влада (ЦДА, ф. 176, Министерство на външните работи, оп. 5, а.е. 187, л. 57.)

По убиството на Тодор Александров, неговиот секретар Иван Михајлов и членот на ЦК ВМРО, Александар Протогеров, се ставиле на чело на Организацијата, продолжувајќи го нејзиното функционирање. Применатa на насилни мерки над македонските левоориентирани дејци уште повеќе ги приближила двајцата водачи на ВМРО со бугарските политички и воени кругови. Согледувајќи ја новонастанатата состојба, Протогеров предложил да се образува „привремено тело“ до избирањето нов ЦК на Општиот конгрес на Организацијата. Меѓутоа, Иван Михајлов, надвор од дотогашните правила, самоиницијативно се прогласил за секретар на ЦК ВМРО и во тоа својство започнал заедно со Протогеров да раководи и да ги потпишува сите документи во името на ЦК ВМРО.[189]

Затоа, една од најприоритетните задачи што биле поставени пред раководството на Организацијата, било формирањето и озаконувањето на нов ЦК ВМРО. Оваа задача им била дадена на ЗП ВМРО, односно на Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски. По извршените консултации со бугарските владини кругови и Воената лига, нивниот избор застанал на Иван Михајлов, кој уште по убиството на Александров бил определен за негов заменик. Тие сметале дека тој успешно ќе го продолжи неговиот курс и, како и дотогаш, ќе им биде послушен во спроведувањето на генералната политика на ВМРО. Една од определбите за Иван Михајлов да дојде на чело на ВМРО била и, меѓу другото, што тој бил ученик на Г. Баждаров и К. Прличев во Солунската гимназија.



Иван (Ванчо) Михајлов
во четничка униформа[190]

Наскоро, како што следеле настаните, тие ќе бидат измамени во своите оценки за послушноста на И. Михајлов. Всушност во случајот Иван Михајлов ќе дојде до прекршување на низа одредби од Правилникот на ВМРО.

---

[189] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934,* Скопје 1997, 23–24.

[190] Четничката униформа И. Михајлов ја користел само за сликање и пропаганда. (И. Гаджев, *Иван Михайлов – отвъд легендите,* ..., 15.)

Така, искусните организациони работници, Баждаров, Прличев и Томалевски, под влијание на личните особини на Иван (Ванчо) – како „амбициозност, упорност, младешка дрскост, така и од солидните врски, кои веќе ги создал кај владата и воените кругови како доверлив пратеник за специјални мисии на Тодор Александров. Тие се надеваат дека појавата на еден млад човек во раководството на Организацијата би можело да ја разведри напрегнатата состојба на судири на различните мислења во ЦК и ситни зајадливости.“[191]

До крајот на декември 1924 година биле одржани сите окружни конгреси на ВМРО, а претстоело свикување на Општиот редовен конгрес.

Притоа, повидните луѓе од врвот на ВМРО, како А. Протогеров, К. Прличев, Г. Баждаров, А. Узунов, Г. Поп Христов, Ј. Бадев, П. Шанданов, Ј. Ѓурков, П. Станчев, И. Михајлов, Н. Томалевски се договарале, прво, за составот на идниот Централен комитет и на идното Задгранично претставништво и, второ, да се приспособат стариот устав и правилник кон новосоздадената положба со поделбата на Македонија. Втората задача му била доверена на Баждаров кој требало да подготви предлог-проект. За таа цел му биле дадени проектите на Алеко Василев, Георги Атанасов и Александар Протогеров, усвоени на Струмичкиот револуционерен окружен конгрес и резолуцијата на Битолскиот окружен револуционерен конгрес. Баждаров не прифатил ништо суштествено од тие документи, бидејќи според него биле правени да се задоволат личности, а не во интерес на работата. Така, во струмичкиот проект се предвидувал петочлен централен комитет, „кога и при трочлениот само еден, ретко двајца, беа внатре и тоа за релативно кратко време, а камоли петмина, уште повеќе ќе се расправаат кој да влезе, кој да остане надвор. Би можеле да бидат и петмина, но доколку можеше да имаат петтемина или дури тројцата седиште негде внатре, во поробената Македонија под Грци или Срби, како кога Централниот комитет беше во Солун.“[192]

За основа на новиот Устав Баждаров ги зел Уставот и Правилникот од 1908 година, каде што внесол незначителни поправки, колку да ги приспособи за новосоздадената ситуација. Пред да замине на Конгресот, тој пред 10-12 делегати ги доставил измените, коишто биле одобрени.

---

[191] И. Гаджев, *Иван Михайлов – отвъд легендите,* том 1, ..., 206.

[192] Г. Баждаров, исто, 156.





Фотографија со посвета од братучедот на Г. Баждаров, 18 јануари 1925 година[193]

Во однос на составот на Централниот комитет, главниот спор бил дали да остане Александар Протогеров во него. По убиството на Александров во присуство на Протогеров, откако убијците на Александров го поштедиле Протогеров, Протогеров бил држен во извесна изолација од другите водечки дејци кое што го видовме при казнувањето на заговорниците - убиството на Алеко Василев и Георги Атанасов, како и казнувањето на другите. Баждаров бил против тоа Протогеров да остане во новиот состав на ЦК и своите аргументи ги изнесол пред Георги Поп Христов и Петар Шанданов. Истото мислење Баждаров го имал и при последното поголемо собирање за тоа прашање во домот на Јордан Бадев, каде што заседавале со: Н. Томалевски, К. Прличев, И. Михајлов, П. Шанданов, Јордан Ѓурков, Јордан Бадев, П. Станчев, Ангел Узунов.

„Најдолго и најаргументирано за да остане Протогеров во Централниот комитет, зборуваше Кирил Прличев. Тој беше поткрепен од Јордан Бадев, Ангел Узунов, Н. Томалевски. Кон нив после се присоединија Јордан Ѓурков, П. Станчев и јас.“[194]

Најупорен против изборот на Александар Протогеров бил Иван Михајлов, но, на крајот и тој се согласил, при што изјавил: „Добро, но да знаете, однапред дека никому нема да дозволам да прави интриги меѓу мене и Протогеров како колеги во едно тело - Централниот комитет. Лошото коешто сум го говорел, или сме го говореле за Протогеров, ќе си остане за нас и до Конгресот. По не-

[193] ЦДА, ф. 1932 к, оп.1., а.е. 61, 5а, 5б.

[194] Г. Баждаров, исто, 157.

говото избирање во ЦК, тој е тоа за сите вас, коешто ќе бидеме јас и Г. Поп Христов".[195]

Таквата изјава на И. Михајлов имала ефект и Баждаров бил уверен дека тој состав на ЦК добро ќе функционира, бидејќи се плашел дека ќе продолжи во поостра форма несогласувањето на кое бил сведок при односите меѓу Александров и Протогеров. Така еднодушно се согласиле околу предлогот за состав на ЦК: Иван Михајлов, Георги Поп Христов, Александар Протогеров, а резервни членови – Јордан Ѓурков, Петар Шанданов, Никола Василев. Истовремено се прифатил предлогот на Баждаров, доколку се откаже Протогеров, на негово место да биде кандидиран Петар Шанданов.

На истата средба ја определиле и кандидатската листа за составот на Задграничното претставништво – Кирил Прличев, Наум Томалевски и Георги Баждаров, а резервни членови – Јордан Бадев, Ангел Узунов и Тома Карајовов. Притоа, Баждаров се чувствувал презаморен и презаситен од долготo членување и активност во Организацијата и не сакал да влезе во ЗП.

„Во ВМРО сум влегол уште како ученик во петти клас. Сум ги преживеал тревогите со моралните потреси и физичките опасности на сите расколи и меѓусудири. Веќе не ми причинуваше задоволство да учествувам на чести состаноци, по потреба и без потреба, да погодувам каде завршува убедувањето кај соговорникот, каде почнуваат итрината и интересот... Ме одвраќаа многу случаи на неискреност, на завист, на бесполезна злоба зад грб, па и на сплеткарење."[196]

Баждаров, меѓу другото, се преиспитувал дали некој од другарите се сомнева во искреноста на неговото одбивање да биде задграничен претставник, односно дека таквиот негов став го толкувале како обид да го испита пулсот на другите. Но тој, „најискрено" не сакал пак да се впрегне „во таа тешка, полна со одговорности, со ризик и со малку шанси за успех, работа". Откако сите едногласно се изјасниле, Баждаров сепак ја прифатил предложената кандидатура за член на ЗП.

„Сфатив дека тоа не е молба кон мојата личност, туку повик за исполнување на долгот кон татковината и прифатив да бидам кандидиран и избран со магливо претчувство, дека ме чекаат нови страдања, можеби поголеми од сите дотогашни."

---

[195] Исто.

[196] Г. Баждаров, исто.

Во договорите околу формирањето на раководните тела, Баждаров заедно со Кирил Прличев, го посетиле Протогеров да ја испитаат „силата на неговите претензии“. Притоа, му објасниле дека доколку поради годините не може да биде како член на ЦК внатре, да го изберат за задграничен претставник. Но, Протогеров изјавил дека има уште сила да се бори и дека ако е за влегување внатре ќе отиде дури и како „прост редник или обичен војвода“.

„Ал. Протогеров... влезе со чета внатре и се врати болен од тифус во летото на 1925 г.[197] Не го повтори тоа, но пак најмладиот Ив. Михајлов ниту еднаш не се обиде да отиде во поробена Македонија.“[198]



ВМРО на конгрес во Србиново, Благоевградско[199]

Поради претстојниот Општ конгрес (Шести конгрес на ВМРО), речиси сите војводи-делегати се прибрале во Бугарија и го чекале свикувањето на Конгресот, односно местото и датумот на неговото одржување. Привремено, до Конгресот, Организацијата ја раководел А. Протогеров, бидејќи Петар Чаулев „застранил“ и се приклонил „кон болшевиците во Виена“. Протогеров приврe-

[197] Александар Протогеров заедно со четите на В. Ихчиев, Ст. Вардарски, Ат. Калчев и К. Попатанасов преминал во Вардарска Македонија на 20 јули 1925 година, со цел да изврши инспекција на каналите на ВМРО и да одржи заседание на Битолскиот округ во Охридско. По патот тој тешко се разболува и се враќа во Бугарија, носен на носилка од четниците. Другите чети се расколебале, не го преминале Вардар и се вратиле назад.

[198] Г. Баждаров, исто, 158.

[199] Меѓу учесниците се А. Протогеров, И. Михајлов, Х. Татарчев, Г.П. Христов, Ст. Филипов, А. Узунов, Крапчев. (ЦДА, ф. 1935 к, оп. 1, а.е.60, 9.)

мено го назначил за писар Иван Михајлов, како близок човек на Александров.

„Тоа беше противуставно бидејќи требало или тој сам да раководи, или пак заедно со претседателите на окрузите. Тогаш за задгранични претставници поминаа Георги Баждаров и Кирил Прличев. Тие за такви беа назначени од Тодор Александров, како и Димитар Влахов во Виена.“[200]

По нивна иницијатива, за време на зимата, се одржале претходни собранија од делегатите, на коишто биле разменети мисли за претстојниот Општ конгрес. Се изработил дневен ред, така што се правеле сондажи за членови на идниот ЦК ВМРО. Во однос на Иван Михајлов, бил направен уште еден намерен привид, уште едно отстапување од „традициите од минатото на ВМРО“, кое ќе излезе „неуспешно и штетно за делото“. Така, И. Михајлов влегол во комбинацијата за член на ЦК, иако никогаш со пушка не згазнал во Македонија.[201]

Конгресот бил свикан во февруари 1925 година во с. Србиново, во близина на Симитли, Горноџумајско, во Македонија под бугарска власт и на него според Христов учествувале 36 делегати.[202] Баждаров наведува дека Конгресот заседавал помеѓу 7 и

[200] Исто, 122.

[201] Според Поп Христов „по старшинство и по способност“ имало други, коишто биле покорисни за делото внатре, но за И. Михајлов се направил исклучок заради следниве причини: прво како најблизок на Т. Александров и второ – како централна личност во младешката организација, кој би внесол едно подмладување во идното раководство на ВМРО, и трето – заблудата, дека тој најдобро и најдостојно ќе го замени Т. Александров во секој поглед. „Тоа, вели Поп Христов, ме натера и јас да се согласам и да влезам во таа комбинација... Пак и мнозина го примија однапред тој предлог без да се држи строго, дека член на ЦК може да биде само оној, што бил внатре и што минал низ сите етапи на движењето...“ (Исто, 121.)

[202] Георги Поп Христов наведува дека од Битолскиот революционерен округ покрај него биле: „П. Шанданов, Ал. Стефанов, Крум Петишев, Ване Стојанов, Силко Цветков, Тале Христов, Наум Томалевски, Јордан Бадев, Ангел Узунов, Петар Костов – Пашата, Јордан Ѓурков на местото на откажан делегат – вкупно 12 души. Од Скопскиот округ: Крсто Лазаров, Ив. Брло, Мито Опилски, Вилечко, Ив. Михајлов, Петар Стојчев и Ефтим Полски. Од Солунскиот округ: Мишо Шкартов, Кирил Прличев, Борис Изворски, Аргир Манасиев, Георги Гевгелиски, Григор Џинџифилов, Илија Докторов и В. Ихчиев. Од Серскиот округ: Георги Баждаров, Стојан Филипов, Ив. Вапцаров и Ив. Попов. Од Струмичкиот округ: Георги Вандев, Ефтим Ценов и Никола Василев. Вкупно 36 делегати“. (*Революционната борба в Битолския окръг, Спомени на Георги Попхристов,* 121-122).

11 февруари[203] и дека заедно со Протогеров учествувале 41 делегати.[204] Конгресот го отворил Аргир Мансиев, како најстар делегат, а претседавал Ангел Узунов. Биле одредени и двајца од младите да водат стенограми (Пано Поп Пандов и Страхил Развигоров), но се покажале „недобросовесни“ и „ништо не излезе од нивните стенограми“. Обезбедувањето на Конгресот му било доверено на Дончо Чокаринов.

Баждаров го прочитал извештајот – „политичкиот отчет“ на Централниот комитет и Задграничното претставништво од 1908 до 1925 година, т.е. за 17 години, откога не бил одржан Општ конгрес. Тој извештај бил „краток, општ“, составен од Баждаров, а одобрен од Прличев и Протогеров. К. Прличев го поднесол подготвениот од него воен отчет, а А. Протогеров финансискиот отчет. Н. Томалевски го прочитал извештајот за убиството на Тодор Александров. „Сметките на Ив. Михајлов, како пунктов во Софија и секретар на Задграничното претставништво, беа збркани, но поради уважителни причини, другарската солидарност, ги прифативме teis queis.“[205]

Извештаите биле прифатени по куси дискусии, но по режија на И. Михајлов, повторно се подигнале сомненија против Протогеров за убиството на Александров. Тоа, како и добрата агитација на Иван Михајлов придонело Протогеров да биде избран со далеку помал број гласови, за разлика од Михајлов за кого гласале сите присутни. Така Иван Михајлов, „млад и неискусен од пунктов во Софија“, веднаш се издигнал на највисокото стапало на ВМРО.[206] „После, се разбра, дека Ал. Протогеров добил помалку гласови, благодарение на агитацијата на Ив. Михајлов меѓу некои од скопските и битолските делегати да не гласаат за Протогеров, та да биде избран, но со намалени гласови. Тоа беше нелојално од страна на Ив. Михајлов.“[207]

---

[203] Селото Србиново денес го носи името Брежани, а било преименувано во 1934 година.

[204] Од Битолскиот округ биле избрани единаесет души, од Скопскиот – седум, од Струмичкиот – четири. Од Серскиот до последен момент бројот не им бил уточнет. (К. Палешутски, исто, 23). Како новинари присуствувале Петар Мрмев и Христо Шалдев, како претставник на надворешната политика Тома Карајовов и Михаил Монев и неколку души од младешката организација. (*Революционната борба в Битолския окръг, ...* 122.)

[205] Г. Баждаров, исто, 158.

[206] *Революционната борба в Битолския окръг, ...* 123.

[207] Георги Поп Христов наведува дека во текот на трите години поради убиството на Тодор Александров, Иван Михајлов негувал „една прикриена омраза

Најмногу време било посветено на измените во Уставот и Правилникот, чиј известувач и бранител бил Баждаров. Исто така, Баждаров имал „главно учество“ во составувањето на политичките резолуции. Тој ја составил и Резолуцијата за тактиката на ВМРО.

На Конгресот биле избрани раководните тела на ВМРО, и тоа Централен комитет во состав: Иван Михајлов, Георги Поп Христов и Алексндар Протогеров и резервни членови за ЦК - Петар Шанданов, Јордан Ѓурков, Никола Василев и членови на Задграничното претставништво Кирил Прличев, Георги Баждаров и Наум Томалевски и резервни - Тома Карајовов, Јордан Бадев и Ангел Узунов.

„Имаше и едно решение, дека по сите поважни прашања, ЦК ќе се советува со резервните членови на ЦК, а Задграничното претставништво со резервните членови на ЗП. Тие 12 души, значи, пак заедно собрани, формираа еден вид виш совет на ВМРО.“[208]

Информацијата за изборот на ЦК во средствата за информирање ја дава Георги Баждаров. Негова е редакцијата дека само Иван Михајлов е избран со полно мнозинство. „Значи ЗП исцело застанало зад Иван Михајлов“,[209] што значи дека Баждаров во своите спомени од одредена дистанција дава нови оцени за личноста на Иван Михајлов.

Според Уставот и Правилникот усвоени на Конгресот, целта на Организацијата е „да ја обедини разделена Македонија во нејзините географски граници и да извојува нејзина целосна политичка автономија (самоуправување)“. [210]

Организацијата ја задржала поранешната поделба на целата територија на револуционерни окрузи: Битолски, Скопски, Солунски, Серски и Струмички. Но, била направена и една реорганизација на дел од Серскиот и Струмичкиот округ. Имено, ре-

кон Ал. Протогеров без да има некакви факти на лице доколку тој имал прст во убиството... Колку јас го познавав Ал. Протогеров не беше способен да ризикува и да се согласи за една таква крупна акција против ВМРО. Тој беше извонредно дисциплиниран уште повеќе и војник“. (*Революционната борба* ..., 141).

[208] Г. Баждаров, исто, 159.

[209] К. Палешутски, исто, 24.

[210] Во Правилникот опширно се објаснуваат правата и должностите на членовите на Организацијата, на управните тела (комитетите), ЦК и ЗП, улогата на Конгресот, улогата на милицијата и легалните (месни чети), на терористичките групи, начинот на вооружувањето, материјалната издршка и уредувањето на финансиите, печатот и литературата, судството. (ЦДА, ф. 396, оп. 2, а.е. 4. Устав и Правилник на ВМРО).

волуционерните околии од Пиринска Македонија, односно од административниот Петрички округ под бугарска власт, се оформуваат во посебен Петрички револуционерен округ под бугарска власт, односно продолжува нивната функција како база на ВМРО за организирање и помагање на борбата за ослободување на другите два дела.[211] За исполнување на својата цел, ВМРО ќе се стреми „да ги сплоти во една целина сите незадоволни елементи од Македонија, без разлика на верата и народноста и да ги подготви за борба во името на нивните еднакви и рамноправни слободи, права и должности во нивната заедничка слободна Татковина."[212]

Тоа ќе се постигне со подготвување револуционерни акции и во краен случај општо и масовно востание. За постојана поддршка на револуционерната борба се предвидува, и натаму четничкиот институт.

На 26 февруари 1925 година, со Протокол № 1, ЦК и ЗП си ги распределуваат должностите, односно сферите на дејствување.[213] Притоа, сите членови во овие тела биле рамноправни и ниту еден не се поставувал на чело на организационите институти.

Задграничното претставништво останува и понатаму тело задолжено за претставување на ВМРО пред надворешниот свет. Неговите членови си ги распределиле своите должности, така што Кирил Прличев (Пандов) го раководи и го контролира домаќинот-касиер и пунктовите началници во Богданци (Ќустендил), Горничево (Горна Џумаја), Чирпан (Петрич), Рудник (Неврокоп) и Прахово (Софија). Во контакт е и со Организацијата во бугарска Македонија. Наум Томалевски (Лоенгрин) ќе ја спроведува агитацијата на ВМРО надвор од поробена Македонија. Георги Баждаров (Петефи) ќе го води одделот за политика и литература и сите изданија на ВМРО. Баждаров имал задача да го контролира и насочува пишувањето на изданијата на ВМРО, да раководи со „информационото биро за печат" при ЗП, да ги раководи сите „специјални мисии" во странство кои имале политички и пропаганден карактер.[214]

Новиот Централен комитет, меѓу другото, пратил циркуларно писмо до членовите на ВМРО, во кое ги информира дека ВМРО ја продолжува својата дејност и дека „преданоста кон ВМРО е и преданост на Македонците кон Татковината и слободата".

---

[211] ЦДА, ф. 1909 к, оп. 2, а.е. 173, л. 75.
[212] ЦДА, ф. 396, оп. 1, а.е. 8, л. 1.
[213] ЦДА, ф. 1932 к, оп. 3, а.е. 55, л. 9-10.
[214] ЦДА, ф. 1932 к, оп. 1. а.е. 1, л. 12-13.

В. М. Р. О.
Централенъ Комитетъ
№ 2.
Февруарий 1925 г.
Македония.

**До членоветѣ на Вжтрешната Македонска Революционна Организация.**

Излъгани останаха надеждитѣ на близки и далечни, на явни и тайни врагове на Организацията, които искаха да я видятъ погребана следъ смъртьта на великия вождъ Тодоръ Александровъ и особено чрезъ тази смърть. Въ първата половина на м. февруарий се състоя VI-ия общъ конгресъ на В. М. Р. О. Делегатитѣ отъ всички революционни окржзи всестранно разгледаха положението на Македонския въпросъ и на Организацията, посочиха мѣркитѣ за засилване на борбата и тримата насъ натовариха съ върховното й ржководство, като ни удостоиха съ избора ни за членове на новия Централенъ Комитетъ. Конгресътъ се закри при единодушие по всички голѣми въпроси отъ идейно, организационно и тактическо естество. За В. М. Р. О. има ясенъ пжть, осветенъ отъ дългогодишенъ и скжпъ опитъ.

ДРУГАРИ,

Ние знаемъ, че първиятъ нашъ дългъ е да следваме решенията на конгреса, въ които е изразена волята на революционна Македония. Ще следваме тази воля до край; съ всички жертви ще я бранимъ отъ изопачаване по вкуса на когото и да било. Следъ направения прегледъ на миналото, следъ изяснената задача за настоящето, остава само едно — на дѣло да покажемъ всички, колко сме способни да жертвуваме за Родината. Нека за всинца най-общото напжтствие, което да звучи въ съзнанието като заветъ на великитѣ покойници и което да завладѣва душитѣ като молба на разпъната Македония, бждатъ краткитѣ думи:

ПРЕДАННОСТЬ! РАБОТА! ДИСЦИПЛИНА!

Нѣма за поробеното Отечество другъ по-ефикасенъ начинъ за борба освенъ революционния. Нѣма друго по-изпитано знаме за борбата вънъ отъ онова на старата Вжтрешна Макед. Революц. Организация, подъ сѣнката на което се прислонятъ всички честни деца на борческа Македония. Ето защо, предаността къмъ В. М. Р. О. е мѣрило и за предаността на македонеца къмъ Родината и свободата. Това каза VI-иятъ общъ конгресъ на Организацията.

Народъ, който иска свобода, не се уморява да работи за нея. А онѣзи, които по съвесть и лична воля сж стжпили въ редоветѣ на активнитѣ борци, преди всички останали, трѣбва да работятъ неуморно и непрекжснато. Всѣки часъ, пропилѣнъ отъ тѣхъ безъ полза за В. М. Р. О. — е едно престжпление. Това повтори и конгреса.

Пропити съ преданость, впрѣгнати въ жива работа, въ сжщото време нека помнимъ най-важното условие за успѣха на каквато и да е организация — особено на революционна като нашата — дисциплината. Благодарение на това мощно оржжие, дисциплината си, В. М. Р. О. въ името на малка, но славна Македония, се е състезавала съ империи, но не е отстжпвала, упорствувала е и продължава да упорствува срещу равнодушието на голѣма часть отъ свѣта къмъ болкитѣ на нашия народъ — и не се е отчайвала. Това качество на дисциплинираность, съчетано съ тайната, прави В. М. Р. О. неуловима и непобѣдима. Конгресътъ подчерта сжщото. Той заповѣда още да пазимъ съ последни средства Организацията отъ хора, които биха дръзнали да я разрушаватъ отъ вжтре. За подобна измѣна — всѣка милость ще е престжпление.

Централниятъ К-тъ си дава смѣтка за жертвитѣ, които иска борбата и гледа на бждащето съ пълна вѣра. Може би никога както днесъ македонската свобода не е изисквала собственото наше непрѣжение; ще го дадемъ въ най-голѣми размѣри. Не малко ще бжде то насочено и срещу срѣдитѣ на вулгарното продажничество и попълзновенията противъ самостойността на Организацията. Както срещу сърби и гърци, тъй и съ тия вражески дѣяпроявления ще се боримъ немилостиво. Пакъ В. М. Р. О. ще побѣди.

Централниятъ Комитетъ поканва всичко доблестно, идеалистично и безкористно да се сплоти като единъ човѣкъ около него и да бжде винаги на щрекъ за борба срещу всички, които пречатъ за свободата на Македония, ако ще би да сж и собственитѣ ни, рождени братя.

Свободолюбието и силата на македонския духъ ще възтържествуватъ. Отъ насъ, всички членове на В. М. Р. О., най-много зависи съ колко дни да бжде по-късо робството на Македония. Другари, все напредъ!

Съ братски поздравъ,

Централенъ Комитетъ:

(Подписали) **Ал. Протогеровъ**
**Г. п. Христовъ**
**Ив. Михаиловъ.**

Циркуларно писмо на ЦК ВМРО до членството, февруари 1925 година

На 13 февруари 1925 година, на една од софиските улици, е убиен професорот Никола Милев, еден од повеќето интелектуалци од раководните структури на ВМРО и на Македонскиот научен институт. Тој бил застрелан од припадник на идејно спротив-

ставените сили на ВМРО, комунистот Милан Манолев од Кукуш, како одмазда за извршените колежи од ВМРО врз македонските федералисти, комунисти и серчани.[215] Ова убиство ќе биде нов поттик за извршување натамошни убиства и меѓусебни пресметки во редовите на спротивставените политички сили во македонското националноослободително движење и редовите на самото ВМРО.[216]

Новоизбраниот ЦК ВМРО, на 9 март 1925 година, публикувал *Декларација* во која изјавил дека ВМРО ќе ги следи идеите и програмските определби поместени во Декларацијата од 6 септември 1923 и од 1 август 1924 година. Крајната цел на борбата останува иста – автономија (самоуправа) за Македонија во нејзините природни географски граници. Прифатливи се двете опции, или независна македонска држава под покровителство на Друштвото на народите или самоуправна и рамноправна единица во една федеративна Југославија или Балканска федерација. Суштествено е Македонија да биде слободна и нејзиното население да биде господар на својата судбина. Притоа средствата на борба си остануваат револуционерни за Македонија под српска и грчка власт. Во однос на Македонија под бугарска власт, ЦК ја зел предвид декларацијата на софиските власти дека тие се готови да се откажат од тој дел доколку Грција и Југославија го направат истото. Исто така, ЦК декларирал дека при секој обид, на која било влада, за да ги избрише насилието и беззаконието спрема Македонците, ВМРО ќе се бори на ист начин како против владата на Стамболиски.[217] Александар Протогеров ќе изјави дека ВМРО не се стремела за „обединување на Македонија кон Бугарија, туку за нејзино ослободување и самостојност“.[218]

---

[215] Г. Марков, *Камбаните бият сами, Насилие и политика в България,* София 1994, 67-68.

[216] Така, меѓу другите во текот на 1925 година, ќе бидат казнети со смрт или физички репресирани: М. Манолев, убиецот на Н. Милев, санданистот Н. Скрижовски, санданистот Тодор Паница, кочанскиот околиски војвода П. Михајлов, малешевскиот околиски војвода Е. Цеков, секретарот на Кукушката чета Г. Динишев, народниот пратеник Хараламби Стојанов. Во мај-јуни 1925 година, во Дабница И. Михајлов спровел казнена експедиција против членови на МЕФО. По масовните апсења биле убиени 79 комунисти, федералисти и приврзаници на Земјоделската партија. Низ повеќе казнени експедиции кои ги презел И. Михајлов, во Пиринска Македонија биле малтретирани и убиени поголем број комунисти и припадници на левите сили. (Види за тоа: В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 266-279.)

[217] *Независима Македонија,* № 101, 13 март 1925; Д. Пачемска–Петреска, исто, 96.

[218] ЦДА, ф. 1909 к, оп. 2, а.е. 439, л. 1-2.

Но, ВМРО истовремено се бори без задршка со сите идејни и политички неистомисленици. Веќе од летото на 1925 година ги презела сите потребни мерки да воспостави контрола над македонските асоцијации во Петричкиот округ: македонските бегалски братства, Македонскиот младински сојуз, Македонскиот женски сојуз и да ги отстранува од нивните раководства оние кои идејно и политички биле во опозиција на ВМРО. Бугарската власт ја поддржува ваквата политика за уништување на сите организирани политички сили од опозицијата, посебно на БКП и БЗНС.

Во рамките на воспоставувањето „држава во држава" во Петричкиот округ, ВМРО веќе од есента 1925 ги засилува мерките за собирање данок од населението, како еден од каналите преку кои се финансирала Организацијата. Данокот за ВМРО, кој народот го нарекувал и „црн данок" или „родољубив данок", требало да се собира според имотната состојба на семејствата, но тоа често не се почитувало, па биле правени низа злоупотреби. ВМРО вовела и казна од 50.000 лева, многу висока сума, и секој се плашел што било да згреши кон ВМРО, затоа што не можел да ја плати казната – глобата.[219] Официјално, од 1 јануари 1926 почнала да се применува финансиската наредба на ВМРО за Петричкиот округ, со која се пропишувале условите и сумата на данокот што се собирал од населението.

На Конгресот одржан во Банско, од 11 до 12 јануари 1926 година за Петричкиот округ, биле разгледувани и донесени соодветни одлуки за зачувување на тајноста на ВМРО во Петричкиот округ, за начинот на одржување врски со бугарските државни и политички фактори, за нејзината културно-просветна работа, за улогата на учителите, за положбата на бегалците и нивните барања, за потребата од аграрна реформа, за улогата на членови на ВМРО како претставници на тутунски фирми, за штедење средства при правење свадби и други празнувања. Одлучено е Петричкиот округ да остане база за водење понатамошна борба во другите два дела на Македонија.[220] Но, набрзо по Конгресот, веќе на 25 јануари, А. Протогеров со писмо се обраќа до другите два члена на ЦК – И. Михајлов и Г. Поп Христов – во кое го изнесува своето незадоволство од начинот на кој се практикува власта на ВМРО во Петричкиот округ, од злоупотребите на органите на ВМ-

[219] Д. Пачемска–Петреска, исто, 102.

[220] Бил избран нов Окружен комитет на ВМРО во состав: Ар. Манасиев, Ст. Филипов, Ив. Вапцаров и А. Поп Аврамов. За заменици членови биле избрани: В. Поп Димитров и Златко Димитров. (Д. Пачемска–Петреска, исто, 105).

РО, кои како судски органи се мешале во личниот живот на луѓето, при склопување на бракови, при разводи, при разрешување на прашања за наследство, наметнување на парични казни и слично, и дека смртните казни биле извршувани по брза постапка без да се запознаат повисоките тела на ВМРО. Сето тоа придонесувало за зголемување на незадоволството од ВМРО во Округот.

Истовремено, четите на ВМРО биле активни во Кралството на СХС и во Грција. Поради мошне напнатите ситуации кои биле создадени со атентати и други акции на четите на ВМРО, на 11 август 1926 година, Кралството на СХС, Грција и Романија испратиле колективна нота до бугарската влада, со која бараат да пренесеме конкретни мерки за запирање на комитските акции на нивна територија. Министерот за надворешни работи на Бугарија одговорил на оваа нота со ветување дека бугарската влада ќе внимава на сите дејства и на организациите чија активност се однесува на териториите на соседните држави. Истовремено, министерот на војската на Бугарија Иван В'лков, упатил официјално писмо до ЦК ВМРО и посебно до Иван Михајлов, во кое ги советува да дејствуваат на начин кој нема да ѝ наштети на Бугарија. Иван Михајлов веднаш одговорил на писмото, објаснувајќи дека Белград работи на тоа да ги влоши односите меѓу бугарската влада и ВМРО, без оглед дали поминала или не поминала некоја чета преку границата.

Во септември 1926 година, ВМРО излегува со декларација поради нотата на соседите до Бугарија, при што изјавува дека на Балканот ќе се воспостави мир само тогаш кога ќе престане угнетувањето на кој било балкански народ. ЦК изјавил дека ќе ја продолжи борбата за автономија на Македонија, а дали ќе употребува легални или нелегални средства во борбата – тоа зависи од тие кои управуваат со неа.

Генералната политика на ЦК ја поддржува и Задграничното претставништво. Георги Баждаров, во едно писмо до членовите на ЦК и ЗП, известувајќи ги за своите активности на надворешен план, истакнал дека ВМРО никогаш не се откажала и нема да се откаже од автономијата на Македонија и дека само со давање културни права и политичка амнестија на македонското население во Вардарскиот дел од Македонија, ВМРО може да се претвори „од нелегална во легална политичка организација“ која ќе

се залага за „целосна политичка автономија на Македонија“.[221] Ваквите политички цели на ВМРО биле пласирани и во неделниот весник „Македонија“, кој од март 1927 година, со решение на ЦК и ЗП на ВМРО, започнал да излегува во седиштето на Друштвото на народите – Женева, на француски јазик, како орган на Националниот комитет, но всушност имал улога на задграничен орган на ВМРО.

## Раздорот во ВМРО и крајот на Георги Баждаров

Јазот на несогласувањата помеѓу И. Михајлов и А. Протогеров несопирливо се ширел, од ден во ден, и станувал сѐ повидлив. Во овие рамки, со писмо од 5 август 1927 година, Симеон Ефтимов, редактор на в. „Македонија“ во Женева, го информира Баждаров дека постојат идејни разлики меѓу Иван Михајлов и Александар Протогеров во однос на македонското прашање и водењето на ослободителната борба. Имено, преку Протогеров се чувствувало влијание на идеите на масонството за решавање на некои прашања на Балканот и во Македонија. Според сознанијата на Ефтимов, тоа се должело на залагањата на француските масони, меѓу кои имало доста Срби.

Набрзо и Иван Михајлов, со писмо од 1 септември 1927 година, го предупредил Протогеров како масон да не спроведува тој или неговите истомисленици масонски идеи во „идеологијата на ВМРО“.[222]

Од другата страна, Протогеров го обвинувал И. Михајлов за самоволие при донесувањето важни одлуки за кои требало да се изјаснат сите тројца членови на ЦК, што се однесувале за работата внатре во Македонија и во странство, дека Организацијата е сѐ помалку внатрешна и слично. На ретките средби што ги одржувале, и двајцата доаѓале во придружба на бројно обезбедување, кое зборува за меѓусебната недоверба.[223]

Во есента на 1927 година, Иван Михајлов со својата сопруга Менча Карничева (атентаторката на Тодор Паница), престојува два месеца во странство, односно во Рим, иако требало да се врати за 20-ина дена, бидејќи претстоела подготовка на Конгрес на ВМРО. Претходно ја издава наредбата за атентат врз Велимир

---

[221] ЦДА, ф. 1932 к, оп. 3, а.е. 92, л. 70.

[222] Д. Пачемска–Петреска, исто, 114.

[223] К. Палешутски, исто, 124–125.



ЦПА, ф 226 оп 2 а.е. 51

Женева, 14. октомври 1927.

Др. Бай Георги,

Пробуценахъ да ти обадя, че незнамъ дали Георгъ Бъкананъ е същиятъ, който бѣше въ Петербургъ, но тоя на когото ние пращаме вѣстника е живъ и напоследъкъ бѣше дошелъ въ Женева съ английската делегация въ Събранието на О.Н.

На St. Pichon се праща за сътрудничеството му, което има по двѣте обществени. Получаваръ го редовно и него […]

На Лебовъ има единъ адресъ; погрѣшно е билъ направенъ два пъти.

На Robert Pelletier се праща редовно. Но нѣма да можемъ да издържимъ, ако почнемъ да плащаме хонорари каквито Г. Сарвзовъ препоръчваше. Азъ нѣмамъ нищо противъ, но този въпросъ трѣбва вие да го разрѣшите и да ми отпуснете най-малко 2000 шв. франка за хонорари! Моето мнение е, че тази сума би оправдала назначението си, ако би можела да ги подбудиме да се





ЦПА, ф 226 оп 2 а.е. 51 12а

обаждаръ тукъ-тамъ въ мѣстнитѣ вѣстници.

Какво прави Бълг. Тел. Агенция? Защо не реагира срещу заблудитѣ разпространявани отъ Авала? Не насъ да защищава, а България, поне тамъ кждето Бистрица, Скочивиръ и Каймакчаланъ се пренасятъ на „българската граница". Но — сигурно и тѣ вършатъ „реална" политика.

Сърд. твой Сим. Евтимовъ

Господинъ Георги Баждаровъ
ул. Владайска 87
Sofia
Bulgarie

Картичка од Симеон Ефтимов, редактор на в. „Македонија", до Георги Баждаров[224]

[224] ЦДА, ф. 1932 к, оп.2, а.е. 51, 1, 12а (Женева, 14.10.1927).



Год. I. София, 12 октомврий 1926 год. Брой 2

Македония

ВСѢКИДНЕВНИКЪ ЗА ПОЛИТИКА, КУЛТУРЕНЪ ЖИВОТЪ И ИНФОРМАЦИЯ

Директоръ: Г. Кулишевъ

АБОНАМЕНТЪ

Броятъ 1 левъ

ОБЯВЛЕНИЯ

Женевскиятъ конгресъ на малцинствата

Бележки и отговори

Писмо отъ Македония

Проф. П. Н. Милюковъ до в. „Македония"

На свободни теми

Страници отъ миналото

Солунската конвенция

Помощи за българскитѣ бѣжанци

Генералъ Пангалосъ обвиненъ въ спекулация на борсата

Примерок од весникот „Македонија"

Прелиќ, што требало да го изврши Мара Бунева.[225] Истовремено, И. Михајлов го поставил пред Задграничното претставништво

[225] Мара Бунева (1902, Тетово – 14.1.1928, Скопје), македонска революционерка, атентатор на ВМРО. Мара Бунева на 13 јануари 1928 година извршила атентат врз српскиот правен референт Велимир Прелиќ на кејот на реката Вардар, кај Камениот мост во Скопје. Веднаш по атентатот, Бунева самата се застрелала за да не падне во рацете на српските окупаторски власти. На повредите им подлегнала ден подоцна, на 14 јануари. Прелиќ бил сметан од страна на ВМРО за одговорен за судењето на членовите на ММТРО во Вар-

прашањето за тргање на Протогеров од составот на ЦК со тврд став: „Или тој или јас“. За самоволието на Михајлов зборува и тоа што не го известил Протогеров за своето патување во странство.




Дописна карта на Јордан Чкатров при престојот во САД до Георги Баждаров, 1 март 1927 година[226]

Во Рим пристигнал и Наум Томалевски, а од Албанија и Петар Шанданов. Но, останале незадоволни од студениот прием на Мусолини, кој се оправдувал со меѓународната положба, дека не може да се справи со Југославија и дека со некои свои дејства македонската организација се изолира и се подложува на репресии. Но, ваквите препораки на Мусолини не ја засегнале ВМРО, бидејќи на почетокот на 1928 година започнала нова серија атентати. Истовремено, И. Михајлов и А. Протогеров непосредно пред одржувањето на VII конгрес на ВМРО подготвувале предлози за преструктурирање на раководството, на Организацијата и промени во методите и средствата на нејзиното дејствување.

На 8 март била одржана средба на која присуствувале членовите на ЦК и ЗП ВМРО, на која Иван Михајлов успеал да издејствува потпишување Протокол со кој VII конгрес ќе се одржи според чл. 170 од Правилникот со намален број делегати, наместо 43 со 21, и тоа од: Скопскиот – осум, Битолскиот – шест, Струмичкиот

дарска Македонија. Судскиот процес бил одржан на 5, 6 и 7 декември 1927 година во Скопје. Студентите биле изложени на свирепи измачувања. (В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 279–286).

[226] ЦДА, ф. 1932 к, оп.2, а.е. 90, 1.

– четири, Серскиот – еден, Солунскиот – два делегати.[227] Покрај тоа, Михајлов не отстапувал од барањето Протогеров да се тргне или да се повлече од ЦК.




Дописна картичка на К. Прличев до Г. Баждаров[228]

Спротивставените мислења во раководството на ВМРО тешко можеле да се надминат. Во текот на март-јуни 1928 година, во рамките на конфликтот меѓу И. Михајлов и А. Протогеров, започнале да се оформуваат две групи во раководните сили на ВМРО. Околу Иван Михајлов се групирале резервниот член на ЦК, Јордан Ѓурков, пунктовите началници (Иван Караџов, Владимир Куртев, Стојан Филипов, Страхил Развигоров и Кирил Дрангов), претставниците во странство (Јордан Чкатров, Тома Карајовов и Симеон Ефтимов), претседателот на македонската парламентарна група, Иван Каранџулов, претседателот на Националниот комитет, д-р Константин Станишев и секретарот на НК, Васил Василев, кој станал секретар на Иван Михајлов.

На страната на Александар Протогеров застанале членот на ЦК, Георги Поп Христов и резервниот член Петар Шанданов, членовите на ЗП (Георги Баждаров, Кирил Прличев и Наум Томалевски) и резервниот член на ЗП, Ангел Узунов. Подоцна им се приклучиле и редица други македонски интелектуалци (Георги Кулишев, Васил Пундев, Јордан Бадев, Христо Коцев, Димитар Мирчев, Ефтим Спространов, Никола Велев), војводи и членови на окружни комитети (Мишо Шкартов, Лев Главинчев, Пецо Трај-

[227] К. Палешутски, исто, 125.

[228] ЦДА , ф. 1909 к, оп.2, а.е. 204, л. 8.

ков, Крстан Поп Тодоров, Крум Петишев, Алексо Стефанов, Мицо Чегански, Борис Изворски, Георги Гевгелиски, Пандо Струмички) и други.

Во рамките на своето наметнување како единствен раководител на ЦК кој носи одлуки без согласност на другите двајца членови, Иван Михајлов постојано бара начини да ја минимизира улогата на Задграничното претставништво кое ќе го реализира и со новите акти на VII конгрес на ВМРО.

На 21 мај 1928 година, Георги Баждаров пишува дека ВМРО преживува поголема и пострашна криза, отколку по смртта на Т. Александров. Тој е сосема во право, бидејќи Иван Михајлов сака: 1. Да нема ЗП; 2. ЦК сам да го определува местото за престој – надвор или внатре во Македонија. Со други зборови, И. Михајлов и неговите советници, свесно или несвесно ќе ја направат ВМРО „надворешна“; 3. И. Михајлов сака сам, од редовите на своите другари да ги посочи кандидатите во ЦК со кои ќе раководи самостојно. Затоа Баждаров нагласува:

„Кризата е голема и страшна. Кој ќе се послужи со оружје да ја разреши, може да го погуби ВМРО. Јас не сум од тие, но ако загинам од оружје на мој идеен противник, нема да жалам, бидејќи умирам на постот за справедливо дело“.[229]

Во истиот дух е писмото на Козма Георгиев, упатено до Задграничното претставништво (Баждаров и другите), со кое ги повикува за спасување на единството во ВМРО и да се заложат против самоистребувањето на револуционерните кадри.[230] Истовремено, Баждаров води богата преписка со бројни македонски дејци надвор од Македонија, кои го информираат за преземените чекори околу афирмацијата на македонското прашање, комуникацијата со македонските студенти во странство, организирањето собранија, издавањето и дистрибуирањето весници итн.[231]

---

[229] ЦДА, ф. 1932 к, оп 1., а.е. 70, л. 1-2.

[230] ЦДА, ф. 1932 к, оп. 2, а.е. 42, л.1-2. (20.7.1928)

[231] Така, на пример Б. Хр. Димков од Пазарџик, му предлага на Баждаров план за поведување на јавното мислење во полза на македонското прашање (ЦДА, ф. 1932 к, оп. 2, а.е. 47, л.1/2, 15.11.1927). Јордан Ѓурков, пак, (под псевдоним И. Радиков) го информира ЗП за разговори со политички лица, редактори на весници и македонски студенти во туѓина (Лондон, Париз) по македонското прашање и др. во периодот од крајот на јуни 1927 до крајот на септември 1928 година (Исто, а.е. 4). Тома Карајовов се јавува од Прага, Женева, Берлин. Во повеќе писма во периодот од јануари 1927 до јануари 1928 година го известува Баждаров и ЗП за средби со политички лица за заштита на македонското прашање (Исто, а.е. 61) итн.

Во меѓувреме се водат дискусии за одржување општ конгрес на ВМРО, се прават формални напори за помирување на спротивностите и разликите, и сето тоа оди под контрола и подземна игра на Иван Михајлов, на која задграничните претставници и другите двајца членови на ЦК ќе се покаже дека не ѝ се дораснати.

На 7 јули 1928 година, во Софија бил убиен членот на ЦК ВМРО, Александар Протогеров, од страна на тројца атентатори: Стефанов, Ѓузданов и Витларев, а под раководство на Кирил Дрангов од михајловистичкото крило на ВМРО. Притоа бил убиен и неговиот телохранител Атанас Гоцев. Наредбата за атентатот била издадена од другиот член на ЦК, Иван Михајлов, под обвинение дека Протогеров учествувал во заговорот против Тодор Александров.[232]

По повод убиството на Протогеров, И. Михајлов на 15 јули 1928 година објавува коминике, во кое наведува дека минатиот конгрес на ВМРО му дал мандат на новиот ЦК да ги казни останатите виновници за убиството на Тодор Александров.[233] „Во врска со тоа решение е извршено на 7.о.м. убиство на Ал. Протогеров. И други повисоки интереси на македонското дело ја направија неодложна презематата... казнена мерка. Последнава е аналогна со казнувањето на поранешниот член на Цк П. Чаулев, кое беше наредено да се изврши од Ал. Протогеров, дури и без да има какво и да е конгресно решение за тоа.“[234]

По погребот на Протогеров, членовите на ЗП, Кирил Прличев и Георги Баждаров, напишаа коминике кое „по наредба на министерот-претседател и министер за внатрешни работи Андреј Љапчев, дневните весници откажаа да го објават, исклучок направија само в. „Мир“ и в. „Напред“.“[235]

Во врска со таквата наредба, Баждаров и Прличев го посетиле Љапчев, кој им објаснувал дека го забранил печатењето на нивното коминике за да не се сее раздор меѓу двете страни, дека тој не сакал да стане причина за растурањето на македонското ослободително дело и „такви слични измислици“. Со тоа, а и со некои подоцнежни разговори со официјални фактори и високи личности, за задграничните претставници станало јасно дека во борбата против Михајлов ќе ги имаат против себе најавторитет-

[232] В. Ачкоска, Н. Жежов, исто, 286–287.
[233] Види за тоа И. Гаджев, исто, 708–711.
[234] *Александър Протогеров...*, 231–232.
[235] П. Шанданов, исто, 232.

ните органи на власта, вклучувајќи го и државниот врв на Бугарија.[236]

Во коминикето на ЗП, отворено се обвинува Иван Михајлов дека го наредил убиството на Протогеров. За планираното убиство не знаеле ниту членовите на ЗП, ниту третиот член на ЦК, Г. Поп Христов. Јавното мислење во Македонија и Бугарија го осудува овој чин на „младите“ на чело со И. Михајлов, дека нивните сили не се насочени за влегување во поробена Македонија, туку кон заземање раководни места во Организацијата, по пат на неморални средства и брутални убиства.



Иван Михајлов со сопругата Менча Карничева

По убиството на членот на ЦК ВМРО, Александар Протогеров, вербалните пресметки преку весниците, расправиите и несогласувањата меѓу спротивставените фракции – протогеровисти и михајловисти, се преселуваат на улиците на бугарските градови каде што се расчистува со помош на куршумите. Иван Михајлов (Ратко) бил во состојба „да го компромитира пред светот дури и Бугарското масонство, убивајќи десетици негови следбеници. Такви беа Прличев, Баждаров, Томалевски, д-р К. Станишев и други македонски дејци, вклучително и Големиот мајстор – ген. Ал. Протогеров.“[237]

Бројни македонски дејци биле членови на масонските ложи, меѓу кои и Георги Баждаров. Масонството се шири во Македонија при крајот на XIX век. Најразвиено било во Солун, Битола

[236] Исто, 233–234.

[237] И. Гаджев, исто, 301.

и Кукуш, а во почетокот на XX век и во Скопје. Баждаров се приклучил кон масонството, како и повеќе раководители на ВМРО по Илинденското востание, заедно со К. Прличев, А. Протогеров, П. Дрвингов, Антон Кецкаров. До почетокот на Првата светска војна, масонските ложи во Бугарија биле потчинети претежно на Големата ложа во Франција.[238] За прв голем мајстор на Големата ложа во Бугарија е избран ген. Александар Протогеров, а за втор заменик Голем мајстор – Тома Карајовов. Во почетокот на 20-тите години во Софија има две регуларни масонски ложи на чие чело биле избрани видни дејци на ВМРО. Првомајстор на најголемата бугарска ложа „Зора“ бил Димитар Михајлов, раководител на легалните македонски братства во Бугарија. Во раководството се и членовите на ВМРО – Ефтим Спространов и Коста Николов.

Првомајстор на другата софиска ложа „Светлина“ е Константин Станишев, а во раководството влегувал и Георги Баждаров.[239] Всушност, се смета дека во 20-тите години околу 20–25% од масоните во Бугарија биле поврзани со ВМРО.[240]

Масоните од редовите на ВМРО со своите надворешни врски придонеле да се држи отворено македонското прашање, иако станува очигледно дека повисоките ложи на европското масонство не биле многу заинтересирани за него. Прашањето се држело отворено и со практичната дејност на ВМРО на теренот на Македонија, а уште повеќе меѓународната јавност ќе биде вознемирувана од бројните атентати и убиства кои воделе кон меѓусебно истребување на македонските револуционерни сили, на штета на Македонците, а во интерес на државите кои ја владееле Македонија.

Масонската ложа во која Протогеров бил голем мајстор, се собрала да му оддаде почит на неговиот погреб. Присуствувале Баждаров, Прличев, Томалевски, Станишев, Мошанов и други. „Фалошот на *братството* во масонските ложи најдобро се гледа при братоубиствата. Наредени во круг, сите масони извикуваат три пати: *Жалам, жалам, жалам,* но тоа не ги измива убиствата.“[241]

Подоцна од куршумите на Ив. Михајлов, а и од приврзаниците на Протогеров ќе паднат уште десетици масони. Бугарското масонство во голем степен станува жртва на македонското

---

[238] БИА - НБКМ, ф. 222, оп. 1, а.е.165, л 2348 (масонски ложи во Бугарија).

[239] ЦДА, ф. 1935 к, о.п. 1, а.е. 7 (Расписки од Големата ложа на Бугарија на име Георги Баждаров за платена членарина, 17 мај 1920 до 3 јули 1921).

[240] К. Каракачанов, *ВМРО, история на една борба*, София 2013, 213–218.

[241] К. Палешутски, исто, 143.

ослободително движење. Тоа се компромитира, главно, заради заемните убиства меѓу македонските дејци-масони. Токму затоа, на 21 септември 1928 година, Ефтим Спространов јавно реагирал по повод убиството на Александар Протогеров и барал преку „Големата масонска ложа“ на Бугарија, чиј „голем мајстор“ беше Протогеров, да се преземат мерки против членовите на истата ложа кои извршиле престап во однос на тоа убиство. Меѓу посочените масони биле: Ј. Ѓурков, В. Василев, Т. Карајовов и С. Ефтимов.[242]

Само пет денови по смртта на Протогеров, од 21 до 25 јули 1928 година, во селото Крупник, Горноџумајско, се одржал Седмиот конгрес на ВМРО, со многу нерегуларности и во режија на Иван Михајлов. На него присуствувале 18 делегати и 14 гости, најблиски соработници на И. Михајлов, меѓу кои и неговата сопруга Менча Карничева. Целокупната работа на Конгресот била насочувана од И. Михајлов. Бил донесен нов Устав и Правилник, односно биле усвоени преработените Устав и Правилник од 1925 година. Целите на Организацијата остануваат исти. Извесни поголеми промени има во Правилникот, во кој не постојат одредби за Задгранично претставништво од тројца членови. Се прецизираат улогата и должностите на војводите. Бил избран нов ЦК, во состав: И. Михајлов, Страхил Развигоров и Иван Караџов, а за резервни членови се избрани: Јордан Ѓурков, Владимир Куртев и Иван Поп Ефтимов.

На Конгресот одбиле да присуствуваат Георги Поп Христов, како и задграничните претставници – Баждаров, Прличев и Томалевски. Тие ги предупредиле со тајно писмо делегатите за узурпациите на Михајлов, но веќе било доцна да го сопрат човекот кој тие го поставиле и за кој сметале дека достојно ќе го замени Тодор Александров. Еден по еден ќе станат негови жртви.[243]

Во крвавата низа на убиства и меѓусебно истребување на кадрите од двете крила на ВМРО, на 25 јули 1928 година од атентатори на ВМРО на Михајлов биле убиени протогеровистичките војводи Димитар Димашев и Пандо Струмички. На 12 октомври истата година биле ранети протогеровистите Петар Трајков и Крстан Поптодоров од михајловистот Асен Спасов, кој бил убиен во

---

[242] Д. Пачемска–Петреска, исто, 128.

[243] Свесни дека однесувањето на Иван Михајлов веќе излегува од контрола, меѓу другите, и Леонид Неманов, дописник на парискиот весник „Последни новости“, му пишува писмо на Иван Михајлов, во кое го посочува како лично одговорен за убиството на Тодор Александров и Александар Протогеров. (ЦДА, ф: 1685 к, оп. 1. а.е. 174.)

престрелката која настанала по обидот за убиство и во која биле ранети шест луѓе, меѓу кои и турскиот воен аташе во Софија, Керим-беј.[244]



MACEDONIA ASSOCIATION DES Étudiants Macédoniens LIÉGE

ЦПА, ф. 226 оп. 2 а. е. 52

LIÉGE, le 2 - novembre 1928.

ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТОР. АРХИВ

Господине Баждаровъ.

Дел од писмо на Јордан Златанов од Лиеж, Белгија, до Георги Баждаров
за разногласијата во ВМРО (2 ноември 1928)[245]

На 21 ноември 1928 година, бил убиен претседателот на Охридското братство, Наум Белев – по убедување протогеровист, а атентаторот бил ослободен во недостиг на докази.[246]

Чувствувајќи потреба, на јавноста да ѝ се презентираат целите на ВМРО протогеровистичка, Георги Баждаров на 15 декем-

[244] Г. Марков, *Камбаните*..., 94.
[245] ЦДА, ф. 1932 к, о.п. 2, а.е. 52, л.1.
[246] Исто.

ври 1928 година, во органот на ВМРО „Слобода или смрт“, под псевдонимот Катон, ја објавува статијата „Чие е македонското прашање“. Меѓу другото, тука тој нагласува дека за ВМРО не постоеле и не важеле договорите во Букурешт и Неј и дека Македонија претставува заокружена географска целина во која живеат „бугарската, грчката, албанската, турската народност“, при што ова разнородно население е територијално измешано, а „Бугарите се мнозинство“. Притоа, целта на ВМРО била тие да се зачуваат и политички да формираат една целина. Така, историскиот и географскиот термин Македонија ќе станел и политички.[247] Притоа, „Македонското прашање како политичко е во надлежност на самите Македонци – тие ќе кажат, кога ќе се задоволни и следствено, кога ќе го сметаат прашањето за решено.“[248]

Видно ослабнати по атентатот на Протогеров, неговите приврзаници преговараат и со бугарскиот премиер Андреј Љапчев. Сепак се свесни дека не треба да се продава независноста на ВМРО, бидејќи доколку добијат помош од бугарската влада, таа за возврат ќе сака да ги командува, а тоа би значело крај за ВМРО и за неговата самостојност. На ова посебно предупредува Христо Коцев, во писмото до Баждаров, каде што нагласува дека Љапчев, откако не успеал да ги привлече приврзаниците на Протогеров (старите кадри) својата политика ја спроведува со тоа што го привлекол („голобрадиот“) Иван Михајлов на своја страна.[249]

Во истиот период кога го демнат куршумите на терористите на И. Михајлов, при крајот на 1928 година, Георги Баждаров заминува на тримесечна обиколка во Централна и Западна Европа за да се сретне со емигрантите, студентите, бавчанџиите од Македонија за да им ги објасни состојбите во ВМРО. Целта на протогеровистите е да ги придобијат тие слоеви, или барем да ги неутрализираат.

Од друга страна, во почетокот на 1929 година, д-р Константин Станишев во својство на претседател на Националниот комитет на Сојузот на македонските братства и застапник на интересите на михајловистичката ВМРО, реализирал, исто така, посети на повеќе европски метрополи: Берлин, Париз, Женева, Рим и Виена. Главната цел на посетата била преку средби со познати опш-

---

[247] За многумина тука се криела и опасноста од македонскиот автономизам, бидејќи политичката посебност ќе изроди и национална посебност, еден нормален процес кој го поминале повеќето европски нации.

[248] ДАРМ, ф. ВМРО, к. 5, (1.265.5.28).

[249] ДАРМ, ф. Христо Коцев (1247), к.1, Новъ животъ, 102-104.

тественици, научни и културни дејци и преку предавања и други обраќања да ја популаризира михајловистичката ВМРО и нејзините програмски определби за решавање на македонското прашање. Сето тоа било во функција на подигањето на рејтингот на михајловистичката ВМРО сред општествената јавност во европските земји опаднат по атентатот над Александар Протогеров и започнатите меѓусебни убиства на претставници од двете струи. Барајќи привзаници однадвор, во исто време Иван Михајлов го испраќа во Америка Јордан Чкатров, да го убеди раководството на МПО во САД и Канада да не остане неутрално туку да ја заземе страната на михајловистичката ВМРО. Чкатров успеал да убеди некои раководства на поголемите македонски организации од МПО да се ориентираат кон Иван Михајлов.[250]

Во едно писмо на Павел Шатев до Михаил Герџиков (10 јануари 1929, Берлин), каде што покрај лични работи зборува за двата табори во Европа кои неминовно ќе се судрат (фашизмот и антифашизмот) и „од исходот на тој конфликт, таа гигантска борба, ќе зависи и разрешувањето на ред прашања што нè интересирале, нè интересираат и сега, како и во иднина... П. П. Дознав дека во Виена бил Г. Баждаров. Изгледа и за него станало густо во Бугарија."[251]

Во обиколката низ европските центри, Баждаров ги посетува Грац, Стразбург, Лиеж, Гренобл, Монпеље, Париз, Марсеј, Торино и други градови. Се среќава со Леон Ламуш во Париз. Истовремено, С. Ефтимов и Ј. Ѓурков водат во истите градови пропаганда во полза на Иван Михајлов.[252]

По враќањето од Западна Европа, Баждаров е изложен на постојано следење и заплашување од страна на михајловистичкото крило на ВМРО. Во меѓувреме, продолжува серијата убиства и меѓусебни пресметки на протогеровистите и михајловистите. Во тој крвав кошмар, на 30 април 1929 година во Софија бил убиен Димитар (Мито) Узданов од Гевгелиско под обвинение од прогеровистичката ВМРО дека учествувал во убиството на А. Протогеров.

На 11 мај истата година, во Крива Паланка атентатори на ВМРО го убиле Илија Златев, кој станал српски шпион. При бегството бил убиен и еден од атентаторите. Понатаму следат повеќе атентати во Македонија под српска власт организирани од

---

[250] Д. Пачемска – Петреска, исто, 130-131.

[251] П. Шатев, *Документи,* том 8, ..., 31.

[252] ЦДА, ф. 1935 к, оп. 1, а.е. 64.

Иван Михајлов[253] при што македонското население е изложено на жестокости од режимот.


ЦПА, ф. 229 оп. 1 а. е. 77

ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТОР. АРХИВ

Г-нъ Баждаревъ,

Както ни е известно, че Ви най много настоявате за премахването на Иванчо Михайловъ най много говорихме и писахме. но мислете му краятъ ти е лошъ мислиму, че имаме и сили паки и ни знаеме каво да правиме.

Анонимно предупредувачко писмо од
приврзаници на И. Михајлов до Г. Баждаров[254]

На 26 јуни 1929 година, кај рускиот споменик во Софија, бил извршен неуспешен атентат врз Георги Баждаров, при што биле убиени двајца работници-шивачи. „Според еднодушното мислење на софиските весници, двајцата паднати се случајни жртви, напаѓачите биле насочени кон сосема други луѓе, но очигледно се случила грешка при нападот, кога наместо посочените двајца, кои требало да бидат убиени, по грешка биле убиени двајца други.“[255]

Крвопролевањето кај рускиот споменик се поврзува со намерите на Иван Михајлов да го ликвидира Баждаров, бидејќи истата вечер, Јордан Ѓурков, во придружба на неколку души „револуционери како него“ го демнел Никола Томалевски. Тоа биле денови кога последната книга на Иван Михајлов „Зошто беше убиен Александар Протогеров“ веќе се разнесувала од рака во рака. Во

[253] И. Михайлов, исто, 405–406.

[254] Во писмото приврзаниците на Иван Михајлов му се закануваат со убиство наводно дека бил од оние кои најмногу настојувале да се убие И. Михајлов. (ЦДА, ф. 1935 к, оп. 1, а.е. 77.)

[255] И. Гаджев, *Иван Михайлов – отвъд легендите,...*, 749.

неаа има поместено посебна глава, во којашто промовира култ на омраза и страв кон „Баждаровци“, коишто за Михајлов се „измамници, родоотстапници и предавници“.[256] „И во споменатата книга и во весникот на Михајлов се кажува изречно и со голем цинизам, дека „Баждаровци – Прличевци“ одамна ја заслужиле казната на ВМРО.“[257]







Писмо на Г. Баждаров до синот и сопругата во врска со следењето на михајловистите со цел да го убијат[258]

Свесен дека е цел на одмаздата на михајловистите, Георги Баждаров се жали кај претседателот на бугарската влада, Андреј Љапчев (по потекло од Ресен), дека терористи на ВМРО постојано го следат и дека решил да се скрие во Варна. Така и прави, но и таму го пресретнуваат куршумите на Иван Михајлов. При повтор-

[256] Весникот „Слобода или смрт“ по повод убиството на Хр. Андонов, убиен од протогеровистот Голев, ги нарекува Баждаров, Прличев, Поп Христов и Томалевски „нови паницовци и стојанмишевци“. (К. Палешутски, исто, 177).

[257] Во истиот дух, Михајлов во писмото до Георги Белев кажува дека „положбата во која стигнале, е многу пострашна од куршумот на народната одмазда, така одамна заслужена за нив“. (И. Гаджев, исто, 750.)

